# ИЗВЕШТАЈ
# ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2014 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во почетокот на 2014 година, во пресрет на редовните избори за претседател на државата, Собранието усвои измени на Изборниот законик со кои беа опфатени правилата за известувањето на медиумите во периодот од распишувањето на изборите, па до нивното завршување, како и обврските на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со изменувањето и дополнувањето на Изборниот законик сите обврски поврзани со медиумското покривање на изборните процеси се утврдени во него, и престанаа да важат Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања.

Поголемиот дел од правилата за радиодифузерите останаа исти како и во правилниците, а клучна измена имаше кај правилата за медиумско покривање на изборната кампања во дневно-информативните емисии на Јавниот радиодифузен сервис. Имено, наместо како комерцијалните радиодифузери, за Претседателските избори да известува балансирано почитувајќи го принципот на еднаквост меѓу претседателските кандидати, а за парламентарните избори принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, од МРТ се бараше да обезбеди рамноправен пристап за учесниците во изборната кампања така што вестите ќе ги подели на три третини - една третина за дневни настани од земјата и светот, една третина за активностите од кампањата на партиите од власта и една третина за активностите на политичките партии од опозицијата. Притоа, во третините наменети за кампањите на партиите од власта и од опозицијата, времето требаше да биде распределено според резултатите од последните парламентарни избори. Ваквите одредби во Изборниот законик не предвидуваат во кој дел од вестите, МРТ ќе известува за кандидатите на групи избирачи, за партиите кои не учествувале на последните парламентарни избори или за оние кои не освоиле пратенички мандати.

Подготвувајќи се за мониторингот, Советот на Агенцијата веќе на 28 јануари имаше усвоено Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси. Согледувајќи дека на Јавниот радиодифузен сервис ќе му треба поддршка при утврдувањето на начинот како во практика да се спроведе новиот начин на обезбедување рамноправен пристап во време на изборни процеси, Агенцијата направи низа консултации со заинтересираните страни, а потоа, на 7 февруари 2014 година, усвои измени и дополнувања на Методологијата и изработи Пречистен текст (интегралниот документ се наоѓа меѓу Прилозите на овој Извештај).

За да се разреши дилемата како да се известува за кандидатите што не се опфатени со законската одредба, во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси (пречистен текст), Агенцијата му препорача на Јавниот сервис во вестите, надвор од третините, да обезбеди дополнително време за покривање на нивните активности. За изборните процеси во 2014 година, во оваа категорија влегоа: (1) за Претседателските избори, кандидатот за претседател Зоран Поповски; (2) за Предвремените парламентарни избори – Коалицијата Достоинство за Македонија, ВМРО Народна партија, Коалицијата Гром, Коалицијата за позитивна Македонија, Социјалдемократската партија на Македонија, Народното движење за Македонија, Партијатата за Европска иднина, Партијата за економски промени 21 (ПЕП 21), и Партијата за демократски просперитет (ПДП). Политичките субјекти, пак, кои имаа право за нивните активности да се известува во третините, согласно резултатите од Парламентарните избори во 2011 година, и

тоа - право на информативно време во третината за активностите од кампањата на партиите од власта, беа следниве: Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ДУИ/ДЛБ, а во третината за активностите на политичките партии од опозицијата: Коалицијата на СДСМ, како и ДПА и НДП. За Претседателските избори, имајќи предвид дека НДП немаше претседателски кандидат, времето од третината за опозицијата го делеа Стево Пендаровски и Илјаз Халими, при што кандидатот на СДСМ имаше право на поголем процент од времето (84%) соодветно на поголемиот број пратенички мандати освоени во 2011 година. ДУИ, исто така, немаше кандидат, па оттаму, времето од третината за активностите од кампањата на политичките партии на власт беше одвоено за активностите на Ѓорѓе Иванов.

Освен Методологијата, како документ важечки за сите изборни процеси, Советот на Агенцијата усвои и Концепт за мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси за изборите 2014 година. Исто така, кога се распишаа Предвремените парламентарни избори, веќе беше во тек изборниот процес за Претседателските избори, што, пак, создаде потреба од дополнителни методолошки појаснувања. За таа цел, беа изработени Специфичности на методологијата за мониторинг на изборните процеси во 2014 година. И Концептот и Специфичностите се дел од Прилозите на Извештајов.

Периодот на вториот круг од Претседателските избори, во целост се поклопи со изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2014 година. Ваквото двојство на изборните процеси, за Јавниот радиодифузен сервис значеше дека за да ја почитува законската обврска од ставовите 2 и 3 на членот 76-а од Изборниот законик - за обезбедување рамноправен пристап преку поделба на времето во третини (за дневни настани, за власта и за опозицијата) и за процентуална застапеност на политичките субјекти во третините согласно резултатите од претходните парламентарни избори, резултираше со комбинирање на субјектите од обата изборни процеса. Што значи дека времето во третината за активностите од кампањите на субјектите од власта се распределуваше меѓу Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседателски кандидат Ѓорге Иванов (заедно 79%) и ДУИ (21%), додека во третината за активностите на опозицијата времето беше поделено меѓу Коалицијата на СДСМ и нејзиниот кандидат за претседател Стево Пендаровски (заедно 81%), ДПА (15%) и НДП (4%).

Од аспект на мониторингот на Агенцијата, беа направени неопходни методолошки чекори за издвојување на активностите на двајцата претседателски кандидати кои продолжија во вториот круг – Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, од парламентарната кампања на коалициите кои ги поддржуваа. Односно, во периодот од 14 до 25 април, издвоено е времето што се однесува на нивната претседателска кампања. Од друга страна, имајќи предвид дека до 11 април траеше кампањата за Претседателските избори, во графичките прикази за парламентарната кампања (од 5 до 25 април), се појавуваат и претседателските кандидати Илјаз Халими и Зоран Поповски, кои во овој период имаа активна кампања за првиот круг од Претседателските избори.

Со мониторингот на изборните процеси, од почетокот на изборната кампања за првиот круг од Претседателските избори – 24 март 2014 година, па до крајот на изборите – 27 април 2014 година, опфатени беа практично сите радиодифузери во Република Македонија, со исклучок на Втората програма на Македонското радио – Радио два, програмите на Јавниот сервис на бошњачки, влашки, ромски и српски јазик на радиото и на телевизијата, потоа непрофитните универзитетски радија: Студент ФМ 92,9 од Скопје, УКЛО ФМ од Битола и УГД ФМ од Штип, како и локалните телевизии ТВ Аниса од Пласница и ТВ Лажани од Долнени, бидејќи досега не се вклучувале во покривањето на изборните кампањи или, пак, информирале во многу мал обем.

Исто така, со мониторингот не беа опфатени и радијата на регионално и на локално ниво кои, според податоците од истражувачката агенција „Друштво за маркетиншко истражување ИПСОС СТРАТЕЏИК ПУЛС ДООЕЛ, Скопје“ за 2013 година, имале неделен досег помал од еден процент.

Поради непочитување на Изборниот законик, во периодот на изборните кампањи беа поведени 34 прекршочни постапки, а детали за нив има во Информацијата во врска со поведени прекршочни постапки / постапки за порамнување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори во 2014 година во Република Македонија, што е дел од Прилозите на овој Извештај.

Од распишување до завршување на изборите до Агенцијата пристигнаа 76 претставки и приговори. Сите претставки, освен една беа отфрлени поради неоснованост или поради ненадлежност на Агенцијата. Советот постапи по претставката од СДСМ за Канал 5, а во врска со објавување на резултати од истражување на јавното мислење поврзано со учесниците во изборниот процес по законски дозволениот рок. Прегледот на пристигнати претставки и приговори е објавен во рамките на Прилозите на овој Извештај.

Имајќи го предвид искуството од мониторингот во 2014 година, Советот на Агенцијата одлучи да се направи анализа на одредбите од Изборниот законик и доколку има потреба да го извести надлежното министерство за потребата од негово изменување или дополнување.

**ПЕРИОДОТ ОД РАСПИШУВАЊЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ 2014 ГОДИНА ДО ПОЧЕТОКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА**

Согласно Концептот за мониторинг на радио и на телевизиските програмски сервиси за Претседателските избори 2014 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 2 февруари започна да ја исполнува својата обврска од Изборниот законик, односно да ја мониторира програмата на: Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, Радио Скопје и програмата на албански јазик на Македонското радио), петте национални терестријални комерцијални телевизии и четирите терестријални национални комерцијални радија, како и петте сателитски ТВ станици и 27 регионални телевизии.

Беа организирани неколку работни состаноци со претставници на Македонската радиотелевизија. Темата за која најмногу се дискутираше беше начинот на кој МРТ ќе ја остварува обврската за избалансирано известување во вестите за време на изборната кампања. Одржан беше и еден состанок со претставници на терестријалните радиодифузери на државно ниво.

На 14, 19 и 21 февруари 2014 година беа одржани вкупно 5 обуки на кои радиодифузерите беа запознаени со Изборниот законик, односно со обврските за медиумите во поглед на известувањето во периодот од распишување на Претседателските избори 2014 година до почетокот на изборната кампања, потоа, со изборното медиумско претставување во кампањата и со правилата за изборниот молк. Исто така, беше образложено како се операционализира остварувањето на овие обврски во мерливи категории преку научно заснованата Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, што ја користи Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Преку посебен линк од веб страницата на Агенцијата (каде што може да се најде и Power Point презентацијата користена за време на обуките), на радиодифузерите им беа достапни сите релевантни акти во врска со изборниот процес - извадок од Изборниот законик, Концептот и Методологијата за мониторингот.

Првата обука се одржа во Скопје на 14 февруари и на неа беа поканети уредниците и управителите на сите терестријални и сателитски ТВ сервиси и на радио програмските сервиси на државно ниво, како и медиумите од Скопје, Куманово, Кратово и Крива Паланка. Од поканетите 48 медиуми, на обуката присуствуваа 13 претставници на 10 радиодифузери (ТВ 24 Вести, ТВ Алсат – М, ТВ БТР, ТВ МТМ, Наша ТВ, ТВ Тиквешија од Кавадарци, ТВ Хана од Куманово, националните Радио Канал 77 и Радио Слободна Македонија и скопското Скај Радио).

На 19 февруари се реализираа две регионални обуки. Едната во Тетово, а другата во Охрид. На првата беа поканети 24 медиуми од Тетово, Гостивар, Ростуше, Кичево, Пласница и Македонски Брод, а присуствуваа 10 претставници од 5 медиуми (ТВ Боем од Кичево, ТВ Кисс, ТВ Коха, ТВ Менада и Радио РЕД ФМ од Тетово). На втората беа поканети 29 радиодифузери од Охрид, Струга, Дебар, Битола, Прилеп, Долнени и Велешта, а учествуваа 19 претставници од 13 медиуми (ТВ Аниса од Пласница, ТВ Вижн од Прилеп, ТВ Калтрина од Струга, ТВ Лажани од Долнени, ТВМ, ТВ Морис и НТВ од Охрид, ТВ Тера од Битола, Радио МХ, Радио Охрид и Супер Радио од Охрид, Радио Рапи од Велешта и Радио Холидеј од Прилеп).

На 21 февруари се одржаа уште две обуки – во Кавадарци и во Штип. Првата беше планирана како средба со 15 радија и телевизии од Кавадарци, Велес, Неготино, Валандово и Гевгелија. Присутни беа 11 новинари и уредници од 6 медиуми (КТВ и ТВ Тиквешија од Кавадарци, ТВ Канал 21 од Велес, Радио 5 ФМ од Велес, Галакси Радио од Кавадарци и Радио Тајм од Гевгелија). За втората се очекуваше присуство на 22 медиуми од Штип, Берово, Делчево, Кочани, Свети Николе, Виница, Пехчево, Пробиштип, Струмица и Радовиш. Учествуваа 11 претставници од 8 медиуми (ТВ Вис од Струмица, ТВ Еми и ТВ

Кобра од Радовиш, ТВ Протел од Пробиштип, ТВ Свет од Свети Николе, ТВ Стар од Штип, Еко Радио од Пробиштип и Радио Модеа од Свети Николе).

Поради прекршувања на Изборниот законик во периодот пред почетокот на изборната кампања за Претседателските избори, беа донесени одлуки за поведување четири прекршочни постапки против три програмски сервиси (детални информации се дадени во Информацијата за поведените прекршочни постапки / постапки за порамнување за време на Претседателските и на Предвремените парламентарни избори во 2014 година во Република Македонија, што е вброена меѓу Прилозите кон Извештајов).

# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2014

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС (МРТ)

**├ МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА ┤**

## МРТ1

## ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Првиот програмски сервис на Македонската телевизија (МРТ1), во првиот круг од кампањата за Претседателските избори 2014, во изданието на „Дневникот 2“ од 19:30, емитуваше прилози со вкупно траење од 6 часа 16 минути и 19 секунди, при што ја исполни обврската да обезбеди рамноправен пристап за учесниците во изборната кампања преку поделба на времето во третини и издвои дополнително време за претседателскиот кандидат Зоран Поповски (графички приказ 1).




Задоволено е и второто квантитативно барање – за распределбата на времето во секоја од третините со тоа што, како што покажуваат графичките прикази, застапеноста на субјектите е одраз на разликата во начинот на кој секој од кандидатите ја водеше кампањата. Третината за власта се состои од прилози од активностите на Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Социјалдемократската унија (во поддршка на листите со кандидати на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ) и ДУИ (графички приказ 2). Помалата застапеност на ДУИ (10 минути и 33 секунди) е резултат на тоа што во оваа третина се вброени само нејзините активности како учесник во Предвремените парламентарни избори, односно во периодот од 5 до 11 април (активностите пред овој период се прикажани подолу). Третината од вестите резервирана за опозицијата (графички приказ 3) ги опфаќа прилозите од кампањите на Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ, Илјаз Халими и ДПА и на Националната демократска преродба (чии активности се вброија во овој дел од „Дневникот 2“ по 5 април).

**МРТ1 прв круг: Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 2)**




**МРТ1 прв круг: Субјекти во третината за опозицијата (гр. приказ 3)**




Дополнителното време се состои од прилозите за кампањата на Зоран Поповски и Коалицијата ГРОМ, заедно со поддршката од Либералната партија, како и активностите во парламентарната кампања (по 5 април) на Коалицијата за позитивна Македонија, Коалицијата Достоинство за Македонија и ВМРО НП (графички приказ 4).

**МРТ1 прв круг: Субјекти во делот за независни кандидати (гр. приказ 4)**




**МРТ1 прв круг: Субјекти во делот за дневни настани (гр. приказ 5)**




Во третината која МРТ ја посвети на дневните настани од земјата и светот (графички приказ 5), во периодот од 24 март до 4 април, кога се водеше трка само за претседател на државата, од политичките партии се појавуваат ДУИ (1 минута и 6 секунди) со реакциите на обвинувањата од ДПА за корупција и за објавувањето на нејзините листи со кандидати за пратеници, и ВМРО НП, Алијанса за позитивна Македонија, Достоинство и Социјалдемократската унија (сите со по околу 30 секунди). Прилозите за овие партии се однесуваат на нивните подготовки за учество на парламентарните избори. Една третина од времето во овој сегмент од вестите се состои од прилози за активностите на Владата (40 минути и 20 секунди).

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 18 | 00:13:50 |
| Стево Пендаровски | 19 | 00:19:40 |
| Илјаз Халими | 14 | 00:02:22 |
| Зоран Поповски | 12 | 00:01:58 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 28 | 00:20:48 |
| Коалиција СДСМ | 12 | 00:09:34 |
| ДПА | 16 | 00:03:31 |
| ГРОМ | 14 | 00:02:23 |
| ДУИ | 11 | 00:03:47 |
| | | |
| Влада на РМ | 41 | 0:14:15 |

**МРТ1 (прв круг) директни обраќања (гр. приказ 6)**

Согласно Методологијата за мониторинг, освен преку квантитативни показатели, известувањето на секој од радиодифузерите се оценува и од квалитативен аспект. Еден од првите показатели за квалитетот се директните обраќања (графички приказ 6). Поради различниот распоред на времето за кандидатите, условен од одредбите во Изборниот законик, Јавниот сервис го дистрибуира времето за директно обраќање за сите претседателски кандидати, во сооднос кој ја отсликува нивната процентуална застапеност во третините. Меѓу партиите кои имаа свои кандидати ВМРО-ДПМНЕ има повеќе обраќања отколку СДСМ, што е одраз на различниот пристап во кампањата на кандидатите Иванов и Пендаровски. Трети по должина, а први по зачестеност се директните обраќања на претставниците на Владата.

Меѓу важните квалитативни аспекти на покривањето на кампањата во вестите се наоѓаат тонот и врамувањето во прилозите. Кампањата на кандидатите, МРТ1 претежно ја покриваше преку новинарски извештаи главно со неутрален тон, а во третината од времето за дневните настани од земјата и светот емитуваше низа прилози во кои позитивно беа врамени активностите или резултатите од политиките на Владата на неколку теми.

### *Втор круг Претседателски избори*

Новостите објавени во „Дневникот 2“ од 19:30 на Првиот телевизиски програмски сервис на Македонската радиотелевизија, го сочинуваат примерокот за вториот круг од кампањата за Претседателските избори 2014 (од 14 до 25 април 2014 година).

Согласно законското барање, времето во дневно – информативната емисија е поделено на третини: 1 час 19 минути и 13 секунди за активностите од кампањите на партиите од власта, 1 час 17 минути и 25 секунди за активностите од кампањите на опозицијата и 1 час 30 минути и 47 секунди за дневните настани од земјата и од светот. Застапеноста на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов (1 час 3 минути и 8 секунди) и на Коалицијата предводена од СДСМ и на

кандидатот за претседател Стево Пендаровски (1 час 3 минути и 28 секунди) во третините е соодветна на законското барање.

МРТ1 емитуваше збирни извештаи за активностите на претседателските кандидати во рамките на кампањите за Предвремените парламентарни избори. Времето што го добија претседателските кандидати во овие прилози говори за тоа дека во овој круг известувањето за парламентарната кампања ја стави претседателската во втор план. Имено, на Ѓорге Иванов се посветени 5 минути и 33 секунди од збирните прилози, а на Стево Пендаровски - 19 минути и 13 секунди. Оваа тенденција се гледа и кај директното обраќање. Податоците за дванаесетте дена од вториот круг, покажуваат дека гледачите изворно го слушале Ѓорге Иванов 4 пати со вкупно траење од 37 секунди, а Стево Пендаровски 7 пати во траење од 3 минути и 12 секунди.

**ДЕБАТИ**

Неколку изданија на емисијата „Од наш агол" беа реализирани во форма на дебати во кои учествуваа аналитичари и експерти. За кампањата за Претседателските избори, во изданието од 25 март (репризи на 26 и 31 март) разговараа Љупчо Арсовски, амбасадор, Сашо Клековски, аналитичар и Љупчо Пренџов, политиколог.

На 5 април, МРТ1 реализираше дебата меѓу четворицата претседателски кандидати: Ѓорге Иванов, Стево Пендаровски, Илјаз Халими и Зоран Поповски. По неа следуваше „Отворено студио" во кое професорката Тања Каракамишева, аналитичарот Сашо Клековски и политикологот Владимир Божиновски дискутираа за дебатата помеѓу претседателските кандидати.

**ИНТЕРВЈУА**

На самиот почеток од кампањата за Претседателските избори, МРТ1 емитуваше интервју со министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска за подготовките на МВР за изборите („Од наш агол" на 24 март).

**БЕСПЛАТНО ПОЛИТИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

МРТ1 ја исполни обврската од Изборниот законик и, на 8, 9, 10 и 11 април, емитуваше бесплатно политичко претставување за сите претседателски кандидати, по редослед утврден со ждрепка и во соодветен временски период (околу 17 часот и 40 минути). Претставувањето беше реализирано во вид на интервју во кое Илјаз Халими, Зоран Поповски, Стево Пендаровски и Ѓорге Иванов одговараа на исти прашања поврзани со ингеренциите на претседателот на државата, поставени од иста новинарка и траеја од 13 до 16 минути.

## МРТ2 Програма на албански јазик

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

На Програмата на албански јазик на МРТ2, анализирани беа изданијата на вестите во 18:30, емитувани во текот на првиот круг од кампањата за Претседателските избори 2014 година. Вкупното време од 8 часа 46 минути и 51 секунда е распределено во третини со тоа што нешто покуса е третината за дневните настани, а програмскиот сервис издвои дополнително време за активностите на Зоран Поповски (графички приказ 7). Може да се каже дека МРТ 2 Програмата на албански јазик ја исполни обврската да обезбеди рамноправен пристап за учесниците во изборната кампања и со генералната поделба на времето во вестите и со застапеноста на субјектите во третините.

**МРТ2 на албански (прв круг): Распоред на времето во вестите (гр. приказ 7)**




Имено, во вестите на јазиците на етничките заедници на Јавниот сервис времето меѓу субјектите во третините е распределено инверзно од МРТ1, имајќи предвид дека примарно и се обраќаат на публика од одредена етничка заедница. Како што покажува графичкиот приказ 8, во вестите на албански јазик најголемиот дел од извештаите се однесуваат на активностите на Илјаз Халими (околу час и половина), времето на ДПА во дел е поддршка за овој претседателски кандидат, дел се средби со амбасадори и претставници на странски организации во Македонија (методолошки вброено во категоријата „други субјекти“) и дел (дваесетина минути) се парламентарна кампања. Другиот дел од времето е за активностите од претседателската кампања на Стево Пендаровски и кампањата на Коалицијата предводена од СДСМ за Предвремените парламентарни избори. По 5 април, во оваа третина се појавува и НДП со дванаесетина минути.

**МРТ2 на албански (прв круг): Субјекти во третината за опозиција (гр. приказ 8)**




**МРТ2 на албански (прв круг): Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 9)**




Во периодот од 24 март до 4 април, сето време од третината за кампањата на партиите во власта (графички приказ 9) се состои од извештаи за активностите на Ѓорге Иванов, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е присутна со мал обем кој се зголемува по 5 април, кога во оваа третина се вбројува и ДУИ како учесник во кампањата за Парламентарните избори.

**МРТ2 на албански (прв круг): Субјекти во делот за независни кандидати (гр. приказ 10)**




**МРТ2 на албански (прв круг): Субјекти во дневни настани (гр. приказ 11)**




Во периодот кога течеше само претседателската кампања, МРТ2 на албански јазик имаше петнаесетина минути прилози за Зоран Поповски и речиси две минути за ГРОМ, а по 5 април, во дополнителното време се вбројуваат и вестите и извештаите за активностите од парламентарната кампања на Коалицијата ГРОМ, ВМРО НП и ПДП (графички приказ 10).

Третината од времето во дневно – информативните емисии наменета за известување за дневните настани, содржи значаен дел информации (1 час и три ипол минути) за активностите преку кои ДУИ се застапуваше за бојкот на Претседателските избори, и од нејзините одговори на обвинувањата за корупција кои пристигнуваа од ДПА (графички приказ 11). Во овој сегмент од вестите поместени се прилозите за настани од светот и регионот (особено Косово и Албанија), за неизборни актуелни теми од земјата, за активностите на ДИК, како и на власта на централно и локално ниво.

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 18 | 00:27:47 |
| Стево Пендаровски | 12 | 00:07:29 |
| Илјаз Халими | 18 | 00:25:08 |
| Зоран Поповски | 12 | 00:07:29 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 11 | 00:08:38 |
| Коалиција СДСМ | 5 | 00:02:16 |
| ДПА | 21 | 00:19:30 |
| ГРОМ | 1 | 00:00:42 |
| ДУИ | 38 | 1:05:05 |
| | | |
| Влада на РМ | 2 | 00:00:45 |

**МРТ2 на албански (прв круг) директни обраќања (гр. приказ 12)**

Можноста преку избор од тонски парчиња директно да се пренесат изјавите на четворицата претседателски кандидати е соодветна и по број на обраќања и по (инверзна) распределеност на времето. Директните обраќања на партиите кои поддржуваа некој од кандидатите за претседател се комбинација од прилозите за нив пред и по 5 април. Најчесто и со најголемо времетраење во директните обраќања е присутна ДУИ - половина од времето пред и половина по почетокот на парламентарната кампања. Владата е речиси најмалку цитирана.

***Втор круг Претседателски избори***

Во вториот круг од кампањата за претседателските избори вестите во 18:30 емитувани во периодот од 14 до 25 април на телевизиската програма на МРТ2 на албански јазик, беа поделени на третини со тоа што, како и во првиот круг, имаше нешто помалку време за дневните настани, или: активностите од кампањите на партиите од власта беа покривани со прилози во вкупно траење од 2 часа 12 минути и 3 секунди, за прилозите за опозициските партии беа издвоени 2 часа 3 минути и 27 секунди, а за светските и домашните настани – 1 час 48 минути и 8 секунди.

Застапеноста на претседателските кандидати Стево Пендаровски и Ѓорѓе Иванов и партиите кои ги поддржуваат во рамките на третините за опозицијата, односно за власта, се во согласност со законски предвидената распределба согласно претходните парламентарни изборни резултати – 24 минути и 26 секунди за опозициската коалиција и 26 минути и 37 секунди за коалицијата од власта. Притоа, и оваа редакција била повеќе концентрирана на трката за пратеници отколку на онаа за претседател, така што во вкупните времиња, Стево Пендаровски учествува со 5 минути и 24 секунди, а Ѓорге Иванов со 7 минути и 20 секунди.

Се известуваше преку збирни извештаи, во кои претседателските кандидати со директни изјави се среќаваат поретко и покусо – пет обраќања со траење од 1 минута и 40 секунди имаше Стево Пендаровски, а 8 обраќања долги 2 минути и 55 секунди – Ѓорге Иванов.

**ДЕБАТИ**

На 11 април, аналитичарите Улбер Села, Алберт Муслиу и Чани Мехмети расправаа на тема: „Зошто Македонија има потреба од консензуален претседател и зошто граѓаните треба да кажат не за едностран претседател“.

**ИНТЕРВЈУА**

Ден по гласањето во првиот круг од Претседателските избори, на 14 април, МРТ2 разговараше со потпретседателот на ДИК Субхи Јакупи за организацијата на изборниот процес. Интервјуто беше прикажано и наредниот ден.

## МРТ2 Програма на турски јазик

**ВЕСТИ**

***Прв круг Претседателски избори***

Програмата на турски јазик на МРТ2, во дневно – информативната емисија од 17:30 (за викендите во 15:30) не се раководеше од барањето да го подели времето на третини со цел да обезбеди рамноправен пристап за учесниците во изборната кампања (графички приказ 13). Во вкупното време (5 часа 42 минути и 45 секунди), има околу 1 час повеќе прилози за дневните настани од земјата и светот, отколку за активностите од кампањите на претседателските кандидати на партиите од власта и од опозицијата, и има дополнително време за кандидатот Зоран Поповски.

Сепак, треба да се напомене дека овој програмски сервис избалансирано известуваше за претседателските кандидати според принципот на еднаквост, согласно интензитетот на нивните кампањи. Така, количеството извештаи за Ѓорге Иванов е околу 30 минути, за Стево Пендаровски 27 минути, за Иљаз Халими околу 24, а за Зоран Поповски околу 20 минути.

**МРТ2 на турски (прв круг): Распоред на времето во вестите**
**(гр. приказ 13)**




Исто така, како што покажуваат графичките прикази 14 и 15, ТВ - вестите на турски јазик на Јавниот сервис настојуваат да ги пренесат ставовите и активностите на партиите на Турците во Македонија во однос на кандидатите.

Така, ја пренесуваат поддршката на Демократската партија на Турците на Македонија за Иванов (19 минути) и на Партијата за движење на Турците (17-тина минути) и на Движењето за национално единство (околу 2 минути) за Пендаровски.

**МРТ2 на турски (прв круг): Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 14)**




**МРТ2 на турски (прв круг): Субјекти во третина за опозиција (гр. приказ 15)**




Во дополнителното време од вестите, по 5 април се вбројуваат извештаите за активностите за Предвремените парламентарни избори на коалициите за позитивна Македонија и ГРОМ, како и на ВМРО НП (графички приказ 16). Најголем дел од прилозите за дневните настани (1 час 36 минути и 33 секунди) се за настани од светот или за домашни актуелности што не се поврзани со изборите, како одгласи од изборите во Турција, активности на странски организации и институции итн. (прикажани во методолошката категорија „без субјекти").

**МРТ2 на турски (прв круг): Субјекти во дел за независни кандидати (гр. приказ 16)**




**МРТ2 на турски: Субјекти во дневни настани (гр. приказ 17)**




Во овие вести, во првиот круг од изборната кампања, само еднаш е користено директно обраќање (1 минута и 46 секунди) во прилог во кој лидерот на Демократската партија на Турците на Македонија ја искажува својата поддршка за Ѓорге Иванов.

***Втор круг Претседателски избори***

Редакцијата на турски јазик на МРТ2, при известувањето за вториот круг од претседателските избори, направи напор да го распореди времето во дневно – информативната емисија од 17:30 (за викендите во 15:30) во третини. Може да се каже дека им обезбеди рамноправен пристап на учесниците во изборната кампања, иако повеќе време посвети на дневните настани. Имено, кампањите на партиите од власта добија 57 минути и 3 секунди, активностите на опозицијата 51 минута и 4 секунди, а дневните настани 1 час 17 минути и 10 секунди.

За двајцата претседателски кандидати се известуваше заедно со извештаите од парламентарните активности на коалициите што ги кандидираа, така што Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Ѓорге Иванов заедно имаа 27 минути и 36 секунди, од кои на Иванов се однесуваат околу 11 минути, а Коалицијата на СДСМ и Стево Пендаровски заедно добија 20 минути и 51 секунда, од кои околу 8 ипол минути беа за Пендаровски. Ниту еден од двајцата кандидати за позицијата Претседател на државата немаше директни обраќања.

## Прв програмски сервис на Македонското радио (Радио Скопје)

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Примерокот врз основа на кој се извлекуваат оценките за тоа како Првиот програмски сервис на Македонското радио (Радио Скопје) известуваше за кампањата во првиот круг од Претседателските избори 2014 година, е сочинет од изданијата на дневно – информативната емисија „Радио 22“. Вкупното времетраење на вестите е 5 часа 11 минути и 11 секунди, при што е исполнета обврската времето да се подели во третини за да се обезбеди рамноправен пристап, а дополнително време е издвоено и за кандидатот поддржан од група избирачи (графички приказ 18).

**МР1 прв круг: Распоред на времето во вестите**
**(гр. приказ 18)**




Овој радио сервис ја исполни и обврската за распоредот на времето во третините за кампањските активности на партиите на опозицијата и на власта соодветно на резултатите од претходните парламентарни избори. Во првата третина (графички приказ 19) се извештаите од претседателските кампањи на Стево Пендаровски и Илјаз Халими и парламентарните на Коалицијата СДСМ, на ДПА и на НДП. Делови од другата третина се извештаите од кампањата на Ѓорге Иванов и на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (графички приказ 20), заедно со нешто над шест минути прилози преку кои ДУИ ги претставува своите кандидати за пратеници, емитувани по 5 април.

**МР1 прв круг: Субјекти во третина за опозиција (гр. приказ 19)**




**МР1 прв круг: Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 20)**




Од дополнителното време, најголем дел се однесува на следењето на кампањата на претседателскиот кандидат Зоран Поповски, а остатокот е за активностите на ВМРО НП и трите коалиции: ГРОМ, за позитивна Македонија и Достоинство за Македонија, по започнувањето на кампањата за Предвремените парламентарни избори (графички приказ 21).

**МР1 прв круг: Субјекти во делот за независни кандидати (гр. приказ 21)**




**МР1 прв круг: Субјекти во дневни настани (гр. приказ 22)**




Во делот на дневните настани, освен прилози за актуелните настани во земјата и светот и подготовките на државните органи за изборите (категориите означени како „ДИК и други органи“, „други субјекти“ и „без субјекти“ во графичкиот приказ 22) се појавува Владата како субјект во 40,3% од времето. Станува збор за 37 минути прилози кои се однесуваат на активности на власта од кои поголемиот дел се редовни: на пример повеќе извештаи за акциите на МВР, учеството на министерот за надворешни работи на меѓународни настани, информациите поврзани со прогласената епидемија на мали сипаници, женското рели (29 март), акцијата за безбедност на пешаците (1 април), бесплатните здравствени прегледи (7 април), поврзувањето на 24 институции во државата во нов информатички систем (8 април), најавата за превентивни мерки на МВР пред матурските вечери (10 април); а во некои од прилозите не можеше да се направи разлика помеѓу партиските и владините активности: изјави или појавување на министри во врска со решениот проблем со вишок свинско месо (28 март), ветувањето помош од државата во склучувањето договори за откуп на тутунот, на почетокот со работа на нова регионална компанија за реосигурување од временски непогоди (3 април), и сл.

Првиот програмски сервис на Македонското радио во дневно-информативната емисија „Радио 22“ имаше квалитативно воедначен пристап кон сите кандидати за претседател на државата. Ниту еден од кандидатите не е прикажан во негативен контекст, односно медиумот неутрално ги врамуваше своите прилози и емитуваше делови од изјавите на кандидатите релевантни за претставување на нивната понуда до гласачите или за прашањата дебатирани во кампањските активности.

На сите кандидати им е дадена можност приближно ист број пати директно да се обратат, при што кај тројцата кандидати за кои има законска обврска да известува - должината на обраќањата соодветствува на процентуалната застапеност на времето во третините (графички приказ 23), а кандидатот Зоран Поповски има подолготрајни изворни тонски парчиња во извештаите од неговата кампања. Директните обраќања на коалициите и партиите се речиси целосно резултат од изборната кампања за Предвремените парламентарни избори.

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 20 | 00:24:26 |
| Стево Пендаровски | 18 | 00:22:07 |
| Илјаз Халими | 19 | 00:03:00 |
| Зоран Поповски | 18 | 00:10:04 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 28 | 00:20:48 |
| Коалиција СДСМ | 12 | 00:09:34 |
| ДПА | 16 | 00:03:31 |
| ГРОМ | 14 | 00:02:23 |
| ДУИ | 11 | 00:03:47 |
| | | |
| Влада на РМ | 41 | 0:14:15 |

**МР1 (прв круг) директни обраќања (гр. приказ 23)**

***Втор круг Претседателски избори***

Изданијата на „Радио 22“ емитувани во периодот од 14 до 25 април, се примерокот врз основа на кој се извлекува оценката за начинот на кој Првата програма на Македонското радио (Радио Скопје), го следеше вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2014 година.

Времето во оваа дневно – информативна емисија беше поделено на третини: 48 минути и 15 секунди за активности на партиите од власта, 44 минути и 56 секунди за партиите од опозицијата и 58 минути и 25 секунди за дневни настани. Притоа, соодносот на застапеноста на коалициите и нивните кандидати е соодветен на законските барања за процентуална распределба на времето во третините: Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Ѓоре Иванов 38 минути и 8 секунди и Коалицијата на СДСМ и Стево Пендаровски 37 минути и 15 секунди.

Во збирните извештаи од кампањските активности на субјектите кои имаа претседателски кандидати, Првата програма на Македонското радио

водеше сметка да обезбеди и професионално спакувани информации за активностите и ставовите на обајцата кандидати при што на Ѓорге Иванов се однесуваат 18 минути и 18 секунди од прилозите, а на Стево Пендаровски – 8 минути и 54 секунди.

Најчесто користен жанр е извештајот со неутрален тон и рамка. Во директните обраќања се бирани цитати клучни за претставување на поракaта и ставот на секој од кандидатите при што Стево Пендаровски има седум обраќања кои траат 4 минути и 10 секунди, а Ѓорге Иванов 10 обраќања со траење од 5 минути и 53 секунди.

**ДЕБАТИ**

Првата програма на Македонското радио ја пренесуваше дебатата меѓу четворицата претседателски кандидати: Ѓорге Иванов, Стево Пендаровски, Илјаз Халими и Зоран Поповски, која на 5 април се емитуваше на МРТ1.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Во редовната програмска шема на Радио Скопје, околу 17 часот се емитува информативната емисија „Во фокусот“ во која вообичаено се пренесуваат прилози на актуелни теми од Пладневниот радиовесник од 15:30. Во некои од емисиите реализирани за време на изборните процеси, слушателите можеа повторно да слушнат и прилози поврзани со изборите. Таков беше случајот со: прилогот за почетокот на Претседателските избори и претставувањето на кандидатите (24 март); информацијата за тоа дека ДИК го заклучила Избирачкиот список, и претставувањата на претседателските кандидати пред граѓаните на РМ (26 март); прилозите за првичните резултати од Претседателските избори, за видувањата на ДИК за изборниот ден и за одгласите за македонските претседателски избори во грчкиот печат (14 април); за гласањето на членови на изборните одбори во дипломатско - конзуларните претставништва (23 април).

Освен ова, централна тема на „Радио спектарот“ од 29 март беа претседателските избори и активностите на МВР за нивно успешно спроведување, при што гостинка во студиото беше Анета Станчевска од МВР, а се емитуваа и други прилози.

**БЕСПЛАТНО ПОЛИТИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

Радио Скопје на 8, 9, 10 и 11 април, со почеток околу 17 часот и 31 минута, го емитуваше бесплатното политичко претставување за претседателските кандидати Илјаз Халими, Зоран Поповски, Стево Пендаровски и Ѓорге Иванов (интервјуа оригинално реализирани од МРТ1).

## Трет програмски сервис на Македонското радио – Програма на албански јазик

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Кај Програмата на албански јазик на Третиот програмски сервис на Македонското радио се анализираше дневно – информативното издание во 21 часот. Во текот на првиот круг од Претседателските избори емитувани се вкупно 6 часа 5 минути и 25 секунди новинарски прилози при што е почитувано законското барање да им се обезбеди рамноправен пристап на учесниците во изборната кампања со поделба на времето на третини и издвоено е дополнително време за Зоран Поповски (графички приказ 24).

**МР на албански (прв круг): Распоред на времето во вестите (гр. приказ 24)**




Пред почетокот на кампањата за парламентарните избори, сето време во третината за активностите на партиите од власта се состои од извештаи за Ѓорге Иванов, а ДУИ и Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ се приклучија по 5 април (графички приказ 25).

**МР на албански (прв круг): Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 25)**




**МР на албански (прв круг): Субјекти во третината за опозиција (гр. приказ 26)**




Времето во третината за опозицијата во радио - вестите на албански јазик е распоредено инверзно, така што позастапени се Илјаз Халими (еден час) и ДПА отколку Стево Пендаровски (дваесет ипол минути). Извештаите за

Коалицијата на СДСМ и за НДП потекнуваат од периодот по 5 април (графички приказ 26). На кампањата на Зоран Поповски посветени се дванаесетина минути (графички приказ 27).

**МР на албански (прв круг): Субјекти во дел за независни кандидати (гр. приказ 27)**




**МР на албански (прв круг): Субјекти во дневни настани (гр. приказ 28)**




Во делот за дневни настани најмногу време – 40-тина минути, зафаќаат актуелностите од земјата и светот (со значаен обем информации за Косово и Албанија), потоа информациите (околу 23 минути) за активностите на ДУИ за бојкот на изборите и одговорите на обвинувањата за корупција од страна на ДПА (графички приказ 28).

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 18 | 00:16:32 |
| Стево Пендаровски | 16 | 00:08:15 |
| Илјаз Халими | 18 | 00:20:51 |
| Зоран Поповски | 14 | 00:04:58 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 9 | 00:07:12 |
| Коалиција СДСМ | 3 | 00:01:10 |
| ДПА | 17 | 00:17:59 |
| ГРОМ | 1 | 00:00:25 |
| ДУИ | 18 | 00:26:01 |
| | | |
| Влада | 2 | 00:01:16 |

**МР на албански јазик (прв круг) директни обраќања (гр. приказ 29)**

Директните обраќања се рамномерно распоредени меѓу претседателските кандидати пропорционално на нивното време во вестите (графички приказ 29). Директните обраќања на претставниците на партиите и коалициите целосно или во најголем дел потекнуваат од периодот по 5 април.

***Втор круг Претседателски избори***

Кај радиопрограмата на албански јазик на Македонското радио, во вториот круг од Претседателските избори, времето во вестите во 21 часот беше распределено во третини, согласно законското барање: за власта 1 час 57 минути и 24 секунди, за опозицијата 1 час 55 минути и 19 секунди и за дневни настани 1 час 32 минути 58 секунди.

Претседателските кандидати и нивните коалиции беа присутни со соодветна процентуална застапеност, така што Ѓорге Иванов и Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ заедно имаа 22 минути и 57 секунди од кои Иванов имаше 12 минути и 35 секунди, а Стево Пендаровски и Коалицијата на СДСМ имаа 26 минути и 48 секунди од кои за Пендаровски – 6 минути и 3 секунди.

Во збирните извештаи од кампањските активности, Ѓорге Иванов директно се обратил 10 пати со траење од околу 4 минути, а Стево Пендаровски пет пати со траење од околу една ипол минута.

**ИНТЕРВЈУА**

Редакцијата на Програмата на албански јазик на Македонското радио на 15 април, го емитуваше разговорот со потпретседателот на ДИК Субхи Јакупи, кое претходниот ден беше реализирано на МРТ2.

## Трет програмски сервис на Македонското радио – Програма на турски јазик

**ВЕСТИ**

***Прв круг Претседателски избори***

На Програмата на турски јазик на Третиот програмски сервис на Македонското радио се анализираше изданието на вестите во 15 часот (за викенд во 14). Оваа редакција не го следеше законски пропишаното правило според кое за да обезбеди рамноправен пристап за сите учесници во кампањата, треба времето да го подели во третини. Од вкупно 4 часа 44 минути и 37 секунди, дури 3 часа беа посветени на дневни настани од земјата и светот (графички приказ 30).

**МР на турски (прв круг): Распоред на времето во вестите (гр. приказ 30)**



Активностите од кампањите на четворицата претседателски кандидати се третирани како актуелни настани при што сервисот информираше во мал обем, согласно интензитетот на нивните кампањи – 11 минути и 58 секунди за Ѓорге Иванов, 8 минути и 16 секунди за Стево Пендаровски, 5 минути и 10 секунди за Илјаз Халими и 6 минути и 1 секунда за Зоран Поповски.

**МР на турски (прв круг): Субјекти во третина за опозиција (гр. приказ 31)**




**МР на турски (прв круг): Субјекти во третина за партии од власта (гр. приказ 32)**




И во времето за активностите на партиите на власт (графички приказ 31) и во она за партиите од опозицијата (графички приказ 32), извештаите се концентрирани на приклонувањето на различните партии на Турците во Македонија кон кандидатите. Поддршката за Иванов од Демократската партија на Турците на Македонија е тема на прилози кои траат 22 минути и 42 секунди, додека на поддршката за Пендаровски од Партијата за движење на Турците посветени и се 22 ипол минути. Својата поддршка за Пендаровски (со кусо време од 36 секунди) ја изразува и Движењето за национално единство на Турците.

**МР на турски (прв круг): Субјекти во дел за независни кандидати (гр. приказ 33)**




**МР на турски (прв круг): Субјекти во дневни настани (гр. приказ 34)**




Во дополнителното време, по 5 април кон прилозите за Зоран Поповски се приклучуваат и оние за активностите на ВМРО НП и трите коалиции ГРОМ, за позитивна Македонија и Достоинство за Македонија (графички приказ 33). Два часа од времето за дневните настани е сочинето од новости од светот и земјата – што не се поврзани со избори (одбележување значајни датуми, активности на странски организации и амбасадори, на верски лидери, изборите

во Турција итн.), триесетина минути има Владата, а за извештаите од работата на ДИК и другите органи надлежни за реализирање различни сегменти од изборниот процес се издвоени 16-тина минути (графички приказ 34).

Во вестите на Програмата на Македонското радио на турски јазик, едно директно обраќање (55 секунди) има генералниот секретар на Партијата за движење на Турците како поддршка на Стево Пендаровски.

***Втор круг Претседателски избори***

Во текот на вториот круг од претседателската кампања, во радио вестите во 15 часот (за викенд во 14) на Програмата на турски јазик на Македонското радио не е следено законското барање за поделба на времето во третини. За кампањските активности на партиите од власта имаше вкупно 41 минута и 15 секунди, за активностите на опозицијата 30 минути и 4 секунди, а за дневните настани 1 час 48 минути и 28 секунди.

Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот кандидат заедно имаат 14 минути и 27 секунди, а Коалицијата предводена од СДСМ и нејзиниот кандидат – 6 минути и 58 секунди. Притоа, претседателската трка е присутна малку – Иванов има 4 минути и 12 секунди, а Пендаровски 2 минути и 32 секунди. Директно обраќање не е користено.

# ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

## ├ ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ┤

## ТВ АЛСАТ – М

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Примерокот од вестите на ТВ Алсат-М, анализиран со мониторингот на медиумското покривање на кампањата во првиот круг од Претседателските избори, опфаќа вкупно 10 часа 48 минути и 21 секунда од вестите на албански јазик во 19 и на македонски јазик во 23 часот. Телевизијата известуваше релативно избалансирано за активностите на претседателските кандидати посветувајќи им безмалку 37 минути на Ѓорге Иванов, 39 ипол минути на Стево Пендаровски, со поголема минутажа од околу 49 минути на Илјаз Халими и речиси 33 минути на Зоран Поповски (Табела 1). Политичките субјекти кои стојат зад нив во времето пред почетокот на парламентарната кампања се застапени малку, што говори за тоа дека и овој медиум претседателската трка ја следеше ставајќи акцент на кандидатите, односно поголемиот дел од времето за партиите во вестите од првиот круг произлегува од периодот по 5 април. Исклучок е ДПА, која до 4 април била субјект во прилози кои траат 34 ипол минути (односно половина од времето) што во голем дел се должи на обвинувањата за корупција што оваа партија ги упатуваше на сметка на ДУИ и на недоразбирањата со струшкиот партиски огранок.

**ТВ Алсат – М (прв круг): Субјекти во вести Табела 1**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:36:59 |
| Стево Пендаровски | 00:39:29 |
| Илјаз Халими | 00:49:10 |
| Зоран Поповски | 00:32:58 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:39 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:22:24 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 01:03:26 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 02:04:54 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:06:23 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:14:15 |
| | |
| Влада на РМ | 00:49:04 |
| Органи на државната управа | 00:18:57 |

| | |
|---|---|
| Локална самоуправа | 00:07:42 |
| ДИК и други органи | 00:54:58 |
| Други субјекти | 01:12:00 |
| Без субјекти | 00:36:02 |
| | **Вкупно = 10:48:21** |

Уредничкиот пристап на ТВ Алсат – М во однос на известувањето за активностите од кампањите е да вложува напор за сите кандидати да презентира снимки и директни обраќања од активностите како што покажуваат и податоците од Табела 2. Притоа од нивните говори, покрај акценти од предизборните ветувања и пораки, се извлекуваат и обраќања на теми актуелни за моменталната дебата во претседателската трка.

**ТВ Алсат-М (прв круг): Директни обраќања Табела 2**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 33 | 00:16:20 |
| Стево Пендаровски | 32 | 00:19:45 |
| Илјаз Халими | 35 | 00:20:51 |
| Зоран Поповски | 27 | 00:14:27 |
| Коалиција СДСМ и др. | 16 | 00:07:16 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 20 | 00:11:30 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 52 | 00:32:51 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 2 | 00:00:50 |
| ДУИ | 69 | 00:59:29 |
| Влада на РМ | 31 | 00:12:27 |
| | | **Вкупно = 03:15:46** |

Субјектот со најмногу време во вестите е надвор од учесниците во претседателската кампања. Имено, Телевизијата за ДУИ издвои 2 часа и 4 минути, од кои 1 час и 25 минути пред 5 април кога секојдневно известуваше за активностите на ДУИ за бојкот на изборите и промовирање на идејата за промена на начинот на избор на претседател на државата. Оваа партија има и најмногу директни обраќања – и како бројка на поединечни цитирања и како вкупно времетраење (59 ипол минути во текот на 69 обраќања).

Алсат-М имаше аналитички пристап кон дневните теми и политики. Презентирани беа различни мислења на аналитичари за причините за средбата Нимиц – Јолевски – Василакис во тек на изборна кампања (25 и 26 март); при преразгледувањето на прашањето за можноста да завршат изборите во првиот круг (27 март) или приврзаниците на ДУИ да гласаат во вториот круг за Стево Пендаровски (1 април) нуди ставови од МОСТ, односно од експерт, а за тоа што значи (не)гласањето на Албанците на изборите медиумот побара став и од поранешните кандидати за претседател Гзим Острени и Имер Селмани (11 април). Прашањата тематизирани меѓу Албанците (кој го намали цензусот за

избор на претседател, гласачите од Пустец во Избирачкиот список, обвинувањата од ДПА насочени кон функционерите од ДУИ за корупција и за неисполнување на изборните ветувања или за расколот во ДПА) ги обработува во низа преку сопоставување на ставовите на (сегашни и поранешни) членови на политичките партии на Албанците во Република Македонија (26, 30 март, 1, 2, 5, 7, 8 април итн.). Аналитички ги преразгледува финансиските извештаи што претседателските кандидати ги доставиле до Државната комисија за спречување корупција вклучувајќи изјави од експерти (8, 9 април); експерти ги анализираат ветувањата во изборните програми од аспект на уставноста и остварувањето (9 април); се анализира значењето на изјавата на Илјаз Халими за косовската телевизија Клан за можен договор со ВМРО-ДПМНЕ (10 април). Алсат-М во прилогот за делење на решенијата за надоместок на стечајците пренесува нивни изјави во кои изразуваат задоволство од мерката, но и став дека тоа е за предизборни цели, а прашањето на гласачи регистрирани на фиктивни адреси го обработува со ставови од три страни (11 април).

***Втор круг Претседателски избори***

Во вториот круг од Претседателските избори, Алсат – М, во вестите на албански јазик во 19 часот и во оние на македонски во 23 часот, известуваше избалансирано за обајцата кандидати согласно принципот на еднаквост. На активностите на Стево Пендаровски му беа посветени прилози со траење од 17 минути и 57 секунди, а на Ѓорге Иванов – 21 минута и 29 секунди.

Ова е една од ретките ТВ станици која донесе уредувачка одлука претседателската кампања да ја следи одвоено од парламентарната, преку посебни прилози. Во нив, Пендаровски директно говорел 14 пати, што претставува 6 минути и 52 секунди, а Иванов 10 ипол минути во текот на 20 пати, при што се извлекувани поентите важни за нивните ветувања и очекувања од изборниот процес. Времето што во вестите во периодот од 14 до 25 април го добија коалициите поддржувачи на претседателските кандидати (околу 52 минути за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и 1 час и 2 минути за Коалицијата предводена од СДСМ) се однесува на нивната парламентарна кампања и ќе биде коментирано во извештајот за парламентарните избори.

**ИНТЕРВЈУА**

Најголем број од интервјуата поврзани со изборите, ТВ Алсат-М ги реализираше во емисијата „15 Минути“.

Со комуникологот Марко Трошановски, директор на Агенцијата за истражување на јавното мислење „М - проспект“, на 24 март се разговара за тоа колку изборната кампања влијае врз ставовите и определувањето на гласачите. Емисијата е репризирана на 25 март. На 31 март (прикажано и на 1 април) гостува заменик-претседателот на ДИК Субхи Јакупи – тема е заинтересираноста на дијаспората за гласањето на Претседателските избори. За предизборните ветувања се дискутира со професорот Абдулменаф Беџети на 9, односно 10 април; за резултатите од гласањето во првиот круг - со аналитичарот и колумнист Ерол Ризаов на 14, односно 15 април; а за причините за перманентниот изборен успех на ВМРО-ДПМНЕ – со професорката Мирјана Малеска на 16 т.е. 17 април.

Двајца од претседателските кандидати – Зоран Поповски и Стево Пендаровски се интервјуирани во емисијата „15 Минути“. Разговорот со првиот е прикажан премиерно на 26 и репризно на 27 март, а со вториот на 2, односно на 3 април.

Стево Пендаровски е гостин и во емисијата „Патот кон...“ од 10 април (репризно на 11 април) која Алсат-М ја замислиле како дебата на четворицата кандидати, но тројца од нив не се одѕвале на поканата.

Претседателските избори се тема на уште едно издание од „Патот кон...“, она од 27 март (со репризи на 28 и на 29 март) кога гостува Адем Демачи.

## ТВ АЛФА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

За анализа се земени изданијата на дневниците од 18:30 и од 22:30 часот, а во периодот од 24 март до 11 април, обемот прилози што се непосредно или посредно мотивирани од изборниот процес, изнесува – 11 часа и 27 минути. Централно место во новинарскиот интерес за известувањето од изборниот процес заземаат различните политички платформи на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и на опозициската Коалиција предводена од СДСМ. Овој уреднички приод, реализиран главно преку вести и класични новинарски извештаи од митинзите на овие два политички опонента, квантитативно резултира со релативно избалансирано информирање: 28 минути за Ѓорге Иванов и 27 минути за Стево Пендаровски, а во сличен сооднос, само со преполовена минутажа, покриени се активностите на Иљаз Халими – 14 минути, и на Зоран Поповски – 12 минути.

Известувањата од организираните форми за настап пред гласачкото тело резултираа со следнава минутажа: кампањата на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата беше опфатена со вкупно – 1 час и 54 минути; кампањата на СДСМ и Коалицијата со – 46 минути, ГРОМ и Коалицијата добија вкупно информативно време од 16 минути, а за ДПА како учесник во изборниот процес беа отстапени – 30 минути.

Времето од 1 час и 46 минути отстапено за активностите на Владата се должи на секојдневното известување и анализирање во врска со тековни инвестициски и други општествени проекти на министерствата и на органите на државната управа. Најмногу време се сумира во ставката – активности на други субјекти – 2 часа и 35 минути, а опфаќа – ставови на невладини организации и на претставници од меѓународната заедница, резултати од испитувања на јавното мислење, но и комбинирани, главно прогностички прилози од политички и од новинарски анализи, чии теми, во основа произлегуваат од - споредбата на изборната платформа на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, и изборниот настап на СДСМ како лидер на опозициската опција.

**ТВ Алфа (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 3**[1]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:28:28 |
| Стево Пендаровски | 00:27:20 |
| Илјаз Халими | 00:14:41 |
| Зоран Поповски | 00:12:37 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:46:02 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:54:03 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:11:44 |
| Коалиција ГРОМ | 00:01:54 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:30:20 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:12:51 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:03:54 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:04:35 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:01:59 |
| Либерална партија | 00:02:45 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:01:07 |
| Српска напредна странка | 00:00:22 |
| Сојуз на Титови леви сили | 00:00:22 |
| ПСД | 00:00:22 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:00:19 |
| Демократски сојуз | 00:05:38 |
| ПЕИ | 00:00:19 |
| Народно движење за Македонија | 00:00:12 |
| СДПМ – Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:19 |
| ПЕП 21 | 00:00:19 |
| ППД – Политичка партија Достоинство | 00:02:18 |
| | |
| Влада на РМ | 01:46:13 |
| Органи на државната управа | 00:53:40 |
| Локална самоуправа | 00:11:56 |

[1] Во табелите во кои се претставени времињата што ги добиле претседателските кандидати и другите субјекти во текот на првиот круг од Претседателските избори 2014 година, поради методолошки причини како субјекти се појавуваат и ГРОМ и Коалиција ГРОМ, и Алијанса за позитивна Македонија и Коалиција за позитивна Македонија, и Достоинство и Коалиција Достоинство за Македонија. Имено, од 24 март до 4 април се водеше само претседателска кампања, додека од 5 до 11 април паралелно течеше и парламентарната кампања. Трите коалиции, почнаа официјално да фигурираат како учесници во изборна кампања со потврдени листи за кандидати за пратеници дури по почетокот на кампањата за Предвремените парламентарни избори 2014 година. Оттаму, нивните појавувања пред овој датум се кодирани под имињата на партиите.

| | |
|---|---|
| ДИК и други органи | 00:30:05 |
| Други субјекти | 02:34:51 |
| Без субјекти | 00:05:00 |
| **Вкупно = 11:26:37** | |

Минутажата од емитуваните цитати на учесниците во изборниот процес ја отсликува уредувачката одлука информативниот интерес главно да го насочи кон - Иванов и Пендаровски, претседателските кандидати на двете најбројни коалиции, па од таа гледна точка минутажата е рамномерно поделена – за кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата 13 минути, а за кандидатот на Коалицијата на СДСМ – 15 минути, додека обраќањата на Поповски, кандидатот на ГРОМ, и обраќањата на Халими, кандидатот на ДПА, се проследени со 6, односно со 7 минути.

**ТВ Алфа (прв круг): Директни обраќања** **Табела 4**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 26 | 00:13:36 |
| Стево Пендаровски | 27 | 00:15:15 |
| Илјаз Халими | 19 | 00:07:10 |
| Зоран Поповски | 16 | 00:06:41 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 60 | 00:46:57 |
| Коалиција СДСМ | 19 | 00:11:12 |
| ДПА | 22 | 00:10:10 |
| ГРОМ | 10 | 00:03:55 |
| ДУИ | 09 | 00:05:18 |
| | | |
| Влада на РМ | 51 | 00:27:09 |
| | | **Вкупно = 02:27:23** |

***Втор круг Претседателски избори***

Периодот на вториот изборен круг ТВ Алфа го опфати во двете свои централни информативни изданија – од 18:30 и од 22:30 часот – а вкупната минутажа на новинарските прилози за овој дел од изборниот процес изнесуваше – 7 часа и 5 минути. Земени за квантитативна споредба, индивидуалните настапи на претседателските кандидати - Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, беа проследени главно преку формата на класичните новинарски извештаи, а соодносот изнесува - 15 минути и 55 секунди за Иванов, и - 9 минути и 42 секунди за Пендаровски. Погледнато, пак, споредбено на ниво на коалициите што ги кандидираа, информативното време беше дистрибуирано на следниов начин: за ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 2 часа и 20 минути, а за СДСМ и Коалицијата – 25 минути и 23 секунди.

Изборната кампања на опозицискиот кандидат Пендаровски беше врамена во негативен контекст во редакциските коментари во врска со

политичката платформа на СДСМ и Коалицијата, но и директно, пред сè преку коментарот, емитуван на 24 април, со наслов: „Пендаровски во Косово на ’баци рака‛ кај Хашим Тачи за албанските гласови во Македонија?!“.

Директните обраќања, односно политичките поенти извлечени при медиумската презентација на ставовите искажани на митинзите или при организираните средби на претседателските кандидати со гласачкото тело, ТВ Алфа ги подели на следниов начин: Иванов – 3 минути и 46 секунди, Пендаровски – 2 минути и 55 секунди.

## ТВ КАНАЛ 5

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Двете недели од првиот изборен круг, информативната редакција на ТВ Канал 5 ги покриваше со цели 15 часа, од дневниците во 18 и во 23:20 часот, а прилозите што беа непосредно поврзани со промотивниот дел на политичкиот избор – митинзи, средби со граѓани и прес-конференции, имаа уредувачки приоритет, односно беа емитувани на самиот почеток од централните информативни емисии.

Од формален аспект, најчесто користени новинарски жанрови при известувањето стриктно за претседателските кандидати беа – вест, вест во низа и класичен извештај, а резултатот, со оглед на формите и на интензитетот на кампањите што ги водеа партиските организации и коалициите, е релативно избалансирано известување: Политичката понуда на Ѓорге Иванов беше проследена со – 57 минути, на Стево Пендаровски со 38 минути, на Илјаз Халими со 20 минути, а на Зоран Поповски со 23 минути. Од гледна точка на новинарскиот приод при известувањето за изборните активности на партиите и на коалициите - во информативниот фокус на ТВ Канал 5 беа спротивставените опции на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и на опозициската СДСМ, при што, тематскиот приоритет не произлезе исклучиво од различниот организациски приод кон гласачкото тело (преку митинзите и средбите со граѓаните), туку и преку прес-конференциите на ВМРО-ДПМНЕ по различни теми полемички насочени кон СДСМ. Ваквиот информативен пристап ја објаснува изразената квантитативна дискрепанција: Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ е застапена со 2 часа и 36 минути, Коалицијата на СДСМ со 46 минути, ДПА со 19 минути, а ГРОМ - Граѓанската опција за Македонија со 24 минути. Од квалитативна гледна точка, пак, забележлива е мошне честата употреба на новинарскиот жанр – извештај со елементи на коментар, што продуцира прилози во кои недостасува точно определен, референтен, проверлив извор на информации, а централна тема на тие прилози е – претпоставен спор помеѓу политичките авторитети што ги носат одлуките околу изборниот настап на СДСМ и Коалицијата.

Забележливо време во двата анализирани ТВ дневника им е посветено на редовните активности на Владата – 3 часа и 7 минути, главно реализирани преку разговори и интервјуа со министри, а 3 часа им се отстапени и на анализите на експерти и на аналитичари за изборниот процес, како и на прогнози за изборниот исход произлезени од испитувања на јавното мислење.

**ТВ Канал 5 (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 5**

| Политички субјект | Траење |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:57:26 |
| Стево Пендаровски | 00:38:08 |
| Илјаз Халими | 00:20:50 |
| Зоран Поповски | 00:23:48 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:46:58 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 02:36:42 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:24:52 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:19:46 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:29:04 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:00:04 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:04 |
| Либерална партија | 00:00:19 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:02:34 |
| СДУ – Социјалдемократска унија | 00:00:32 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:00:04 |
| ППД – Политичка партија Достоинство | 00:00:04 |
| СДПМ – Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:04 |
| ПЕП 21 | 00:00:04 |
| ПЕИ | 00:00:04 |
| | |
| Влада на РМ | 03:06:56 |
| Органи на државната управа | 01:16:26 |
| Локална самоуправа | 00:13:06 |
| ДИК и други органи | 00:18:30 |
| Други субјекти | 03:00:01 |
| Без субјекти | 00:05:30 |
| | **Вкупно = 15:01:55** |

Консеквентно на ваквиот фокусиран уредувачки и новинарски пристап кон кампањите на Иванов и на Пендаровски, времето за директните обраќања, политичките поенти на претседателските кандидати од нивниот организиран настап пред гласачите низ целата држава, е рамномерно распоредено, ако се има предвид дека 21 минута му е отстапена на Иванов, 20 минути на Пендаровски, а десетина минути помалку им се отстапени на Халими и на Поповски – по 12 минути. Од друга страна стои изразената разлика во бројот и во времето за директните обраќања на претставниците на политичките партии и коалициите: Коалиција ВМРО-ДПМНЕ – 61 обраќање, со време од – 1 час и 16 минути, Коалицијата на СДСМ – 17 обраќања, со време од – 11 минути, ГРОМ – 27 обраќања, односно – 13 минути, ДУИ – 22 обраќања, врамени во 13 минути, и ДПА со 19 обраќања, опфатени во 8 минути.

**ТВ Канал 5 (прв круг): Директни обраќања Табела 6**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 39 | 00:21:07 |
| Стево Пендаровски | 36 | 00:20:24 |
| Илјаз Халими | 26 | 00:12:25 |

| | | |
|---|---|---|
| Зоран Поповски | 31 | 00:12:14 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 61 | 01:16:03 |
| Коалиција СДСМ | 17 | 00:10:56 |
| ГРОМ | 27 | 00:12:52 |
| ДПА | 19 | 00:08:09 |
| ДУИ | 22 | 00:13:18 |
| | | |
| Влада на РМ | 96 | 01:08:51 |
| | | |
| | | **Вкупно = 04:16:19** |

***Втор круг Претседателски избори***

Периодот од 14 до 25 април, за вториот круг од претседателските избори, во изданијата на ТВ дневниците од 18 и од 23:20 часот беше во втор план во однос на севкупниот информативен ангажман на ТВ Канал 5 околу различните аспекти на изборниот процес. Тоа го покажува релативно малата минутажа што им е отстапена поединечно на претседателските кандидати: Ѓорге Иванов – 34 минути и 20 секунди, и Стево Пендаровски – 15 минути и 13 секунди, споредена со вкупното време за известувањето од овој дел на изборниот процес – 9 часа 50 минути и 30 секунди. Информативната минутажа за претседателските кандидати е во втор план и доколку се спореди со соодносот на времето отстапено за нивните коалициски поддржувачи: ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 3 часа 32 минути и 7 секунди, наспроти – 40 минути и 4 секунди за – СДСМ и Коалицијата. Дополнителна потврда за ваквиот редакциски пристап даваат и минутажите за директните обраќања: на Иванов - 16 аудиовизуелни цитати, со време од – 7 минути и 48 секунди, на Пендаровски – 15 аудиовизуелни цитати, со време од – 6 минути и 15 секунди, наспроти емитуваните директни обраќања: на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ - 76 аудиовизуелни цитати – 2 часа 21 минута, и на Коалицијата предводена од СДСМ – 28 аудиовизуелни цитати – 18 минути и 20 секунди.

ТВ Канал 5 изборниот настап на Стево Пендаровски го коментираше експлицитно негативно, било врамен во поширокиот негативен контекст за предизборните политики на СДСМ и Коалицијата, било посебно, преку редакциските коментари од 16 април, со наслов: „Пендаровски: Граѓаните што гласаат за Иванов се стока“, и од 24 април, со наслов: „Зошто Пендаровски отиде на Косово да го моли Тачи?“, како и со прилогот од 25 април, насловен: „Пендаровски од Приштина со навреди за Македонија“.

**ИНТЕРВЈУА**

Во рамките на актуелно-информативната емисија „Миленко Неделковски Late Night Show“, на 5 април емитувано е интервју со Зоран Поповски, претседателскиот кандидат на ГРОМ и Коалицијата, а на 11 април интервју со Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата. Водителот на двапати посочува дека на неговата официјална покана не се одѕвале претседателските кандидати – Стево Пендаровски и Илјаз Халими. Во реализација на интервјуата му помагаат политичките аналитичари – Флора Кадриу, Александар Пандов и Ивица Јосифовиќ.

Во изданието на истата емисија од 28 март, преку новинарската форма – колективно интервју, презентирани се општествено-политички ставови на

претставници од заедницата на македонските муслимани од Западна Македонија. Емисијата е репризирана на 31 март.

## ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

На 20 април, изданието на „Код“, актуелно-информативната емисија со документаристички пристап, ги тематизираше резултатите од првиот круг на претседателските избори, а политичката експертиза која ги соочи ставовите на Дане Талевски, Жидас Даскаловски, Катерина Блажевска и Ајладин Демири, понуди и исповед на гласачи од село Сливник, Општина Чашка.

## ТВ СИТЕЛ

## ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Информативните прилози за дневните, промотивни политички активности на учесниците во изборната кампања, во централните дневници од 19:00 и од 23:15 часот емитувани од 24 март до 11 април, имаат вкупно времетраење од 14 часа и 15 минути, а најчесто беа реализирани преку новинарските облици - вести и извештаи, неретко проследени и со – разговори и интервјуа со министри и со раководството на владејачката ВМРО-ДПМНЕ како непосреден учесник во изборниот процес. Издвојувањето на - разговорите и интервјуата, е важно за да се објасни нагласената разлика меѓу резултатите од информативното време отстапено за претседателските кандидати Ѓорге Иванов (1 час и 34 минути), и Стево Пендаровски (32 минути), оти таа разлика може да се толкува и од аспект на организацискиот приод кон методите на изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, со нивните коалиции. Од таа гледна точка, публицитетот на активностите од изборната кампања, може да се доведе во корелација со стратешкиот приод на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на митинзите, како најмасовна организирана изборна активност, постојано да го придружуваат претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов, па оттаму, во двете први недели од известувањето, почетокот или крајот на речиси сите прилози со кои ТВ Сител известуваше од митинзите, проследени се со интервјуа или со разговори со врвот на Партијата. Споредбено во оваа смисла, организацискиот приод на СДСМ и Коалицијата кон својот претседателски кандидат беше нагласено поинаков – Стево Пендаровски главно настапуваше самостојно пред потенцијалните гласачи, па неговите предизборни настапи беа проследени со вест или со класичен извештај. Ако се погледне минутажата што им е отстапена на претседателските кандидати Зоран Поповски и Илјаз Халими, кои исто така беа постојано придружувани од своите политички поддржувачи – ГРОМ и ДПА, ќе се забележи дека статистички, нивните предизборни кампањи имаат сличен информативен третман како кампањата на Пендаровски.

**ТВ Сител (прв круг): Субјекти во вести Табела 7**[2]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 01:33:58 |
| Стево Пендаровски | 00:32:32 |

[2] Ибид.

| | |
|---|---|
| Илјаз Халими | 00:20:22 |
| Зоран Поповски | 00:20:46 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:51:37 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 03:46:26 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:18:38 |
| Коалиција ГРОМ | 00:08:07 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:21:07 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:27:31 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:02:18 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:03:52 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:03:29 |
| Либерална партија | 00:01:39 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:00:33 |
| СДУ – Социјалдемократска унија | 00:01:13 |
| ДОМ – Демократска обнова на Македонија | 00:01:35 |
| | |
| Влада на РМ | 02:13:24 |
| Органи на државната управа | 00:40:38 |
| Локална самоуправа | 00:13:16 |
| ДИК и други органи | 00:06:33 |
| Други субјекти | 01:53:20 |
| Без субјекти | 00:12:18 |
| | |
| | **Вкупно = 14:15:12** |

Аспектите на ваквите забелешки најнапред ги потврдува разликата во минутажата отстапена за активностите на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 3 часа и 46 минути, наспроти – 51 минута за СДСМ и Коалицијата, а дополнителен индикатор претставува и времето од 2 часа и 13 минути отстапено за редовните активности на Владата, при што содржината на прилозите за економската и за социјалната политика, најчесто се поклопува со содржината на реториката од изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, во прилог на кандидатот Иванов.

Насловот - *„Паника и нервоза во СДСМ по извесниот двоен пораз и слабиот рејтинг“*, од прогностичкиот, коментаторски прилог емитуван во двата ТВ дневника од 3 април, го сумира негативниот став со кој информативната редакција на ТВ Сител го проследуваше изборниот настап на носечката партија од опозициската коалиција.

Непочитувањето на принципот на – еднаквост во медиумскиот третман на претседателските кандидати, во двата централни дневника на ТВ Сител за периодот од 24 март до 11 април, се покажува и преку времето отстапено за облиците на нивното – директно обраќање, односно преку минутажата за емитуваните аудиовизуелни цитати од промотивните претставувања пред гласачите. Во овој статистички показател Ѓорге Иванов е застапен со вкупно половина час, а Пендаровски, Халими и Поповски – заедно, добиле време од 20 минути. Ако се има предвид кажаното за редовно емитуваните – разговори и интервјуа со партиското раководство на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш се објаснува и нагласениот контраст направен при презентирањето директни обраќања на овој учесник во изборниот процес, наспроти другите учесници: За ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата се отстапени – 2 часа и 10 минути, за СДСМ и Коалицијата – 7

минути, за ГРОМ (а потоа и за нејзината Коалиција) – 6 минути, а за ДПА – 5 минути. Во контекст на ваквиот новинарски приод, со забележителна минутажа во директните обраќања е застапена и Владата на Република Македонија – 52 минути.

**ТВ Сител (прв круг): Директни обраќања Табела 8**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| | | |
| Ѓорге Иванов | 30 | 00:30:29 |
| Стево Пендаровски | 15 | 00:07:30 |
| Илјаз Халими | 19 | 00:05:58 |
| Зоран Поповски | 15 | 00:06:20 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 78 | 02:10:01 |
| Коалиција СДСМ | 12 | 00:07:12 |
| ДПА | 17 | 00:05:02 |
| ГРОМ | 10 | 00:03:48 |
| Коалиција ГРОМ | 4 | 00:02:07 |
| ДУИ | 15 | 00:07:02 |
| | | |
| Влада на РМ | 80 | 00:51:58 |
| | | |
| | | **Вкупно = 04:17:27** |

***Втор круг Претседателски избори***

Настапите на Ѓорге Иванов и на Стево Пендаровски пред гласачкото тело, во вториот изборен круг од кампањата за претседателските избори беа третирани како дел од организираните политички активности на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и на Коалицијата на СДСМ, а информативната редакција на ТВ Сител ги презентираше во дневниците од 19 и од 23:15 часот. Минутажата од новинарските прилози за вториот изборен круг што траеше од 14 до 25 април, согледана стриктно во посочените промотивни рамки што ги понудија двете спротивставени коалиции, ТВ Сител ја распореди на следниов начин: Ѓорге Иванов беше застапен со вкупно – 1 час 2 минути и 52 секунди, а Стево Пендаровски со вкупно – 8 минути и 41 секунда, додека, пак, вкупното информативно време отстапено за организираниот изборен настап на коалициите го имаше следниов сооднос: Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 3 часа 20 минути и 12 секунди, а Коалицијата на СДСМ – 19 минути и 4 секунди.

Во однос на директните обраќања (емитувани аудиовизуелни цитати) насочени кон потенцијалното гласачко тело, соодносот на минутажата меѓу двајцата претседателски кандидати беше следниов: Иванов – 19 минути и 41 секунда, Пендаровски – 1 минута и 3 секунди, а споредбата, пак, на ниво на коалиции изнесуваше: 2 часа 20 минути и 18 секунди – за ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, наспроти – 7 минути и 36 секунди за СДСМ и Коалицијата.

ТВ Сител експлицитно негативно ја коментираше кампањата на опозицискиот претседателски кандидат Стево Пендаровски, посебно преку прилозите емитувани на 16 и на 24 април, со наслови: „Поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ за Пендаровски се стока“, и „Пендаровски молел на Косово – Хашим Тачи да лобира кај Ахмети за вториот круг“.

## ТВ ТЕЛМА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Во структурата на централниот ТВ Дневник на Телма - од 18 часот и 30 минути, емитуван во периодот од првиот круг на изборната кампања за претседател на Република Македонија, приоритет имаат дневните локални и глобални настани чиј уредувачки редослед произлегува од нивниот ефект врз актуелната општествено-политичка ситуација. Во ова издание на дневникот, ритамот на случувањата од изборниот процес се следи со неутрален новинарски пристап составен од вести и од класични извештаи, во зависност од фреквентноста на активностите продуцирани од учесниците во изборната кампања. Најзначајните случувања од дневните промотивни активности на учесниците во кампањата беа презентирани преку преглед поместен во вестите од 21 часот и 40 минути.

Прилозите поврзани со изборниот процес и со редовните активности на Владата, опфаќаат вкупно 10 часа и 24 минути. Не само со оглед на интензитетот непосредни облици политичка промоција на претседателските кандидати, туку и со оглед на дневните партиски прес-конференции главно по повод полемиките околу листите за предложени кандидати за пратеници, информативното време за различните политички опции е распоредено на следниов начин: кај претседателските кандидати - Стево Пендаровски бил застапен со 36 минути, Ѓорге Иванов со 25 минути, Илјаз Халими со 17 минути, Зоран Поповски со 16 минути; а кај партиските и коалициските активности Коалицијата на СДСМ добила – 1 час, Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 44 минути, ГРОМ и Коалицијата – 20 минути, ДПА – 28 минути.

Значително време им е посветено на активностите на ДИК, а прилозите се главно мотивирани од проблемите со толкувањето на Изборниот законик или со евиденцијата на Избирачкиот список. Во рамките на овие минутажи, поширок третман им е даден и на активностите на ДУИ за бојкот на претседателските избори – 44 минути. ТВ Телма редовно ги следеше и активностите на другите субјекти – со време од 1 час и 29 минути, непосредно поврзани со изборниот процес, но и со поширокиот политички амбиент – укажувања на невладините организации за спорните точки на демократската изборна процедура, или пак социјални теми поврзани со недоследности на економска, на здравствена или на легислативна процедура.

Во однос на континуитетот на дневната полемика помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, во врска со одредени докази за корупција, како содржина посредно поврзана со изборниот процес, Телевизијата одржа професионална дистанца со тоа што отстапи еднакво време за ставот на двете опции.

**ТВ Телма (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 9**[3]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:25:44 |
| Стево Пендаровски | 00:36:06 |
| Илјаз Халими | 00:17:26 |
| Зоран Поповски | 00:16:23 |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:01:29 |

[3] Ибид.

| | |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:44:00 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:14:16 |
| Коалиција ГРОМ | 00:06:08 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:28:46 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:43:39 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:18:03 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:06:18 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:05:57 |
| Либерална партија | 00:01:13 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:01:55 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:02:38 |
| ДОМ | 00:01:09 |
| ЛДП | 00:01:09 |
| НСДП – Нова социјалдемократска партија | 00:04:47 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:08:02 |
| | |
| Влада на РМ | 00:52:47 |
| Органи на државната управа | 00:12:04 |
| Локална самоуправа | 00:24:04 |
| ДИК и други органи | 01:08:35 |
| Други субјекти | 01:29:04 |
| Без субјекти | 00:32:22 |
| | **Вкупно:10:24:04** |

Статистичките податоци за директните обраќања на субјектите застапени во вестите за првите две недели од изборниот процес покажуваат дека политичките поенти од митинзите на претседателскиот кандидат Иванов се прикажани со 14 минути, на Пендаровски со 20 минути, на Халими со 10 минути, и на Поповски со 13 минути. Примената на класичното новинарско известување, без коментаторски прогнози, даде еднаков пристап кон кампањите на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 20 минути, и на СДСМ – 23 минути, ако се земе предвид дека оваа минутажа ја опфаќа директната меѓупартиска полемика поврзана со Предвремените парламентарни избори, додека, пак, активностите на Стевчо Јакимовски, лидерот на ГРОМ (и Коалицијата) беа проследени со 8 минути, а на Мендух Тачи, лидерот на ДПА со 15 минути. Во рамките на овие минутажи се движи и времето за директните обраќања на партискиот врв на ДУИ – 24 минути.

**ТВ Телма (прв круг): Директни обраќања** **Табела 10**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| | | |
| Ѓорге Иванов | 17 | 00:14:09 |
| Стево Пендаровски | 16 | 00:20:44 |
| Илјаз Халими | 15 | 00:10:01 |
| Зоран Поповски | 15 | 00:13:10 |
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 21 | 00:19:37 |
| Коалиција СДСМ | 22 | 00:22:56 |
| ГРОМ | 11 | 00:08:14 |

| | | |
|---|---|---|
| ДПА | 18 | 00:15:28 |
| ДУИ | 23 | 00:24:38 |
| | | |
| Влада на РМ | 21 | 00:14:00 |
| | | |
| | | **Вкупно: 02:42:57** |

***Втор круг Претседателски избори***

Во дванаесетте дена од вториот круг на претседателските избори, ТВ Телма известуваше со класични новинарски извештаи, при што, соодносот на минутажите за претседателските кандидати е следниов: - 11 минути и 50 секунди за Стево Пендаровски, и - 10 минути и 45 секунди за Ѓорге Иванов, а информативната медиумска слика за изборната кампања на партиите/коалициите што ги кандидираа беше презентирана преку – 1 час 11 минути и 45 секунди за СДСМ, и 59 минути и 14 секунди за ВМРО-ДПМНЕ. За анализа беа земени двата централни ТВ дневника – од 18:30 и од 21:40, а информациите за организираните партиски/коалициски настапи пред гласачкото тело главно беа емитувани во второто анализирано издание на вестите. Слична тенденција покажува и времето за емитуваните директни обраќања (аудиовизуелни цитати – искажани политички поенти) – Пендаровски – 10 обраќања, со вкупно време од – 5 минути и 10 секунди, Иванов – 9 обраќања, со вкупно време од – 4 минути и 47 секунди, додека соодносот на партиите / коалициите е: СДСМ – 35 обраќања, со вкупно време од – 38 минути и 21 секунда, а ВМРО-ДПМНЕ – 27 обраќања, со вкупно време од – 31 минута и 32 секунди.

**ДЕБАТИ**

Обидот да се поттикне политичката дебата, на теми поврзани со изборниот процес, резултираше со една дебатна емисија, емитувана на 23 март, односно на самиот почеток од изборната кампања, а учесници беа – проф. д-р Димитар Мирчев, политички советник на претседателот Ѓорге Иванов, и политичкиот аналитичар Исмет Рамадани, поранешен пратеник од редовите на ПДП.

## РАДИО КАНАЛ 77

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

За анализа се земени вестите од 17 часот, а радиото Канал 77 во првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори (од 24 март до 11 април), во овој информативен термин реализираше вкупно – 56 минути, главно куси новинарски прилози (вести и извештаи) во директна врска со случувањата од изборниот процес, а и оваа релативно мала минутажа е распоредена на мошне широк спектар политички опции, без редакциско инсистирање на анализа на изборните настапи на претседателските кандидати и на партиите и коалициите што ги поддржуваа. По истите аналитички параметри на статистичката перспектива, разбирливо е дека покусиот период за вториот круг од Претседателските избори – од 14 до 25 април, продуцираше и помал квантитет на информативната минутажа, вкупно – 45 минути, без какви било новинарски специфики релевантни за посебен аналитички коментар.

### ИНФОРМАТИВНА

Во доменот на овој аналитички новинарски приод кон изборниот процес, мониторингот бележи три, отворени контактни изданија на емисијата „Стадион“: од 29 март, на тема - што би било одлучувачко за претстојните претседателски и за Предвремените парламентарни избори, потоа на 5 април, рекапитулација - што ново понуди изборната кампања за претседателските избори, и изданието од 19 април, кога беа анализирани резултатите од првиот круг на Претседателските избори, но и аферата околу продажбата на „Македонска банка“.

## РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Вкупното време од новинарските прилози со кои е известувано за текот на првиот круг од кампањата за Претседателските избори изнесува – 3 часа и 49 минути, а распоредот на минутажата по кандидати е следниов: Ѓорге Иванов, кандидиран од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 18 минути; Стево Пендаровски, кандидиран од СДСМ и Коалицијата – 8 минути; Илјаз Халими, кандидиран од ДПА – 6 минути, и Зоран Поповски, кандидиран од ГРОМ – 4 минути. Од коалициите и партиите што учествуваа во изборниот процес, најмногу информативно време им е посветно на изборните активности на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 59 минути и 33 секунди, а времето од 51 минута под ставката – други субјекти, главно се однесува на експертски анализи и прогнози во врска со резултатите од испитувањата на јавното мислење.

**РА Слободна Македонија (прв круг): Субјекти во вести Табела 11**[4]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Илјаз Халими | 00:06:04 |
| Зоран Поповски | 00:04:25 |
| Стево Пендаровски | 00:08:11 |
| Ѓорге Иванов | 00:18:09 |
| | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:59:33 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:11:15 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:32 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:30 |
| Коалиција Гром | 00:00:12 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:54 |
| | |
| Влада на РМ | 00:45:24 |
| Органи на државната управа | 00:05:29 |
| Локална самоуправа | 00:00:46 |
| ДИК и други органи | 00:10:32 |
| Други субјекти | 00:51:10 |
| | **Вкупно = 03:49:07** |

***Втор круг Претседателски избори***

Известувањето за вториот круг од Претседателските избори е реализирано со вкупно 3 часа и 4 минути – вести и извештаи емитувани во анализираното издание на радио дневникот од 16 часот и 30 минути. Информативната минутажа отстапена за Коалицијата предводена од владејачката ВМРО-ДПМНЕ изнесува – 1 час 30 минути и 39 секунди, а минутажата за опозициската Коалиција предводена од СДСМ – 1 минута и 26 секунди. Одвоеното време ја посочува редакциската определба поголемо внимание да се посвети на политичката платформа која го кандидираше Ѓорге Иванов за претседателски кандидат. Таа тенденција ја покажува и компарацијата на информативните минутажи отстапена за промоцијата на претседателските кандидати, поединечно: Иванов – 15 минути, Пендаровски – 24 секунди.

[4] Ибид.

# ТВ 24 ВЕСТИ

## ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Со мониторингот на сателитската телевизиска станица 24 Вести, како програмски сервис кој по формат е специјализиран со информативна функција, беа опфатени две изданија на вестите и тоа емитувани во 20 и во 22 часот. Вкупното количество информации директно или индиректно поврзани со изборите изнесуваа 12 часа 53 минути и 21 секунда. Притоа медиумот, пред сè преку извештаи, известуваше за кампањата на четворицата претседателски кандидати релативно избалансирано, почитувајќи го принципот на еднаквост и имајќи го предвид интензитетот на нивните активности, согласно член 75-а од Изборниот законик. Издвоени беа околу 44 минути за кампањата на Ѓорге Иванов, околу 47 ипол минути за Стево Пендаровски, околу 29 минути за Илјаз Халими и околу 32 минути за Зоран Поповски (Табела 12). Застапеноста на политичките субјекти кои ги поддржуваат кандидатите е одраз, како на тоа што медиумот тежината во известувањето ја става на претседателските кандидати, така и на различниот пристап во водењето на кампањата, со тоа што околу половина од времето што партиите го добија во вестите од првиот круг е во периодот од 24 март до 4 април, односно во периодот кога се водеше само кампања за Претседателските избори. Можноста за директно обраќање, како квалитативен белег на оценката за известувањето, им била приближно еднакво достапна на сите претседателски кандидати и на субјектите зад нив, со тоа што при толкувањето на податоците за вторите треба да се има предвид влијанието на известувањето за нивните парламентарни кампањи (Табела 13). Специфично за ТВ 24 Вести е тоа што за сите претседателски кандидати подготви профили со информации за нивниот професионален и приватен живот и за финансиската состојба.

**24 Вести (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 12**[5]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:44:16 |
| Стево Пендаровски | 00:47:36 |
| Илјаз Халими | 00:29:15 |
| Зоран Поповски | 00:32:15 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:29:25 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:47:15 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:05:05 |
| Коалиција ГРОМ | 00:06:41 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:20:32 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:25:34 |

[5] Ибид.

| | |
|---|---|
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:12:40 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:03:55 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:03:09 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:02:37 |
| Либерална партија | 00:01:08 |
| СДПМ – Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:44 |
| ППД – Политичка партија Достоинство | 00:01:01 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:04:54 |
| НСДП – Нова социјалдемократска партија | 00:02:27 |
| Народно движење за Македонија | 00:01:10 |
| Демократски сојуз | 00:01:56 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:00:48 |
| | |
| Влада на РМ | 01:30:39 |
| Органи на државната управа | 01:07:29 |
| Локална самоуправа | 00:29:26 |
| ДИК и други органи | 00:51:18 |
| Други субјекти | 02:26:28 |
| Без субјекти | 01:03:36 |
| | **Вкупно = 12:53:21** |

Телевизијата редовно известуваше за активностите на ДУИ, со тоа што пред 5 април во фокусот се паралелните активности на оваа партија (која нема претседателски кандидат) за промоција на идејата за консензуален претседател и бојкот на изборите, како и одговорите на обвинувањата од ДПА за корупција, а потоа се приклучуваат и настаните од кампањата за Предвремените парламентарни избори. Во аналитички контекст се сместуваат активностите на власта за која во вестите има еден час и 30 минути.

ТВ 24 Вести се одлучи за аналитички пристап во информирањето за сите теми користејќи експерти со различни, сопоставени или спротивставени мислења и ставови. На пример, се прави анализа со експертски став за тоа дека претседателските кандидати во кампањите повеќе зборуваат за економијата, која е во доменот на извршната власт, отколку за одбраната и другите прашања, кои се повеќе во доменот на претседателот. Повикот на ДУИ за бојкот на изборите се разгледува преку изјавите со ставови за и против земени од повеќе невладини организации; експерти се произнесуваат и по прашањето чиј пристап во формирањето на листите со кандидати за пратеници има поголеми шанси за изборен успех – на ВМРО-ДПМНЕ или на СДСМ.

**24 Вести (прв круг): Директни обраќања** **Табела 13**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Ѓорге Иванов | 24 | 00:16:32 |
| Стево Пендаровски | 20 | 00:18:19 |

| | | |
|---|---|---|
| Илјаз Халими | 21 | 00:13:02 |
| Зоран Поповски | 20 | 00:12:05 |
| | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 18 | 00:11:52 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 28 | 00:20:18 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 13 | 00:07:38 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 7 | 00:02:49 |
| | | |
| Влада на РМ | 47 | 00:20:03 |
| | | |
| | | **Вкупно = 02:02:38** |

***Втор круг Претседателски избори***

Телевизија 24 Вести, во дневно – информативните емисии од 20 и од 22 часот, во текот на вториот круг од претседателските избори (од 14 до 25 април), обезбеди баланс во известувањето за кампањата на двајцата претседателски кандидати почитувајќи го законски пропишаниот принцип на еднаквост. Имено, за ставовите и активностите на Ѓорге Иванов се посветени 14 минути и 4 секунди од прилозите, а на Стево Пендаровски – 14 минути и 8 секунди.

За изборните процеси во целина се известуваше преку збирни новинарски извештаи посветени и на претседателската и на парламентарната кампања, при што врамотеженост постои и во известувањето за коалициите чии кандидати се натпреваруваа во вториот круг – за Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – безмалку 55 минути, а за Коалицијата на СДСМ – 1 час и минута.

Околу половина од времето посветено за претседателската кампања е искористено за директно обраќање на кандидатите (15 цитати во траење од 7 минути и 49 секунди за Иванов и 13 цитати од 6 минути и 59 секунди за Пендаровски). Кон крајот на кампањата медиумот оценува дека Претседателските избори се во сенка, и прави посебен прилог за тоа што прават и на што се фокусираат двајцата претседателски кандидати во кампањата.

**ДЕБАТИ**

Дебатите беа жанр кој ТВ 24 Вести го користеше секојдневно давајќи и на тој начин на публиката можност да чуе сопоставени и спротивставени ставови на политичари, експерти, аналитичари на различни теми. Освен „24 Анализа“, економскиот магазин „Тренд“, емисијата „Културната матрица“, Телевизијата со почетокот на кампањата за Претседателските избори ја воведе и посебната дебатна емисија „24 Отворено студио“, а ги емитуваше и дебатите организирани од американскиот Национален демократски институт (НДИ).

На 24 март, во „24 Анализа“, своите очекувања и проценки за стартот на изборната кампања ги дадоа аналитичарите Владимир Божиновски и Петар Арсовски.

На истиот датум е и првото издание на „Отвореното студио“ во кое политичките аналитичари Ѓунер Исмаил и Ристо Никовски ги преразгледуваат Изборите за 2014 година од аспект на неучествувањето на ДУИ, шансите на најголемите партии, прашањето на евроинтегративните процеси итн. Емисијата е двапати репризирана во целост на 25 март, а извадоци се емитувани уште три пати – во текот на викендот на 29 и 30 март.

Изборите и економијата е темата на која на 25 март дебатираат Исен Салиу - главен и одговорен уредник на „Лајм“, Мирче Јовановски од „Утрински Весник“ и Младен Чадиковски од „Фокус“. Интегралната емисија е повторно прикажана двапати на 26 март, а извадок е трипати репризиран на 29 и 30 март.

На 26 март, професорот Љубомир Фрчковски и политичкиот аналитичар Сашо Клековски дебатираат за државното единство за кое се залагаат сите претседателски кандидати (двапати целосно репризирана наредниот ден, а на 29 и 30 март трипати е емитуван извадок).

На 27 март премиерно е реализирано изданието на дебатата во која поранешниот претседател на ДИК Александар Новаковски и заменик-претседателот на ДИК Субхи Јакупи говорат за тоа дека ДИК за 5 дена ги пробила роковите и доцнела со заклучување на избирачкиот список (водителката нагласи дека биле поканети и останатите членови на ДИК, но ја одбиле поканата). Наредниот ден емисијата е двапати репризирана во целост, а дел од неа, во три наврати е интегриран во викенд - програмската шема на медиумот за 29 и 30 март.

Ѓорѓи Спасов, Арсим Зеколи, Катерина Блажевска и Сашо Клековски, на 28 март го анализираат дотогашниот тек на Претседателските избори. На 29 и на 30 март, расправата е прикажана уште четири пати – двапати целата и двапати дел и има уште две репризи на интегралната емисија - на 31 март и на 6 април.

Истиот ден, за тоа колку етиката и политиката одат заедно дебатираат професорите Илија Ацевски - социолог, Викторија Вујовиќ - психијатар и Дејан Донев - филозоф. Наредниот ден, емисијата има две репризи во целост, а дел од неа е прикажан на 5, на 6 (двапати) и на 9 април.

На 3 април, своите ставови за стратегијата на албанските партии на претседателските и на парламентарните избори ги изнесуваат политичките аналитичари Исмет Рамадани и Ризван Сулејмани (две интегрални репризи на 4 април, а нејзин сегмент – трипати за време на викендот 5-6 април).

На 4 април премиерно се прикажува дебатата во која Сашо Клековски, Катерина Блажевска, Ѓорѓи Спасов и Арсим Зеколи зборуваат за тоа оти очекувале пожестока кампања на претседателските кандидати како и за влијанието на социјалните мрежи врз кампањата. На 5 април таа е емитувана 2 пати – еднаш целата а еднаш дел, нејзин сегмент е прикажан двапати и на 6 април, а уште еднаш интегрално е репризирана на 7 април.

За тоа како се финансираат политичките партии, на 6 април дебатираат професорката Тања Каракамишева и аналитичарот Петар Арсовски. Емисијата има три репризи – две се следниот ден, а третата на 14 април.

Ерол Ризаов, Мерсел Биљали и Ивица Боцевски расправаа за тоа дали изборите ќе бидат фер и демократски, и за тоа како се одвива кампањата. Гледачите можеа оваа дебата премиерно да ја следат на 9, а двете репризи на 10 април.

Дводелната дебата меѓу претседателските кандидати Зоран Поповски, Илјаз Халими и Стево Пендаровски, за која поканата не ја прифатил Ѓорѓе Иванов, се одржа на 10 април и беше двапати репризирана на 11 април.

Последната дебата пред гласањето во првиот круг од претседателските избори се емитуваше на 11 април и во неа Ѓорѓи Спасов, Катерина Блажевска, Сашо Клековски и Арсим Зеколи разговараа за тоа дели постои страв од кохабитација или е предност работите да се менуваат на поинаков начин и за тоа кој од претседателските кандидати, според нив, е во предност.

На 14 април, професорите Здравко Савески, Ивица Јосифовиќ и Флора Кадриу ги сумираа своите ставови по прашањето за тоа дали до тој миг изборите беа фер и демократски. Емисијата е прикажана уште двапати на 15 април.

**ИНТЕРВЈУА**

ТВ 24 Вести емитуваше интервјуа со двајца од претседателските кандидати – независниот кандидат поддржан од ГРОМ Зоран Поповски и за кандидатот на СДСМ Стево Пендаровски. Две од интервјуата се преземени од Радио Слободна Европа. Станува збор за разговорот со Зоран Поповски емитуван премиерно на 30 и репризно на 31 март, и за оној со Стево Пендаровски прикажан на 6 и 7 април.

Телевизијата и самостојно организираше интервјуа со претседателските кандидати, со тоа што кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ Ѓорге Иванов и на ДПА Илјаз Халими не се одзвале на поканите. На 2 април, ТВ 24 Вести реализираше интервју со Зоран Поповски, кое гледачите можеа да го следат во целост уште двапати на 3 април, а негов сегмент се репризираше и на 5 (еднаш) и на 6 април (двапати). Интервјуто со Стево Пендаровски премиерно беше прикажано на 7 април, двапати репризирано во целина на 8 април.

За влијанието на социјалните мрежи врз кампањите на претседателските кандидати, новинар на ТВ 24 Вести разговараше со Виктор Дано, сопственик на IT.com.mk на 4 април (реприза на 7 април).

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Поголем број изданија на контактната информативна програма „Очи в очи“, која служи како форум на кој гледачите можат да ги изнесат своите видувања за актуелните теми, како свое централно прашање ги имаа Претседателските избори. Така, тема на емисијата од 24 март (реприза на 25) беше „Дали Изборите 2014 ќе бидат фер и демократски?“; на 25 март (репризно на 26) гледачите беа прашани кој од четворицата претседателски кандидати ги задоволува нивните критериуми; на 26 март (реприза наредниот ден) граѓаните требаше да се произнесат по прашањето: „Дваесет дена изборна кампања, малку, многу или доволна? Колку влијаат кампањите?“; на 27 март во контекст на темата за намалување на бројот на новороденчиња и пораст на бројот на оние што ја напуштаат земјата, прикажани беа инсерти од говори на Љубчо Ѓеорѓиевски – ВМРО НП и на Никола Груевски ВМРО-ДПМНЕ (реприза на 28 март); „Познати наспроти нови лица за Предвремените парламентарни избори“ – за ова дискутираа гледачите на 31 март (со реприза на 1 април); а на 1 април (и на втори) требаше да кажат кога се почувствувале најизлажани од политичарите; „Колку ги искажувате вашите политички ставови на Фејсбук и на Твитер и на други социјални мрежи?“ беше прашањето за 3 април (репризно на четврти); а на 4 (и 5) април од нив се бараше да кажат како ги оценуваат стратегиите на албанските партии за Претседателските избори; 8 април беше посветен на темата „Изборните ветувања - меѓу реалноста и законитоста“ (повторно прикажано следниот ден); „Транспарентност само на хартија, партиите не ги откриваат своите финансиери“ – ова беше окосницата на дебатата во изданието на емисијата „Очи в очи“ премиерно прикажано на 9, а репризно на 10 април; „Дали претседателската дебата би ви влијаела во изборот за претседател на Република Македонија“ е тема на емисијата од 10 април (со реприза на единаесетти); гледачите, на 11 април типуваа во изборна обложувалница, што беше репризно емитувано на 14 април, а тема на премиерата на „Очи в очи“ за 14 април беше „Ѓорѓе Иванов победоносец во првиот изборен круг, 910.435 граѓани не гласаа“.

Политичкиот магазин „Трета порта“, кој ги анализира случувањата на интернет просторот од изминатата недела и ги презентира најинтересните коментари и анализи, беше уште една информативна емисија на ТВ 24 Вести во која беа тематизирани Претседателските избори. Таков беше случајот со изданијата од 26 март, прикажано двапати на 27 и еднаш на 31 март, потоа на 2 април, кога во студиото гостува и Зорица Стаменковска, национална

координаторка на кампањата против говорот на омраза од Агенцијата за млади и спорт – две реприза на 3 и една на 7 април. На изборите се однесуваа и емисијата од 9 април (со две реприза на 10 и една на 14 април) и онаа од 16 април (двапати прикажана и на 17 и еднаш на 21 април).

## ТВ КАНАЛ 5 ПЛУС

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Статистиката и анализата во врска со интензитетот и начинот на новинарското известување од кампањата за Претседателските и за Предвремените парламентарни избори, произлегува од информативната минутажа за централното издание на ТВ дневникот од 19 часот и 30 минути. За првиот круг од Претседателските избори, во овој термин од програмската шема се продуцирани безмалку 7 часа новинарски прилози, главно вести и извештаи, непосредно произлезени од прес-конференциите, од митинзите и од другите облици на обраќање кон потенцијалното гласачко тело. Разговорите и интервјуата со претставници на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, во прилог на својот претседателски кандидат Ѓорге Иванов, кого редовно го придружуваа на предизборните настапи, ја прават квантитативната разлика од безмалку цел час во прилог на владејачката политичка опција – 1 час 12 минути, наспроти 14 минути отстапени за опозициската СДСМ и нејзината Коалиција. Настапите на претседателските кандидати се претставени со новинарски извештаи со следниве минутажи: Ѓорге Иванов 27 минути, Пендаровски 13 минути, Поповски 7 минути, Халими 6 минути.

**ТВ Канал 5 плус (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 14**[6]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Ѓорге Иванов | 00:27:27 |
| Стево Пендаровски | 00:13:04 |
| Зоран Поповски | 00:07:16 |
| Иљаз Халими | 00:05:47 |
| | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:12:19 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:14:07 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:14 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:32 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:04:15 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:45 |
| ПЕП 21 - Партија за економска промена | 00:00:04 |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:04 |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:04 |

[6] Ибид.

| | |
|---|---|
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:04 |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:04 |
| ПЕИ - Партија за европска иднина | 00:00:04 |
| Коалиција Гром | 00:04:03 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:18 |
| СДУ - Социјал демократска унија | 00:01:05 |
| Либерална партија | 00:00:19 |
| | |
| Влада на Република Македонија | 00:49:58 |
| Локална самоуправа | 00:07:44 |
| Други субјекти | 01:24:38 |
| ДИК и други органи | 00:08:58 |
| Без субјекти | 00:01:14 |
| | |
| | **Вкупно = 06:55:54** |

***Втор круг Претседателски избори***

Во вториот изборен круг фокусот на известувањето е насочен кон активностите на коалициите – владејачката ВМРО-ДПМНЕ е застапена со 2 часа и 2 минути, наспроти 17 минути за опозициската коалиција предводена од СДСМ. Настапите на претседателските кандидати пред гласачкото тело се во втор план, а квантитативно е известувано рамномерно, со по 6 минути за Иванов и за Пендаровски. Проценките за изборните резултати, анализите на статистиката од истражувањата на јавното мислење, како и коментарите во однос на изборните платформи на двете најголеми коалициски здружувања во текот на изборниот процес – на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и на опозициската СДСМ, опфаќаат време од 1 час и 14 минути.

## НАША ТВ

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Мониторингот на известувањето за кампањата во првиот круг од Претседателските избори ги опфати вестите на сателитската телевизија Наша ТВ од 20 часот. Примерокот на прилози кои се однесуваат на аспекти од изборите е сочинет од 3 часа 35 минути и 41 секунда[7]. Станува збор за помал обем вести во кои, имајќи го предвид интензитетот на претседателските кампањи, распределбата на времето е релативно воедначена (Табела 15). Ваква релативна квантитативна воедначеност има и кај траењето на извештаите за активностите на партиите кои ги поддржуваа кандидатите. Најмногу време е издвоено за активностите на Владата.

[7] Поради технички причини не е опфатено изданието на вестите емитувано на 28 март 2014 година, но пропуштеното време е премногу мало за да има какво било влијание врз резултатите од анализата.

**Наша ТВ (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 15**[8]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:26:06 |
| Стево Пендаровски | 00:18:57 |
| Илјаз Халими | 00:10:35 |
| Зоран Поповски | 00:22:38 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:41 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:15:46 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:01:11 |
| Коалиција ГРОМ | 00:02:26 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:05:29 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:07:31 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:01:41 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:01:29 |
| ДОМ – Демократска обнова на Македонија | 00:01:29 |
| Демократски сојуз | 00:01:15 |
| Влада на РМ | 00:32:08 |
| Органи на државната управа | 00:02:36 |
| Локална самоуправа | 00:04:12 |
| ДИК и други органи | 00:13:35 |
| Други субјекти | 00:04:35 |
| Без субјекти | 00:32:20 |
| | **Вкупно = 03:35:41** |

Вестите на Наша ТВ во 20 часот се организирани така што визуелната опрема на прочитаните прилози е организирана по принципот на поделен екран - напоредно поставена слика (понекогаш снимки, понекогаш фотографии кои ротираат) и испишани поенти од прилогот. Нема директни обраќања, освен во случајот кога во вестите беше пренесен дел од интервју со кандидатот Зоран Поповски во траење од 5 минути и 23 секунди.

Една од спецификите на вестите на Наша ТВ е тоа што повремено пренесуваше текстови на изборни теми, изворно објавени од печатени медиуми.

### ***Втор круг Претседателски избори***

Информациите за текот на вториот круг од кампањата за избор на претседател на државата, зафаќаат 3 часа 2 минути и 9 секунди од дневно –

[8] Ибид.

информативната емисија на Наша ТВ во 20 часот. За кампањските активности се известуваше преку новинарскиот жанр извештај, во кој на едно место се сублимираа пораките и за парламентарните и за претседателските кампањи. Притоа, на Ѓорге Иванов се посветени 11 минути и 38 секунди од прилозите, а на Стево Пендаровски – 6 минути и 29 секунди. Соодносот на времето што го добија политичките субјекти кои стоеја зад нивните кандидатури е: 28 минути и 5 секунди за Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и 18 минути и 12 секунди за Коалицијата на СДСМ. Директни обраќања нема.

### ИНТЕРВЈУА

Наша ТВ реализираше интервју со еден претседателски кандидат – Зоран Поповски, на 29 март, кое наредниот ден беше репризирано вкупно трипати.

## ТВ СИТЕЛ 3

### ИНТЕРВЈУА

Од 23 часот на 26 март, до 00:50 часот на 27 март, реализирано е интервју со Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Интервјуто е репризирано во два термина истиот ден – од 02:26 часот до 4:16 часот, и од 10:45 часот до 12:34 часот.

## ТВ СОНЦЕ

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

За првиот круг од Претседателските избори, ТВ Сонце во својот централен информативен дневник од 18 часот известуваше со вкупно времетраење од 1 час и 28 минути. Кусите новинарски известувања за прилозите што стриктно се однесуваа на претседателската кампања, опфаќаат половина од ова информативно време, во кое со ситна минутажа предничат извештаите од кампањата на Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и владејачката Коалиција.

**ТВ Сонце (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 16**[9]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Ѓорге Иванов | 00:11:33 |
| Илјаз Халими | 00:06:12 |
| Стево Пендаровски | 00:08:14 |
| Зоран Поповски | 00:05:57 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:15:35 |

[9] Ибид.

| | |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:23:44 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:38 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:02:32 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:20 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:35 |
| Коалиција Гром | 00:04:10 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:02:02 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:01:33 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:00:58 |
| | |
| ДИК и други органи | 00:14:25 |
| Други субјекти | 00:05:24 |
| Влада на РМ | 00:22:18 |
| Органи на државната управа | 00:06:29 |
| | |
| | **Вкупно = 02:33:38** |

***Втор круг Претседателски избори***

Вториот изборен круг за Претседателските избори, што се одржа во периодот од 14 до 25 април, ТВ Сонце го проследи со релативно мала известувачка минутажа од – 1 час 28 минути, а времето за двајцата претседателски кандидати беше распоредено на следниов начин: Иванов – 7 минути и 16 секунди, Пендаровски – 3 минути и 21 секунда. Информативниот соодност меѓу коалициите што ги кандидираа, изнесуваше: ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 27 минути и 42 секунди, СДСМ и Коалицијата – 10 минути и 15 секунди.

# ДЕБАР

## ТВ КАНАЛ 3

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Со вкупно – 1 час и 50 минути, ТВ Канал 3 ја проследи кампањата од првиот круг за Претседателските избори. За периодот од 24 март до 11 април, времето во изданието на вестите од 19 часот, земено како сума само за претставувањето на претседателските кандидати беше занемарливо мало, а распоредено е на следниов начин: Иванов – 2 минути, Халими – 9 минути, Пендаровски – 2 минути и Поповски – 1 минута.

***Втор круг Претседателски избори***

Двојно помала минутажа, во истиот термин за централната информативна емисија, му е посветена на вториот круг од Претседателските избори, а претставувањето на Иванов и на Пендаровски е врамено во прилозите за активностите на коалициите што ги поддржаа – на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и на опозициската СДСМ. Во вкупното времетраење од – 1 час и 44 мунути, пак, на прилозите во вестите за Предвремените Парламентарни избори, ДУИ е застапена со 14 минути, ДПА со 4 минути, СДСМ и Коалицијата со 1 минута, а Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со 6 минути. Субјект на чии секојдневни активности им е посветено најмногу време е Локалната самоуправа – 28 минути.

### ИНТЕРВЈУА

Во програмската понуда на ТВ Канал 3, на 31 март, односно на 1 април, беа емитувани колективните интервјуа - со претставници на македонските муслимани што се дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ, и со носителите на листите со кандидати за пратеници од истата партија: Ѓорчев, Јанкуловска, Тодоров и Милошоски, првично емитувани на ТВ Канал 5 во емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“. Интервјуата беа репризирани по трипати, во интервалот од 31 март до 5 април.

На 10 април (со две репризи на 11 април), емитувано е интервјуто со премиерот Груевски, првично реализирано на ТВ Сител 3 во емисијата „Јади бурек“.

# ДЕЛЧЕВО

## ТВ Д1

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Регионалната телевизија Д1 од Делчево, за првиот круг од Претседателските избори известуваше во мал обем поради што не може да се извлекуваат методолошки издржани оценки за баланс. Во вкупно 4 часа и 17 минути, колку што трае анализираниот примерок изборни информации од дневно – информативната емисија во 19:30 часот, Телевизијата многу повеќе има известувано за двете големи коалиции кои стоеја зад кандидатурите на двајца од кандидатите (Табела 17). Имено, за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има 46 ипол минути, а за Коалицијата предводена од СДСМ 40 ипол минути. ГРОМ, како партија која застана зад кандидатурата на Зоран Поповски, има 17 ипол минути, додека за ДПА нема информации. Најприсутна во вестите, со безмалку еден час, е локалната самоуправа.

**ТВ Д1 (прв круг): Субјекти во вести Табела 17[10]**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:12:23 |
| Стево Пендаровски | 00:10:59 |
| Илјаз Халими | 00:05:43 |
| Зоран Поповски | 00:09:43 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:40:33 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:46:38 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:17:31 |
| Коалиција ГРОМ | 00:01:18 |
| ПОПГМ – Партија на обед. пензионери и граѓани на РМ | 00:01:00 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:03:02 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:01:00 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:02:40 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:00:47 |
| | |
| Влада на РМ | 00:15:15 |
| Органи на државната управа | 00:05:46 |
| Локална самоуправа | 00:59:14 |
| ДИК и други органи | 00:07:56 |
| Други субјекти | 00:06:25 |

[10] Ибид.

| | |
|---|---|
| Без субјекти | 00:09:07 |
| | **Вкупно = 04:17:00** |

И кај директните обраќања многу повеќе време имаат добиено политичките партии отколку претседателските кандидати. Ѓорге Иванов беше цитиран 4 пати со траење од 6 минути и 9 секунди, Зоран Поповски има 3 цитати кои траат 2 минути и 13 секунди, а Стево Пендаровски зборувал во 2 наврати или вкупно 1 минута и 32 секунди. Илјаз Халими нема директни обраќања, а цитатите на политичките партии се коментирани во делот на извештајот за парламентарните избори бидејќи времињата се должат на интервјуа емитувани во вестите. Најприсутна е локалната самоуправа - 15 минути во 19 обраќања.

***Втор круг Претседателски избори***

Претседателските избори во вториот круг целосно паднаа во сенка на известувањето на ТВ Д1 за парламентарната кампања, така што Ѓорге Иванов има 2 минути и 8 секунди, а Стево Пендаровски 1 минута и 6 секунди.

## КАВАДАРЦИ

### ТВ КТВ

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Во текот на првиот круг од Претседателските избори 2014 година, во дневно - информативна емисија во 17:30 часот, на регионалната телевизиска станица КТВ, емитувани се 5 часа 18 минути информации поврзани со изборите. Сепак, многу мал дел од нив се однесуваат на претседателската кампања поради што не може да се извлечат заклучоци за балансот во известувањето (Табела 18). Повеќе има извештаи за активностите на политичките партии било во поддршка на некој од претседателските кандидати, било во подготовки или активности од парламентарната кампања. На пример, за активности на коалицијата владејачки партии се издвоени околу 43 минути, а за коалицијата опозициски партии – 35 минути, за ГРОМ – има 15 минути, а минутажите на другите субјекти се мали. Во вестите најмногу време имаат добиено претставниците на локалната самоуправа од регионот што го покрива Телевизијата (1 час и 53 минути), со тоа што во вестите има и интервјуа со двајца градоначалници – на Општина Кавадарци Александар Панов (4 април) и на Општина Росоман Стојанче Лазов (5 април).

**ТВ КТВ (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 18**[11]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:21:45 |

[11] Ибид.

| | |
|---|---|
| Стево Пендаровски | 00:16:53 |
| Илјаз Халими | 00:00:39 |
| Зоран Поповски | 00:10:46 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:35:06 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:42:47 |
| Коалиција ГРОМ | 00:15:00 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:00:44 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:00:28 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:04:48 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:03:52 |
| | |
| Влада на РМ | 00:38:57 |
| Органи на државната управа | 00:06:02 |
| Локална самоуправа | 01:53:08 |
| ДИК и други органи | 00:05:50 |
| Други субјекти | 00:01:19 |
| | **Вкупно = 05:18:04** |

Логична последица на малиот обем информации за претседателските кандидати е нивното ретко цитирање во вестите: Ѓорге Иванов говорел 4 пати со траење од 7 минути и 8 секунди, Зоран Поповски 2 пати, односно 1 минута и 47 секунди, а Стево Пендаровски – 2 пати, односно 6 минути и 38 секунди.

***Втор круг Претседателски избори***

КТВ во вестите во текот на вториот круг практично не известуваше за Претседателските избори 2014 година.

## ТВ ТИКВЕШИЈА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Дневно – информативните емисии, од понеделник до сабота во 16 часот и 30 минути на регионалната ТВ Тиквешија од Кавадарци, во текот на првиот круг од Претседателските избори емитуваа прилози поврзани со изборните процеси со траење од 4 часа и 23 минути, од кои многу мал дел се однесуваат на претседателските кандидати (Табела 19). Оттаму, методолошки е неосновано да се говори за распределбата на времето.

**ТВ Тиквешија (прв круг): Субјекти во вести Табела 19**[12]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:06:57 |
| Стево Пендаровски | 00:16:42 |
| Илјаз Халими | 00:04:46 |
| Зоран Поповски | 00:04:46 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:24:44 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:38:22 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:02:20 |
| Коалиција ГРОМ | 00:05:46 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:00:18 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:04:40 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:04:31 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:02:33 |
| Влада на РМ | 00:12:57 |
| Органи на државната управа | 00:15:34 |
| Локална самоуправа | 01:39:21 |
| ДИК и други органи | 00:11:00 |
| Без субјекти | 00:08:03 |
| | **Вкупно = 04:23:19** |

Директни обраќања имаат само двајца од кандидатите и тоа со минорно времетраење – 3 минути и 37 секунди Ѓорге Иванов и 1 минута и 47 секунди Стево Пендаровски.

### *Втор круг Претседателски избори*

Претседателската трка, во вестите на ТВ Тиквешија, во вториот изборен круг беше во сенка на парламентарните избори.

[12] Ибид.

## КИЧЕВО

## ТВ УСКАНА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Во првиот круг од Претседателските избори, ТВ Ускана, во вестите во 21 часот, емитуваше нешто повеќе од 3 часа вести поврзани со изборните процеси, од кои мал дел е посветен на четворицата кандидати (Табела 20). Всушност во овој период, најдолготрајни се прилозите за ДУИ (околу 44 минути), која во овој период водеше кампања против Претседателските избори и беше инволвирана во медиумски префрлања со ДПА на тема - корупција. За политичките субјекти поддржувачи на кандидатурите се информира малку, што се гледа и од времето алоцирано за најприсутниот од нив – единаесетина минути за ДПА.

**ТВ Ускана (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 20**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:14:22 |
| Стево Пендаровски | 00:12:50 |
| Илјаз Халими | 00:14:12 |
| Зоран Поповски | 00:07:24 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:14 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:04:33 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:11:11 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:44:19 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:01:00 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:04:22 |
| Влада на РМ | 00:23:35 |
| Органи на државната управа | 00:06:57 |
| Локална самоуправа | 00:01:48 |
| ДИК и други органи | 00:11:39 |
| Други субјекти | 00:21:26 |
| Без субјекти | 00:02:11 |
| | **Вкупно = 03:05:22** |

Што се однесува до давањето можност за директно обраќање, сите кандидати имаат отприлика исто време: 1 минута и 39 секунди Иванов, 1 минута и 34 секунди Халими, 1 минута и 33 секунди Пендаровски и 1 минута и 6 секунди Поповски (сите говореле по 4 пати). Најмногу обраќања (13) со траење од 16 ипол минути има ДУИ.

***Втор круг Претседателски избори***

Ретки информации за претседателската кампања има во вториот круг – 6 минути и 42 секунди за Ѓорге Иванов и 5 минути за Стево Пендаровски, Половината од тоа се директни обраќања: 3 минути и 47 секунди за првиот (во текот на 6 прилози) и 2 минути и 17 секунди за вториот (5 прилози).

**ДЕБАТИ**

На 10 април, ТВ Ускана ја емитуваше дводелната дебата меѓу претседателските кандидати Илјаз Халими, Стево Пендаровски и Зоран Поповски организирана од американскиот Национален демократски институт.

## КРИВА ПАЛАНКА

## ТВ ЗЛАТЕН КАНАЛ

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Вкупното време за вестите, составени од прилози за активностите на учесниците во изборната кампања за првиот круг од Претседателските избори, изнесува 2 часа и 55 минути, а за анализа е земено изданието на централниот ТВ Дневник од 20 часот, емитуван во периодот од 24 март до 11 април. Во соодносот на времето отстапено за претседателските кандидати, предничи Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, со 23 минути и 41 секунда, наспроти минутажата за тројцата останати претседателски кандидати која поединечно, не надминува 10 минути. Овој уредувачки приод, информативната редакција на ТВ Златен канал го применила и при известувањето од кампањите на коалициите и на партиите што учествуваа во изборниот процес – предничи минутажата од вести и извештаи со кои е претставена политичката платформа на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 34 минути, информативното време отстапено за СДСМ и Коалицијата изнесува 7 минути, за ГРОМ – 9 минути, а за ДПА – 7 минути.

Во редовната информативна минутажа за централниот ТВ Дневник од 20 часот, позабележливо време е отстапено и за активностите на органите од Локалната самоуправа – 21 минута.

**ТВ Златен канал (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 21**[13]

| **Политички субјект** | **Траење** |
|---|---|
| | |
| Ѓорге Иванов | 00:23:41 |
| Стево Пендаровски | 00:09:49 |
| Зоран Поповски | 00:09:01 |
| Илјаз Халими | 00:07:18 |
| | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:34:12 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:16 |

[13] Ибид.

| | |
|---|---|
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:09:22 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:07:22 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:18 |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:10 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:10 |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:10 |
| НДП | 00:00:10 |
| Коалиција Гром | 00:01:30 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:01:57 |
| | |
| Влада на РМ | 00:08:08 |
| Локална самоуправа | 00:21:30 |
| Други субјекти | 00:04:57 |
| ДИК и други органи | 00:04:30 |
| Органи на државната управа | 00:12:27 |
| Без субјекти | 00:07:21 |
| | |
| | **Вкупно = 02:55:18** |

***Втор круг Претседателски избори***

Кусиот рок – од 14 до 25 април, за вториот изборен круг од Претседателските избори, ТВ Златен канал информативно го покри со вкупно – 1 час и 23 минути, а погледнато по претседателски кандидати поединечно, за Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, беа отстапени 10 минути и 43 секунди, додека за Пендаровски, претседателскиот кандидат на опозицијата – 4 минути и 10 секунди.

## <u>ПРИЛЕП</u>

## ТВ ВИЖН

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Информациите кои се директно или индиректно поврзани со изборите, достигнуваат 4 часа и 54 минути од вестите емитувани на регионалната Телевизија Вижн од Прилеп во 18 часот и 30 минути. И покрај ова, има толку малку информации за претседателската кампања така што е методолошки неоправдано да се извлекуваат оценки за баланс во известувањето (Табела 22). Најмногу информации има за двете големи коалиции – 54 минути за ВМРО-ДПМНЕ и 18 минути за СДСМ.

**ТВ Вижн (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 22**[14]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:16:34 |
| Стево Пендаровски | 00:03:15 |
| Илјаз Халими | 00:00:47 |
| Зоран Поповски | 00:04:06 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:18:18 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:54:22 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:00:22 |
| Коалиција ГРОМ | 00:00:51 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:00:22 |
| СПМ – Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:40 |
| ДОМ – Демократска обнова на Македонија | 00:00:40 |
| АПМ – Алијанса за позитивна Македонија | 00:05:12 |
| ПОДЕМ – Партија на обединети демократи за Мак. | 00:00:40 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:02:11 |
| Демократски сојуз | 00:03:28 |
| Нова либерална партија | 00:01:35 |
| Влада на РМ | 00:40:43 |
| Органи на државната управа | 00:30:18 |
| Локална самоуправа | 01:13:07 |
| ДИК и други органи | 00:23:05 |
| Други субјекти | 00:06:02 |
| Без субјекти | 00:08:01 |
| | **Вкупно = 04:54:37** |

Следствено на исклучително малиот обем информации за Претседателските избори, и директните обраќања на претседателските кандидати се малубројни и куси: Ѓорге Иванов зборувал 3 минути и 55 секунди во текот на 5 пати, Стево Пендаровски еднаш – 1 минута и 24 секунди, Зоран Поповски еднаш – 1 минута и 17 секунди, а Илјаз Халими не е цитиран.

***Втор круг Претседателски избори***

Во вестите на ТВ Вижн, за вториот круг од Претседателските избори практично и да не е известувано: Ѓорге Иванов се појавува во текот на 3 минути и 18 секунди, а Стево Пендаровски – 1 минута и 21 секунда. Директните обраќања се многу мали.

[14] Ибид.

## РАДОВИШ

## ТВ КОБРА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

ТВ Кобра мошне интензивно го следеше изборниот процес во првиот круг на Претседателските избори што траеше во периодот од 24 март до 11 април, а тоа го покажува вкупното време од – 7 часа и 35 минути, реализирани во централното издание на вестите од 20 часот. Ваквиот интензитет пред сè се должи на мошне долгите новинарски прилози кои понекогаш траеја и повеќе од 9 минути, со долги директни обраќања, односно – аудиовизуелни цитати од учесниците во изборната кампања. Во распоредот на информативното време од прилозите за поединечните изборни настапи на претседателските кандидати, предничи минутажата за Иванов, кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 50 минути, додека минутажата за другите претседателски кандидати е распоредена на следниов начин: Пендаровски (СДСМ и Коалицијата) – 39 минути, Поповски (ГРОМ) – 16 минути, Халими (ДПА) – 10 минути.

Сличен новинарски пристап е применет и за организираниот изборен настап на партиите и на коалициите пред гласачкото тело, а во овој информативен дел, со вкупно време од 1 час и 31 минута, по застапеност предничи Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, додека од другите учесници во изборната кампања повидлива минутажа оствариле: СДСМ и опозициската Коалиција – 36 минути, ГРОМ – 22 минути и ВМРО НП – 20 минути. Од другите субјекти што не беа директно инволвирани во изборниот процес, ТВ Кобра редовно се осврнуваше и на дневните активности на локалната власт – 1 час и 21 минута.

**ТВ Кобра (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 23**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Ѓорге Иванов | 00:50:07 |
| Илјаз Халими | 00:10:12 |
| Стево Пендаровски | 00:38:49 |
| Зоран Поповски | 00:16:16 |
| | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:31:22 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:36:28 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:21:32 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:07:30 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:19:40 |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:02:48 |
| | |
| Влада на РМ | 00:12:24 |
| Локална самоуправа | 01:21:20 |
| Други субјекти | 00:05:38 |

| | |
|---|---|
| Без субјекти | 00:13:44 |
| ДИК и други органи | 00:21:27 |
| Органи на државната управа | 00:25:51 |
| | **Вкупно = 07:35:07** |

***Втор круг Претседателски избори***

Информативниот новинарски интерес на ТВ Кобра за вториот круг од Претседателските избори е пренасочен кон активностите на двајцата најбројни коалициски опоненти, а времето во вестите е во прилог на партијата ВМРО-ДПМНЕ – 1 час, наспроти 21 минута прилози за активностите на СДСМ. Промоцијата на политичките опции на Иванов и на Пендаровски е ставена во втор план на овој политички ривалитет, и е сведена на занемарлива минутажа од – 11 минути за индивидуалниот настап на Иванов, и 8 минути за самостојниот настап на Пендаровски.

## СКОПЈЕ

## ТВ БТР

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Примерокот за анализа на начинот на кој скопската ТВ БТР известуваше за Претседателските избори опфаќа околу 3 ипол часа од вестите што се емитуваат по 17:30 часот. Станува збор за мал обем вести во кој времето (имајќи ги предвид и специфичностите на секоја од претседателските кампањи) е релативно рамномерно распоредено (Табела 24). Ова е отсликано и во директните обраќања: Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски имаат по 11 обраќања кои кај првиот траат 9 минути и 10 секунди, а кај вториот 8 минути и 1 секунда, Зоран Поповски говорел 6 минути и 19 секунди во 10 прилики, а Илјаз Халими – 4 минути и 40 секунди во текот во 9 прилики.

**ТВ БТР (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 24**[15]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:23:36 |
| Стево Пендаровски | 00:18:36 |
| Илјаз Халими | 00:10:06 |
| Зоран Поповски | 00:15:35 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:44 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:33:21 |

[15] Ибид.

| | |
|---|---|
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:01:24 |
| Коалиција ГРОМ | 00:01:11 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:03:06 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:10:15 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:01:42 |
| НСДП – Нова социјалдемократска партија | 00:00:46 |
| СРМ – Сојуз на Ромите од Македонија | 00:09:51 |
| Влада на РМ | 00:33:50 |
| Собрание на РМ | 00:01:59 |
| Органи на државната управа | 00:06:51 |
| Локална самоуправа | 00:08:30 |
| ДИК и други органи | 00:10:49 |
| Други субјекти | 00:02:36 |
| Без субјекти | 00:01:54 |
| | **Вкупно = 03:25:42** |

Од политичките субјекти кои стоеја зад некој од четворицата претседателски кандидати, најзастапени се Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата предводена од СДСМ.

***Втор круг Претседателски избори***

Во вториот круг, БТР исклучително малку известуваше за кампањите на двајцата претседателски кандидати: 4 минути и 24 секунди за Ѓорге Иванов (цитиран еднаш - 41 секунда) и 3 минути и 1 секунда за Стево Пендаровски (без цитати).

## ТВ ЕДО

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Вестите во 18 и 15 часот на регионалната ТВ ЕДО од Скопје, во периодот на првиот круг од кампањата за Претседателските избори, емитуваа околу 5 часа и 40 минути вести кои се однесуваат на изборниот процес и темите поврзани со него. Притоа, постои нееднаквост во распоредот на времето, односно најмногу има известувано за Ѓорге Иванов - речиси 33 минути, потоа за Стево Пендаровски - 22 ипол минути, за Зоран Поповски - 14 минути, а најмалку за Илјаз Халими - 7 минути (Табела 25). Исто така, меѓу субјектите кои ги поддржаа кандидатурите, најмногу време е издвоено за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (околу 33 минути), за Коалицијата на СДСМ има 16 ипол минути, а за ДПА и ГРОМ околу 5 минути. Во вестите Владата е застапана со 1 час и 55 минути.

**ТВ ЕДО (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 25**[16]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:32:51 |
| Стево Пендаровски | 00:22:26 |
| Илјаз Халими | 00:07:06 |
| Зоран Поповски | 00:14:20 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:16:30 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:32:42 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:01:07 |
| Коалиција ГРОМ | 00:03:43 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:05:28 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:11:08 |
| | |
| Влада на РМ | 01:55:22 |
| Органи на државната управа | 00:16:10 |
| Локална самоуправа | 00:16:02 |
| Собрание на РМ | 00:03:34 |
| ДИК и други органи | 00:31:51 |
| Други субјекти | 00:06:45 |
| Без субјекти | 00:02:50 |
| | **Вкупно = 05:39:55** |

Публиката на ТВ ЕДО имала можност да ги слушне директно изјавите на Ѓорге Иванов во текот на 14 минути и 41 секунда (во 18 наврати), Стево Пендаровски – 8 минути и 55 секунди (17 наврати), Зоран Поповски 6 минути и 21 секунда (17 наврати), додека од Илјаз Халими нема директни обраќања. Претставници на Владата се цитирани 33 пати со траење од 38 минути и 18 секунди.

***Втор круг Претседателски избори***

Активностите на претседателските кандидати во вториот круг се целосно во сенката на известувањето на ТВ ЕДО за парламентарната кампања, така што за Ѓорге Иванов е информирано во текот на 4 минути и 14 секунди, а за Стево Пендаровски – 1 минута и 52 секунди. Половината од времето се директни обраќања: 2 минути и 12 секунди за Иванов и 55 секунди за Пендаровски.

## ТВ ЕРА

### ВЕСТИ

[16] Ибид.

***Прв круг Претседателски избори***

Резултатите од известувањето од Претседателските избори 2014 година на регионалната телевизија ЕРА е прикажано во Табела 26. За политичките субјекти кои стоеја зад кандидатурите, известувано е малку со тоа што најмногу време (околу 14 ипол минути) има добиено ДПА. Забележливо е дека во овој период, најприсутна партија во вестите на ТВ ЕРА во 19 и 30 часот беше ДУИ, која беше субјект во една петина (57 минути) од вкупната должина на анализираниот примерок од 4 часа и речиси 50 минути. Теми на овие прилози се меѓусебните обвинувања на ДПА и ДУИ, и информирањето за активностите на ДУИ за бојкот на изборите за претседател.

**ТВ ЕРА (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 26**[17]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:25:54 |
| Стево Пендаровски | 00:25:15 |
| Илјаз Халими | 00:28:48 |
| Зоран Поповски | 00:19:34 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:12 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:05:31 |
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:02:57 |
| Коалиција ГРОМ | 00:03:48 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:14:26 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:57:42 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:03:07 |
| Либерална партија | 00:00:38 |
| Влада на РМ | 00:19:26 |
| Органи на државната управа | 00:08:39 |
| ДИК и други органи | 00:24:28 |
| Други субјекти | 00:34:39 |
| Без субјекти | 00:08:28 |
| | **Вкупно = 04:49:48** |

Распределбата на времето во текот на кое публиката можеше директно да ги чуе кандидатите е релативно рамномерна и најверојатно условена од карактеристиките на нивните кампањи. Така, цитатите на Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски траат по нешто повеќе од 9 минути, на Зоран Поповски 5 минути и 15 секунди, а на Илјаз Халими - 4 минути и 44 секунди. Сите четворица биле цитирани по 9 пати.

[17] Ибид.

***Втор круг Претседателски избори***

Во текот на вториот круг има релативно малку информации за двајцата претседателски кандидати – 11 минути и 47 секунди за Ѓорге Иванов и 8 минути и 41 секунда за Стево Пендаровски, како што има малку информации и за коалициите кои беа нивни поддржувачи – 10 минути и 39 секунди за онаа предводена од ВМРО-ДПМНЕ, и 7 минути и 57 секунди за онаа предводена од СДСМ.

Соодносот е сличен и кај директните обраќања – 5 минути и 34 секунди за Иванов и 5 минути за коалицијата владејачки партии (по 7 цитати), односно 3 минути и 27 секунди за Пендаровски и 3 минути и 12 секунди за коалицијата опозициски партии (по 6 цитати).

**ДЕБАТИ**

ТВ Ера, во вечерните часови на 10 април ги емитуваше претседателските дебати организирани и реализирани од американскиот Национален демократски институт (емитувани и на ТВ 24 Вести) во кои учествуваа Стево Пендаровски, Илјаз Халими и Зоран Поповски.

## СТРУМИЦА

## ТВ ВИС

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Дневно - информативната емисија во 17:30 часот е изворот на примерокот за анализа на известувањето на регионалната ТВ Вис од Струмица за изборните процеси кој достигнува нешто повеќе од три часа. Во овој мал обем информации, Телевизијата за Претседателските избори известуваше многу малку - дваесетина минути вкупно (Табела 27) и, методолошки, нема основа да се извлекуваат оценки за баланс. И за субјектите кои поддржуваа некој од кандидатите издвоено е малку време, со тоа што нема информации за Илјаз Халими и ДПА. Всушност, околу половина од избраните прилози се однесуваат на активности во кои субјекти се органите на државната управа, централната и локалната власт.

**ТВ ВИС (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 27**[18]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Ѓорге Иванов | 00:11:24 |
| Стево Пендаровски | 00:06:44 |
| Зоран Поповски | 00:01:42 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:25:15 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:15:53 |

[18] Ибид.

| | |
|---|---|
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:01:36 |
| Коалиција ГРОМ | 00:01:42 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:02:41 |
| | |
| Влада на РМ | 00:25:48 |
| Органи на државната управа | 00:31:34 |
| Локална самоуправа | 00:22:12 |
| ДИК и други органи | 00:08:52 |
| Други субјекти | 00:20:20 |
| Без субјекти | 00:17:10 |
| | **Вкупно = 03:12:41** |

Онака како што се куси извештаите за активностите на кандидатите за претседатели, така куси се и нивните директни обраќања: 4 минути и 22 секунди Ѓорге Иванов, 3 минути и 57 секунди Стево Пендаровски и 40 секунди Зоран Поповски.

***Втор круг Претседателски избори***

Во вториот круг од Претседателските избори, накратко се појавува Ѓорге Иванов со 1 минута и 36 секунди, во кои 1 минута и 2 секунди се директен цитат.

**ДЕБАТИ**

ТВ Вис е меѓу медиумите кои на 10 април ја емитуваа дводелната претседателска дебата меѓу Стево Пендаровски, Илјаз Халими и Зоран Поповски во организација и реализација на американскиот Национален демократски институт.

**ИНТЕРВЈУА**

На 31 март, медиумот емитуваше интервју со Зоран Поповски преземено од Радио Слободна Европа. На 1 април (и репризно утредента) беше реализиран разговор со Стево Пендаровски, кој бил замислен како дебата, но другите претседателски кандидати не се одѕвале на поканата.

## ТЕТОВО

## ТВ КИСС

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Во однос исклучиво на поединечниот, индивидуален настап на претседателските кандидати пред гласачкото тело, интересот на информативната редакција на ТВ Кисс за време на првиот круг од Претседателските избори покажува занемарливо мала минутажа, во која предничи претставувањето на Зоран Поповски, кандидатот на ГРОМ, со вкупно – 25 минути, и тоа поради интервјуто со траење од 18 минути, емитувано во изданието на вестите од 22 часот на 10 април. Пошироко погледнато, работата на информативната редакција за време на овој дел од изборната кампања, главно е ориентирана кон партискиот или кон коалицискиот организиран настап, и тоа, 1 час е отстапено за ВМРО-ДПМНЕ како предводник на владејачката Коалиција, а 34 минути за Коалицијата предводена од СДСМ, потоа 11 минути отстапени за кампањата на ДПА и 3 минути за изборниот настап на ГРОМ како поддржувач на Зоран Поповски.

**ТВ Кисс (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 28**[19]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Ѓорге Иванов | 00:02:38 |
| Стево Пендаровски | 00:09:44 |
| Зоран Поповски | 00:25:07 |
| Иљаз Халими | 00:07:16 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:34:19 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:01:45 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:11:20 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:17 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:50 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:04:19 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:05:11 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:04:55 |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:09 |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:09 |
| ПЕИ - Партија за европска иднина | 00:00:09 |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:09 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:01:44 |
| Коалиција Гром | 00:03:45 |

[19] Ибид.

| | |
|---|---|
| ДИК и други органи | 00:03:34 |
| Без субјекти | 00:04:01 |
| Органи на државната управа | 00:16:49 |
| Други субјекти | 00:06:46 |
| Локална самоуправа | 00:10:50 |
| | |

**Вкупно = 03:55:35**

***Втор круг Претседателски избори***

Во вториот круг од Претседателските избори, што траеше од 14 до 25 април, ТВ Кисс во вечерните вести од 22 часот, што беа предмет на мониторинг и на анализа, претставувањето на Иванов и Пендаровски го направија посредно, преку претставување на изборните платформи на партиите што ги подржаа – ВМРО-ДПМНЕ – 54 минути, односно СДСМ – 43 минути. Во рамките на овој компаративен сооднос, на активностите на Коалицијата – Достоинство за Македонија им се посветени 22 минути, а по 16 минути во вестите добиле ВМРО НП и Коалицијата предводена од ГРОМ.

## ТВ КОХА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

За време на првиот круг од Претседателските избори, информативната редакција на ТВ Коха мошне интензивно ги следеше случувањата од кампањите на партиите и коалициите што имаа свои претседателски кандидати, или, пак, веќе се подготвуваа за претстојните Парламентарни избори. Вкупното време од прилозите за вестите во 21 часот изнесува: 5 часа и 35 минути, а делот на прилозите за индивидуалниот настап на претседателските кандидати е распореден на следниов начин: Илјаз Халими – 44 минути, Ѓорге Иванов – 30 минути, Пендаровски – 30 минути, Поповски – 23 минути.

**ТВ Коха (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 29**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Илјаз Халими | 00:44:08 |
| Ѓорге Иванов | 00:30:12 |
| Стево Пендаровски | 00:30:16 |
| Зоран Поповски | 00:22:56 |
| | |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:31:30 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:54:35 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:10:08 |
| Коалиција Гром | 00:05:06 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:02 |

| | |
|---|---|
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:02:26 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:07:35 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:11:18 |
| | |
| Влада на РМ | 00:23:29 |
| Локална самоуправа | 00:19:49 |
| Други субјекти | 00:19:44 |
| ДИК и други органи | 00:06:24 |
| Без субјекти | 00:06:36 |
| Органи на државната управа | 00:01:52 |
| | |
| | **Вкупно = 05:35:06** |

***Втор круг Претседателски избори***

Во периодот на вториот круг од Претседателските избори, вниманието на ТВ Коха е повеќе насочено кон кампањата на партиите и коалициите, бидејќи еден дел од периодот – 14 април/25 април, се поклопи со кампањата за Предвремените парламентарни избори. Оттаму, во поглед на распоредот на времето за прилозите посветени на настапот на претседателските кандидати пред гласачкото тело, претставувањето на Иванов изнесува – 15 минути, а на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 18 минути, односно - за Пендаровски – 10 минути, а за СДСМ и Коалицијата – 14 минути.

## ТВ МЕНАДА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

За анализа беше земено изданието на ТВ дневникот од 21 часот и 30 минути, а во овој информативен термин ТВ Менада со вкупно 3 часа и 18 минути го проследи периодот од 24 март до 11 април, за првиот круг од Претседателските избори. Редакцискиот пристап – од кампањата да се известува со куси новинарски форми, продуцираше еднаков информативен третман на сите четворица претседателски кандидати. Со оглед на интензитетот на кампањата и разновидноста на облиците за пристап кон гласачкото тело, посебно во западниот регион на Македонија, редакцијата главно ги следеше активностите на двете спротивставени коалиции: Владејачката, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во вестите беше застапена со вкупно – 58 минути, а опозициската, предводена од СДСМ со вкупно – 23 минути. Партијата ГРОМ, како подносител на кандидатурата за Зоран Поповски, беше застапена со 6 минути, а кампањата на ДПА, која го кандидираше Илјаз Халими, беше проследена со 10 минути.

**ТВ Менада (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 30**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Ѓорге Иванов | 00:08:12 |

| | |
|---|---|
| Илјаз Халими | 00:08:17 |
| Стево Пендаровски | 00:11:27 |
| Зоран Поповски | 00:06:52 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:02 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:57:32 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:12 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:06:27 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:02 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:06:16 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:51 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:03:19 |
| | |
| Органи на државната управа | 00:17:46 |
| Други субјекти | 00:10:07 |
| ДИК и други органи | 00:03:14 |
| Влада на РМ | 00:06:22 |
| Локална самоуправа | 00:04:44 |
| | |
| | **Вкупно = 03:17:43** |

***Втор круг Претседателски избори***

Кампањата за вториот круг од Претседателските избори, што траеше од 14 до 25 април, ТВ Менада во дневникот од 21:30 часот главно ја проследи преку известување за партиските и за коалициските ангажмани околу организираниот настап пред гласачкото тело од Западна Македонија, па, оттаму, низ оваа новинарска призма беа проследени и посебните активности за промоција на политичките ставови на Иванов и на Пендаровски, кои преостанаа во изборот за претседател на државата. Од таа гледна точка, времето во вестите е распоредено на следниов начин: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 53 минути, Коалицијата предводена од СДСМ – 43 минути, ДУИ – 11 минути, ДПА – 10 минути, ВМРО НП – 14 минути и Коалицијата предводена од ГРОМ – 9 минути.

## <u>ШТИП</u>

## ТВ ИРИС

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Општо земено, ТВ Ирис интензивно, преку различни, пред сè - аналитички новинарски облици ги следеше случувањата од изборниот процес

за претседателските и за Предвремените парламентарни избори, било преку свои авторски емисии и прилози, било преку преземена продукција информативни програми од приватни продуценти или од други македонски радиодифузери.

Во првиот круг од Претседателските избори, одржан во периодот од 24 март до 11 април, ТВ Ирис продуцираше вкупно 2 часа 12 минути и 51 секунда - прилози за централниот телевизиски дневник од 20 часот. Но, ако се погледне детално статистичката табела со субјектите застапени во оваа информативна емисија, се забележува дека во фокусот на информативниот интерес – безмалку цел еден час, се главно настани произлезени од редовните активности на локалната власт, додека во споредба со ова информативно време, минутажата за учесниците во изборната кампања е мошне мала.

**ТВ Ирис (прв круг): Субјекти во вести** **Табела 31**[20]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Ѓорге Иванов | 00:00:48 |
| Илјаз Халими | 00:00:48 |
| Стево Пендаровски | 00:00:48 |
| Зоран Поповски | 00:00:48 |
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:04 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:05:12 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:42 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:47 |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:01:02 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:09 |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:01:02 |
| Коалиција Гром | 00:00:14 |
| | |
| Влада на РМ | 00:19:14 |
| Локална самоуправа | 00:59:32 |
| Други субјекти | 00:12:06 |
| ДИК и други органи | 00:12:04 |
| Органи на државната управа | 00:04:31 |
| Без субјекти | 00:04:58 |
| | |
| | **Вкупно = 02:12:51** |

***Втор круг Претседателски избори***

Истиот известувачки тренд во централното издание на ТВ дневникот од 20 часот продолжува и во вториот круг од Претседателските избори, а вкупното информативно време е двојно покусо, односно изнесува – 1 час и 3 минути, од

[20] Ибид.

кои, повторно, најголема минутажа добиле редовните активности на локалната власт – 19 минути и 34 секунди.

## ТВ СТАР

### ВЕСТИ

***Прв и втор круг Претседателски избори***

Анализирано беше изданието на дневно-информативната емисија од 22:30 часот, а се покажа дека ТВ Стар изборната кампања ја покриваше главно преку куси новинарски прилози, реализирани како вести или класичен новинарски извештај, а во известувачкиот фокус, од вкупно емитуваните 1 час и 27 минути за првиот круг од Претседателските избори, беа прес-конференциите на двете спротивставени коалиции – на владејачката ВМРО-ДПМНЕ (со вкупно време од – 17 минути и 24 секунди), и на опозициската СДСМ (со вкупно време од 23 минути и 26 секунди), во чија сенка паднаа поединечните изборни поенти на четворицата претседателски кандидати – Иванов, Пендаровски, Поповски и Халими, застапени со занемарлива информативна минутажа, ако се земе предвид првиот изборен период од 24 март до 11 април. Оттаму, и вториот, покус изборен период за претседател на Републиката – од 14 до 25 април, резултираше со само 39 минути вести за овој дел од изборниот процес.

## БИТОЛА

## ТВ ТЕРА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Со мониторингот на оваа локална телевизиска станица беше опфатено изданието вести емитувано во 17.00 часот. Во првиот круг од Претседателските избори беа емитувани 2 часа и 28 минути информации, директно или индиректно поврзани со изборниот процес во целина. Медиумот отстапи различен простор за четирите претседателски кандидати и коалициите, односно партиите коишто застанаа зад нивните кандидатури. Во првиот круг ТВ Тера одвои 1 час и 4 минути за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за нејзиниот кандидат за претседател, Ѓорге Иванов. Коалицијата предводена од СДСМ и претседателскиот кандидат Стево Пендаровски во вестите на оваа битолска телевизија беа застапени со 38 минути. Најголем дел од времето одвоено за кампањите на овие две коалиции се однесува пред се за активностите на локално ниво на двете водечки партии на коалициите, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, а помалку за активностите на нивните претседателски кандидати.

Значително помал обем информации беа емитувани за активностите на другите двајца учесници во претседателската трка, Зоран Поповски и Илјаз Халими и за активностите на нивните партии. Зоран Поповски и ГРОМ беа застапени со 8 минути, а Илијаз Халими и ДПА со нешто повеќе од 5 минути.

Во преостанатите 33 минути од информациите посветени на изборите, ТВ Тера известуваше од работата на ДИК, локалната самоуправа и емитуваше новинарски прилози поврзани со изборниот процес.

***Втор круг Претседателски избори***

Вестите во 17.00 часот беа цел на мониторингот и во вториот круг од Претседателските избори. Во 12-те дена, колку што траеше кампањата, вкупно беа емитувани 2 часа и 28 минути содржини поврзани со изборните случувања. Информациите за активностите на двајцата претседателски кандидати коишто влегоа во вториот изборен круг, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, како и за двете коалиции коишто застанаа зад нивната кандидатура, зафаќаат 2/3 од вкупното време посветено на изборната кампања. За Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот кандидат за претседател во вестите беа одвоени 56 минути, а за активностите на Коалицијата предводена од СДСМ и претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, 43 минути.

### ДЕБАТИ

На програмата на ТВ Тера на 10 април е емитувана дебатата организирана од американскиот Национален демократски институт (НДИ). Дебатата е составена од два независни дела, а во нејзе учествуваа тројца претседателски кандидати: Стево Пендаровски, Зоран Поповски и Илјаз

Халими. Ѓорге Иванов бил поканет, но не учествувал во дебатата. Во првиот дел од дебатата доминираат политички прашања, ЕУ и НАТО интеграциите, а во вториот дел тема за дебатирање се економски прашања.

## ТВ ОРБИС

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Анализата се однесува на вестите емитувани во 18.30 часот, во периодот од 24 март до 11 април. Вкупното времетраење на вестите во првиот круг од Претседателските избори е 1 час и 52 минути. 58 минути се одвоени за активностите на актуелниот претседател Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Кампањите на преостанатите тројца претседателски кандидати и политичките субјекти што застанаа зад нивните кандидатури добија вкупно 17 минути. За Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ се одвоени 9 минути, а за активностите на Илјаз Халими и Зоран Поповски и за нивните политичките партии ДПА и ГРОМ, по 4 минути.

***Втор круг Претседателски избори***

Истото издание на вестите е анализирано и во вторите 12 дена од Претседателските избори. Емитувани се вкупно 1 час и 40 минути информации поврзани со изборниот процес. 50 минути се отстапени за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседателски кандидат, Ѓорге Иванов. За претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, којшто учествуваше во вториот круг од Претседателските избори и за Коалицијата на СДСМ, беа одвоени вкупно 3 минути во анализираните вести на ТВ Орбис.

## <u>ВЕЛЕС</u>

## ТВ ЗДРАВКИН

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Предмет на анализа беа вестите емитувани во 17.00 часот. Вкупно во првиот круг од Претседателските избори беа емитувани 1 час и 12 минути информации за изборниот процес. Во вестите на оваа велешка телевизија беше известувано за кампањите на тројцата кандидати за претседател на државата и политичките субјекти, нивни поддржувачи, од македонскиот политички блок. Информации за претседателскиот кандидат на ДПА, Илјаз Халими, не се регистрирани со мониторингот. Една третина, односно 23 минути од вкупното време на вестите, се прилози посветени на кампањата на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов. За активностите на другите двајца претседателски кандидати и за политичките субјекти коишто ги поддржуваа, се емитувани по неколку прилози во вестите. За активностите на Стево Пендаровски и Коалицијата предводена

од СДСМ се отстапени 7 минути, а за Зоран Поповски, кандидатот за претседател на ГРОМ, 4 минути.

Една петтина од времето на вестите, или 16 минути, ТВ Здравкин оддвоила за информирање од активностите на градоначалникот и локалната самоуправа, како и време за работата на општинската изборна комисија.

***Втор круг Претседателски избори***

Истото издание на вестите беше цел на мониторингот и во вториот круг од Претседателските избори. Во 12-те дена кампања беа емитувани 50 минути содржини поврзани со изборниот процес. Повеќе од 2/3 од тоа време беше отстапено за кампањите на двајцата претседателски кандидати коишто по првиот круг ја продолжија политичката битка за највисоката државничка функција, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски и за коалициите, нивни поддржувачи. Речиси половина од вкупното време на вестите беше посветено за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за нејзиниот претседателски кандидат. За настапите на опозициската Коалиција предводена од СДСМ и на нејзиниот кандидат Стево Пендаровски, пред гласачите, на програмата на ТВ Здравкин беше одвоено нешто повеќе од 1/4 од вкупното време на вестите, односно околу 13 минути.

И во вториот круг од Претседателските избори, една петтина (10 минути) од вестите беа посветени на активностите на локалната самоуправа и градоначалникот на Велес.

## ТВ КАНАЛ 21

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Телевизијата емитуваше мал обем информации поврзани со изборниот процес. Во првиот круг од Претседателските избори, во рамки на вестите, се емитувани 32 минути информации за изборните случувања. Анализата се однесува на вестите емитувани во 20.00 часот. Известувано е за кампањите на тројца од претседателските кандидати и за активностите на политичките субјекти што стојат зад нивните кандидатури. Простор во вестите на ТВ Канал 21 не е оддвоен за претседателскиот кандидат на ДПА, Илјаз Халими. Тројцата претседателски кандидати и нивните политички поддржувачи беа застапени со следниве времетраења: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Ѓорге Иванов – 12 минути, ГРОМ и Зоран Поповски – 5 минути и Коалицијата предводена од СДСМ со 4 минути.

***Втор круг Претседателски избори***

Мал обем информации за изборниот процес, 35 минути, се емитувани и во вторите 12 дена од Претседателските избори во рамки на анализираните вести од 20.00 часот. Прилозите посветени на изборните случувања на двајцата кандидати за претседател, коишто ја продолжија изборната трка и на нивните коалиции, преовладуваат во вкупното време на вестите отстапено за изборите. Повеќе време е отстапено за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседателски кандидат, Ѓорге

Иванов (16 минути), во споредба со просторот одвоен за Коалицијата предводена од СДСМ и Стево Пендаровски (8 минути).

**ИНТЕРВЈУА**

Очекувањата од Претседателските избори, но и од Предвремените парламентарни избори, беа тема на разговор со Драган Димевски, претседател на општинската организација на ПОДЕМ во Велес, којашто е дел од Коалицијата „За подобра Македонија". Интервјуто беше емитувано на 27 март, во рамки на емисијата *„Во фокусот"*.

## <u>ГОСТИВАР</u>

## ТВ ДУЕ

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Изборниот процес во анализираните вести на ТВ Дуе, изданието во 18.30 часот, е претставен преку 1 час и 16 минути информации посветени на изборите. Од тоа време само околу 1/3 се прилози за активностите на претседателските кандидати и политичките субјекти што ги предложија. Свој простор во ова централно дневно-информативно издание во првиот круг од Претседателските избори, некој повеќе некој помалку, добиле сите четворица претенденти за претседателската функција. Поголем простор е одвоен за единствениот кандидат за претседател, номиниран од партија од албанскиот политички блок, Илјаз Халими и за неговата ДПА, вкупно 12 минути. Следуваат информациите за претседателските кандидати на двете големи коалиции, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, коишто беа застапени идентично, со по 5 минути. За четвртиот претседателски кандидат, Зоран Поповски од ГРОМ, во вестите на овој гостиварски медиум беа оддвоени 3 минути.

Во другите две третини од вестите преовладуваа информациите поврзани со работата на ДИК, прилозите посветени на активностите на ДУИ, за бојкот на претседателските избори и активностите на локалната самоуправа.

***Втор круг Претседателски избори***

Во периодот на изборна кампања во вториот круг од Претседателските избори се емитувани речиси двојно помалку информации за изборите во однос на првиот круг.  Во вкупното време од 36 минути, информациите за кампањите на двајцата претседателски кандидати што ја продолжија изборната трка во вториот круг, се застапени со 9 минути, пет за кандидатот на опозициската коалиција и четири за актуелниот претседател и кандидат на владејачката коалиција, Ѓорге Иванов. Со оглед на тоа дека се поклопуваа двете кампањи, за Претседателските и Предвремените парламентарни избори, поголем дел од преостанатото време во вестите, посветено на изборите, се однесува на изборните активности на политичките партии од албанскиот политички блок. ДУИ – 7 минути, ДПА и НДП по 6 минути и ПДП – 2 минути.

## КИЧЕВО

## ТВ ГУРРА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Поради технички проблеми со приемот на сигналот од ТВ Гурра, анализирани се само 8 дена од првиот круг од Претседателските избори, во периодот од 4 до 11 април. Анализата се однесува на изданието вести емитувано во 21.00 часот. Во овој период, телевизијата емитуваше 47 минути информации поврзани со изборниот процес. Простор беше отстапен за четворицата кандидати за претседател. Во анализираните 8 дена, подеднаков простор од по 7 минути, беше отстапен за тројца од кандидатите и за нивните политички субјекти: Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Илјаз Халими и ДПА и за Стево Пендаровски од Коалицијата предводена од СДСМ. Зоран Поповски и ГРОМ, имаа 2 минутно појавување во централното дневно-информативно издание.

За кампањата на ДУИ, главно посветена на бојкот на Претседателските избори, медиумот одвои 11 минути од прилозите посветени на изборите, емитувани во 8-те анализирани изданија на вестите.

***Втор круг Претседателски избори***

Анализата се однесува на сите изданија вести емитувани во 21.00 часот во вториот круг од Претседателските избори. Вкупно за изборниот процес беа емитувани 1 час и 25 минути информации. Телевизијата и во вториот круг известуваше за активностите на претседателските кандидати, овој пат за двајцата претенденти за претседателската функција, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, коишто продолжија во вториот круг. За кампањата на Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 14 минути, наспроти 11 минути отстапени за Коалицијата предводена од СДСМ и Стево Пендаровски.

Во вториот круг од изборите, временски на програмата на ТВ Гурра беше најзастапена ДУИ со 18 минути, што се должи на нејзината активност за бојкот на изборите за претседател, но и на прилозите посветени на кампањата за Предвремените парламентарни избори, којашто се поклопува со вториот круг од Претседателските избори. Со одвоен простор од по 12 минути, медиумот известуваше и за теренските активности на ДПА и НДП, поврзани со изборите за пратеници.

# <u>КОЧАНИ</u>

## ТВ КОЧАНИ - ЛД

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Анализата се однесува на вестите емитувани во 19.30 часот во периодот од 24 март до 11 април. Следени се само активностите на тројцата кандидати за претседател, предложени од коалициите од македонскиот политички блок. Простор во вестите не е одвоен за кандидатот на ДПА, Илјаз Халими. Вкупното времетраење на прилозите во вестите поврзани со изборните случувања е 48 минути. Две петтини од тоа време е посветено на кампањите на тројцата претседателски кандидати и на нивните политички поддржувачи. Во релативно малата минутажа одвоена за ангажманите на кандидатите, се издвојува просторот за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за кандидатот за претседател, Ѓорге Иванов, со 17 минути. За другите двајца кандидати и за нивните политички поддржувачи се емитувани по 2-3 прилога со вкупно траење од 3 минути за Зоран Поповски и ГРОМ и 2 минути за Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ.

Поголемиот дел од времето во вестите посветено на изборите, 3/5, се новинарски прилози коишто говорат за изборниот процес, информации за работата на општинската изборна комисија, за активностите на локалната самоуправа, како и мал обем информации за раздвиженоста на некои од помалите партии во пресрет на кампањата за Парламентарните избори.

***Втор круг Претседателски избори***

За разлика од првиот круг, кога прилозите за активностите на претседателските кандидати беа помалку застапени во споредба со другите информации, во вториот круг од Претседателските избори главно е известувано за кампањите на двете големи коалиции и нивните претседателски кандидати коишто ја продолжија трката. Емитуваниот обем на информации, 46 минути, е речиси идентичен со оној од првиот круг, кога беа емитувани 48 минути прилози за изборите. Во вториот круг 4/5 од времето е одвоено за претседателските кандидати Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Стево Пендаровски од Коалицијата на СДСМ. 23 минути е посветен на владејачката коалиција и нејзиниот претседателски кандидат. Опозициската коалиција и Стево Пендаровски добиле 13 минути од времето на прилозите посветени на изборите во вестите на ТВ Кочани – ЛД.

## ТВ КАНАЛ 8

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Во првите 19 дена кампања од Претседателските избори, кочанската телевизија Канал 8, во анализираните вести од 18.00 часот, вмитуваше вкупно 54 минути информации поврзани со изборните случувања. Преовладуваа прилозите посветени на кампањите за претседателските кандидати и политичките субјекти коишто застанаа зад нивните кандидатури. Телевизијата

известуваше за активностите на тројца од четворицата претседателски кандидати. Илјаз Халими од ДПА не доби простор во централното дневно-информативно издание на ТВ Канал 8. Кај другите тројца кандидати, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот кандидат Ѓорге Иванов, добија 23 минути од вестите. Според временската застапеност, следуваа информациите за Коалицијата предводена од СДСМ и нејзиниот кандидат Стево Пендаровски со 9 минути, па ГРОМ и Зоран Поповски со 3 минути.

***Втор круг Претседателски избори***

Во вторите 12 дена од кампањата за Претседателските избори, од вкупно 1 час и 36 минути информации за изборните настани, околу еден час се поврзани со активностите на двете големи коалиции и на двајцата претседателски кандидати, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, коишто продолжија во вториот круг. За коалицијата на власт и за нејзиниот кандидат за претседател е известувано во времетраење од 36 минути, а за опозициската коалиција и нејзиниот кандидат се одвоени 23 минути. Преостанатите 37 минути се посветени на другите изборни случувања за Претседателските, но и за Предвремените парламентарни избори, коишто во овој временски период, паралелно се одвиваа.

**ДЕБАТИ**

На програмата на ТВ Канал 8 на 10 април е емитувана дебата со претседателските кандидати, организирана од американскиот Национален демократски институт (НДИ). Дебатата е составена од два независни дела, а во нејзе учествуваа тројца претседателски кандидати: Стево Пендаровски, Зоран Поповски и Илјаз Халими. Ѓорге Иванов бил поканет, но не учествувал во дебатата. Во првиот дел од дебатата доминираат политички прашања, ЕУ и НАТО интеграциите, а во вториот дел тема за дебатирање се економски прашања.

## <u>КУМАНОВО</u>

## ТВ НОВА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Анализата се однесува на вестите емитувани во 22.00 часот. Во првиот пруг од Претседателските избори на програмата на ТВ Нова беа емитувани 2 часа и 57 минути информации поврзани со изборниот процес. Доминантно беше информирано за активностите на тројца од четирите кандидати за претседател и за нивните политички поддржувачи. Само мал дел од информациите (11 минути) се прилози за активности на политички партии коишто немаа свои претседателски кандидати (ВМРО НП и ДУИ) како и новинарски прилози за изборниот процес (број на гласачи, избирачки места и сл.). Простор за медиумска промоција на своите ставови во вестите на оваа кумановска телевизија добија трите коалиции од македонскиот политички блок коишто имаа свои кандидати во трката за претседателската функција. Ниту

една информација на беше емитувана за претседателскиот кандидат на ДПА, Илјаз Халими.

1 час и 14 минути од вкупното траење на вестите посветени на изборите, се однесуваа на кампањата што ја водеше Ѓорге Иванов и на колицијата што застана зад неговата кандидатура, предводена од ВМРО-ДПМНЕ. За активностите на кандидатот Стево Пендаровски и за Коалицијата предводена од СДСМ беа оддвоени 48 минути. Меѓу тројцата кандидати застапени на програмата на ТВ Нова, временски најмалку простор (43 минути) доби кандидатот Зоран Поповски и партијата што го предложи – ГРОМ.

***Втор круг Претседателски избори***

Цел на мониторингот и во вториот круг од Претседателските избори беше изданието на вестите емитувано во 22.00 часот. Во 12-те дена кампања беа емитувани 1 час и 50 минути содржини поврзани со изборниот процес. Повеќе од 2/3 од тоа време беше отстапено за кампањите на двајцата претседателски кандидати коишто по првиот круг ја продолжија политичката битка за највисоката државничка функција, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски и за коалициите, нивни поддржувачи. Одвоениот простор во вестите беше речиси еднаков за двајцата претседателски кандидати и за двете колиции. Информациите поврзани со кампањата на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Ѓорге Иванов вкупно траеја 39 минути, а прилозите посветени на теренските активности на Коалицијата предводена од СДСМ и Стево Пендаровски – 37 минути.

Во преостанатите 34 минути, или околу 1/3 од времето на вестите, телевизијата известуваше за активностите на неколку политички субјекти (Коалиција ГРОМ, Коалиција за позитивна Македонија, ВМРО Народна партија) околу Предвремените парламентарни избори, чијашто кампања течеше паралелно со вториот круг од Претседателските избори.

## ТВ ХАНА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Во деветнаесетте дена изборна кампања во првиот круг од Претседателските избори, ТВ Хана емитувала 1 час и 43 минути прилози за изборните случувања во рамки на вестите од 20.00 часот, коишто беа предмет на мониторингот. Телевизијата известуваше за активностите на четворицата претенденти за највисоката државничка функција и за коалициите/партиите коишто застанаа зад нивните номинации. Сепак, најголем обем информации беа емитувани за кампањата на Демократската унија за интеграции со повик да се бојкотираат претстојните Претседателски избори, со вкупно траење од 31 минута.

Меѓу кандидатите за претседател, нешто повеќе простор добил Илјаз Халими и неговата партија ДПА, 19 минути. Според застапеноста, потоа следуваат информациите за Стево Пендаровски и Колицијата предводена од СДСМ – 14 минути, Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 12 минути и за Зоран Поповски и ГРОМ – 6 минути.

Преостанатите околу 21 минута од вестите медиумот ги посветил на активностите на државната и општинската изборна комисија, НДП и се емитувани новинарски прилози за изборниот процес.

***Втор круг Претседателски избори***

Во периодот на изборна кампања во вториот круг од Претседателските избори, се емитувани речиси двојно помалку информации за изборите во однос на првиот круг. Во вкупното време од 52 минути, информациите за кампањите на двајцата претседателски кандидати што ја продолжија изборната трка во вториот круг, се застапени со 12 минути, седум за Ѓорге Иванов и за активностите на владејачката коалиција и 5 за Стево Пендаровски и опозициската коалиција предводена од СДСМ. Со оглед на тоа дека се поклопуваа двете кампањи, за Претседателските и Предвремените парламентарните избори, поголем дел од преостанатото време во вестите, посветено на изборите, се однесува на изборните активности на политичките партии од албанскиот политички блок. Предничат информациите за ДУИ (23 минути), којашто паралелно со кампањата за Предвремените парламентарни избори ги продолжи и активностите за бојкот на Претседателските избори, а потоа, според временската застапеност следуваат прилозите за ДПА – 8 минути и НДП со 1 минута.

## ТВ ФЕСТА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Фокус на анализата беа вестите во 20.00 часот. Во првиот круг од Претседателските избори, телевизијата емитуваше вкупно 1 час и 43 минути информации поврзани со изборниот процес. Простор беше отстапен за четворицата кандидати за претседател. За Илјаз Халими и ДПА во вестите на овој медиум беа емитувани прилози во траење од 28 минути. Двајцата претседателски кандидати од двете најголеми коалиции, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, заедно со нивните политички поддржувачи, добија подеднакво време за презентација на своите политички платформи на програмата на ТВ Феста, по 17 минути. Четвртиот учесник во претседателската трка, Зоран Поповски и ГРОМ, имаа 7 минутно појавување во централното дневно-информативно издание.

Кампањата на ДУИ, во овој период главно посветена на бојкот на Претседателските избори, а помалку на нивните активности за Парламентарните избори, доби поголем простор од информациите посветени на некои од претседателските кандидати. За активностите на ДУИ, медиумот одвои околу 23 минути од прилозите посветени на изборите, емитувани во рамки на вестите. Со почетокот на кампањата за Парламентарните избори, 5 април, уште една партија (НДП) доби позначајно време од 8 минути на програмата на ТВ Феста.

***Втор круг Претседателски избори***

Во вкупното време од 1 час и 13 минути посветено на вториот круг од Претседателските избори во вестите на ТВ Феста, информациите за активностите на двајцата кандидати коишто ја продолжија трката за претседателската функција и за коалициите коишто застанаа зад нив, беа застапени приближно подеднакво. За Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена

од ВМРО-ДПМНЕ беа емитувани информации во траење од 17 минути, а за Стево Пендаровски и Коалицијата на СДСМ, 14 минути.

Во вториот круг од изборите, временски на програмата на ТВ Феста беше најзастапена ДУИ со 18 минути, што се должи на нејзината активност за бојкот на изборите за претседател, но и на прилозите посветени на кампањата за Предвремените парламентарни избори, којашто се поклопува со вториот круг од Претседателските избори. Со одвоен простор од по 10 минути, медиумот известуваше и за теренските активности на ДПА и НДП, поврзани со изборите за пратеници.

## <u>ОХРИД</u>

### ТВ М

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Со мониторингот на оваа локална телевизиска станица беше опфатено централното издание на вестите кое се емитуваше од 17.00 часот. За времетраењето на изборното медиумско претставување пред одржувањето на првиот круг од претседателските избори беа емитувани 2 часа и 30 минути информации, директно или индиректно поврзани со изборниот процес во целина. Медиумот отстапи различен простор за четирите претседателски кандидати и коалициите, односно партиите коишто застанаа зад нивните кандидатури. Во посочениот период ТВМ одвои 1 час и 29 минути за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за нејзиниот кандидат за претседател, Ѓорге Иванов. Коалицијата предводена од СДСМ и претседателскиот кандидат Стево Пендаровски во вестите на оваа телевизија беа застапени со 10 минути и 18 секунди, ГРОМ - Граѓанската опција за Македонија со кандидатот Зоран Поповски се застапени со 3 минути и 11 секунди, а ДПА - Демократска партија на Албанците со кандидатот Илјаз Халими се застапени со 2 минути и 26 секунди. Најголем дел од времето во вестите е одвоено за партиските активности и прес-конференциите на партиите односно на коалициите, а помалку за активностите на нивните претседателски кандидати. Значајниот дел од времето издвоено за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за нејзиниот кандидат за претседател, Ѓорге Иванов се должи на два екстензивни прилога емитувани на 24 и 25 март, со вкупно времетраење од речиси еден час во кои се претставени почетокот на кампањата и одржаниот митинг во Охрид на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

***Втор круг Претседателски избори***

За времетраењето на изборното медиумско претставување пред одржувањето на вториот круг од Претседателските избори исто така беше анализирано централното издание на вестите на ТВМ од 17.00 часот. Во дванаесетдневниот период, вкупно беа емитувани час и една минута содржини поврзани со изборниот процес. Информациите за активностите на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов и за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се застапени со 27 минути и 24 секунди, а за активностите на Коалицијата предводена од СДСМ и претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, 7 минути и 48 секунди. Скоро сите информации за активностите

на учесниците во изборната кампања и за кандидатите за претседател емитувани во вестите во овој период претставуваат извештаи од партиски прес конференции.

**ИНТЕРВЈУА**

На програмата на ТВМ на 30 април, за времетраењето на изборното медиумско претставување пред одржувањето на првиот круг од претседателските избори беше емитувано интервју со кандидатот за претседател од ГРОМ - Граѓанската опција за Македонија, Зоран Поповски. Интервјуто е продуцирано и преземено од радио Слободна Европа.

## ТВ МОРИС

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Анализата се однесува на вестите емитувани во 18 часот, во периодот од 24 март до 11 април. Вкупното времетраење на прилозите поврзани со партиските активности во вестите на ТВ Морис за времетраењето на изборното претставување пред одржувањето на првиот круг од Претседателските избори изнесува 55 минути и 10 секунди. 24 минути и 26 секунди се одвоени за активностите на актуелниот претседател Ѓорге Иванов и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. За Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ се одвоени 11 минути и 43 секунди, а за активностите на Зоран Поповски и ГРОМ една минута и 26 секунди. Во анализираниот период не се забележани прилози за Илјаз Халими и за ДПА.

***Втор круг Претседателски избори***

Централното издание на вестите на ТВ Морис во 18 часот беше анализирано и во вторите 12 дена од претседателските избори. Емитувани се вкупно 55 минути и 10 секунди информации поврзани со изборниот процес. 24 минути и 26 секунди се отстапени за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседателски кандидат, Ѓорге Иванов. За претседателски кандидат Стево Пендаровски, којшто учествуваше во вториот круг од Предвремените претседателски избори и за Коалицијата на СДСМ, беа одвоени вкупно 11 минути и 43 секунди во анализираните вести на ТВ Морис.

# <u>ПРОБИШТИП</u>

## ТВ ПРОТЕЛ

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Предмет на анализа беше централното издание на вестите на ТВ Протел емитувани од 17 часот и 30 минути. Во рамките на предизборното претставување пред одржувањето на првиот круг од Претседателските избори, вкупно беа емитувани 56 минути и 14 секунди информации за изборниот процес. Во вестите на оваа локална телевизија беше известувано за кампањите

на четворицата кандидати за претседател на државата и за политичките субјекти кои ги кандидираа. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов во вестите беа застапени со 10 минути и 26 секунди, за активностите на Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ се отстапени 12 минути и 46 секунди, за Зоран Поповски, кандидатот за претседател на Коалицијата ГРОМ, 5 минути и 16 секунди и за претседателскиот кандидат на ДПА, Илјаз Халими 45 секунди.

ТВ Протел во овој период значаен дел од времетраењето на вестите одвоила за информирање од активностите на Државната изборна комисија и на Општинската изборна комисија од Пробиштип.

***Втор круг Претседателски избори***

Во истото издание на вестите, кое беше мониторирано и во вториот круг од Претседателските избори, за 12-те дена кампања беа емитувани 39 минути и 5 секунди содржини поврзани со изборниот процес. На активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за нејзиниот претседателски кандидат имбеше посветено 19 минути и 10 секунди. За настапите на опозициската Коалиција предводена од СДСМ и на нејзиниот кандидат Стево Пендаровски, пред гласачите, на програмата на ТВ Протел беше одвоено 2 минути.

## СТРУМИЦА

### ТВ ИНТЕЛ

#### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Анализата е направена на централното информативно издание на ТВ Интел емитувано од 17 часот и 30 минути. Во рамките на предизборното претставување пред одржувањето на првиот круг од Претседателските избори, вкупно беа емитувани 1 час 46 минути и 49 секунди информативни прилози кои се однесуваат на изборите и на кандидатите во изборниот процес. Во вестите на оваа локална телевизија беше известувано за кампањите на четворицата кандидати за претседател на државата. Времето отстапено за информации за двете поголеми коалиции е речиси поделено, за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов во вестите беа одвоени 41 минути и 51 секунди, а за активностите на Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ се отстапени 30 минути и 45 секунди. Помалку се застапени Зоран Поповски, кандидатот за претседател на Коалицијата ГРОМ, со 1 минута и 55 секунди, а претседателскиот кандидат на ДПА, Илјаз Халими е присутен само во еден општ прилог кога се соопштени сите официјални кандидатури и според пресметката е застапен со 10 секунди.

ТВ Интел во вестите информираше и за активностите на ДИК во периодот кој е опфатен со анализата.

***Втор круг Претседателски избори***

Во истото издание на вестите, кое беше следено и во вториот круг од Претседателските избори, за 12-те дена кампања беа емитувани значително

зголемен обем на содржини поврзани со вториот круг на изборите за претседател и на Предвремените парламентарни избори, чие вкупно времетраење изнесува 4 часа, 19 минути и 6 секунди. Речиси идеално е поделено времето за активностите на двајцата кандидати кои останаа во трката за претседател. Активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за нејзиниот претседателски кандидат се присутни 1 час 36 минути и 34 секунди, а настапите на опозициската Коалиција предводена од СДСМ и на нејзиниот кандидат Стево Пендаровски, 1 час 37 минути и 32 секунди.

## РАДОВИШ

### ТВ ЕМИ

#### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Анализирани се вестите „Журнал“ емитувани во 18.30 часот во периодот од 24 март до 11 април. Во вестите се проследени информации за активностите на сите четири кандидати за претседател. Вкупното времетраење на прилозите во вестите поврзани со изборните случувања е 48 минути и 30 секунди. Во вкупното времетраење на прилозите посветени на изборите во Журналот на ТВ Еми, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и кандидатот за претседател, Ѓорге Иванов, се застапени со 21 минути и 2 секунди, за Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ одвоени се 13 минути и 32 секунди. За останатите двајца кандидати и за нивните активности емитувани се прилози во кои се присутни сите кандидати и времето се дели на по 4 минути и 12 секунди за Зоран Поповски и Коалицијата ГРОМ и исто толку за Илјаз Халими и за ДПА.

***Втор круг Претседателски избори***

За разлика од првиот круг, кога се присутни прилози за активностите на претседателските кандидати, за времетраењето на вториот предизборен циклус за Претседателските избори во Република Македонија во Журналот на ТВ Еми не се емитуваа прилози кои се однесуваат на активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и кандидатот за претседател, Ѓорге Иванов, и на Стево Пендаровски и Коалицијата предводена од СДСМ, кои ја продолжија кампањата по првиот спроведен круг на изборите.

## СВЕТИ НИКОЛЕ

### ТВ СВЕТ

#### ВЕСТИ

***Прв и втор круг Претседателски избори***

Локалната ТВ Свет од Свети Николе иако има редовно кратка информативна програма, во периодот за времетраењето на изборното медиумско претставување пред одржувањето на првиот и вториот круг од претседателските избори се определи да не емитува информативна програма, односно вести, а за активностите на претседателски кандидати и коалициите,

односно за партиите коишто застанаа зад нивните кандидатури да отстапи време за платено политичко рекламирање. Телевизијата за оваа одлука информираше со соопштение на својата програма пред започнувањето на изборното медиумско претставување.

## СТРУГА

## ТВ СПЕКТРА

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Изборниот процес во анализираните вести на локалната ТВ Спектра од с. Лабуништа, Струга, во изданието од 18 часот, е претставен преку 1 час, 1 минута и 45 секунди, информации посветени на изборите. Од вкупното времетраење, 52 минути и 25 секунди се отстапени за информации за активностите на претседателските кандидати и политичките субјекти што ги предложија. Простор во ова дневно-информативно издание во првиот круг од Претседателските избори, добиле сите четворица претенденти за претседателската функција и Коалициите, односно партиите кои ги предложиле. За активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и кандидатот за претседател, Ѓорге Иванов е одвоено 20 минути и 45 секунди. Следува Илјаз Халими и Демократска партија на Албанците со 13 минути и 10 секунди, Стево Пендаровски како кандидат на Коалицијата на СДСМ со 11 минути и 25 секунди и Зоран Поповски и Граѓанска опција за Македонија со 7 минути и 5 секунди.

Во вестите има исто така информации посветени на активностите на ДУИ, за бојкот на претседателските избори, односно за идејата на оваа партија за консензуален претседател на Република Македонија (5 минути и 20 секунди).

***Втор круг Претседателски избори***

Во периодот на изборна кампања во вториот круг од Претседателските избори се забележуваат значително помалку информации за претседателските избори во однос на првиот круг, иако вкупното времетраење на информациите кои се однесуваат на изборите изнесува 45 минути и 30 секунди, треба да се има предвид дека се поклопуваат двете кампањи, за претседателските и парламентарните избори и дека поголем дел од преостанатото време во вестите, посветено на изборите, се однесува на изборните активности на политичките партии во насока на Предвремените парламентарни избори. Информациите за кампањите на двајцата претседателски кандидати што ја продолжија изборната трка во вториот круг, се застапени со 24 минути и 27 секунди, од кои 16 минути и 14 секунди за актуелниот претседател и кандидат на владејачката коалиција, Ѓорге Иванов и 8 минути и 13 секунди за кандидатот на опозициската коалиција, Стево Пендаровски.

## ТВ КАЛТРИНА

### ВЕСТИ

***Прв и втор круг Претседателски избори***

Локалната ТВ Калтрина од Струга, иако секојдневно во редовниот термин од 18 часот емитува вести, тие се преземени од продукцијата на јавната Радио-телевизија на Република Албанија (Radio Televizioni Shqiptar - RTSH), а со оглед и дека проследуваат само општи информации за изборите во Република Македонија не можат да бидат анализирани како значајни за изборниот процес.

## <u>ТЕТОВО</u>

### ТВ АРТ

#### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Во првите 19 дена кампања од Претседателските избори, тетовската телевизија ТВ Арт, во анализираните централни вести од 19 часот, емитуваше вкупно 1 час 54 минути и 32 секунди информации поврзани со изборните случувања. Преовладуваа прилозите посветени на ДУИ - Демократска унија за интеграции, чија минутажа изнесува близу 40 проценти од вкупното времетраење на прилозите поврзани со изборите или 43 минути и 8 секунди. ДУИ немаше свој претседателски кандидат и одлучи да ги бојкотира изборите за претседател на Република Македонија, не застана зад ниту една кандидатура за претседател, а водеше кампања за консензуален претседател на Република Македонија. Голем дел од прилозите во кои субјект е ДУИ се однесуваат и на партиска конфронтација со ДПА. Од информациите за кампањите за претседателските кандидати и политичките субјекти коишто застанаа зад нивните кандидатури вкупно е отстапено 38 минути 28 секунди. Телевизијата известуваше за активностите на четворицата претседателски кандидати. Илјаз Халими од ДПА доби најголем простор во централното дневно-информативно издание на ТВ Арт, односно 23 минути и 29 секунди. Преостанатите тројца кандидати, во вестите беа застапени по следниот редослед: Коалицијата предводена од СДСМ и нејзиниот кандидат Стево Пендаровски 8 минути и 50 секунди, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот кандидат Ѓорге Иванов, 5 минути и 24 секунди и Коалицијата ГРОМ и Зоран Поповски незначителни 45 секунди.

***Втор круг Претседателски избори***

Во вторите 12 дена од кампањата за Претседателските избори, од вкупно 1 час 46 минути и 34 секунди информации за политичките изборни настани, само 10 минути и 25 секунди се поврзани со активностите на двете големи коалиции и на двајцата претседателски кандидати, Ѓорге Иванов (7 минути и 33 секунди) и Стево Пендаровски (2 минути и 52 секунди), коишто продолжија во вториот круг. Преостанатото време е посветено на другите изборни случувања за Претседателските, но и за Предвремените парламентарни избори, коишто во овој временски период, паралелно се одвиваа. За ДУИ, како и во првиот круг е издвоен најзначаен простор односно 53 минути и 52 секунди, што претставува повеќе од половина од вкупното

времетраење на информациите претставени во вестите. За ДПА се отстапени 20 минути и 24 секунди, за НДП – Националната демократска преродба 5 минути и 18 секунди и за ПДП 4 минути и 19 секунди.

**ИНТЕРВЈУА**

Во рамки на изданието на емисијата „Фокус“ од 01.04.2014 година во 17 часот е емитувано интервју со кандидатот на ДПА за претседател Илјаз Халими. Во интервјуто тој ја изложи својата изборна платформа и причините поради кои ја прифатил кандидатурата.

## <u>ВЕЛЕС</u>

## РА ГОЛДИ

### ВЕСТИ

***Прв круг Претседателски избори***

Една од ретките радиостаници што емитува секојдневно централно дневно-информативно издание насловено *Голди инфо*. Во првиот круг од Претседателските избори се емитувани мал обем информации поврзани со изборите, вкупно 33 минути за целината на изборниот процес. Емитувани се информации за тројца од претседателските кандидати и за нивните политички поддржувачи и тоа: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Ѓорге Иванов – 16 минути, за Коалицијата предводена од СДСМ и Стево Пендаровски – 6 минути и за ГРОМ и нејзиниот претседателски кандидат Зоран Поповски, 6 минути. Простор за четвртиот претседателски кандидат, Илјаз Халими и за неговата партија ДПА, не е одвоен во вестите.

***Втор круг Претседателски избори***

Релативно мал обем информации за изборниот процес се емитувани и во вториот круг, вкупно 42 минути. Главен акцент е ставен на локалните случувања на двете големи партии предводнички на коалициите, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, а помалку на нивните претседателски кандидати коишто влегоа во вториот изборен круг. Вкупното траење на информациите поврзани со кампањата на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Ѓорге Иванов е 25 минути, а за нивните политички противници, Коалицијата предводена од СДСМ и Стево Пендаровски, 13 минути.

# ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2014 ГОДИНА

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС (МРТ)

**├ МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА ┤**

## МРТ1

### ВЕСТИ

Во текот на кампањата за Предвремените парламентарни избори, беа емитувани вкупно 7 часа 15 минути и 12 секунди прилози во „Дневникот 2“ од 19:30 на МРТ1. Притоа, овој програмски сервис се придржуваше до законската обврска да обезбеди рамноправен пристап за учесниците во изборната кампања со тоа што квантитативно времето го подели во третина за настаните од земјата и светот, третина за опозициските партии, третина за кампањите на партиите од власта и одвои дополнително време за другите субјекти со потврдени пратенички листи (графички приказ 1).




Изборниот законик пропишува времето во третините да биде распределено согласно резултатите од претходните парламентарни избори, што МРТ1 во основа и го направи (графички прикази 2 и 3[21]).

[21] Кога се разгледуваат процентите дадени во графичките прикази 2, 3 и 4 треба да се има предвид дека, во првите 7 дена, парламентарната кампања се преклопи со првиот круг од Претседателските избори, поради што се појавуваат и времиња за СДУ, Илјаз Халими, Зоран Поповски и ГРОМ - како поддржувач на неговата кандидатура (различно од Коалиција ГРОМ како учесник во парламентарната кампања). Овде тие се прикажани поради потребата да се покаже целото време во третините, поради што се претставени и времињата од кампањите на Стево Пендаровски и Ѓорге Иванов.

**МРТ1 - Парламентарни: Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 2)**




**МРТ1 - Парламентарни: Субјекти во третината за опозицијата (гр. приказ 3)**




МРТ1 за изборните активности најчесто информираше преку новинарскиот жанр извештај. Прилозите се збирни за парламентарната и за претседателската кампања, со акцент на првата. Се известуваше и од митинзите и средбите со граѓани, и од прес – конференциите со обвинувања за корупција од СДСМ на сметка на лидерот на ВРМО ДПМНЕ и за демантите од владејачката партија. Имаше и прилози со поединечни изјави од носителите на листите со кандидати за пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во кои тие најавуваат проекти, а понекогаш се репризираа прилози за активностите на СДСМ од претходниот ден.

**МРТ1 - Парламентарни: Субјекти во дополнителното време (гр. приказ 4)**




**МРТ1 - Парламентарни: Субјекти во делот за дневни настани (гр. приказ 5)**




Првиот телевизиски сервис на МРТ одлучи да издвои и дополнително време за да информира за активностите на ВМРО НП, ПДП и трите коалиции – ГРОМ, за позитивна Македонија и Достоинство за Македонија (графички приказ 4).

Меѓу дневните настани (графички приказ 5), најголем дел беа прилози извештаи кодирани во методолошката категорија „без субјекти" (58 минути и 43 секунди), а кои се однесуваат на велигденските празнувања, други домашни теми, и на настани од светот. За активностите на власта беа одвоени 40 минути и 21 секунда, при што освен за редовните активности, се емитуваа прилози (на пример за новите инвестиции и вработувања) во кои позитивно се врамуваа активностите и политиките на Владата на теми поврзани со изборните ветувања на ВМРО-ДПМНЕ (за кои се говори во извештаите од кампањските активности). Уште една категорија со значајно време е „други субјекти" (речиси 37 минути), која се однесува на активности и ставови на невладини

организации, меѓународни организации, странски амбасадори во земјава, експерти и сл.

| Субјект | Обраќања | Траење |
| --- | --- | --- |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 38 | 00:31:05 |
| Коалиција СДСМ | 32 | 00:21:56 |
| ДПА | 19 | 00:05:28 |
| ДУИ | 23 | 00:07:54 |
| Коалиција ГРОМ | 8 | 00:03:14 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 10 | 00:04:04 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 8 | 00:02:54 |
| НДП | 6 | 00:01:05 |
| ВМРО НП | 7 | 00:02:45 |
| ПДП | 1 | 00:00:16 |
| | | |
| Влада на РМ | 29 | 00:11:25 |
| Органи на државна управа | 4 | 00:01:09 |
| Локална самоуправа | 2 | 00:00:35 |

**МРТ1 (парламентарни) директни обраќања (гр. приказ 6)**

Директните обраќања, кои се квалитативен индикатор, покажуваат дека претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ директно говореле 38 пати што вкупно траело 31 минута, претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ – 32 пати (безмалку 22 минути), а цитати со должина од над 10 минути има уште Владата - 29 обраќања со околу 11 ипол минути (графички приказ 6).

**ДЕБАТИ**

За политичкиот амбиент, кампањата и очекувањата, во „Од наш агол“ расправаа професорката Иванка Додовска и новинарката аналитичарка Слаѓана Димишковска. Премиерно емитувано на 15, со репризи на 16 и на 21 април.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Во најавата за информативната емисија „Од наш агол“ на 22 април, новинарката посочи дека странските инвестиции како тема се често споменувани од политичарите, посебно во изборен период, и поради тоа ова издание беше посветено на странските инвестиции, искуствата и потребата да се влијае врз регулативата. Во емисијата (репризирана и наредниот ден) гостуваа првиот човек на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Виктор Мизо и Јован Поповиќ (менаџер во компанијата „Витек“ дел од групацијата „Теknохозе“) и Ајдован Адемовски (почесен конзул на Република Турција и домашен инвеститор).

**БЕСПЛАТНО ПОЛИТИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

Можноста за бесплатно политичко претставување на МРТ1 ја искористија осуммина учесници во изборната кампања за Парламентарните избори. Беше емитувано во текот на 5 дена, секој пат почнувајќи петнаесет до дваесет минути пред 17 часот.

Претставувањето на носителите на шесте листи на Коалицијата предводена од СДСМ беше на 17 април. Петре Шилегов, Рената Дескоска, Стојко Пауновски, Марјанчо Николов, Васко Ковачевски и Хари Локвенец имаа по околу една ипол минута.

Гоце Делчев Тодев од Коалицијата Достоинство за Македонија имаше 15-минутно бесплатно претставување на 18 април.

На 23 април свои обраќања до гласачите во траење од по десетина минути имаа Сашо Ивановски од Народно движење за Македонија и Стевчо Јакимовски од Коалицијата ГРОМ.

Тројца од носителите на листи на Коалицијата за позитивна Македонија се претставија на 24 април. Љупчо Зиков, Владо Бучковски и Илија Николовски говореа секој по околу 3 минути. Истиот ден, десетминутно обраќање до гласачите имаше Љубчо Георгиевски од ВМРО НП.

На 25 април имаше две претставувања кои траеја по десетина минути. Едното беше на Бранко Јаневски од Социјалдемократската партија на Македонија, а другото на Мухамед Халили од Партијата за демократски просперитет.

## МРТ2 Програма на албански јазик

**ВЕСТИ**

Вкупната должина на примерокот од вестите на МРТ2 на албански јазик во 18:30, во периодот на парламентарната кампања (5 до 25 април) изнесува 9 часа 55 минути и 49 секунди. Во основа е обезбеден рамноправен пристап за учесниците во изборната кампања и дадено е дополнително време за вонпарламентарните партии, иако за дневните настани е одделено нешто помалку време (графички приказ 7).

**МРТ2 на албански - Парламентарни: Распоред на времето во вестите (гр. приказ 7)**




Во третините наменети за информирање за активностите од кампањите на власта и на опозицијата, времето е распоредено инверзно од Првиот

програмски сервис на МРТ, давајќи им поголема видливост на партиите на Албанците во Македонија (графички прикази 8 и 9[22]).

**МРТ2 на албански - Парламентарни: Субјекти во третината за опозиција (гр. приказ 8)**




**МРТ2 на албански - Парламентарни: Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 9)**




Во дополнителното време, телевизиската Редакција на албански јазик, информираше за настани од кампањите на ПДП - околу 14 минути, Коалицијата ГРОМ - околу 3 минути и за ВМРО НП - околу 2 минути (графички приказ 10).

Што се однесува до времето за дневните настани, половина од прилозите од оваа третина се вброени во категоријата „без субјект“, каде освен настаните од регионот и светот, влегуваат прилозите за одбележувањето на Велигден, одбележувањето на роденденот на пророкот Мухамед, штети од невремето, судски случаи и други неизборни теми (графички приказ 11). Позначајно време (33 ипол минути) има во категоријата „други субјекти“, а се однесува на активности на невладини организации и домашни и меѓународни организации.

**МРТ2 на албански - Парламентарни: Субјекти во дополнителното време (гр. приказ 10)**




**МРТ2 на албански - Парламентарни: Субјекти во дневни настани (гр. приказ 11)**




22 И овде важат напомените од претходната фуснота, дека во графичките прикази се појавуваат и четворицата претседателски кандидати поради преклопувањето на дел од првиот круг и целиот втор круг од претседателската кампања со онаа за парламентарните избори од една страна и потребата да се покаже целото време заради прикажување на третините и процентуалната застапеност на субјектите во нив, од друга страна.

Директните обраќања, како квантитативен индикатор кој овозможува квалитативна оценка, покажува дека, можност директно да бидат чуени од публиката најчесто имале претставниците на ДУИ – 51 пат со времетраење од безмалку 1 час и 35 минути што е за еден час повеќе од речиси 37 иполте минути на ДПА, која била изворно цитирана во прилозите на МРТ2 30 пати (графички приказ 12).

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| ДУИ | 51 | 01:34:57 |
| ДПА | 30 | 00:37:21 |
| НДП | 17 | 00:09:32 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 16 | 00:07:45 |
| Коалиција СДСМ | 16 | 00:07:59 |
| | | |
| Влада на РМ | 4 | 00:01:12 |
| Органи на државна управа | 4 | 00:01:20 |
| Локална самоуправа | 8 | 00:03:29 |

**МРТ2 на албански (парламентарни) директни обраќања (гр. приказ 12)**

**ДЕБАТИ**

Редакцијата на албански јазик на МРТ2 направи напор да организира неколку дебати со кандидатите за пратеници, но успеа да реализира една.

Емисијата што беше замислена како соочување на ставовите на кандидатите од ДУИ, ДПА и НДП во Изборната единица 2, беше реализирана како дуел меѓу Џезаир Шаќири од НДП и Реџаил Исмаили од ДУИ, бидејќи поканата не ја прифатил Орхан Ибрахими од ДПА. Премиерно прикажана на 18 април и репризирана утредента.

**ИНТЕРВЈУА**

Две од емисиите замислени како дебати, беа реализирани како интервјуа поради неприсуството на поканетите гости.

На 15 април, гостин во студио е Бехиџудин Шехеп кандидатот за пратеник во Изборната единица 3 од редовите на ДУИ, со кого се разговара за плановите на ДУИ во оваа изборна единица. Поканата не ја прифатил кандидатот од редовите на ДПА. Интервјуто е репризирано на 16 април.

Интервју по форма е и емисијата од 17 април, во која политичката платформа на ДУИ ја презентира кандидатот за пратеник од оваа партија во Изборната единица 5 - Рамиз Мерко. Иако биле поканети, не учествуваат Зија Јонузи од ДПА и Ардиан Демири од НДП. Гледачите можеле емисијата да ја погледнат повторно следниот ден.

## МРТ2 Програма на турски јазик

### ВЕСТИ

Телевизиските вести на турски јазик на Јавниот сервис, емитувани во 17:30 делниците и во 15:30 во деновите од викендот, во периодот на парламентарната кампања траат вкупно 5 часа 23 минути и 29 секунди.

Се забележува напор да им се обезбеди рамноправен пристап на учесниците во изборната кампања од власта и од опозицијата, и издвоено е дополнително време за вонпарламентарните партии, но повеќе време во дневно – информативните изданија им се посветени на дневните новости (графички приказ 13).




Уредувачката политика на Редакцијата е таква што редовно информира за активностите и ставовите на партиите на Турците во Македонија настрана од прилозите за коалициите чии делови се тие. Имено, околу петтина од времето во обете третини е посветено на информации за Демократската партија на Турците во Македонија и за Партијата за движење на Турците (графички прикази 14 и 15[23]).







Во дополнителното време (графички приказ 16), емитувани се прилози за Коалицијата ГРОМ (околу 17 минути), за Коалицијата за позитивна Македонија (околу 2 минути) и за ВМРО НП (1 минута и 40 секунди).

[23] Ибид.

**МРТ2 на турски - Парламентарни: Субјекти во дополнително време (гр. приказ 16)**




**МРТ2 на турски - Парламентарни: Субјекти во дневни настани (гр. приказ 17)**




Најголемиот дел од времето во третината за дневните настани (графички приказ 17), заедно со новостите од светот го сочинуваат и информации од земјава кои се однесуваат на одбележување значајни датуми, соработка на стопански комори, настани од културата и сл. Овој програмски сервис речиси да не ја користи опцијата за директно обраќање, која, од политичките партии, во три наврати и била овозможена на ДПТ, што вкупно траело 4 минути и 4 секунди.

**ИНТЕРВЈУА**

Во информативната емисија „Кон изборите" редакцијата на МРТ2 на турски јазик реализираше три интервјуа со претставници на партиите на Турците во Република Македонија.

На 8 април гости во студиото беа Енес Ибрахим, кандидат за пратеник во Изборната единица 3 и Максуд Али, кандидат за пратеник во Изборната единица 5, обајцата од Партијата за движење на Турците која е дел од Коалицијата предводена од СДСМ.

Интервју со претседателот на Партијата за движење на Турците Аднан Ќахил е емитувано на 17 април.

На 25 април реализирано е и интервју со претседателот на Демократската партија на Турците Кенан Хасип, кандидат за пратеник на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во изборната единица 6.

## Прв програмски сервис на Македонското радио (Радио Скопје)

### ВЕСТИ

Во Периодот меѓу 5 и 25 април, Радио Скопје во дневно - информативната програма „Радио 22“ им обезбеди рамноправен пристап на учесниците во изборната кампања за Предвремените парламентарни избори поделувајќи го времето од 4 часа и 36 секунди во третини и издвојувајќи дополнително време за вонпарламентарните партии (графички приказ 18).

**МР1 - Парламентарни: Распоред на времето во вестите (гр. приказ 18)**




Почитувана е обврската за процентуалната застапеност на политичките субјекти и во третината од вестите посветена на кампањските активности на опозицијата (графички приказ 19[24]) и во онаа за партиите од власта (графички приказ 20).

**МР1 - Парламентарни: Субјекти во третина за опозиција (гр. приказ 19)**




**МР1 - Парламентарни: Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 20)**




[24] Ибид.

Во дополнителното време за известување за активностите на други учесници во изборната кампања, Радиото емитуваше прилози за коалициите ГРОМ, за позитивна Македонија и достоинство за Македонија и за ВМРО НП (графички приказ 21). Врз застапеноста на секоја од нив се рефлектира интензитетот на нејзините кампањски активности.

**МР1 - Парламентарни: Субјекти во дополнителното време (гр. приказ 21)**




**МР1 - Парламентарни: Субјекти во дневни настани (гр. приказ 22)**




Во третината за дневните настани, речиси еднакво (со по околу 18 минути) се застапени извештаи за активностите на Владата и за работата на ДИК и на другите органи надлежни за спроведување на некој аспект од изборите. Во делот на времето во кое се известуваше за другите субјекти влегуваат прилозите за домашни и странски невладини организации и за меѓународни институции, а најголемиот дел од времето е во методолошката категорија „без субјекти“ која ги опфаќа прилозите на неизборни теми (графички приказ 22).

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 17 | 00:12:08 |
| Коалиција СДСМ | 15 | 00:12:10 |
| ДУИ | 16 | 00:05:28 |
| ДПА | 16 | 00:03:10 |
| НДП | 8 | 00:01:02 |
| ВМРО НП | 9 | 00:03:18 |
| Коалиција ГРОМ | 13 | 00:03:51 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 10 | 00:03:42 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 5 | 00:01:48 |
| | | |
| Влада на РМ | 14 | 00:07:58 |
| Органи на државна управа | 5 | 00:02:24 |

**МР1 (парламентарни) директни обраќања (гр. приказ 23)**

Што се однесува до квалитативните аспекти, Радиото имаше неутрален тон кон сите субјекти. За парламентарната кампања на двете најголеми коалиции – онаа предводена од ВМРО-ДПМНЕ и онаа предводена од СДСМ, известуваше концентрирајќи се на митинзите и средбите со граѓани. Секојдневно го ротираше редоследот на емитување на извештаите за активностите на партиите од опозицијата и од власта. Прилозите беа професионално изработени, опремени со цитати од политичарите (директни обраќања) кои соодветно го илустрираат настанот и чија должина е пропорционална со вкупното време издвоено за учесниците во изборната кампања (графички приказ 23).

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Во утринската емисија „Пулсот на Македонија“, при јавувањата на дописниците од другите градови, понекогаш се информираше и за партиски активности, како на пример за донирањето постелнина и играчки на детското одделение во кумановската болница од страна на Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ (17 април) и промоцијата на стихозбирката од светски познатиот музичар Боб Дилан организирана од форумот на ВМРО-ДПМНЕ на Велес (21 април).

**БЕСПЛАТНО ПОЛИТИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

Првата програма на Македонското радио емитуваше бесплатно политичко претставување (реализирано на МРТ1) за седум учесници во изборната кампања за парламентарните избори, согласно редоследот од ждребувањето на Државната изборна комисија. Со почеток околу 17 часот и 30 минути, на 17, 23, 24 и 25 април слушателите на Радио Скопје можеа да ги чујат претставувањата на Петре Шилегов, Рената Дескоска, Стојко Пауновски, Марјанчо Николов, Васко Ковачевски и Хари Локвенец од Коалицијата предводена од СДСМ; Сашо Ивановски од Народно движење за Македонија; Стевчо Јакимовски од Коалицијата ГРОМ; Љупчо Зиков, Владо Бучковски и Илија Николовски од Коалицијата за позитивна Македонија; Љубчо Георгиевски од ВМРО НП; Бранко Јаневски од Социјалдемократската партија на Македонија и Мухамед Халили од Партијата за демократски просперитет.

## Трет програмски сервис на Македонското радио – Програма на албански јазик

**ВЕСТИ**

Изданијата на дневно – информативната емисија во 21 часот на Програмата на албански јазик на Македонското радио емитувани во периодот од 5 до 25 април 2014 изнесуваат вкупно 8 часа 32 минути и 29 секунди.

Редакцијата настојувала да го подели времето во третини успевајќи да им обезбеди рамноправен пристап на учесниците во изборната кампања и издвојувајќи дополнително време за вонпарламентарните партии, но има нешто помало време за дневните настани (графички приказ 24).

**МР на албански - Парламентарни: Распоред на времето во вестите (гр. приказ 24)**




Распределбата на времето е во рамките на законското барање за следење на резултатите од претходните парламентарни избори, при што се применува инверзната логика – повеќе време за партиите на Албанците во Македонија, имајќи ја предвид целната публика на радиопрограмата на албански јазик на Македонското радио (графички прикази 25 и 26[25]).

**МР на албански - Парламентарни: Субјекти во третината за партии од власта (гр. приказ 25)**




**МР на албански - Парламентарни: Субјекти во третината за опозиција (гр. приказ 26)**




Во дополнителното време (графички приказ 27) известувано е за ПДП (околу 6 ипол минути) и за Колицијата ГРОМ (1 минута и 11 секунди). Меѓу дневните настани (графички приказ 28), најзастапени се новостите од регионот и од светот, како и теми од земјава кои не се поврзани со изборите (активности на стопанска комора, одбележување значајни датуми, активности на екологистите, проекти на странски организации итн.)

[25] Ибид.

**МР на албански - Парламентарни: Субјекти во дополнителното време (гр. приказ 27)**




**МР на албански - Парламентарни: Субјекти во дневни настани (гр. приказ 28)**




Најчесто, и во најголем обем, директно се обраќале претставниците на ДУИ и на ДПА: првите 26 пати со траење од околу 47 ипол минути, а вторите 21 пат со околу 32 минути (графички приказ 29).

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| ДПА | 21 | 00:32:15 |
| ДУИ | 26 | 00:47:38 |
| НДП | 15 | 00:07:56 |
| ПДП | 1 | 00:00:18 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 14 | 00:07:17 |
| Коалиција СДСМ | 15 | 00:08:20 |
| Коалиција ГРОМ | 1 | 00:00:25 |
| | | |
| Влада | 2 | 00:01:14 |
| Локална самоуправа | 2 | 00:00:45 |

**МР на албански јазик (парламентарни) д. обраќања (гр. приказ 29)**

**ДЕБАТИ**

На 22 април се емитуваше дебатата меѓу Џезаир Шаќири од НДП и Реџаил Исмаили од ДУИ, за која поканата не ја прифатил Орхан Ибрахими од ДПА, а беше реализирана на МРТ2 на 18 април.

**ИНТЕРВЈУА**

Редакцијата на албански јазик на Македонското радио емитуваше едно сопствено и едно преземено интервју.

Од МРТ2 е преземен разговорот со кандидатот за пратеник од ДУИ во Изборната единица 5 - Рамиз Мерко, кој беше планиран како дебата, но на поканите не се одзвале Зија Јонузи од ДПА и Ардиан Демири од НДП. Емисијата е емитувана на 18 април.

На 25 април, на Програмата на албански јазик на Македонското радио реализирано е интервју со кандидатката за пратеничка од ДУИ во Изборната единица 6 Ермира Мехмети.

## Трет програмски сервис на Македонското радио – Програма на турски јазик

### ВЕСТИ

При известувањето за активностите на учесниците во парламентарната кампања, Програмата на турски јазик на Македонското радио во вестите емитувани делнично во 15, а за викенд во 14 часот, не се раководеше од законското барање да обезбеди рамноправен пристап. Времето од вкупно 4 часа 33 минути и 14 секунди не е поделено во третини, туку има далеку повеќе прилози за дневните настани отколку за изборите (графички приказ 30).




Известувано е за кампањите на парламентарните субјекти со листи за кандидати за пратеници, при што посебно е водено сметка да се информира за Демократската партија на Турците во Македонија и за Партијата за движење на Турците, како партии на Турците во Македонија, одвоено од прилозите за пошироките коалиции кон кои припаѓаат (графички прикази 31 и 32[26]). За Демократската партија на Турците во Македонија се одвоени 25 минути и 20 секунди, а за Партијата за движење на Турците 23 минути и 42 секунди.

[26] Ибид.

**МР на турски - Парламентарни: Субјекти во третина за опозиција (гр. приказ 31)**




**МР на турски - Парламентарни: Субјекти во третина за партии од власта (гр. приказ 32)**




Од другите учесници во кампањата, известувано е за Коалицијата ГРОМ 4 минути и 12 секунди, за Коалицијата за позитивна Македонија – 1 минута и 17 секунди, за ВМРО НП - 54 секунди и за Коалицијата Достоинство за македонија – 15 секунди (графички приказ 34). Сервисот не ја користеше можноста за директно обраќање.

**МР на турски - Парламентарни: Субјекти во дополнително време (гр. приказ 33)**




**МР на турски - Парламентарни: Субјекти во дневни настани (гр. приказ 34)**




## ИНТЕРВЈУА

Редакцијата на турски јазик на Македонското радио упатила покани за интервју до лидерите на Партијата за движење на Турците Аднан Ќахил (од Коалицијата на СДСМ) и на Демократска партија на Турците на Македонија Кенан Хасип (од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ).

На поканата се одзвал Кенан Хасип и разговорот со него е реализиран на 25 април.

## ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

Во емисијата „Отворен микрофон“ на 19 април гостуваат кандидатите за пратеници Максуд Али и Енес Ибрахим од Партијата за движење на Турците, која е дел од Коалицијата на СДСМ и Џанер Исмаил кандидат од Демократската партија на Турците, коалициски партнер на ВМРО-ДПМНЕ. Сите тројца имаат можност да ги презентираат изборните програми.

## ТВ АЛСАТ – М

### ВЕСТИ

Прилозите на Алсат – М кои директно или индиректно се однесуваа на Парламентарните избори претставуваат 9 часа 27 минути и 45 секунди од времето во дневно – информативните изданија од 19 и од 23 часот, емитувани во периодот од 5 до 25 април. Телевизијата не го почитуваше доследно принципот на пропорционалност според бројот на потврдени кандидатски листи. Нешто повеќе време има за партиите на Албанците во Македонија со најголем интензитет на кампањата - ДУИ (околу 1 час и 58 минути) и ДПА (околу 1 час и 25 минути) по што следуваат Коалицијата на СДСМ (околу 1 час и 16 минути) и Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (околу 1 час и 12 минути), кои исто така имаат релативно изедначен интензитет на активности (Табела 1). За дел од учесниците во изборната кампања, медиумот воопшто не објави информации.

За активностите од кампањите информираше преку извештаи со почитување на професионалните стандарди, иако најмногу шанси директно да ѝ се обратат на публиката имаа претставници на ДУИ – 75 пати во траење од 55 минути, а потоа ДПА – 60 обраќања или 38 минути, па двете најголеми коалиции, онаа на СДСМ – 54 пати или 33 минути и онаа на ВМРО-ДПМНЕ 43 пати или 23 ипол минути (Табела 2).

**ТВ Алсат – М (парламентарни): Субјекти во вести** **Табела 1**[27]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 01:15:58 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:11:42 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 01:25:04 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 01:58:13 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:15:11 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:17:17 |
| ЛДП – Либерално демократска партија | 00:01:50 |
| Влада на РМ | 00:43:04 |

[27] Кампањата за Предвремените парламентарни избори се поклопи со дел од првиот круг и со целиот втор круг од Претседателските избори. Податоците за четворицата претседателски кандидати се коментирани во делот од извештајот посветен на претседателските избори. Поради тоа, кај сите радиодифузери, во извештаите за парламентарните избори, графичките прикази на времињата за субјектите во вестите и за директните обраќања се состојат од податоци само за учесниците во парламентарната кампања.

| | |
|---|---|
| Органи на државната управа | 00:13:11 |
| Локална самоуправа | 00:08:16 |
| ДИК и други органи | 00:24:29 |
| Други субјекти | 01:04:30 |
| Без субјекти | 00:28:16 |
| | **Вкупно = 09:27:01** |

Критички и во низа им приоѓаше на темите околу кои се водеше главната дебата и меѓу коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ и меѓу ДУИ и ДПА. Притоа се сопоставуваат ставовите на партиите и се консултираат различни експерти (прилозите со „други субјекти“ сочинуваат 1 час и 4 ипол минути од примерокот).

**ТВ Алсат-М (парламентарни): Директни обраќања** **Табела 2**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 54 | 00:33:14 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 43 | 00:24:35 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 60 | 00:38:04 |
| ДУИ- Демократска унија за интеграции | 75 | 00:55:00 |
| НДП – Национална демократска преродба | 12 | 00:08:39 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 8 | 00:07:01 |
| Влада на РМ | 22 | 00:11:53 |
| Органи на државната управа | 3 | 00:00:41 |
| Локална самоуправа | 6 | 00:03:38 |
| | | **Вкупно = 03:02:45** |

## ИНТЕРВЈУА

Во емисијата „Патот кон...“, премиерно емитувана на 17 април, а повторно прикажана на 18 и 19 април, гостува потпретседателот на СДСМ Дамјан Манчевски. На 24 април (репризно утредента), во издание од оваа информативна емисија гостува претседателот на ВМРО НП Љубчо Георгиевски. На 25 април, во „Патот кон...“ е интервјуиран Али Ахмети, лидерот на ДУИ.

Разговор поврзан со новинарското известување во контекст на изборите е реализиран со новинарот Александар Чомовски во емисијата „15 Минути“ емитувана на 23 и репризирана на 24 април.

## ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

Во неколку изданија на емисиите „Во центар“ и „Економски магазин“ Алсат – М Телевизија обработуваше аспекти од изборниот процес.

Информативната емисија со документаристички пристап „Во центар“ од 15 април (репризи на 16 и 20 април) ја разгледува важноста на гласовите на

дијаспората за изборите. Во неа гостуваа Тодор Петров, генералниот секретар на Светскиот македонски конгрес и Васил Стерјовски генерален секретар на партијата на Македонците во Република Албанија Македонска алијанса за европска интеграција. На посреден начин до изборите допира и „Во центар“ од 22 април (повторно прикажано на 23 април) во која за проектот „Скопје 2014“ се зборува со архитектите Мирослав Грчев и Вангел Божиновски.

Економските мерки во изборните програми се предмет на анализата на Марјан Николов од Центарот за економска анализа и професор Марјан Петрески, гости во изданието на „Економски магазин“ од 21 април (репризирано на 22 и двапати на 23 април).

**ПРОГРАМИ ШТО НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО ИЗБОРИТЕ**

На 15 април, гостинка во емисијата „Да готвиме заедно“ е Ермира Мехмети, кандидатка за пратеничка од ДУИ.

## ТВ АЛФА

**ВЕСТИ**

Од 5 до 25 април, ангажманот на информативната редакција на ТВ Алфа, за прилозите од Предвремените парламентарни избори, емитувани во двете централни изданија на вестите, резултираше со вкупно време од – 10 часа 48 минути и 14 секунди. Телевизијата не го почитуваше принципот на пропорционалност според бројот на потврдени кандидатски листи за пратеници. Од сите учесници во изборната кампања, најмногу информативно време привлекоа активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 3 часа 44 минути и 42 секунди, а потоа следува минутажата за редовните активности на Владата и најавите за нови странски инвестиции – 1 час 40 минути и 9 секунди. За овие активности, ТВ Алфа најчесто известуваше преку фактографските жанрови – вест и извештај, но и преку разговори и интервјуа - со претставници на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, со градоначалници од редовите на Партијата, или со министри чиј ресор е економијата.

Во однос на другите учесници во изборниот процес, повидлива медиумска присутност имаа – СДСМ и Коалицијата – 45 минути и 59 секунди; ДУИ – 19 минути и 8 секунди и ДПА – 13 минути и 9 секунди.

Анализата на резултатите од првиот круг за претседателските избори, прогнозите и експертските согледувања за истражувањата на јавното мислење, како и коментарите на медиумот - за централна тема ја имаат споредбата на изборните платформи на спротивставените коалиции – на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, и на опозициската СДСМ. Минутажата за овој тематски фокусиран, компаративен медиумски пристап, опфатена е под статистичката ставка – „други субјекти“, а изнесува – 2 часа 37 минути и 6 секунди. Во тие аналитички рамки за основната коментаторска тема, недвојбено е покажан – и визуелно и наративно - експлицитен негативен редакциски став во однос на опозициската опција. Илустративни за оваа оценка се прилозите од - 18 април, насловени: „Македонија бира меѓу концептите на отчетност и проекти, спроти нападите и дисквалификациите“, „Конкретни 2046 проекти против воопштени фрази за средната класа“; потоа прилогот од 19 април: „Партиски програми: 387 наспроти 96 страници – конкретни проекти наспроти општи ветувања“, и прилогот од 25 април, со наслов: „Црно фаталистичко сценарио на Заев за уривање на изборите во недела“.

**ТВ Алфа (парламентарни): Субјекти во вести** **Табела 3**[28]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:45:59 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 03:44:42 |
| Коалиција ГРОМ | 00:08:24 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:13:09 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:19:08 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:02:42 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:02:35 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:00:48 |
| Демократски сојуз | 00:05:38 |
| | |
| Влада на РМ | 01:40:09 |
| Органи на државната управа | 00:32:46 |
| Локална самоуправа | 00:04:20 |
| ДИК и други органи | 00:23:57 |
| Други субјекти | 02:37:06 |
| Без субјекти | 00:03:44 |
| Претседател на РМ | 00:02:18 |
| Собрание на РМ | 00:00:49 |
| | **Вкупно = 10:48:14** |

Повеќе од половина од времето во вестите отстапено за промоција на изборната платформа и на програмата на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, ТВ Алфа го илустрираше со директни обраќања, односно со вкупно - 118 аудиовизуелни цитати од политичките поенти искажани пред потенцијалното гласачко тело, опфатени во време од - 2 часа 9 минути и 16 секунди. Оттаму, нагласениот информативен контраст при известувањето за активностите на другите учесници во изборната кампања, го прикажуваат и значително помалите минутажи за директното обраќање на: СДСМ и Коалицијата – 19 минути и 48 секунди; ДУИ – 7 минути и 47 секунди, ДПА – 5 минути и 52 секунди, и ГРОМ и Коалицијата – 4 минути и 9 секунди.

**ТВ Алфа (парламентарни): Директни обраќања** **Табела 4**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 118 | 02:09:16 |
| Коалиција СДСМ | 37 | 00:19:48 |
| ДПА | 11 | 00:05:52 |
| Коалиција ГРОМ | 8 | 00:04:09 |
| ДУИ | 14 | 00:07:47 |

[28] Ибид.

| | | |
|---|---|---|
| Коалиција за позитивна Македонија | 3 | 00:01:39 |
| ВМРО НП | 2 | 00:01:11 |
| Демократски сојуз | 1 | 00:05:38 |
| | | |
| Влада на РМ | 45 | 00:18:30 |
| Локална самоуправа | 5 | 00:02:33 |
| Органи на државната управа | 20 | 00:16:20 |
| Претседател на РМ | 2 | 00:00:42 |
| Собрание на РМ | 2 | 00:00:34 |
| ДИК и други органи | 11 | 00:06:58 |
| Други субјекти | 3 | 00:06:24 |
| | | **Вкупно = 03:47:21** |

## ТВ КАНАЛ 5

### ВЕСТИ

Од вкупно – 13 часа 47 минути и 49 секунди, колку што ТВ Канал 5 за периодот од 5 до 25 април продуцираше информативни прилози во двете свои изданија од 18 и од 23:20 часот, доминантна минутажа од - 5 часа 11 минути и 45 секунди опфаќаат новинарските – извештаи, разговори и интервјуа, со кои беше покривана кампањата на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата. Уредувачкото внимание, и информативно и коментаторски, во двата централни дневника беше насочено кон подвлекување силен споредбен контраст помеѓу изборните програми на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, што се покажува и преку времето отстапено за информирање од изборните активности на лидерот на опозицијата – 1 час 2 минути и 3 секунди, но и преку редакциските коментари – негативни за политиките на СДСМ. За анализа и за прогноза во врска со изборниот процес (новинарски и експертски ставови, презентација на истражувања на јавното мислење, и слично) ТВ Канал 5 посвети вкупно – 3 часа 8 минути и 19 секунди.

Од другите учесници во изборниот процес, позначително време во двете анализирани изданија на централните информативни емисии им е отстапено на – ДУИ – 25 минути и 42 секунди, и на ДПА – 19 минути и 14 секунди. За редовните активности на Владата и за најавата нови странски инвестиции, беа одвоени – 1 час 40 минути и 32 секунди, а работата на органите на државната управа беше опфатена преку новинарски прилози со времетраење од – 51 минута и 45 секунди.

**ТВ Канал 5 (парламентарни): Субјекти во вести Табела 5**[29]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:02:03 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 05:11:45 |

[29] Ибид.

| | |
|---|---|
| Коалиција ГРОМ | 00:19:32 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:19:14 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:25:42 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:02:30 |
| СДУ – Социјалдемократска унија | 00:00:32 |
| | |
| Влада на РМ | 01:40:32 |
| Органи на државната управа | 00:51:45 |
| Локална самоуправа | 00:04:16 |
| ДИК и други органи | 00:17:05 |
| Други субјекти | 03:08:19 |
| Без субјекти | 00:19:23 |
| Претседател на РМ | 00:02:56 |
| Собрание на РМ | 00:02:15 |
| | **Вкупно = 13:47:49** |

Новинарскиот приод кон изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – да се известува со класични новинарски извештаи, но и преку разговори и интервјуа со носителите на организираниот настап пред гласачкото тело, резултираше со – 116 директни обраќања (аудиовизуелни цитати – политички поенти од политичката платформа), во траење од – 3 часа 19 минути и 25 секунди, наспроти класичниот известувачки приод кон изборните акценти од кампањата на СДСМ и Коалицијата – 41 директно обраќање, односно - 27 минути и 15 секунди. Во овие рамки, 25-те директни обраќања на ДУИ се прикажани преку – 14 минути и 19 секунди, а 22-те директни обраќања на ДПА преку – 11 минути и 2 секунди.

**ТВ Канал 5 (парламентарни): Директни обраќања** **Табела 6**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 116 | 03:19:25 |
| Коалиција СДСМ | 41 | 00:27:15 |
| ДПА | 22 | 00:11:02 |
| Коалиција ГРОМ | 15 | 00:13:30 |
| ДУИ | 25 | 00:14:19 |
| ПДП | 2 | 00:00:56 |
| СДУ | 1 | 00:00:46 |
| | | |
| Влада на РМ | 51 | 00:32:37 |
| Локална самоуправа | 4 | 00:00:56 |
| Органи на државната управа | 33 | 00:14:30 |
| Претседател на РМ | 2 | 00:00:32 |

| Собрание на РМ | 2 | 00:00:32 |
|---|---|---|
| | | **Вкупно = 05:16:20** |

**ДЕБАТИ**

Во изданието на „Миленко Неделковски Late Night Show“ од 25 април, предвечерието на изборниот молк од вториот круг за Претседателските избори, односно пред гласањето за Предвремените парламентарни избори, компарација на политиките на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и на опозициската СДСМ дадоа новинарите – Мирка Велиновска и Дарко Јаневски.

**ИНТЕРВЈУА**

Преку формата - колективно интервју, во актуелно-информативната емисија „Миленко Неделковски Late Night Show“, со траење од два ипол часа, на 19 април беа претставени Никола Тодоров, Влатко Ѓорчев, Антонио Милошоски и Гордана Јанкуловска, носителите на пратеничките листи од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата. Емисијата е репризирана на преминот од 22 во 23 април. Водителот посочува дека официјално биле поканети и Зоран Заев, лидерот на опозициската СДСМ и носителите на пратеничките листи од опозициската Коалиција, но неговата покана била – „игнорирана – ни потврдена, ни одбиена“.

## СИТЕЛ

**ВЕСТИ**

Дваесетте дена – од 5 до 25 април - на кампањата за Предвремените парламентарни избори, ТВ Сител новинарски ги проследи со вкупна минутажа од – 13 часа 5 минути и 46 секунди. Уредувачкиот фокус на ова информативно време, распоредено во ТВ дневниците од 19 и од 23:15 часот, беше насочен кон изборните платформи на двете спротивставени коалиции – на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, застапена со – 5 часа 36 минути и 12 секунди, и на опозициската СДСМ, застапена со – 32 минути и 44 секунди. Драстично поголемата минутажа во прилог на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата се должи на начинот на кој се известуваше за неа – покрај класичните извештаи од митинзите, политичките поенти на оваа коалиција беа презентирани и преку разговори и интервјуа со раководството на ВМРО-ДПМНЕ (емитувани преку директно вклучување во ТВ дневниците), или со градоначалници од редовите на Партијата, потоа преку прилози од споени изјави на носителите на пратеничките листи во изборните единици, и со извештаи од прес-конференции на кои се промовираа делови од изборната програма насловена „Проверено“.

Позначителна минутажа, во двата централни ТВ дневника, составена од класични извештаи за партиските/коалициските изборни активности, добија и Коалицијата ГРОМ – 19 минути и 8 секунди, ДПА – 19 минути и 27 секунди, и ДУИ – 22 минути и 49 секунди.

Важно место, и како минутажа и како приоритетна позиција на прилозите во структурата на информативната целина, заземаа известувањата за редовните активности на Владата, како и најавите за странски инвестиции во различни сфери од македонската економија – 1 час 34 минути и 59 секунди.

Под статистичката ставка – „други субјекти“ – акумулираното време од - 2 часа 41 минута и 7 секунди, главно се однесува на прогнозите од испитувањата на јавното мислење, како и на редакциските и на експертските коментари, чии фокусни теми беа - споредбата на изборните програми на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, и претпоставките за општествените последици доколку лидерот на опозицијата реши да го бојкотира изборниот процес. Недвојбено, ставот на информативната редакција на ТВ Сител во текот на целиот изборен процес беше во полза на програмскиот концепт на владејачката партија, а експлицитно против изборниот настап на опозициската коалиција.

**ТВ Сител (парламентарни): Субјекти во вести Табела 7**[30]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:32:44 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 05:36:12 |
| Коалиција ГРОМ | 00:19:08 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:19:27 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:22:49 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:02:09 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:11:16 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:00:33 |
| СДУ – Социјалдемократска унија | 00:01:44 |
| ДОМ – Демократска обнова на Македонија | 00:01:34 |
| | |
| Влада на РМ | 01:34:59 |
| Органи на државната управа | 00:31:04 |
| Локална самоуправа | 00:21:32 |
| ДИК и други органи | 00:18:21 |
| Други субјекти | 02:41:07 |
| Без субјекти | 00:03:43 |
| Претседател на РМ | 00:03:27 |
| Собрание на РМ | 00:03:27 |
| | **Вкупно = 13:05:46** |

Драстичната разлика во информативниот однос на ТВ Сител кон кампањите на учесниците во изборниот процес се покажува и преку статистиката за времето отстапено за директни обраќања, односно – минутажа емитувани аудиовизуелни цитати со политички поенти, искажани преку различни облици на настап пред избирачкото тело: Носителите на изборните листи од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата добиле – 131 директно обраќање, со траење од 3 часа 42 минути и 28 секунди, наспроти 28 директни обраќања, односно - 12 минути и 31 секунда, за СДСМ и Коалицијата. Забележителна минутажа покажува и времето за промоција на тековните или на проектираните владини политики – 41 минута и 47 секунди.

[30] Ибид.

**ТВ Сител (парламентарни): Директни обраќања** **Табела 8**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 131 | 03:42:28 |
| Коалиција СДСМ | 28 | 00:12:31 |
| ДПА | 18 | 00:08:43 |
| Коалиција ГРОМ | 14 | 00:07:11 |
| ДУИ | 19 | 00:09:26 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 17 | 00:08:01 |
| ВМРО НП | 2 | 00:00:54 |
| СДУ | 2 | 00:00:48 |
| ДОМ | 2 | 00:01:06 |
| | | |
| Влада на РМ | 58 | 00:41:47 |
| Локална самоуправа | 17 | 00:05:55 |
| Органи на државната управа | 20 | 00:08:35 |
| Претседател на РМ | 2 | 00:00:26 |
| Собрание на РМ | 2 | 00:00:32 |
| | | **Вкупно = 05:28:23** |

**ИНТЕРВЈУА**

На 17 април, емитувано е едночасовно интервју со Љубисав Иванов – Ѕинго, лидерот на Социјалистичката партија на Македонија, а презентирана е негова широка опсервација на изборниот процес и рекапитулација на општествено-политичките состојби во Република Македонија.

## ТВ ТЕЛМА

**ВЕСТИ**

Изданијата на вестите од 18:30 и 21:40 часот се предмет на мониторинг и за време на кампањата за Предвремените парламентарни избори. Регулативата и регуларноста на изборниот процес се покажаа како една од централните теми за уредувачката политика на ТВ Телма, ако се има предвид времето од – 1 час 12 минути и 30 секунди отстапено за работата на Државната изборна комисија, но и за ставот на домашните и на странските набљудувачи на изборниот процес, што е забележан и во минутажата од 2 часа 35 минути и 50 секунди, под ставката – „други субјекти“. Под оваа статистичка категорија е бележено и времето за прилозите со кои беше третирана аферата околу продажбата на „Македонска банка“, од која, пак, непосредно произлезе и основата за минутажата на полемичките прес-конференции помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, третирани на базично информативно ниво – вест, вест во низа, класичен извештај - со постојана, синхронична застапеност на двете спротивставени страни – теза/контратеза, обвинување/демант. Ако на овие

прилози им се придодаде и времето од класичните новинарски известувања од митинзите и средбите со гласачкото тело, тогаш, со оглед и на бројот пријавени листи со кандидати за пратеници по изборни единици, квантумот време е распореден на следниов начин – 1 час 36 минути и 24 секунди за политичките поенти на СДСМ и Коалицијата, и – 1 час 19 минути и 44 секунди за политичките поенти на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата. Изборните гледишта, опции и ставови на ДУИ беа опфатени во – 43 минути и 18 секунди, на ДПА со - 23 минути и 44 секунди, а за коментарите и за стојалиштата на ВМРО НП, главно претставени како согледби на Љупчо Георгиевски, лидерот на партијата, во врска со контроверзиите околу - „Македонска банка“, беа отстапени – 29 минути и 40 секунди.

Другата позначителна минутажа во двете анализирани изданија на вестите им беше посветена на секојдневни теми од градскиот и од руралниот живот (социјална политика, проблеми со инфраструктура, здравство, граѓански парници, општествената позиција на синдикатите, и слично) – 33 минути и 54 секунди под ставката „без субјекти“, потоа - 12 минути и 48 секунди под ставката „органи на државната управа“, и 23 минути и 54 секунди под категоријата – „локална самоуправа“.

**ТВ Телма (парламентарни): Субјекти во вести Табела 9**[31]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:36:24 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:19:44 |
| Коалиција ГРОМ | 00:13:49 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:23:44 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:43:18 |
| ВМРО НП | 00:29:40 |
| Коалиција достоинство за Македонија | 00:10:25 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:13:15 |
| НДП | 00:23:44 |
| ДОМ | 00:00:47 |
| Демократски сојуз | 00:01:25 |
| | |
| Влада на РМ | 00:24:17 |
| Органи на државната управа | 00:12:48 |
| Локална самоуправа | 00:23:54 |
| ДИК и други органи | 01:12:30 |
| Други субјекти | 02:35:50 |
| Без субјекти | 00:33:54 |
| Претседател на РМ | 00:00:49 |
| Собрание на РМ | 00:00:49 |
| | **Вкупно = 11:01:06** |

[31] Ибид.

Новинарскиот приод при известувањето стриктно од изборниот процес главно беше ориентиран кон континуирана, напоредна смена на различните политички опции понудени од учесниците во изборната кампања, медиумски најчесто презентирани преку куси прилози изработени во рамките на фактографските жанрови – вест (во низа) и извештај. Тоа резултираше со 47 директни обраќања на СДСМ и Коалицијата, или време од – 52 минути и 17 секунди, 38 директни обраќања на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, односно вкупно време од – 43 минути и 20 секунди, потоа, согласно со бројот пријавени пратенички листи по изборни единици и со оглед на интензитетот на кампањата - 25 директни обраќања на ДУИ – 28 минути и 45 секунди; 20 директни обраќања на ДПА – 17 минути и 17 секунди; 15 директни обраќања на ВМРО НП – 14 минути и 7 секунди, и - 10 директни обраќања на ГРОМ и Коалицијата, со вкупно време од – 10 минути и 26 секунди.

**ТВ Телма (парламентарни): Директни обраќања** **Табела 10**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 38 | 00:43:20 |
| Коалиција СДСМ | 47 | 00:52:17 |
| ДПА | 20 | 00:17:17 |
| Коалиција достоинство за Македонија | 7 | 00:06:47 |
| Коалиција ГРОМ | 10 | 00:10:26 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 8 | 00:10:03 |
| ДУИ | 25 | 00:28:45 |
| ВМРО НП | 15 | 00:14:07 |
| НДП | 1 | 00:01:07 |
| ДОМ | 1 | 00:00:23 |
| Демократски сојуз | 1 | 00:01:13 |
| | | |
| Влада на РМ | 12 | 00:06:41 |
| Локална самоуправа | 8 | 00:07:04 |
| Органи на државната управа | 6 | 00:03:06 |
| Претседател на РМ | 2 | 00:00:40 |
| Собрание на РМ | 2 | 00:00:44 |
| | | **Вкупно = 03:24:00** |

## РАДИО КАНАЛ 77

### ВЕСТИ

Периодот за Предвремените парламентарни избори – од 5 до 25 април, во терминот за вестите од 17 часот на Радио Канал 77 беше новинарски покриен со куси новинарски прилози во вкупно времетраење од 1 час и 11 минути, а понудени се информации за 11 посебни учесници во изборниот процес, без фаворизирање на која било политичка опција.

## РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

### ВЕСТИ

Во периодот од кампањата за Предвремените парламентарни избори – од 5 до 25 април, информативната редакција на радиото Слободна Македонија се фокусираше кон споредба на изборните платформи на спротивставените коалиции предводени од владејачката ВМРО-ДПМНЕ и од опозициската СДСМ. Од 4 часа и 13 минути, вкупното времетраење на прилозите за изборната кампања, реализирани во вестите од 16 часот и 30 минути, 2 часа и 13 минути се посветени за промоција на изборните активности на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, а 8 минути и 52 секунди на СДСМ и неговите коалициски партнери. Значително време од – 57 минути и 56 секунди, отстапени се за политички анализи на изборната понуда, и прогнози главно засновани врз статистиката од испитувањето на јавното мислење во врска со изборниот процес.

**РА Слободна Македонија (парламентарни): Субјекти во вести Табела 11**[32]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 02:13:18 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:52 |
| Коалиција Гром | 00:00:12 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:06 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:54 |
| | |
| ДИК и други органи | 00:05:59 |
| Влада на РМ | 00:35:28 |
| Други субјекти | 00:57:56 |
| Органи на државната управа | 00:04:16 |
| Локална самоуправа | 00:02:43 |
| | **Вкупно = 04:13:45** |

### ИНТЕРВЈУА

[32] Ибид.

Радио верзијата на колективното интервју со носителите на листите со кандидати за пратеници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ – Јанкуловска, Ѓорчев, Тодоров и Милошоски, првично реализирано на ТВ Канал 5 во актуелно-информативната емисија „Миленко Неделковски Late Night Show“, радиото Слободна Македонија го емитуваше на 24 април. Ставот на политичкиот аналитичар Сашо Клековски за изборите беше презентиран преку интервју во изданието на емисијата „Пулт“ од 28 март, а во истата емисија, коментари за статистиката од истражувањето на јавното мислење во врска со изборниот процес, искажаа Владимир Божиновски и Иванка Додевска. Економските проекции, како дел од политичката програма на ВМРО-ДПМНЕ, биле тема за интервјуто во емисијата „Бројки“, реализирано со Христијан Делев, претседателот на Комисијата за економски прашања во владејачката партија, а истата тема, во оваа емисија е отворена и во термините од 19 и од 25 април, преку интервјуа со вице–премиерот Владимир Пешевски, и со Виктор Мизо, директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони. Сумарно, прогнозите за исходот на Предвремените парламентарни избори биле тема за интервјуто со Владимир Божиновски во емисијата „Пулт“ од 24 април.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Земен како целина - во периодот од 24 март до 25 април, изборниот процес од Претседателските и од Предвремените парламентарни избори, радиото Слободна Македонија го тематизираше во поширок опфат општествено-политички и економски аспекти, низ 11 премиерни изданија на актуелно-информативните емисии „Ринг“, „За Македонија, малку поинаку“, „Радио шоу на Миленко Неделковски“, „Радио шоу со Јанко и Лидија“, „Пулт“, „Бројки“, и емисијата „Со Никовски за дипломатијата“.

## ТВ 24 ВЕСТИ

### ВЕСТИ

Примерокот врз основа на кој се оценува како ТВ 24 Вести известува за кампањата за Предвремените парламентарни избори се состои од изданијата на вестите од 20 и 22 часот емитувани во периодот од 5 до 25 април. Според податоците за распределбата на вкупното време за парламентарната кампања, Телевизијата известувала балансирано согласно принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, пропишан во Изборниот законик и имајќи го предвид интензитетот на кампањите на учесниците во овој изборен процес (Табела 12).

**24 Вести (парламентарни): Субјекти во вести Табела 12[33]**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 01:16:18 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:18:35 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:21:30 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:29:24 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:01:31 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:00:48 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:15:45 |
| Коалиција ГРОМ | 00:18:38 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:11:18 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:09:05 |
| Демократски сојуз | 00:01:56 |
| ДОМ – Демократска обнова на Македонија | 00:01:07 |
| Народно движење за Македонија | 00:02:50 |
| ПЕП 21 – Партија за економска промена | 00:01:31 |
| СДПМ – Социјалдемократска партија на Македонија | 00:01:31 |
| Влада на РМ | 00:46:16 |
| Органи на државната управа | 00:42:22 |
| Локална самоуправа | 00:12:32 |
| Претседател на РМ | 00:00:48 |
| ДИК и други органи | 00:38:57 |
| Други субјекти | 03:14:55 |

[33] Ибид.

| | |
|---|---|
| Без субјекти | 01:18:24 |
| | **Вкупно = 11:25:58** |

За кампањите известува со неутрален тон, преку професионално изработени извештаи во кои директно се пренесуваат изјави од политичарите клучни за нивните изборни пораки до гласачите. На голем број субјекти им е дадена можност директно да се обратат, при што се води сметка за рамнотежа во времето (Табела 3). Кон прашањата актуелизирани во текот на изборите има продлабочен аналитички пристап при што користи поголем број експерти со различни ставови (ваквите прилози, собрани во методолошката категорија „други субјекти“, претставуваат околу 3 часа и 15 минути од вкупното анализирано време). Специфика на медиумот е и тоа што направи низа споредбени анализи на изборните програми на двете најголеми коалиции на тема здравство, социјала, култура, образование.

**24 Вести (парламентарни): Директни обраќања** **Табела 3**

| Субјект | Обраќања | Траење |
|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 52 | 00:33:11 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 48 | 00:29:19 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 18 | 00:08:16 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 24 | 00:12:09 |
| НДП – Национална демократска преродба | 1 | 00:00:27 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 1 | 00:00:36 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 11 | 00:08:23 |
| Коалиција ГРОМ | 19 | 00:09:44 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 10 | 00:07:16 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 10 | 00:04:59 |
| Демократски сојуз | 2 | 00:01:04 |
| ДОМ – Демократска обнова на Македонија | 2 | 00:00:16 |
| Народно движење за Македонија | 4 | 00:01:05 |
| ПЕП 21 – Партија за економска промена | 1 | 00:00:13 |
| СДПМ – Социјалдемократска партија на Македонија | 2 | 00:00:14 |
| Влада на РМ | 26 | 00:11:42 |
| Органи на државната управа | 13 | 00:06:47 |
| Локална самоуправа | 7 | 00:03:01 |
| Претседател на РМ | 2 | 00:00:46 |
| | | **Вкупно = 02:19:28** |

**ДЕБАТИ**

Првата дебата посветена на Предвремените парламентарни избори, ТВ 24 Вести ја емитуваше уште пред почетокот на кампањата. Имено, на 1 април, за пратеничките листи, парламентарните избори и кампањата за претседателските избори зборуваат поранешната пратеничка Ѓулистана Марковска, поранешниот пратеник Нелко Стојановски и аналитичарот Алајдин Демири. Ова издание на „24 Отворено студио“ во целост е емитувано уште двапати на 2 април, а во текот на викендот 5 и 6 април, нејзин сегмент е прикажан трипати.

Првата од дебатите во кои своите ставови ги спротивставуваат претставници на политички партии е реализирана на 8 април и во неа учествуваат Слободан Близнаковски од ВМРО Народна партија, Снежана Калевска Ванчева - СДСМ и Златко Кесковски - политички аналитичар. Темата е слободата на гласање во Македонија и прашањето дали слободата на избори е реална или само декоративна. Реприizирана е еднаш на 9 април.

На 16 април има уште една дебата со претставници од помалите партии во која гостуваат Билјана Јовановска - претседателка на Партијата за економски промена (ПЕП 21), Јанко Бачев - претседател на Народното движење за Македонија (НДМ) и Бранко Јаневски - претседател на Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ). Емисијата е двапати репризирана на 17 април.

Во изданието на „Културна матрица“ од 18 април културната работничка Искра Гешовска и драматургот и колумнист Братислав Димитров ги вкрстија своите мислења за тоа колку културата е застапена и колку треба да ја има во изборните програми. Оваа дебата беше прикажана уште трипати – еднаш на 19 и двапати на 21 април.

Во економскиот магазин „Тренд“ од 20 април (двапати репризиран наредниот ден), универзитетските професори Никола Поповски и Томе Неновски дебатираа околу социјално - економските мерки во програмите на партиите.

Последната дебатна емисија во периодот на кампањата за Предвремените парламентарни избори беше организирана од НДИ со поддршка на Амбасадата на Велика Британија и УСАИД, во неа учествуваа претставници на партии што имаат доверба од над 3% кај граѓаните, со тоа што на поканата не се одзвала ВМРО-ДПМНЕ. Таа имаше два дела. Во првиот, посветен на економијата, енергетиката, здравството, образованието и земјоделството, учествуваа Марјанчо Николов од СДСМ, Орхан Ибраими од ДПА и Фатмир Бесими од ДУИ. Во вториот, Рената Тренеска – Дескоска од СДСМ, Ермира Мехмети – Деваја од ДУИ и Беким Фазлиу од ДПА дебатираа за улогата на собранието, надворешната политика, односите меѓу заедниците, човековите права и животната средина. Секоја од дебатите имаше по две репризи – на 25 април.

**ИНТЕРВЈУА**

ТВ 24 Вести реализираше низа интервјуа со претставници на повеќе политички партии и коалиции. Разговорот со Стојанче Ангелов од Коалицијата Достоинство за Македонија се емитуваше на 15 (еднаш) и на 16 април (двапати). На истите датуми, дел од програмската шема на Телевизијата беше и интервјуто со Љупчо Зиков од Коалицијата за позитивна Македонија. Премиерното прикажување на интервјуто со Стевчо Јакимовски од Коалицијата ГРОМ беше на 17 април, а на 18 - двете репризи. Љубчо Георгиевски беше интервјуиран на 21 април, што беше двапати репризирано наредниот ден. Интервју со Зоран Заев од Коалицијата на СДСМ беше реализирано на 22

април и двапати репризирано на 23, кога беше премиерата на разговорот со Бујар Османи од ДУИ, со две реprизи на 24 април.

Освен ова, Парламентарните избори, но од поинаков аспект, беа тема и на две други интервјуа со м-р Жаклина Димовска, специјалистка за политички науки и холистичарка. Во првиот разговор (прво прикажување на 15, а второ на 16 април) тема беше силината на партиските слогани, мисли, говори и митинзи, а во вториот (на 22 и 23 април) - лидерските позиции на политичките партии, односно што се бара од лидерот.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Отворената контактна информативна програма „Очи в очи“, на 22 април побара од своите гледачи да говорат на темата „Афери - политичка битка или институционална обврска“, што беше репризирано на 23 април, кога во новото издание на емисијата (репризирано наредниот ден) се зборуваше за тоа дека Претседателските избори паднаа во сенка на кампањата за Парламентарните. На 24 април, гледачите на емисијата требаше да се произнесат за повикот од Али Ахмети да се земе само гласачкото ливче за парламентарните избори, а на 25 април, освен репризата на ова издание, беше емитувана и нова емисија во која гледачите можеа да говорат на која било тема поврзана со изборите.

На изборната кампања, но од аспект на дебатата во онлајн просторот, посветена беше и емисијата „Трета порта“ со премиера на 23 и две репризи на 24 април.

## ТВ КАНАЛ 5 ПЛУС

**ВЕСТИ**

Периодот од 5 до 25 април, колку што траеше изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, ТВ Канал 5 Плус новинарски го покри со 7 часа, нерамноправно распоредени ако се земе предвид принципот на пропорционалност според бројот потврдени листи со пратенички кандидати по изборни единици. Со други зборови, за митинзите, средбите со граѓаните и за прес-конференциите на ВМРО-ДПМНЕ и другите нејзини коалициски партнери, беа отстапени речиси 3 часа од времето за централниот ТВ дневник од 19:30 часот, додека предизборниот настап на Коалицијата предводена од СДСМ беше опфатен со 23 минути, на ДПА и на ДУИ со по 9 минути, а кампањата на Коалицијата предводена од ГРОМ беше проследена со 13 минути.

**ТВ Канал 5 Плус (парламентарни): Субјекти во вести** **Табела 14**[34]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 02:54:26 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:20 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:58 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:06 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:18 |
| СДУ - Социјал демократска унија | 00:01:05 |

[34] Ибид.

| | |
|---|---|
| Коалиција Гром | 00:12:40 |
| | |
| Влада на РМ | 00:58:27 |
| Органи на државната управа | 00:28:09 |
| Локална самоуправа | 00:02:10 |
| ДИК и други органи | 00:08:47 |
| Други субјекти | 01:34:28 |
| Без субјекти | 00:04:19 |
| | |
| | **Вкупно = 07:07:13** |

### ИНТЕРВЈУА

На 31 март, преку колективно интервју во актуелно-информативната емисија „Миленко Неделковски Late Night Show“ беа претставени неколкумина македонски муслимани од регионот Маврово – Ростуше. Некои од нив, освен што се дел од високото раководство на ВМРО-ДПМНЕ, се најдоа и на листите со потенцијални пратенички кандидати на оваа партија. Емисијата, премиерно емитувана во редовниот термин од програмската понуда на ТВ Канал 5, беше репризирана на 2 април.

### ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

На 23 април, ТВ Канал 5 плус емитуваше издание на „Код“, актуелно-информативната емисија со документаристички пристап кон општествено-политичките аспекти на Претседателските избори.

### ПРОГРАМИ ШТО НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО ИЗБОРИТЕ

На 8 април, во рамките на реприза од утринската, информативно-забавна емисија „Здраво Македонијо“, што изворно се емитува на националната Канал 5 телевизија, реализиран е разговор со Александар Панов, градоначалникот на Кавадарци, член на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, а тематски, интервјуто ги обработува актуелните состојби со странските инвестиции и отварањето нови работни места во овој регион. Во склоп на истата емисија, реализирано е интервју со Амди Бајрам, лидерот на Сојузот на Ромите, а повод беше прославата на Светскиот ден на Ромите.

## НАША ТВ

### ВЕСТИ

Вкупниот примерок прилози за парламентарната кампања од дневно – информативната емисија на Наша ТВ од 20 часот изнесува 4 часа и 30 секунди. Притоа, најмногу време има за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ - 52 минути, потоа за Коалицијата предводена од СДСМ –23 минути, па за ДУИ – околу 15 минути, за Коалицијата ГРОМ околу 13, а за ДПА – скоро 11 минути.

**Наша ТВ (парламентарни): Субјекти во вести Табела 15**[35]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:27:53 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:51:47 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:10:57 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:14:47 |
| Коалиција ГРОМ | 00:13:10 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:03:51 |
| Демократски сојуз | 00:01:15 |
| Влада на РМ | 00:21:38 |
| Органи на државната управа | 00:02:30 |
| Локална самоуправа | 00:04:50 |
| ДИК и други органи | 00:16:53 |
| Други субјекти | 00:03:56 |
| Без субјекти | 01:07:03 |
| | **Вкупно = 04:00:30** |

Од другите политички субјекти, со помали минутажи присутни се Коалицијата за позитивна Македонија и Демократскиот сојуз (Табела 15). Телевизијата, согласно својата уредувачка политика, пренесуваше текстови од печатени медиуми, при што во некои од нив негативно беше врамен СДСМ, и не го користеше директното цитирање на политичарите.

**ИНТЕРВЈУА**

Телевизијата емитуваше интервјуа со претставници на двајца учесници во кампања за Предвремените парламентарни избори. Разговорот со Цветанка Ласкова, претседателка на Форумот на жени на СДСМ имаше премиера на 20 април и три репризи. Со Љупчо Зиков од Коалицијата за позитивна Македонија е разговарано на 24 април. Интервјуто беше репризирано еднаш истиот и двапати наредниот ден.

## ТВ СИТЕЛ 3

Активностите на овој медиум во врска со презентацијата политички ставови на учесниците во изборната кампања за Претседателските и за Предвремените парламентарни избори, се сведе на редовните актуелно-информативни изданија на емисијата „Јади бурек“, и тоа реализирани било како интервјуа, било како отворен контакт со гледачите што сопоставуваа свои ставови за централната тема - изборниот процес.

[35] Ибид.

**ИНТЕРВЈУА**

Вон тесните тематски рамки на изборниот процес, на 3 април во истата емисија гостува Славчо Трпевски, директорот на Агенцијата за катастар, а повод се намалените давачки и новите можности за легализација на бесправно изграден имот.

Интервјуто со премиерот Груевски, што потоа го преземаа повеќе регионални телевизии, реализирано е на 8 април, а тематскиот регистар се движеше околу Отчетот и Програмата на ВМРО-ДПМНЕ, како адути на владејачката партија и нејзините коалициски партнери за Претседателските и за Предвремените парламентарни избори. Интервјуто е репризирано трипати, во периодот од 9 до 11 април.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Шеснаесет изданија на емисијата „Јади бурек", секое репризирано по двапати – во пополноќен и во утрински термин, емитувани се во периодот од 24 март до 16 април, а кругот прашања отворени за телефонско соочување меѓу гледачите и водителот, опфаќа теми поврзани со изборниот процес.

**ПРОГРАМИ ШТО НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО ИЗБОРИТЕ**

Во реприза од утринската информативно-забавна емисија - „Ја сакам Македонија", на 4 април емитувано е интервју со Тони Заткоски, градоначалникот на Кривогаштани, кој ги рекапитулира остварувањата од својот досегашен мандат и ги промовира проекциите од агендата како прв човек на локалната самоуправа.

## ТВ СОНЦЕ

**ВЕСТИ**

Редовните новинарски вести и извештаи од активностите на учесниците во изборната кампањата за Предвремените парламентарни избори, организирана во периодот од 5 до 25 април, резултираше со вкупно информативно време од – 2 часа и 13 минути за централните вести од 18 часот. Најмногу време е посветено на директната политичка сопоставеност меѓу коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ, со квантитативна предност за владејачката Коалиција – 44 минути и 46 секунди, наспроти – 19 минути и 38 секунди за опозицијата.

**ТВ Сонце (парламентарни): Субјекти во вести    Табела 16**[36]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:38 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:43:46 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:38 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:16 |
| Коалиција Гром | 00:07:32 |

[36] Ибид.

| | |
|---|---|
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:01:33 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:03:14 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:02:32 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:03:41 |
| ПЕИ - Партија за европска иднина | 00:00:43 |
| | |
| Влада на РМ | 00:10:05 |
| Органи на државната управа | 00:06:14 |
| ДИК и други органи | 00:06:30 |
| Други субјекти | 00:05:42 |
| Локална самоуправа | 00:01:09 |
| Без субјекти | 00:01:04 |
| | |
| | **Вкупно = 02:13:16** |

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Во оваа категорија програми, ТВ Сонце изборниот процес го анализираше преку одредени изданија на актуелно-информативната емисија „Гласот на народот“. На 24 март, темата е поставена преку прашањето – „Што направиле политичарите за Република Македонија?“, а преку телефонско јавување ставови искажуваат – политичкиот аналитичар Жан Станоевски, писателот Венко Андоновски, претседателката на Комисијата за верски заедници – Валентина Божиновска, и претседателот на Светскиот македонски конгрес - Тодор Петров. Емисијата е репризирана на 25 и на 29 март.

Слична тема, поставена преку насловот – „Лагите и вистините на политичарите“, со експлицитно негативни ставови спрема политиките на опозициската СДСМ, а пред сè кон нејзиниот некогашен лидер Бранко Црвенковски, во емисијата „Гласот на народот“ беше отворена на 31 март. Емисијата е репризирана на 1 април.

Општо, изборите се централната тема за отвореното, контактно издание на „Гласот на народот“ од 14 април (реприза на 15 април), тематски врамено во насловот – „Зошто 62 пратеника за ВМРО-ДПМНЕ?“, а полемиката по ова прашање гледачите можеле отворено да ја водат и во терминот за истата емисија од 16 април (со реприза на – 17, 20 и 21 април).

**ИНТЕРВЈУА**

На 28 март, гостин во актуелно-информативната емисија „Паричник“ е Џабир Дерала, претседател на НВО „Цивил“, кој ги предочува своите согледби за потенцијалните недоследности во спроведувањето на изборниот процес. На 3 април (со три репризи – на 4, 6 и 11 април), во емисијата „Изборот на народот“, претседателските и Предвремените парламентарни избори се тема за интервјуто водено со политичкиот аналитичар Ивица Боцевски (репризирано на 24 и на 25 април).

**ДЕБАТИ**

На 28 март, во емисија насловена – „ТВ Интервју“, почетната атмосфера на изборите, потоа партиските конвенции на кои беа избрани кандидатите за претседател, политичката позиција на македонската дијаспора и нејзиниот удел во гласањето, беа дел од аспектите преку кои исходот од изборите се обидоа да го прогнозираат - д-р Јове Кекеновски и Игор Аврамовски Александров, претставник на Македонската дијаспора од Австралија.

На 17 април (реприза – 18 и 20 април), во емисијата „Изборот на народот“, гостува професор д-р Владимир Пивоваров, а го презентира своето видување за текот на изборниот процес.

Тодор Петров, претседателот на Светкиот македонски конгрес, на 24 април (реприза 25 април) во „Гласот на народот“ зборува на тема – „Дали со лаги и фалсификати ќе се дојде до (изборна) победа?“

## ВАЛАНДОВО

### ТВ ВТВ

#### ДЕБАТИ

Регионалната телевизија ВТВ од Валандово, ја емитуваше на 25 април емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“ реализирана во дебатен формат, во која гостуваат колумнистката Мирка Велиновска и главниот и одговорен уредник на дневниот весник „Дневник“ Дарко Јаневски. Емисијата е преземена од ТВ Канал 5.

#### ИНТЕРВЈУА

ВТВ прикажа и две преземени интервјуа. Изданието на „Миленко Неделковски Late Night Show“, реализирано како групно интервју (претставници на СДСМ не се одѕвале на поканата за дебата) со Гордана Јанкуловска, Никола Тодоров, Антонио Милошоски и Влатко Ѓорчев од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ беше емитувано двапати на 23 април и еднаш наредниот ден. На 10 и на 11 април се емитуваше интервјуто си лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски во емисијата „Јади бурек“ (оригинално реализирано на Сител 3).

## ДЕЛЧЕВО

### ТВ Д1

#### ВЕСТИ

Информациите поврзани со Предвремените парламентарни избори во вестите на Д1 Телевизија од 19 часот и 30 минути претставуваат 4 часа и 4 минути. Медиумот се концентрираше на известување за двете најголеми коалиции: онаа составена од владејачките партии има околу 1 час и 11 минути, а онаа од опозициски партии – 53 минути (Табела 17). Во новинарските извештаи за активностите од кампањата најмногу време има Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, додека за другите е известувано помалку, со тоа што влијание имаат четирите интервјуа емитувани во вестите. Имено, Д1 на 8 април во вестите емитуваше интервју со Марјанчо Николов од Коалицијата на СДСМ (18 минути и 4 секунди), на 19 април со Љубчо Георгиевски од ВМРО НП (13 минути и 49 секунди), на 24 април со Илија Николовски, претседател на Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија дел од Коалицијата за Позитивна Македонија (12 минути и 35 секунди), а на 25 април со министерот без ресор Неждет Мустафа (7 минути и 28 секунди).

**ТВ Д1 (парламентарни): Субјекти во вести Табела 17**[37]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:53:06 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:11:21 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:01:20 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:01:20 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:23:01 |
| Коалиција ГРОМ | 00:05:14 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:15:57 |
| Влада на РМ | 00:11:22 |
| Локална самоуправа | 00:43:58 |
| ДИК и други органи | 00:04:42 |
| Други субјекти | 00:06:44 |
| Без субјекти | 00:06:01 |
| | **Вкупно = 04:04:06** |

Реализираните интервјуа се рефлектираат врз времето за директни обраќања: најмногу време има Коалицијата предводена од СДСМ – 33 минути и 49 секунди во 17 наврати, потоа Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 31 минута и 40 секунди во 28 наврати, ВМРО НП - 17 минути и 11 секунди во 4 наврати, Коалицијата за позитивна Македонија – 15 минути во 2 наврати, а Коалицијата ГРОМ 3 минути и 51 секунда во 3 наврати.

### ДЕБАТИ

ТВ Д1, на 25 април емитуваше издание на емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“ (оригинално емитувано на Канал 5 Телевизија) во кое своите ставови за изборите ги изнесуваат главниот и одговорен уредник на дневниот весник „Дневник“ Дарко Јаневски и колумнистката Мирка Велиновска.

## <u>КАВАДАРЦИ</u>

## ТВ КТВ

### ВЕСТИ

Информациите во кои тема, непосредно или посредно, биле парламентарните избори, претставуваат 5 часа и 58 минути од вестите во 17 часот и 30 минути, емитувани на КТВ од Кавадарци во периодот од 5 до 25 април 2014 година. Телевизијата се концентрирала на известување за двете

[37] Ибид.

најголеми коалиции така што онаа предводена од ВМРО-ДПМНЕ има 1 час и 21 минута, а онаа предводена од СДСМ 1 час и скоро 9 минути (Табела 18). Позначајно време има Коалицијата ГРОМ – 52 минути, извештаи од по 20-тина минути има за ВМРО НП и за Коалицијата за позитивна Македонија, а Коалиција Достоинство за Македонија има минута ипол.

**ТВ КТВ (парламентарни): Субјекти во вести Табела 18**[38]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 01:08:50 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:21:25 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:19:59 |
| Коалиција ГРОМ | 00:51:57 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:19:50 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:01:31 |
| Влада на РМ | 00:17:42 |
| Органи на државната управа | 00:05:40 |
| Локална самоуправа | 01:07:44 |
| ДИК и други органи | 00:03:58 |
| Други субјекти | 00:08:48 |
| Без субјекти | 00:11:19 |
| | **Вкупно = 05:58:18** |

Претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ најчесто имале можност директно да и се обратат на публиката на КТВ – 30 пати со времетраење од 56 минути и 14 секунди, а со слично времетраење се и обраќањата на претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ – 54 минути и 22 секунди во текот на 18 цитати, Коалицијата ГРОМ има 38 минути и 52 секунди од 10 директни обраќања, ВМРО НП – 17 минути и 26 секунди (4 пати), Коалицијата за позитивна Македонија 16 минути и 44 секунди (5 пати), а претставник на Коалицијата Достоинство за Македонија директно говорел еднаш со траење од 1 минута и 1 секунда.

**ИНТЕРВЈУА**

Телевизијата, на 10 април го прикажа изданието на емисијата „Јади бурек“ (од Сител 3) во кое гостува лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, а на 23 април групното интервју од „Миленко Неделковски Late Night Show“ (ТВ Канал 5) со Гордана Јанкуловска, Никола Тодоров, Антонио Милошоски и Влатко Ѓорчев од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

## ТВ ТИКВЕШИЈА

**ВЕСТИ**

[38] Ибид.

Парламентарните избори беа поприсутни во вестите во 16:30 на ТВ Тиквешија отколку претседателските. Анализираниот одбир извештаи изнесува 5 ипол часа, од кои една третина се однесуваат на активностите на локалната самоуправа во општините на територијата на оваа регионална телевизија (Табела 19). Во периодот од 5 до 25 април се појавуваат 7 учесници во парламентарната трка, најмногу се следени двете големи коалиции – едната предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а другата од СДСМ. Следна е Коалицијата за позитивна Македонија која има безмалку 25 минути, односно еден час помалку од првата, потоа ВМРО НП (шеснаесетина минути), Коалицијата ГРОМ (околу 6 минути), ДУИ (околу 4), а ДПА се појавува само во општ прилог за кампањските активности.

**ТВ Тиквешија (парламентарни): Субјекти во вести Табела 19**[39]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 01:07:12 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:20:27 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:00:18 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:04:15 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:16:40 |
| Коалиција ГРОМ | 00:05:46 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:24:40 |
| Влада на РМ | 00:09:05 |
| Органи на државната управа | 00:23:42 |
| Локална самоуправа | 01:13:16 |
| ДИК и други органи | 00:16:32 |
| Без субјекти | 00:08:41 |
| | **Вкупно = 05:30:36** |

Најбројни се директните обраќања на кандидатите од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 34 обраќања кои траат 50 минути и 42 секунди, оние од Коалицијата на СДСМ говореле 19 пати со траење од 59 минути и 51 секунда, од Коалицијата за позитивна Македонија 20 минути и 26 секунди (9 пати), од ВМРО НП - 15 минути и 28 секунди (4 пати), и по еднаш од ДУИ (3 минути и 27 секунди) и од Коалицијата ГРОМ (2 минути и 41 секунда). Изјавите на претставниците на локалната самоуправа траат 27 минути и 10 секунди (20 пати).

[39] Ибид.

**ДЕБАТИ**

Во емисијата „Отворено со“, на 24 април е организирана дебата со кандидати од четвртата изборна единица од коалициите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ГРОМ, Коалицијата за позитивна Македонија и на ВМРО НП. На 25 април на тема избори дебатираат главниот и одговорен уредник на дневниот весник „Дневник“ Дарко Јаневски и колумнистката Мирка Велиновска (преземено издание на „Миленко Неделковски Late Night Show“).

**ИНТЕРВЈУА**

Оваа телевизиска станица реализираше две интервјуа со двајца градоначалници од Тиквешијата – на Кавадарци Александар Панов (двапати прикажано на 4 април) и на Росоман Стојанче Лазов (еднаш на 5 април).

## <u>КИЧЕВО</u>

## ТВ УСКАНА

**ВЕСТИ**

Околу 3 часа и 40 минути од вестите во 21 часот на регионалната ТВ Ускана од Кичево за време на парламентарната кампања имаа непосредна или посредна врска со изборите. Најзастапена е ДУИ со 1 час и 5 минути, по која следат коалициите на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, како и ДПА и НДП со по нешто помалку од една четвртина од нејзиното време (Табела 20). Во извештаите се појавуваат уште два субјекти – ВМРО НП и Коалицијата за позитивна Македонија кои имаат по една минута.

**ТВ Ускана (парламентарни): Субјекти во вести Табела 20[40]**

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:14:04 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:13:24 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:13:51 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 01:04:50 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:12:27 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:01:00 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:01:07 |
| | |
| Влада на РМ | 00:16:46 |
| Органи на државната управа | 00:11:23 |
| Локална самоуправа | 00:10:24 |
| ДИК и други органи | 00:11:50 |
| Други субјекти | 00:12:22 |

[40] Ибид.

| | |
|---|---|
| Без субјекти | 00:06:56 |
| | **Вкупно = 03:39:05** |

ДУИ е најприсутна и кај директните обраќања – 38 минути и 31 секунда за време на 31 прилог. Времето на сите други е барем 30 минути помало од тоа на ДУИ: од Коалицијата на СДСМ говореле 15 пати што трае 6 минути и 43 секунди, од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ 13 пати – 5 минути и 24 секунди, НДП 10 пати – 5 минути и 59 секунди, ДПА 11 пати - 4 минути и 35 секунди, а Коалицијата за позитивна Македонија и ВМРО НП имаат по едно обраќање кое кај првите трае 34 секунди, а кај вторите 16 секунди.

**ДЕБАТИ**

ТВ Ускана ги емитуваше и двете парламентарни дебати организирани од НДИ на 24 април со пратенички кандидати од Коалицијата на СДСМ, од ДУИ и од ДПА. На 25 април репризирана беше едната од нив.

**ИНТЕРВЈУА**

Интервјуто на ТВ Ускана со Хазби Лика од ДУИ, има премиера на 8 април и реприза на 9 април. Двапати е емитувано и интервјуто со Муса Џафери, исто така од ДУИ (на 21 и на 25 април). Со Благоја Деспотовски од ВМРО-ДПМНЕ е разговарано на 16, а со Антонио Милошоски од истата Коалиција на 22 април, кога е интервјуиран и Зија Јонузи од ДПА. Групно интервју со кандидатки за пратенички од Коалицијата на СДСМ беше емитувано на 23 април. Има и две интервјуа со претставници на НДП: со Ардијан Демири на 23 и со Весел Мемеди на 25 април.

## <u>КРИВА ПАЛАНКА</u>

## ТВ ЗЛАТЕН КАНАЛ

**ВЕСТИ**

Во вкупното време од 2 часа и 9 минути за новинарските вести и извештаи со кои беа проследени дваесетте дена од кампањата за Предвремените парламентарни избори, доминира минутажата на прилозите за кампањата на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 37 минути. Споредбено, ако се земе предвид принципот на пропорционалност според бројот потврдени листи во сите изборни единици, времето отстапено за СДСМ и Коалицијата е помало – 9 минути и 44 секунди. Од другите учесници во изборната кампања, пак, позабележливо време им било отстапено на ГРОМ и Коалицијата – 13 минути и 58 секунди, на ДУИ – 5 минути и 55 секунди, на ДПА – 8 минути и 6 секунди, и на Коалицијата за позитивна Македонија – 6 минути и 24 секунди.

**ТВ Златен канал (парламентарни): Субјекти во вести** **Табела 21**[41]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:37:00 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:44 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:55 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:06 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:06:24 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:13:58 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:00:50 |
| | |
| ДИК и други органи | 00:03:50 |
| Влада на РМ | 00:04:20 |
| Локална самоуправа | 00:11:09 |
| Органи на државната управа | 00:11:55 |
| Без субјекти | 00:14:59 |
| Други субјекти | 00:01:13 |
| | |
| | **Вкупно = 02:09:23** |

**ИНТЕРВЈУА**

На 10 април, емитувано е интервјуто со премиерот Никола Груевски, оригинално релизирано на ТВ Сител 3 во актуелно-информативната емисија „Јади бурек“. Емитувано на двапати истиот ден, интервјуто трае од 17:45 до 22 часот. Првата реприза е емитувана веќе на 11 април, по полноќ, од 01:44 до 04:09 минути, а втората утринатa – од 08:09 до 11:30. На 22 април, најнапред со почеток од 11 часот, ТВ Златен канал го емитуваше колективното интервју со носителите на листите со кандидатите за пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата: Гордана Јанкуловска, Антонио Милошоски, Влатко Ѓорчев и Никола Тодоров, а репризата е емитувана истиот ден од 21 часот, со продолжение во наредниот ден – 23 април, кога е репризирана уште еднаш, во утринскиот програмски појас од 8 часот. На истиот ден, со поинаков уредувачки пристап, третата реприза на ова колективно интервју е емитувана со почеток од 21 часот, при што продолжува и во пополноќниот програмски појас на 24 април, а истиот ден, интервјуто е репризирано уште еднаш – од 9 часот наутро до 14 часот напладне, поделено на неколку тематски блокови.

Борче Стојчески, претседателот на Општинскиот изборен штаб на ВМРО-ДПМНЕ од Крива Паланка, и Слаѓана Митовска, кандидатката за пратеничка на истата партија, гостувале на ТВ Златен канал на 11 април, во емисијата со наслов „Интервју“. Емисијата е репризирана на 12 април. На 25 април, пак, во истата емисија гостувал Борјанчо Мицевски, кандидатот за пратеник на СДСМ и Коалицијата од Крива Паланка. Интервјуто е репризирано во програмската понуда за 26 април.

[41] Ибид.

**ДЕБАТИ**

Дебатата помеѓу новинарите Мирка Велиновска и Дарко Јаневски, преземена од приватната продукција на актуелно-информативната емисија „Миленко Неделковски Late Night Show“, ТВ Златен канал ја емитуваше на 25 април.

## ОХРИД

### НТВ

Единствената емисија тематски непосредно поврзана со изборите беше емитувана на 25 април - дебатата помеѓу новинарите Мирка Велиновска и Дарко Јаневски, првично реализирана на ТВ Канал 5, во емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“. Инаку, оваа телевизија не емитуваше вести или друг медиумски облик новинарски обработени информации во врска со изборниот процес.

## ПРИЛЕП

### ТВ ВИЖН

**ВЕСТИ**

ТВ Вижн, при известувањето за Предвремените парламентарни избори 2014 година, не го почитуваше принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи за кандидати. Имено, од 5 часа и 22 минути во вестите во 18:30, за Коалицијата владејачки партии предводена од ВМРО-ДПМНЕ се издвоени 1 час и 26 минути, следна по застапеност е Коалицијата предводена од СДСМ со 23 ипол минути, а од другите учесници во изборна кампања само ВМРО НП достигнува 5 минути. Карактеристично за вестите на ТВ Вижн е тоа што дел од субјектите вклучени во Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (ДОМ, ПОДЕМ, СПМ, ДС, НЛП) во неколку наврати имаа јасно издвоени поединечни настапи во кои ги изнесуваа своите ставови за поддршка на Коалицијата и нејзиниот претседателски кандидат. За да се одрази ваквата специфика, овие настапи методолошки беа кодирани поединечно, но со овие прилози, дисбалансот во корист на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ нараснува на 2 часа (Табела 22). Значително време има локалната самоуправа (1 ипол час) и Владата (речиси 36 минути).

**ТВ Вижн (парламентарни): Субјекти во вести Табела 22**[42]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:26 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:26:13 |

[42] Ибид.

| | |
|---|---|
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:05:12 |
| Коалиција ГРОМ | 00:02:57 |
| ПОДЕМ – Партија на обединети демократи за Мак. | 00:04:35 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:02:11 |
| Демократски сојуз | 00:06:09 |
| ДОМ – Демократска обнова на Македонија | 00:05:15 |
| Народно движење за Македонија | 00:01:06 |
| Нова либерална партија | 00:04:08 |
| СПМ – Социјалистичка партија на Македонија | 00:04:41 |
| | |
| Влада на РМ | 00:35:54 |
| Органи на државната управа | 00:09:24 |
| Локална самоуправа | 01:36:38 |
| ДИК и други органи | 00:10:50 |
| Други субјекти | 00:15:16 |
| Без субјекти | 00:08:23 |
| | **Вкупно = 05:22:20** |

Најбројни и најдолготрајни се директните обраќања на претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ- 36 минути и 42 секунди во текот на 26 пати, претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ говореле 14 пати со траење од 17 минути и 22 секунди, а од другите учесници во изборната кампања: од ВМРО НП говореле 3 минути и 55 секунди (3 пати), од Коалицијата ГРОМ 2 минути и 3 секунди (3 пати), а по едно обраќање имаат Народно движење за Македонија (52 секунди), Коалицијата Достоинство за Македонија (36 секунди) и Коалиција за позитивна Македонија (19 секунди). ПОДЕМ, Нова либерална партија и Демократскиот сојуз имаат по четири издвоени обраќања, СПМ има три, а ДОМ две кои сите заедно додаваат дополнителни 16 минути и 21 секунда директни обраќања на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Инаку најголем број можности за директни обраќања имале претставниците на локалната самоуправа – 34 пати (25 минути и 38 секунди).

**ДЕБАТИ**

Медиумот емитуваше две дебатни изданија на „Миленко Неделковски Late Night Show“ преземени од Канал 5 Телевизија. На 6 април емисијата е посветена на прашањето на Македонците муслимани во општествено – политичкиот живот, а на 25 април своите ставови за изборите ги изнесуваат главниот и одговорен уредник на дневниот весник „Дневник“ Дарко Јаневски и колумнистката Мирка Велиновска.

**ИНТЕРВЈУА**

Во изборниот период, ТВ Вижн емитуваше неколку сопствени интервјуа со градоначалници од регионот што го покрива. Разговорот со градоначалникот на Прилеп Марјан Ристески реализиран на 24 март, беше повторно емитуван и на 27 март, на 4, на 5 (два пати) и на 7 април. Интервјуто со градоначалникот на

Општина Кривогаштани Тони Заткоски имаше премиера на 5, а репризи на 6 и на 9 април; со градоначалникот на Општина Новаци Лазар Котевски премиерно беше разговарано на 6, а репризирано на 7 (два пати) и на 10 април, а интервјуто со Александар Панов, градоначалникот на Општина Кавадарци, двапати е емитувано на 14 и еднаш на 16 април. Има и едно групно интервју со претставниците на Коалицијата за позитивна Македонија Љупчо Зиков, Дане Јованов и Милан Тоцев прикажано вкупно петпати – по еднаш на 18, на 21 и на 23 април и двапати на 19 април.

Во продукција на ТВ Вижн беше и интервјуто со министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески од 25 април.

Освен сопствените интервјуа, Телевизијата емитуваше и преземени разговори. На 23 и на 24 април беше прикажано изданието на „Миленко Неделковски Late Night Show“ (оригинално од Канал 5 Телевизија) во кое учествуваат Гордана Јанкуловска, Никола Тодоров, Антонио Милошоски и Влатко Ѓорчев од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Емисијата замислена како дебата, е реализирана како групно интервју поради тоа што претставници на СДСМ не се одѕвале на поканата за учество. На 10 и 11 април емитувано е интервјуто со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски од емисијата „Јади бурек“ (оригинално од Сител 3).

## БЕСПЛАТНО ПОЛИТИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

ТВ Вижн одлучи да издвои по десетина минути за бесплатно политичко претставување на кандидатите за пратеници и носители на пратенички листи во Изборната единица 4. Претставувањето беше премиерно емитувано на 23 април, а репризно на 24 април, по следниов редослед утврден со ждрепка: Јорданчо Зографоски од Коалиција ГРОМ, Наташа Третковска од Социјалдемократската партија на МК, Дане Јованов од Коалиција за позитивна Македонија, Гоце Најдоски од Народно движење на Македонија, Ане Лошкоска од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, Сузана Дарковска од ВМРО-Народна партија, Неџати Јакупи од Демократската унија за интеграција; Горан Сугарески од Коалицијата на СДСМ и Стојанче Ангелов од Коалицијата Достоинство за Македонија.

# <u>РАДОВИШ</u>

## ТВ КОБРА

### ВЕСТИ

При известувањето за Предвремените парламентарни избори, во централниот ТВ дневник од 20 часот ТВ Кобра доминатно беше насочена кон активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 2 часа и 5 минути, додека за другите учесници во изборната кампања биле отстапени драстично помалку прилози. Имено, во периодот од 5 до 25 април, Коалицијата предводена од СДСМ добила – 35 минути; ВМРО НП – 21 минута; ГРОМ – 11 минути; АПМ – 10 минути, додека, пак, албанските политички партии биле застапени со занемарлива минутажа: ДПА – 2 минути и само 1 минута за ДУИ.

**ТВ Кобра (парламентарни): Субјекти во вести Табела 23**[43]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 02:05:21 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:35:23 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:21:06 |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:11:28 |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:10:18 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:21 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:14 |
| | |
| Влада на РМ | 00:11:23 |
| Локална самоуправа | 00:53:27 |
| ДИК и други органи | 00:09:51 |
| Органи на државната управа | 00:20:08 |
| Други субјекти | 00:10:31 |
| | |
| | **Вкупно = 05:03:49** |

**ИНТЕРВЈУ**

Прв гостин во студиото на ТВ Кобра е Љупчо Георгиевски, лидерот на ВМРО НП, кој преку интервју во емисијата „Отворено за...“, на 1 април ги презентира своите политички ставови за новата констелација политички односи во Македонија.

На 10 април е емитувано интервјуто со премиерот Груевски, а преземено е од продукцијата на актуелно-информативната емисија „Јади бурек“, премиерно емитувана на ТВ Сител 3. На 22 април, ТВ Кобра го емитуваше колективното интервју со кандидатите за пратеници од ВМРО-ДПМНЕ: Никола Тодоров, Гордана Јанкуловска, Антонио Милошоски и Влатко Ѓорчев. Интервјуто беше премиерно емитувано на ТВ Канал 5 во емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“, а ТВ Кобра го репризираше на 23 и 25 април.

## СКОПЈЕ

## ТВ АМАЗОН

**ИНТЕРВЈУА**

Скопската регионална телевизиска станица Амазон, изборите ги третираше во интервјуата реализирани со личности од јавниот и од политичкиот живот. Интервјуто со лидерот на ВМРО НП Љубчо Георгиевски,

[43] Ибид.

преземено од штипската ТВ Ирис, е емитувано на 24 и на 26 март. На 25 март (репризно на 26 март) се емитува интервјуто на ТВ Амазон со новинарот и активист Петрит Сарачини во емисијата „Каде оди Македонија“. Во изданијата на оваа емисија од 29 и 30 март се разговара со проф. д-р Јове Кекеновски (Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ), на 1 и 2 април со д-р Благоја Марковски (Коалиција Достоинство за Македонија), на 5 и 6 април со проф. д-р Јанко Бачев (Народно движење за Македонија), на 8 и 9 април со проф. д-р Иван Бабамовски, на 15, 16 и 18 април со проф. д-р Фросина Ременски (Коалиција на СДСМ), на 19 и 20 април со Љубица Буралиева (Коалиција на СДСМ), на 21 и 22 април со Лидија Димова (Коалиција на СДСМ), на 22 април со Кире Наумов (Коалиција на СДСМ), на 24 април со Стефан Бобев (Коалиција на СДСМ), како и со проф. д-р Рената Тренеска – Дескоска (Коалиција на СДСМ) – репризирано на 25 април кога се емитува и интервју со Петре Шилегов (Коалиција на СДСМ). Во „Актуелности“ од 17 и 21 април гостува Љупчо Балкоски (ВМРО НП), а од 24 април – Слободан Близнаковски (ВМРО НП). Во емисијата „Дал да плачам ил да пеам“, реализирано е интервју со Гоце Делчев – Тодев и со Горан Зафировски од Коалицијата Достоинство за Македонија, репризно емитувано на 22 и на 25 април.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

„Дал да плачам ил да пеам“ обично е контактна емисија во која граѓаните можат да ги изнесат своите ставови за различни актуелни прашања. Изборите се појавуваат како една од темите на изданијата на оваа емисија (премиерни или репризни) од 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 31 март и 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 11, 16, 17, 18, 19 и 24 април.

## ТВ БТР

**ВЕСТИ**

Нешто помалку од 3 часа од вестите што ТВ БТР ги емитува по 17:30 часот, се однесуваа на кампањите за Предвремените парламентарни избори. Се известуваше само за пет учесници во изборната кампања, од кои најмногу време има Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ - околу 49 минути на кои треба да се придодадат и 13 минути извештаи во чиј фокус се наоѓа Сојузот на Ромите од Македонија, која исто така е дел од оваа коалиција (Табела 24). Примарна целна публика на ТВ БТР се Ромите, што дава основа на уредувачката одлука да се издвојат активностите на Сојузот на Ромите, но одлуката е нерамномерно спроведена бидејќи ваков третман не добиваат другите партии на Ромите од Македонија, ниту оние кои се дел од владејачката ниту оние од опозициската коалиција. Втора по застапеност во вестите е Коалицијата предводена од СДСМ (околу 28 минути), следи ДУИ (единаесетина минути), Коалицијата ГРОМ (десет ипол минути), па ДПА (околу 8 минути). Значајно е присуството на извештаи чиј субјект е Владата.

**ТВ БТР (парламентарни): Субјекти во вести Табела 24**[44]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:27:47 |

[44] Ибид.

| | |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:48:57 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:08:13 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:11:07 |
| Коалиција ГРОМ | 00:10:27 |
| СРМ – Сојуз на Ромите од Македонија | 00:13:05 |
| | |
| Влада на РМ | 00:20:45 |
| Собрание на РМ | 00:01:59 |
| Органи на државната управа | 00:00:54 |
| Локална самоуправа | 00:06:38 |
| ДИК и други органи | 00:10:32 |
| Други субјекти | 00:06:28 |
| Без субјекти | 00:07:17 |
| | **Вкупно = 02:54:09** |

Најдолго време во директните обраќања имаат претставниците на Сојузот на Ромите од Македонија – 11 минути и 47 секунди. Нивните пет изјави треба да се надададат на деветте дадени од други претставници на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, кои траат уште 10 минути и 48 секунди. Гледачите на вестите на ТВ БТР, во четири прилози имале можност да чујат изјави од претставници на Коалицијата на СДСМ што трае четири минути и 38 секунди, а во еден од ДУИ – 1 минута и 7 секунди.

**ИНТЕРВЈУА**

ТВ БТР реализираше неколку интервјуа со неколку личности, речиси сите поврзани со Сојузот на Ромите од Македонија (СРМ). Лидерот на СРМ Амди Бајрам, во четири различни наврати гостуваше во емисијата „Таргет“. Првото интервју е на 7 април (двапати емитувано). На 11 април, заедно со него, во емисијата учествуваше и Ибрахим Ибрахими, заменик – министер за труд и социјална политика (репризирано истиот ден). На 21 април двапати се емитува уште еден разговор со Амди Бајрам, а последното интервју е на 25 април непосредно пред почетокот на изборниот молк. Ибрахим Ибрахими, е гостин во студиото на БТР и на 22 април. Две различни интервјуа се реализирани и со Реџеп Али Чупи, директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во Министерството за образование и наука и претседател на Унијата на млади сили на СРМ: првата емисија има премиера и реприза на 9 април и уште една реприза на 10 април, а втората на 23 април. Разговор со градоначалникот на Општина Шуто Оризари Елвис Бајрам е реализиран на 8 април, а репризиран на 9 април. На 24 април во „Таргет“ учествуваат советници во Општина Шуто Оризари од редовите на СРМ. Има и уште едно интервју, со директорот на Агенцијата за вработување Владо Поповски, реализирано на 16 април и репризирано трипати - еднаш истиот ден, и потоа на 17 и на 19 април.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

На 11 април (повторно прикажано на 16 април) се емитува Деветтиот ромски економски бизнис форум, каде на првата сесија говори и заменик – министерот Ибрахим Ибрахими, а на втората лидерот на СРМ Амди Бајрам.

## ТВ ЕДО

**ВЕСТИ**

Три часа и 19 минути од вестите во 18:15 часот на ТВ ЕДО во текот на кампањата за парламентарните избори се однесуваат на изборни теми. Медиумот известувал за малку субјекти при што времето не е распоредено согласно принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати. Најголем дел од прилозите за учесниците во изборната кампања се однесуваат на коалицијата партии од власта предводена од ВМРО-ДПМНЕ (55 ипол минути), коалицијата опозициски партии предводена од СДСМ има околу 24 минути, ДУИ десетина минути, а ДПА и Коалицијата ГРОМ помалку од 10 минути (Табела 25). Најмногу време е посветено на известување за активности на Владата – околу 56 ипол минути.

**ТВ ЕДО (парламентарни): Субјекти во вести Табела 25**[45]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:50 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:55:33 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:05:59 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:10:06 |
| Коалиција ГРОМ | 00:07:20 |
| Влада на РМ | 00:56:23 |
| Органи на државната управа | 00:04:49 |
| Локална самоуправа | 00:07:22 |
| Собрание на РМ | 00:00:43 |
| ДИК и други органи | 00:20:26 |
| Други субјекти | 00:00:43 |
| Без субјекти | 00:06:06 |
| | **Вкупно = 03:19:21** |

Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ е цитирана најчесто и најдолготрајно – 31 пат со траење од 42 минути и 41 секунда, следат претставниците на централната власт – 21 пат со траење од 24 минути и 5 секунди, па Коалицијата на СДСМ – 18 пати со траење од 11 минути и 59 секунди. Коалицијата ГРОМ е цитирана во текот на 4 минути и 16 секунди (9 пати), ДУИ 1 минута и 39 секунди (2 пати) и има еден цитат од ДПА кој трае 21 секунда.

[45] Ибид.

## ТВ ЕРА

### ВЕСТИ

На известувањето за митинзите, средбите и другите настани и теми поврзани со изборите за пратеници, ТВ ЕРА им посвети 3 часа и 46 ипол минути од своите вести во 19 часот и 30 минути. Најголемиот дел од овој помал обем вести, се однесува на ДУИ, која доби околу една петтина од времето (47 ипол минути). Како што е прикажано во Табела 26, повеќе време од нив имаат и субјекти со помалку листи со пратеници какви што се ДПА (27 ипол минути), Коалицијата ГРОМ (седумнаесетина минути) и НДП (шеснаесетина минути).

**ТВ ЕРА (парламентарни): Субјекти во вести** **Табела 26**[46]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:57 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:13:22 |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:27:37 |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:47:28 |
| НДП – Национална демократска преродба | 00:16:08 |
| ПДП – Партија за демократски просперитет | 00:06:29 |
| Коалиција ГРОМ | 00:16:47 |
| | |
| Влада на РМ | 00:09:46 |
| Органи на државната управа | 00:02:02 |
| Локална самоуправа | 00:05:03 |
| Претседател на РМ | 00:00:41 |
| ДИК и други органи | 00:29:41 |
| Други субјекти | 00:30:56 |
| Без субјекти | 00:12:40 |
| | **Вкупно = 03:46:37** |

ДУИ предничи и кај директното обраќање (25 пати во траење од 22 минути и 55 секунди), следи ДПА (17 пати, односно 16 минути и 14 секунди), Коалиција ГРОМ (13 пати во текот на 7 минути и 27 секунди), НДП (10 пати - 7 минути и 14 секунди), Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (8 пати – 5 минути и 57 секунди), ПДП (3 пати – 4 минути и 10 секунди), и Коалицијата на СДСМ (6 пати – 3 минути и 12 секунди).

## ТВ ШУТЕЛ

### ДЕБАТИ

[46] Ибид.

На 3 април (репризно на 5), новинарите Севгул Абдула и Дехран Муратов дебатираа на теми поврзани со изборите во емисијата „Еурором“ на ТВ Шутел.

**ИНТЕРВЈУА**

Интервју со министерот без ресор Неждет Мустафа по повод 8 Април - Денот на Ромите е реализирано на денот на празникот. Како продолжение на разговорот, се прикажува говорот на Мустафа на Ромскиот самит во Брисел одржан на 4 април 2014.

**ПРОГРАМИ ШТО НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО ИЗБОРИТЕ**

Во младинската емисија „Тин сешн“, на 24 април гостуваше Маријанчо Николов од Коалицијата предводена од СДСМ.

## СТРУМИЦА

## ТВ ВИС

**ВЕСТИ**

Од 5 со 25 април, односно во текот на кампањата за Предвремените парламентарни избори, безмалку 6 часа од вестите на ТВ Вис од 17:30 часот се однесуваат на теми и субјекти кои, според методологијата за мониторингот, се предмет на анализа. Известувајќи за пет субјекти, Телевизијата времето го поделила така што најмногу има Коалицијата предводена од СДСМ, околу 35 минути помалку има Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, па следат ВМРО НП и Коалицијата ГРОМ со по околу половина час, додека Коалицијата за позитивна Македонија има најмалку – околу 3 ипол минути (Табела 27).

**ТВ ВИС (парламентарни): Субјекти во вести Табела 27**[47]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 02:00:50 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:24:17 |
| ВМРО НП – ВМРО Народна партија | 00:34:23 |
| Коалиција ГРОМ | 00:27:00 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:03:21 |
| | |
| Влада на РМ | 00:13:46 |
| Органи на државната управа | 00:22:59 |
| Локална самоуправа | 00:10:14 |
| ДИК и други органи | 00:04:13 |

[47] Ибид.

| | |
|---|---|
| Други субјекти | 00:20:28 |
| Без субјекти | 00:14:41 |
| | **Вкупно = 05:56:14** |

Сличен сооднос во распоредот на времето има и кај опцијата за директно цитирање на кандидатите: оние од Коалицијата на СДСМ говореле 1 час 40 минути и 40 секунди (42 пати), оние од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ 1 час 3 минути и 18 секунди (30 пати), од ВМРО НП 31 минута и 32 секунди (11 пати), од Коалицијата ГРОМ 22 минути и 47 секунди (12 пати), а од Коалицијата за позитивна Македонија 2 минути и 4 секунди (еднаш).

**ДЕБАТИ**

Дебатите со кандидати за пратеници од Коалицијата на СДСМ, од ДУИ и од ДПА организирани од НДИ, ТВ Вис ги емитуваше на 24 април.

**ИНТЕРВЈУА**

Телевизијата направи обид самостојно да организира неколку дебати, но поради тоа што само некои од политичките субјекти ги прифатија поканите, има неколку емисии кои се реализирани како интервјуа. Така во политичката емисија „Вис а Вис“ на 16 април гостува Дане Јованов од Коалицијата за позитивна Македонија, на 17 април - Хари Локвенец од Коалицијата на СДСМ, на 18 април Зоран Ставрески од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, а на 24 април (со реприза утредента) Ристо Пецев од ВМРО НП.

**ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ**

Претседателските и парламентарните избори беа тема и на информативната емисија „Во центар“, оригинално емитувана на Алсат – М Телевизија, во која гостува претседателот на Светскиот македонски конгрес Тодор Петров.

## <u>ТЕТОВО</u>

## ТВ КИСС

**ВЕСТИ**

Статистиката од вториот круг за Претседателските избори, всушност ја покажува и редакциската определба за начинот по кој беше третирана и кампањата за време на Предвремените парламентарни избори од 5 до 25 април. Во фокусот на новинарското известување, со вкупно време од – 5 часа, прилози за вестите реализирани во 22 часот, беа активностите на коалициите предводени од владејачката ВМРО-ДПМНЕ, со 1 час и 46 минути, и од опозициската СДСМ, со 1 час и 7 минути. Во рамките, пак, на информативното време од 20 минути, известувано беше и за активностите на ВМРО НП, Коалицијата предводена од ГРОМ, и Коалицијата - Достоинство за Македонија. Настапот на ДПА беше проследен со 5 минути, а на ДУИ со 7 минути.

**ТВ Кисс (парламентарни): Субјекти во вести Табела 28**[48]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:46:03 |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:06:34 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:08 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:21 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:03:14 |
| Коалиција Гром | 00:20:01 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:02:52 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:19:11 |
| Коалиција Достоинство за Македонија | 00:22:14 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:06:16 |
| Локална самоуправа | 00:12:57 |
| Влада на РМ | 00:03:58 |
| Други субјекти | 00:10:25 |
| Органи на државната управа | 00:08:16 |
| ДИК и други органи | 00:06:53 |
| | **Вкупно = 05:01:23** |

**ДЕБАТИ**

ТВ Кисс на 10 април ја емитуваше дебатата меѓу претседателските кандидати, организирана од НДИ, поддржана од Британската амбасада и од УСАИД. На 24 април, беше емитувана и дебатата меѓу кандидатите на Предвремените парламентарни избори, припремена од истиот организациски тим: Во првиот дебатен круг учествуваа - Марјанчо Николов од СДСМ, Орхан Ибрахими од ДПА и Фатмир Бесими од ДУИ, а во вториот дебатен круг се соочија - Рената Дескоска од СДСМ, Ермира Мехмети од ДУИ и Беким Фазлиу од ДПА.

Дебатата помеѓу новинарите - Мирка Велиновска и Дарко Јаневски, во врска со политичката понуда на Предвремените парламентарни избори, премиерно емитувана на ТВ Канал 5 во емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show", ТВ Кисс ја емитуваше на 25 април.

**ИНТЕРВЈУА**

Преземени беа три интервјуа, изворно реализирани од редакцијата на Радио Слободна Европа, и тоа: на 24 март, за влијанието на изборите врз економијата беше разговарано со Мендерес Кучи, претседателот на Стопанската комора на Северозападна Македонија; на 30 март, реализирано е интервју со Зоран Поповски, претседателскиот кандидат на ГРОМ, а на 7 април, својата политичка опција ја претстави Стево Пендаровски, кандидатот на СДСМ и опозициската Коалиција.

[48] Ибид.

На 10 април (со реприза од 11 април), ТВ Кисс го емитуваше интервјуто со премиерот Никола Груевски, премиерно реализирано во емисијата „Јади бурек“ што е дел од програмската понуда на ТВ Сител 3. На 21 април, од емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“, преземено е колективното интервју со носителите на листите за пратеници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ: Ѓорчев, Тодоров, Јанкуловска и Милошоски. Ова интервју е репризирано и во полноќниот премин од 22 кон 23 април.

## ТВ КОХА

### ВЕСТИ

Во периодот од 5 до 25 април, за Предвремените парламентарни избори, во вестите од 21 часот ТВ Коха најмногу известуваше за активностите на ДУИ – 1 час и 6 минути, потоа за ДПА – 55 минути, за ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата – 27 минути, и за СДСМ и Коалицијата – 21 минута. Забележливо време во централниот ТВ дневник им е отстапено и на НДП – 24 минути, и на ПДП – 16 минути.

**ТВ Коха (парламентарни): Субјекти во вести** **Табела 29**[49]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:05:38 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:54:36 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:27:08 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:20:56 |
| Коалиција Гром | 00:05:44 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:23:55 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:15:47 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:03:19 |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:01:04 |
| Влада на РМ | 00:11:02 |
| ДИК и други органи | 00:09:35 |
| Локална самоуправа | 00:07:58 |
| Без субјекти | 00:11:26 |
| Други субјекти | 00:24:48 |
| | **Вкупно = 04:42:55** |

### ДЕБАТИ

ТВ Коха ги емитуваше двете дебати организирани од НДИ со поддршка од Британската амбаса и УСАИД. На 10 април, емитувана е дебатата меѓу

[49] Ибид.

претседателските кандидати – Стево Пендаровски (СДСМ и Коалицијата), Илјаз Халими (ДПА), Зоран Поповски (ГРОМ). На 24 април, емитувана е дебатата меѓу пратеничките кандидати: Марјанчо Николов (СДСМ), Орхан Ибрахими (ДПА) и Фатмир Бесими (ДУИ), а во вториот дел од дебатата учествуваа: Рената Десковска (СДСМ), Беким Фазлиу (ДПА) и Ермира Мехмети (ДУИ).

## ТВ МЕНАДА

### ВЕСТИ

Перидот од 5 до 25 април, во кој партиите и коалициите ги промовираа своите кандидати за пратеници на Предвремените парламентарни избори, ТВ Менада во вестите од 21:30 часот го опфати со куси извештаи во вкупно времетраење од 4 часа и 34 минути. Најмногу време им е посветено за изборните активности на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициски партнери – 1 час и 42 минути, и за СДСМ како предводник на опозициската Коалиција – 1 час. Во преостанатата минутажа, повидлива застапеност во вестите имаат ДУИ – 22 минути, ДПА – 14 минути, ВМРО НП – 18 минути и Коалицијата предводена од ГРОМ – 13 минути.

**ТВ Менада (парламентарни): Субјекти во вести Табела 30**[50]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:41:54 |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:00:04 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:21:32 |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:14:14 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:04:11 |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:05:47 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:18:25 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:04:27 |
| Коалиција Гром | 00:13:23 |
| | |
| Влада на РМ | 00:05:00 |
| Други субјекти | 00:09:34 |
| Локална самоуправа | 00:04:14 |
| Органи на државната управа | 00:09:07 |
| Без субјекти | 00:01:43 |
| | **Вкупно = 04:33:35** |

### ИНТЕРВЈУА

[50] Ибид.

ТВ Менада на 10 април го емитуваше интервјуто со премиерот Груевски, првично емитувано на ТВ Сител 3 во емисијата „Јади бурек“, а на 23 април (со реприза на 24 април) колективното интервју првично емитувано на ТВ Канал 5 во емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“, со: Никола Тодоров, Влатко Ѓорчев, Гордана Јанкуловска и Антонио Милошоски, носителите на листите за пратеници од ВМРО-ДПМНЕ.

**ДЕБАТА**

На 25 април, дел од програмската понуда на ТВ Менда поврзана со изборниот процес беше и дебатата, најнапред емитувана на ТВ Канал 5, реализирана во емисијата „Миленко Неделковски Late Night Show“ помеѓу новинарите Мирка Велиновска и Дарко Јаневски.

## ШТИП

## ТВ ИРИС

**ВЕСТИ**

И во периодот на Предвремените парламентарни избори – од 5 до 25 април, во анализираното издание на вестите од 20 часот, ТВ Ирис сразмерно известуваше за учесниците во изборната кампања, ако се земе предвид принципот на пропорционалност, интензитетот на кампањата и новинарско-техничкиот капацитет на медиумот за активно, теренско покривање на политичките случувања непосредно поврзани со изборниот процес.

**ТВ Ирис (парламентарни): Субјекти во вести Табела 31**[51]

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:13:36 |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:11:59 |
| Коалиција Гром | 00:01:08 |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:14 |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:58 |
| Коалиција за позитивна Македонија | 00:01:15 |
| | |
| Влада на РМ | 00:07:07 |
| ДИК и други органи | 00:10:19 |
| Локална самоуправа | 00:49:20 |
| Други субјекти | 00:11:36 |
| Органи на државната управа | 00:05:54 |
| Без субјекти | 00:03:47 |

[51] Ибид.

**Вкупно =**
**01:58:13**

**ДЕБАТИ**

Во целиот изборен период – од 24 март до 25 април, преземени се изданијата на дебатите организирани и реализирани на ТВ 24 вести, било преку „Анализа 24“ било преку „Избори 2014“.

На 24 март, дебата за можните изборни исходи, главно врз основа на податоците од истражувањата на јавното мислење, во „Анализа 24“ воделе аналитичарите - Владимир Божиновски и Петар Арсовски. На 25 март, во емисијата „Избори 2014“, полемизирале Ѓунер Исмаил и Ристо Никовски, а на 27 март, во истата емисија, на тема – изборните процеси и влијанието врз домашните економски трендови, гостувале Исен Салиу, Мирче Јовановски и Младен Чадиковски. Државното единство, како заложба на претседателските кандидати, било дебатна тема помеѓу Љубомир Фрчковски и Сашо Клековски, организирана на 28 март во изданието на „Избори 2014“. На истиот ден, во ново издание на истата емисија, тема е - Избирачкиот список, како нужна основа за регуларен изборен процес, а дебатата се водела меѓу Александар Велковски и Субхи Јакупи, заменик-претседателот на ДИК. Водителот посочува дека биле официјално поканети и останатите активни членови на ДИК, но не ја прифатиле дебатата.

На 1 април, во „Анализа 24“ ставови соочуваат Ѓорѓи Спасов, Арсим Зеколи, Катерина Блажевска и Сашо Клековски, а истиот ден, изданието на актуелно-информативната емисија „Студио 24“ за тема ја поставува - етиката и изборите, чии аспекти ги анализираат Илија Ацевски, Викторија Гојевиќ и Дејан Донев. Оваа дебата е репризирана на 2 април. „Студио 24“ на 2 април ја отвара полемиката меѓу поранешните пратеници - Ѓулистана Марковска, Велко Стојановски и Алајдин Демири, на тема – политичката понуда, составот на актуелните пратенички листи, предвидувања за исходот на парламентарните избори, и рекапитулација на кампањата за претседателските избори. Дебатата е репризирана на 3 април и на 4 април.

На 10 април беше емитувана дебатата меѓу претседателските кандидати организирана од НДИ - Националниот демократски институт за меѓународни работи, со поддршка од Британската амбасада и од УСАИД. Во изборното медиумско соочување учествуваа Зоран Поповски, кандидатот на ГРОМ, Стево Пендаровски, кандидатот на СДСМ и опозициската Коалиција, и Илјаз Халими, кандидатот на ДПА.

Емисијата „Студио 24“, на 15 април ги соочи изборните прогнози на универзитетските професори - Здравко Савевски и Ивица Јосифовиќ, и пратеничката Флора Кадриу од ДПА.

Емитувањето на дебатите организирани од НДИ, УСАИД и Британската амабасада продолжи на 24 април, кога беа претставени политичките ставови на Марјанчо Николов од СДСМ, на Фатмир Бесими од ДУИ и на Орхан Ибраими од ДПА. Во вториот дел од истата дебата, своите изборни платформи ги образложија - Рената Дескоска од СДСМ, Ермира Мехмети од ДУИ и Беким Фазлиу од ДПА.

**ИНТЕРВЈУА**

Во овој облик на новинарски аналитички пристап кон учесниците во изборниот процес, со поширок опфат на аспектите од нивната изборна платформа, ТВ Ирис покажа најголем интензитет реализирани емисии, главно во своја продукција преку емисијата „Агора“, но и преку преземени интервјуа емитувани на ТВ 24 вести.

Првото интервју е емитувано на 26 март, токму во политичкиот магазин „Агора“, а гостин во емисијата беше Елизабета Канчевска-Милевска, со која се разговараше на теми околу заштитата на културното наследство во Штип и штипско, како и за пропозициите и за организацијата на фестивалите „Макфест“ и „Валандово-фест“. Конкретно, темата за претседателската изборна кампања и претставувањето на кандидатите започна да се обработува на 30 март, кога е емитувано интервју со Зоран Поповски, претседателскиот кандидат на ГРОМ, а е реализирано од редакцијата на Радио Слободна Европа. „Агора“ на 2 април го интервјуира Дамјан Манчевски, потпретседателот на СДСМ, во врска со изборниот настап на опозициската коалиција. Второто интервју со претседателскиот кандидат Поповски е емитувано на 4 април, во реализација на „Студио 24“, актуелно-информативната емисија на ТВ 24 вести. Стево Пендаровски, кандидатот за претседател избран од СДСМ и коалицијата, своите изборни поенти ги презентираше на 5 април во едночасовното издание на „Агора“, а интервјуто беше репризирано на 6 април, кога е емитувано и неговото интервју дадено за Радио Слободна Европа. Ставовите на кандидатот на опозицијата, ТВ Ирис на својата програма ги претстави и на 8 април, кога е емитувано интервјуто дадено за „Студио 24“, во траење од 50 минути. Тематскиот фокус – предложените листи за пратеници на опозицијата, во „Агора“ беше анализиран со Зоран Заев, лидерот на опозициската СДСМ, во терминот за овој политички магазин од 9 април, а репризата на едночасовното интервју беше емитувана на 10 април. За интензитетот на аналитичкиот ангажман на ТВ Ирис зборува и интервјуто реализирано истиот ден во истата емисија, а гостин беше Никола Тодоров, еден од носителите на пратеничките листи на владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Репризата на интервјуто е емитувана наредниот ден, на 11 април. На 16 април, емитувани се две интервјуа оригинално реализирани од ТВ 24 вести - со Стојанче Ангелов, лидерот на политичката партија „Достоинство“, и со Љупчо Зиков, претставник на Алијансата за позитивна Македонија.

Политичкиот магазин „Агора“, во периодот од 17 до 25 април е централното место во информативната програма на ТВ Ирис каде преку интервјуа се презентирани ставовите на: Трајче Димов, Емил Димитриев, Никола Мицевски и Влатко Ѓорчев, претставници на ВМРО-ДПМНЕ; Љупчо Георгиевски, лидерот на ВМРО НП; Ален Георгиев и Даница Рамбабова претставници на СДСМ, и ставовите на Илија Николовски, пензиониран генерал, во својство на кандидат за пратеник од редовите на АПМ. Во емисијата насловена „Став“, емитувано е интервју со Снежана Санева, кандидатка за пратеничка од ВМРО-ДПМНЕ. Во овој период, Телевизијата ги емитуваше и интервјуата реализирани од ТВ 24 вести и од Радио Слободна Европа, и тоа со: Стевче Јакимовски, лидерот на ГРОМ, Емил Димитриев, генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, и со Зоран Заев, лидерот на СДСМ.

## ТВ СТАР

### ВЕСТИ

Изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, во изданието на вестите од 22 часот и 30 минути, за периодот од 5 до 25 април, беше проследена со куси известувачки прилози со вкупно времетраење од 1 час и 10 минути. СДСМ и опозициската коалиција добиле 19 минути, а активностите на владејачката Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ биле опфатени во време од 17 минути.

### ДЕБАТИ

Презентацијата на политичката изборна понуда преку дебатно соочување, ТВ Стар ја почна на 10 април, со емитување на дебатата организирана од НДИ, Британската амбасада и УСАИД. На дебатните позиции се појавија Стево Пендаровски, кандидат на СДСМ и опозициската Коалиција, Зоран Поповски, кандидатот на ГРОМ, и Илјаз Халими, кандидиран од ДПА. НДИ се јавува како организатор и на дебатата за Предвремените парламентарни избори, емитувана на 24 април, структурирана во два дела низ кои гласачите можеа да се запознаат со ставовите на: Марјанчо Николов од СДСМ, Орхан Ибраими од ДПА и Фатмир Бесими од ДУИ, а во вториот дел од дебатата учествуваа: Рената Десковска од СДСМ, Ермира Мехмети од ДУИ и Беким Фазлиу од ДПА. Дебатата за теми ги имаше – функционалноста на Собранието на Република Македонија, надворешната политика, односите меѓу етничките заедници, состојбата со човековите права, и животната средина.

На 25 април, ТВ Стар емитуваше реприза од дебатата помеѓу новинарите Мирка Велиновска и Дарко Јаневски, гости во актуелно-информативната емисија – „Миленко Неделковски Late Night Show".

## ИНТЕРВЈУА

На 11 април, ТВ Стар во два наврати – најнапред од 7 часот наутро, а потоа и репризно од 12 часот истиот ден, го емитуваше дваипол часовното интервју со премиерот Никола Груевски, изворно емитувано на ТВ Сител 3, реализирано во издание на емисијата „Јади бурек". Колективното интервју со: Антонио Милошоски, Гордана Јанкуловска, Никола Тодоров и Влатко Ѓорчев, носителите на пратеничките листи поднесени од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, премиерно емитувано на ТВ Канал 5 во актулено-информативната емисија „Миленко Неделковски Late Night Show", ТВ Стар на својата програма го емитуваше на 22 април, во термин близу полноќ, па интервјуто продолжи и во термин од 23 април.

Ставовите и анализите за изборниот процес изнесени од Тодор Петров, претседателот на Светскиот македонски конгрес, во актуелно-информативната емисија насловена - „Во центар", ТВ Стар ги емитуваше на 18 април.

## ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

На 10 април, премиерно, а на 11 април со две репризи, ТВ Стар го емитуваше изданието на актуелно-информативната емисија „Во центар", чиј прв дел беше посветен на анализа за аспирациите на Република Македонија кон НАТО, а во вториот дел се опсервираа Предвремените парламентарни избори, преку соочување на ставовите на Ермира Мехмети од ДУИ, и на политичкиот аналитичар Алберт Муслиу.

# БИТОЛА

## ТВ ТЕРА

### ВЕСТИ

Примерокот за емитуваните информации во врска со Предвремените парламентарни избори се состои од изданијата вести емитувани во 17.00 часот, во периодот од 5 до 25 април. Вкупното време на информациите поврзани со изборниот процес е 3 часа и 42 минути. Речиси 1/3 од тоа време е одвоено за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Ѓорге Иванов. Од преостанатите 11 коалиции или политички партии коишто имаа свои кандидатски листи за пратеници во 5-та изборна единица, ТВ Тера известуваше уште за кампањите на 7 учесници во изборната трка. Ги предводи Коалицијата на СДСМ со 1 час и 8 минути, а потоа следуваат: ВМРО Народна партија со 8 минути, Коалиција Достоинство за Македонија со 5 минути, Коалиција ГРОМ со 4 минути, Коалиција за позитивна Македонија и ДУИ со по 2 минути и еден прилог, околу 30-тина секунди за ДПА.

## ТВ ОРБИС

### ВЕСТИ

Во 19-те дена кампања посветена на Предвремените парламентарни избори, ТВ Орбис во исто толку изданија на вести реализирани во терминот од 18.30 часот, емитуваше вкупно 2 часа и 22 минути прилози посветени на изборните случувања во целост. Шест организатори на изборна кампања од вкупно дванаесет коишто имаа свои кандидатски листи во 5-та Изборна единица добија простор во вестите на ТВ Орбис. Речиси 2/3 од вкупното време на вестите беше посветено на активностите на владејачката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1 час и 27 минути). За кампањите на другите пет учесници во изборниот процес вкупно беа оддвоени 18 минути. ВМРО Народна партија на програмата на оваа локална битолска телевизија е застапена со 8 минути, Коалицијата предводена од СДСМ со 4 минути, а на другите три политички субјекти (Коалицијата Достоинство за Македонија, Коалицијата ГРОМ и на ДУИ) им се оддвоени по 2 минути.

### ДЕБАТИ

Во врска со Предвремените парламентарни избори, ТВ Орбис организираше и емитуваше една дебатна емисија. Гости во студиото, во рамки на емисијата *„ТВ Објектив“*, беа претставници од двете големи коалиции, едната предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а втората од СДСМ и претставник на ВМРО Народна партија. Дебатната емисија беше емитувана на 22 април.

**ИНТЕРВЈУА**

Во рамки на истата емисија *„ТВ Објектив“* телевизијата реализираше три интервјуа, емитувани на 25 март, 8 и 11 април. Првото интервју беше со претседателот на новоформираната партија ГРОМ, Стевче Јакимовски, којашто за прв пат самостојно настапува на изборите со свои кандидатски листи. Второто интервју беше реализирано со лидерот на ВМРО Народна партија, Љупчо Георгиевски, а гостин во студиото на ТВ Орбис беше и носителот на листа во петтата изборна единица од редовите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Антонио Милошоски.

## ВЕЛЕС

## ТВ ЗДРАВКИН

**ВЕСТИ**

Од вкупно 10 организатори на изборна кампања коишто имаа поднесено листи со кандидати за пратеници во третата изборна единица, во вестите на ТВ Здравкин од 17.00 часот, беа емитувани информации само за три политички субјекта. Простор за промоција на своите изборни програми добија двете најголеми коалиции, предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и Коалицијата за позитивна Македонија. Половина од вкупното време на вестите, коешто изнесуваше 1 час и 14 минути, беше одвоено за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, односно 38 минути. За изборните активности на Коалицијата предводена од СДСМ беа емитувани прилози со времетраење од 15 минути, а за Коалицијата за позитивна Македонија 3 минути.

**ИНТЕРВЈУА**

Телевизијата емитуваше две интервјуа на својата програма, од кои едното во нејзина продукција, а второто преземено од ТВ Сител 3. Преземеното интервју беше од емисијата *„Јади бурек“*, реализирано со премиерот Никола Груевски, а на програмата на локалната велешка телевизија беше емитувано на 10 април.

Второто интервју, реализирано во студиото на ТВ Здравкин на 11 април, во рамки на емисијата *„Актуелно“*, беше со носителот на листа со кандидати за пратеници во третата изборна единица од Коалицијата предводена од СДСМ, Марјанчо Николов.

## ТВ КАНАЛ 21

**ВЕСТИ**

Слично како и за време на Претседателските избори, ТВ Канал 21 и за време на кампањата од Предвремените парламентарни избори емитуваше мал обем информации поврзани со изборниот процес. Во анализираното издание на вестите од 20.00 часот, за деветнаесетте дена кампања, беа емитувани вкупно 47 минути прилози посветени на изборите. Три организатори на изборна кампања добија можност да претстават дел од своите политички платформи,

јавно искажани пред гласачите, преку прилозите емитувани во вестите на ТВ Канал 21. Меѓу нив најзастапена беше Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, за чиишто активности беа одвоени половина од вкупното време на вестите, односно 24 минути. Со 10 минутен простор во централното дневно-информативно издание следува Коалицијата предводена од СДСМ, а со 3 минути е застапена Коалицијата за позитивна Македонија.

Седум политички субјекти коишто имаа свои листи со кандидати за пратеници во третата изборна единица, во којашто спаѓа и Велес, не добија прилика за промоција на своите политички ставови.

## ГОСТИВАР

### ТВ ДУЕ

#### ВЕСТИ

Нешто помалку од еден час (59 минути) се посветени на Предвремените парламентарни избори во вестите на ТВ Дуе, во изданијата во 18.30 часот. Телевизијата известуваше за активностите на 7 организатори на изборна кампања од вкупно 12, колку што имаа поднесено свои листи со кандидати за пратеници во шесттата изборна единица. Според одвоените времиња, за активностите на ДУИ се отстапени 11 минути, за НДП и ДПА по 8 минути, Коалицијата предводена од СДСМ – 7 минути, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 6 минути и незначителни 17 секунди за Коалицијата ГРОМ.

## КИЧЕВО

### ТВ ГУРРА

#### ВЕСТИ

Примерокот за емитуваните информации во врска со Предвремените парламентарни избори се состои од изданијата вести емитувани во 21.00 часот, во периодот од 5 до 25 април. Вкупното време на информациите поврзани со изборниот процес е 2 часа и 4 минути. Од вкупно 12 организатори на изборна кампања коишто имаа свои листи со кандидати за пратеници во петтата изборна единица, ТВ Гурра информираше за кампањите на 8 политички субјекти. Простор на овој локален медиум добија: ДУИ - 26 минути, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ - 19 минути, ДПА – 18 минути, НДП – 18 минути, Коалицијата предводена од СДСМ – 16 минути, ПДП – 3 минути, Коалицијата ГРОМ – 2 минути и ВМРО Народна партија – 2 минути.

## КОЧАНИ

## ТВ КОЧАНИ - ЛД

### ВЕСТИ

Во текот на кампањата од Предвремените парламентарни избори, во вестите на ТВ Кочани – ЛД од 19.30 часот, се емитувани 1 час и 15 минути прилози поврзани со изборните случувања. Следени се активностите на 5 организатори на изборна кампања од вкупно 10 колку што имаа поднесено листи со кандидати за пратеници во третата изборна единица. Најзастапени се прилозите за владејачката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 32 минути, а потоа следуваат информациите за Коалицијата предводена од СДСМ – 13 минути, ВМРО Народна партија со 10 минути, Коалиција ГРОМ со 4 минути и Коалиција за позитивна Македонија со 3 минути.

### ИНТЕРВЈУА

Емитувани беа 2 интервјуа во рамки на емисијата *„Отворено“*, едното со Љупчо Георгиевски, лидер на ВМРО Народна партија и Никола Тодоров, носителот на листа со кандидати за пратеници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во третата изборна единица. Разговорот со Георгиевски е реализиран на 1 април, а со Тодоров е емитуван на 22 април. Тема на разговор и во двете интервјуа се Предвремените парламентарни избори.

## ТВ КАНАЛ 8

### ВЕСТИ

Вкупното време на информациите поврзани со изборниот процес е 1 час и 2 минути. Повеќе од 1/3 од тоа време (22 минути) е одвоено за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Од преостанатите 10 коалиции или политички партии коишто имаа свои кандидатски листи за пратеници во 3-та изборна единица, ТВ Канал 8 известуваше уште за кампањите на 4 учесници во изборната трка. Ги предводи Коалицијата на СДСМ со 14 минути, а потоа следуваат: ВМРО Народна партија со 9 минути, Коалиција за позитивна Македонија со 6 минути и Коалиција ГРОМ со 3 минути.

### ИНТЕРВЈУА

Во рамки на емисијата *„Версус“* реализирани се 4 интервјуа, едно со претседателката на општинската изборна комисија од Кочани, а другите три со носители на листи со кандидати за пратеници во третата изборна единица. Интервјуто со Снажана Хаџи – Паунова е реализирано на 28 март. Гости во емисијата, во нејзините изданија од 10, 17 и 24 април биле: Саше Ивановски, носител на листа од Народно движење за Македонија, Илија Николовски, носител на листа од Коалиција за позитивна Македонија и носителот на листа од Коалицијата предводена од СДСМ во третата изборна единица, Марјанчо Николов.

## КУМАНОВО

## ТВ НОВА

### ВЕСТИ

Збирното времетраење на прилозите поврзани со Предвремените парламентарни избори, емитувани во рамки на анализираното издание вести (во 22.00 часот), е 3 часа и 13 минути. Активностите само на пет коалиции или партии од вкупно 13, колку што имаа поднесено листи со кандидати за пратеници во втората изборна единица, беа медиумски покривани од страна на Телевизија Нова. Најголем обем информации се емитувани за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 1 час и 19 минути, што е 2/5 од вкупното траење на прилозите посветени на изборниот процес. Според застапеноста на програмата на оваа кумановска телевизија следуваат Коалицијата предводена од СДСМ со 56 минути, Коалицијата ГРОМ со 46 минути, ВМРО Народна партија со 8 минути и Коалицијата за позитивна Македонија со 3 минути.

## ТВ ХАНА

### ВЕСТИ

Во 19-те дена кампања посветена на Предвремените парламентарни избори, во анализираното издание на вестите од 20.00 часот, информативната редакција на ТВ Хана продуцираше вкупно 1 час и 28 минути прилози посветени на изборниот процес. Простор на програмата на оваа кумановска телевизија имаше за шест организатори на изборна кампања од вкупно тринаесет, колку што имаа свои кандидатски листи во 2-та Изборна единица. Како и за време на кампањите од двата круга Претседателски избори, и во текот на изборните активности посветени на Предвремените парламентарни избори, телевизијата најмногу простор одвои за ДУИ. Речиси 2/5 од вкупното време на вестите, или 34 минути, беше посветено на активностите на владејачката партија од албанскиот политички блок. Активностите на другите пет организатори на изборна кампања, коишто имаа листи во втората изборна единица, беа следени со различен интензитет. Партиските ангажмани на ДПА добија 15 минутен простор на програмата на ТВ Хана, а потоа следуваат: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со 13 минути, Коалицијата предводена од СДСМ со 10 минути, НДП со 4 минути и Коалицијата ГРОМ со 2 минути.

### ДЕБАТИ

На програмата на ТВ Хана беше емитувана дебатната емисија организирана од НДИ, во којашто учествуваа претставници на СДСМ, ДУИ и ДПА, а на поканата не се одзвала ВМРО-ДПМНЕ. Дебатата се состоеше од два дела, а на програмата на ТВ Хана беше емитувана на 24 април. Во првиот дел, посветен на економијата, енергетиката, здравството, образованието и земјоделството, учествуваа Марјанчо Николов од СДСМ, Орхан Ибраими од ДПА и Фатмир Бесими од ДУИ. Во вториот дел, Рената Тренеска – Дескоска од СДСМ, Ермира Мехмети – Деваја од ДУИ и Беким Фазлиу од ДПА дебатираа за улогата на Собранието, надворешната политика, односите меѓу заедниците, човековите права и животната средина.

## ТВ ФЕСТА

### ВЕСТИ

Примерокот за емитуваните информации во врска со Предвремените парламентарни избори се состои од изданијата вести емитувани во 20.00 часот, во периодот од 5 до 25 април. Вкупното време на информациите поврзани со изборниот процес е 2 часа и 12 минути. Две петтини од тоа време, или по 27 минути, е одвоено за активностите на Демократската унија за интеграции и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Од преостанатите 11 коалиции или политички партии коишто имаа свои кандидатски листи за пратеници во 2-та изборна единица, ТВ Феста известуваше уште за кампањите на 4 учесници во изборната трка. Според временската застапеност во вестите, следуваат: Коалицијата предводена од СДСМ со 26 минути, ДПА со 24 минути, НДП со 18 минути и Коалицијата ГРОМ со 5 минути.

## ТВ ДАЛГА КРТ

### ВЕСТИ

Телевизијата нема централно дневно-информативно издание. Во текот на кампањите за Претседателските и Предвремените парламентарни избори само повремено емитуваше информации, организирани како целина вести, поврзани со изборите, во вкупно времетраење од 51 минута.

### ИНТЕРВЈУА

Емитувани се две интервјуа, коишто не се производ на телевизијата, туку се преземени од други медиуми, од ТВ Сител 3 и од ТВ Канал 5. Станува збор за интервјуто со премиерот Никола Груевски, емитувано во рамки на емисијата *„Јади бурек“*. Преземеното интервју, ТВ Далга Крт го емитувала на 10 април.

Вториот разговор, реализиран со претставници од еден политички субјект, кандидатите за пратеници од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Јанкуловска, Влатко Ѓорчев, Никола Тодоров и Антонио Милошоски, е преземен од ТВ Канал 5 - емисијата „Миленко Неделковски *Late Night Show*“, а ТВ Далга Крт на својата програма го емитувала на 22 април.

### ДЕБАТИ

Уште една емисија емитувана на програмата на ТВ Канал 5 е преземена од страна на локалната кумановска телевизија. Дебатата меѓу новинарите Мирка Велиновска и Дарко Јаневски на тема Избори, реализирана во емисијата „Миленко Неделковски *Late Night Show“*, ТВ Далга Крт ја емитувала на 25 април.

## ОХРИД

### ТВ М

**ВЕСТИ**

Во време на кампањата за Предвремените парламентарни избори анализата ги опфаќа изданијата на вестите емитувани од 5 до 25 април во 17.00 часот. Вкупното време на информациите поврзани со изборниот процес изнесува 1 час, 46 минути и 41 секунди. За активностите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ издвоени се 45 минути и 54 секунди. Од преостанатите 11 коалиции или политички партии коишто имаа свои кандидатски листи за пратеници во 5-та изборна единица, ТВ М известуваше уште за кампањите на 4 учесници во изборната трка, за ВМРО Народна партија со 30 минути и 2 секунди, за Коалицијата на СДСМ со 23 минути и 5 секунди, а потоа следуваат: Коалицијата ГРОМ со 4 минути и 58 секунди и Коалиција за позитивна Македонија со 1 минута и 52 секунди.

### ТВ МОРИС

**ВЕСТИ**

Во период од 19 дена од кампањата посветена на Предвремените парламентарни избори, ТВ Морис подготвуваше дневни изданија вести во 18 часот. Емитуваните прилози во врска со активностите на организаторите на изборната кампања и на кандидатите изнесуваа вкупно 49 минути и 44 секунди. Четири организатори на изборна кампања од вкупно дванаесет кои што имаа свои кандидатски листи во 5-та Изборна единица добија простор во вестите на ТВ Морис. Активностите на владејачката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ беа застапени со 22 минути и 58 секунди. За кампањите на другите учесници во изборниот процес беа одвоени следните минутажи во вестите на ТВ Морис, за Коалицијата предводена од СДСМ 13 минути и 26 секунди, за ВМРО Народна партија 8 минути и 41 секунда и за ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија, минута и 10 секунди.

## ПРОБИШТИП

### ТВ ПРОТЕЛ

**ВЕСТИ**

Во деветнаесет дневниот период колку што траеше кампањата посветена на Предвремените парламентарни избори, во централното издание на вестите на ТВ Протел, од вкупно 12 кандидати, колку што се регистрирани во Изборната единица 3, каде што спаѓа Пробиштип, емитувани се информации само за двете најголеми Коалиции: Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата на СДСМ. За владејачката Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ отстапени се 21 минута и 10 секунди од вкупното времетраење на вестите, а за Коалицијата на СДСМ 10 минути и 40 секунди.

## СТРУМИЦА

### ТВ ИНТЕЛ

**ВЕСТИ**

Во периодот од 5 до 25 април кога траеше кампањата за Предвремените парламентарни избори, на вестите на Интел од 17 и 30 часот, се застапени информации за изборниот процес и политичките субјекти со вкупно времетраење од  5 часа 32 минути и 28 секунди. Како и претходно за двата круга од изборите за претседател, така и овдека е забележлив баланс во претставувањето на двете најголеми коалиции. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е застапена со 2 часа 11 минути и 8 секунди, а Коалицијата предводена од СДСМ со 2 часа 1 минута и 48 секунди. По информациите за двете коалиции, најзастапени се информациите кои се однесуваат на активностите на ВМРО – Народна партија со 39 минути и 30 секунди, по неа следуваат ГРОМ со 17 минути и Алијансата за позитивна Македонија со 2 минути и 25 секунди.

**ИНТЕРВЈУА**

Во емисијата „Призма 3“ од 11.04.2014, која се емитуваше во терминот од 21 часот гостуваше носителот на листата на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ во 4-та Изборна единица, Зоран Ставрески.

## РАДОВИШ

### ТВ ЕМИ

**ВЕСТИ**

Од вкупно 10 организатори на изборна кампања коишто имаа поднесено листи со кандидати за пратеници во четвртата изборна единица, каде што локално ја емитува програмата ТВ ЕМИ, во Журналот на телевизијата од 18 и 30 часот, беа емитувани информации само за двете најголеми политички коалиции. Во времетраењето на прилозите со содржини посветени на изборите од вкупно 18 минути и 30 секунди, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е застапена со 12 минути и 30 секунди, а СДСМ и Коалицијата за позитивна Македонија со 5 минути.

## <u>СВЕТИ НИКОЛЕ</u>

### ТВ СВЕТ

**ВЕСТИ**

Забелешката која е дадена за Локалната ТВ Свет од Свети Николе за првиот круг и за вториот круг на Претседателски избори важи и за изборното медиумско претставување пред одржувањето на Предвремените парламентарни избори. Имено, Телевизијата објави одлука и информираше со соопштение на својата програма пред започнувањето на изборното медиумско претставување дека нема да емитува информативна програма, а на активностите на кандидатите им го отстапи платеното политичко рекламирање како форма на медиумско претставување.

## <u>СТРУГА</u>

### ТВ СПЕКТРА

**ВЕСТИ**

Во анализираното издание на вестите од 18.00 часот, на ТВ Спектра, за деветнаесетте дена кампања, беа емитувани вкупно 1 час 15 минути и 10 секунди прилози посветени на изборите. Од 14 политички субјекти кои истакнаа свои кандидати во изборната единица бр. 5, на територијата каде што програмата ја емитува локалната ТВ Спектра, во вестите се сместени информации за осум субјекти. Тие се застапени со следниот обем: најзастапена беше Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со 28 минути и 4 секунди, ДПА - Демократска партија на Албанците со 14 минути и 4 секунди, Коалицијата предводена од СДСМ со 13 минути и 54 секунди, ДУИ - Демократска унија за интеграции со 6 минути и 29 секунди, Граѓанска опција за Македонија со 3 минути и 50 секунди, НДП - Национална демократска преродба и Партијата за европска иднина со по 2 минути и 55 секунди и ВМРО Народна партија со 30 секунди.

**БЕСПЛАТНО ПОЛИТИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

ТВ Спектра за време на изборното медиумско претставување пред одржувањето на Предвремените парламентарни избори, како форма на медиумско претставување, одлучи да вклучи бесплатно политичко претставување во рамките на својата програма. Оваа форма е искористена од следните политички субјекти: НДП - Национална демократска преродба, односно носителот на листата на оваа партија, Ардиан Демири со 40 минутно претставување, Антонио Милошоски, носителот на листата на кандидати за пратеници од Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и др. за петтата изборна единица со 31 минута, ПЕИ – Партијата за европска иднина и нејзиниот носител на листата Фијат Цаноски со 27 минути, Коалицијата предводена од СДСМ и носителот на листата Васко Ковачевски со 25 минути и ДПА - Демократска партија на Албанците со носителот на листата за пратеници Зија Јонузи, со 20 минути.

## ТЕТОВО

## ТВ АРТ

### ВЕСТИ

Безмалку 3 часа или попрецизно 2 часа, 51 минута и 10 секунди претставува вкупното времетраење на прилозите поврзани со Предвремените парламентарни избори во вестите на ТВ Арт, во анализираното централно издание од 19 часот. Телевизијата известуваше за активностите на 7 организатори на изборна кампања од вкупно 12, колку што имаа поднесено свои листи со кандидати за пратеници во шестата изборна единица. Според одвоените времиња, за активностите на ДУИ може да се забележи значајно одвоен простор од 1 час 20 минути и 11 секунди. По минутажата отстапена во вестите следува ДПА - Демократска партија на Албанците со 30 минути и 7 секунди, а по неа НДП - Национална демократска преродба со 11 минути и 23 секунди. За Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ отстапени се 10 минути и 35 секунди, а за Коалицијата предводена од СДСМ - 7 минути и 52 секунди. ПДП - Партија за демократски просперитет е застапена со 5 минути и 42 секунди, а Коалицијата ГРОМ во еден прилог е присутна помалку од една минута.

## ВЕЛЕС

## РА ГОЛДИ

### ВЕСТИ

Во споредба со информациите емитувани во текот на првиот и вториот круг од Претседателските избори, во периодот што ја опфаќа кампањата за Предвремените парламентарни избори, Радио Голди емитуваше поголем обем информации поврзани со изборниот процес, 1 час и 2 минути. Доминантно се известуваше за активностите на двете големи коалиции, предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Покрај нив, само уште еден политички субјект, од преостанатите 8 колку што имаа свои листи со кандидати за пратеници во третата изборна единица доби простор во вестите, а тоа е Коалицијата за позитивна Македонија – 2 минути. За предизборните активности на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беа одвоени 40 минути, а за тие на Коалицијата предводена од СДСМ, 15 минути.

# БЕСПЛАТНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ
# НА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ НА МРТ

## Собраниски канал

Изборниот законик, во член 76-а став 8, освен на програмите на Јавниот сервис, обврска за емитување бесплатно политичко претставување му наметнува и на Собранискиот канал. Притоа, се очекува од него да обезбеди по 3 часа претставување за активностите од кампањите на партиите од власта и од парламентарната опозиција, со распоред на времето согласно резултатите од последните парламентарни избори. На ваков начин, од бесплатното политичко претставување се изземени независните кандидати, новите партии или постарите кои на последните избори не учествувале или не освоиле пратенички места.

Бесплатното политичко претставување, како форма на директен пристап на кандидатите до избирачите, е неизоставен сегмент во напорите да им се обезбеди на граѓаните што посеопфатна информација за целината на изборниот процес. Ова особено се согледува преку значењето што бесплатното политичко претставување го има за учесниците во изборната кампања кои располагаат со помали финансиски средства што претпоставува кампања со помал интензитет и следствено на тоа помалку време во вестите, како и помалку платено политичко рекламирање. Поради тоа, Советот на Агенцијата усвои Мислење во врска со законската обврска на Собранискиот канал да емитува бесплатно политичко претставување во кое го изнесе својот став дека за да „придонесе за демократскиот карактер на изборите 2014 година, програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија би требало да обезбеди дополнително време за бесплатно политичко претставување на кандидатите на група избирачи и на кандидатите на партиите што не учествувале на последните парламентарни избори“. Исто така, во Мислењето се наведува дека обврската би требало да се реализира во текот на целата изборна кампања и за Претседателските и за Предвремените парламентарни избори 2014 година при што времето би се распоредувало така што на политичките партии од власта и од опозицијата би им биле понудени по 90 минути дневно, а за независните кандидати и вонпарламентарните партии би се издвоиле вкупно 30 минути. До почетокот на кампањата за Парламентарните избори ова време би било резервирано за претседателските кандидати, а потоа, оние политички субјекти кои учествуваат во обата изборни процеси, сами би одлучувале како ќе го распределат времето.

Мониторингот на програмата емитувана на Собранискиот канал од 24 март до 25 април, односно во текот на првиот и вториот круг од Претседателските избори 2014 година, а во кој влегуваат и Предвремените парламентарни избори, покажа дека Собранискиот канал ја почитува законската обврска согласно препораките дадени од Агенцијата.

***Претседателски избори***

Можноста за бесплатно политичко претставување ја искористија двајца од претседателските кандидати и тоа:

Зоран Поповски, претседателски кандидат на ГРОМ: 25 март – 8 минути 48 секунди, 26 март - 7 минути и 57 секунди, 27 март - 9 минути и 18 секунди, 28 март - 9 минути и 59 секунди, 29 март - 9 минути и 20 секунди, 30 март - 8 минути и 23 секунди, 11 април – 2 минути и 58 секунди.

Иљаз Халими претседателски кандидат на ДПА: 28 март - 14 минути и 21 секунда, 29 март - 13 минути и 43 секунди, 30 март - 13 минути и 51 секунда.

На 24 и на 31 март, како и на 1, 2, 3 и 4 април Собранискиот канал соопшти дека во текот на денот ниту еден од претседателските кандидати не ја искористил можноста за бесплатно политичко претставување.

***Парламентарни избори***

Седуммина учесници во парламентарната изборна кампања имале бесплатно политичко претставување на Собранискиот канал, со следниов распоред:

Народно движење за Македонија (НДМ): 5 април – 3 минути и 14 секунди, 6 април – 3 минути и 17 секунди, 7 април – 3 минути и 15 секунди, 8 април – 3 минути и 22 секунди, 9 април – 3 минути и 6 секунди, 10 април – 3 минути и 17 секунди, 11 април – 3 минути и 18 секунди, 14 април – 3 минути и 19 секунди, 15 април – 3 минути и 21 секунда, 16 април – 3 минути и 15 секунди, 18 април – 3 минути и 15 секунди, 19 април – 3 минути и 13 секунди, 24 април – 3 минути и 20 секунди, 25 април – 2 минути и 54 секунди.

Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ): 5 април – 3 минути и 18 секунди, 6 април – 3 минути и 22 секунди, 7 април – 1 минута и 45 секунди, 8 април – 3 минути и 15 секунди, 9 април – 3 минути и 15 секунди, 11 април – 1 минута и 40 секунди, 14 април – 3 минути и 18 секунди, 15 април – 3 минути и 16 секунди, 16 април – 3 минути и 18 секунди, 17 април – 3 минути и 18 секунди, 19 април – 2 минути и 21 секунда, 20 април – 3 минути и 21 секунда, 22 април – 3 минути и 17 секунди, 23 април – 3 минути и 15 секунди, 24 април – 3 минути и 21 секунда, 25 април – 3 минути и 20.

Коалиција за позитивна Македонија: 5 април – 3 минути и 22 секунди, 6 април – 3 минути и 20 секунди, 7 април – 2 минути и 27 секунди, 8 април – 2 минути и 43 секунди, 9 април – 2 минути и 40 секунди, 10 април – 2 минути и 57 секунди, 11 април – 2 минути и 25 секунди, 14 април – 1 минута и 25 секунди, 16 април – 3 минути и 17 секунди, 17 април – 2 минути и 49 секунди, 18 април – 1 минута и 5 секунди, 19 април – 3 минути и 1 секунда, 22 април – 3 минути и 21 секунда, 25 април – 3 минути и 8 секунди.

Коалиција Достоинство за Македонија: 5 април – 3 минути и 8 секунди, 7 април – 3 минути и 20 секунди, 8 април – 3 минути и 17 секунди, 9 април – 3 минути и 9 секунди, 10 април – 3 минути и 19 секунди, 11 април – 3 минути и 18 секунди, 24 април – 3 минути и 15 секунди.

ВМРО Народна партија (ВМРО НП): 9 април – 3 минути и 13 секунди, 10 април – 3 минути и 16 секунди, 11 април – 3 минути и 16 секунди, 16 април – 3 минути и 21 секунда, 18 април – 3 минути и 17 секунди.

Коалиција ГРОМ: 15 април – 3 минути и 15 секунди, 16 април – 3 минути, 17 април – 3 минути и 24 секунди, 18 април – 2 минути и 17 секунди, 19 април – 3 минути и 22 секунди.

Партија за демократски просперитет (ПДП): 19 април – 1 минута и 24 секунди.

## ПРЕГЛЕДИ

## НА ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ ЕМИТУВАНО ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2014 ГОДИНА

**Телевизиски програмски сервиси на државно ниво (терестријални)**
(анализиран период - од 00.00 до 24.00 часот)

| **Субјекти** | ТВ Алфа | ТВ Сител | ТВ Канал 5 | ТВ Алсат М | ТВ Телма |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 62:32:09 | 50:58:22 | 62:06:37 | 02:39:21 | / |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | 02:43:21 | 03:17:52 | 02:42:59 | 03:19:49 |
| **ВМРО НП** | / | 04:49:05 | / | / | 01:50:33 |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | 01:01:31 | / | 00:08:50 | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | 04:50:10 | 12:33:33 | 13:32:15 | / | / |
| **ДУИ** | / | / | / | 10:09:20 | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / | / |
| **ПДП** | **/** | **/** | **/** | 00:08:46 | **/** |
| **Вкупно:** | **67:22:19** | **72:05:52** | **78:56:44** | **15:49:46** | **05:10:22** |

**Телевизиски програмски сервиси на државно ниво (сателитски)**
(анализиран период - од 00.00 до 24.00 часот)

| **Субјекти** | Наша ТВ | ТВ 24 Вести | ТВ Сонце | ТВ Канал 5 плус |
|---|---|---|---|---|
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 59:14:50 | / | 58:26:32 | 00:29:51 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | 03:00:00 | / | / |
| **ВМРО НП** | / | 01:42:04 | / | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | 00:54:14 | / | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | 00:10:29 | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | 01:14:21 | / | / |
| **Народно движење за Македонија** | / | 00:02:53 | / | / |
| **ДУИ** | / | / | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / |
| **ПДП** | **/** | **/** | **/** | / |
| **Вкупно:** | **59:14:50** | **07:04:07** | **58:26:32** | **00:29:51** |

**Радио програмски сервиси на државно ниво**
(анализиран период - од 06.00 до 20.00 часот)

| **Субјекти** | РА Антена 5 | РА С. Македонија | РА Рос Метрополис* |
|---|---|---|---|
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 12:16:51 | 11:23:11 | 17:53:05 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | / | / |
| **ВМРО НП** | / | / | 00:06:21 |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | 03:13:40 | / | 01:22:10 |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | 02:47:37 | / | 00:19:20 |
| **Народно движење за Македонија** | 00:36:08 | / | / |
| **ДУИ** | / | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / |
| **ПДП** | **/** | **/** | / |
| **Вкупно:** | **18:54:16** | **11:23:11** | **19:41:56** |

*** Забелешка:** Кај РА Рос Метрополис не е прикажано целокупното емитувано ППР во текот на кампањите од Претседателските и Предвремените парламентарни избори, бидејќи недостигаат целосни снимки од програмата за деновите 20, 21, 22 и 23 април 2014 г., како и делови од програмата (ноќни термини), емитувана на 19 и 24 април 2014 г.

**Телевизиски програмски сервиси на регионално ниво**
(анализиран период - од 06.00 до 24.00 часот)

| **Субјекти** | **Скопје** | | | | | | **Прилеп** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ Ера | ТВ Шутел | ТВ БТР | ТВ Амазон | ТВ Едо | ТВ МТМ | ТВ Вижн БМ |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 06:20:52 | 36:52:58 | 52:02:42 | / | 51:27:37 | 55:54:14 | 31:42:57 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | / | / | 09:52:41 | / | / | / |
| **ВМРО НП** | / | / | / | / | / | / | 00:35:27 |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | / | / | / | / | / | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / | 00:42:35 | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | / | 00:17:27 | / | / | / | / |
| **ДУИ** | 02:33:17 | / | / | / | / | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **08:54:09** | **36:52:58** | **52:20:09** | **10:35:16** | **51:27:37** | **55:54:14** | **32:18:24** |

| **Субјекти** | **Делчево** | **Валандово** | **Кичево** | | | **Тетово** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ Д1 | ТВ ВТВ | ТВ Ускана | ТВ Боем | ТВ Менада | ТВ Кисс | ТВ Коха |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 56:21:51 | 54:58:41 | 06:29:00 | 55:42:11 | 55:59:27 | 52:12:43 | 06:27:30 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | 00:03:24 | / | / | / | 00:03:06 | 09:56:52 | / |
| **ВМРО НП** | / | / | / | 02:19:11 | 00:16:25 | 00:13:07 | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | / | / | / | / | 00:58:18 | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / | 01:27:54 | / | 00:20:19 | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | / | / | / | 00:04:13 | 00:33:02 | / |
| **ДУИ** | 00:16:30 | / | 04:31:51 | / | / | / | 05:58:20 |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | 00:00:17 | / | / | / | 04:26:03 |
| **ПДП** | / | / | / | / | / | / | 00:09:41 |
| **НДП** | / | / | 00:05:46 | / | / | / | 00:05:28 |
| **Вкупно:** | **56:41:45** | **54:58:41** | **11:06:54** | **59:29:16** | **56:23:11** | **64:14:21** | **17:07:02** |

| **Субјекти** | **Штип** | | **Охрид** | **Радовиш** | **Дебар** | **К. Паланка** | **Струмица** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ Стар | ТВ Ирис | НТВ | ТВ Кобра | ТВ Канал 3 | ТВ Златен канал | ТВ Вис |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 48:36:35 | 54:21:08 | 46:57:19 | 53:59:25 | 48:55:22 | 57:12:22 | 54:20:31 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | 00:46:50 | 07:04:03 | / | 01:09:55 | / | / | 19:24:27 |
| **ВМРО НП** | 01:34:09 | 00:25:25 | / | 01:40:42 | / | / | 00:56:27 |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | 00:15:49 | / | / | / | / | / | 00:17:04 |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / | / | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | 04:25.08 | / | / | 00:56:36 | / | / | 01:46:47 |
| **ДУИ** | / | / | / | / | 00:58:39 | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | 00:00:11 | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **55:38:31** | **61:50:36** | **46:57:19** | **57:45:38** | **49:54:12** | **57:12:22** | **76:45:16** |

| Субјекти | Кавадарци | |
| --- | --- | --- |
| | ТВ Тиквешија | ТВ КТВ |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 50:23:39 | 50:13:25 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | 05:34:28 |
| **ВМРО НП** | 00:41:54 | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | 00:15:49 |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | 05:41:17 |
| **ДУИ** | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / |
| **НДП** | / | / |
| **Вкупно:** | **51:05:33** | **61:44.59** |

**Радио програмски сервиси на регионално ниво**
(анализиран период - од 06.00 до 20.00 часот)

| Субјекти | РА Сити | РА Б. Мара | РА Клуб ФМ | РА 90,3 ФМ | РА Ват | РА Скај | РА Роса АБ | РА Зона М-1 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 12:52:19 | 07:28:06 | 15:40:11 | 11:24:10 | / | 03:31:17 | 05:17:46 | 04:47:26 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | / | / | 00:00:26 | / | / | / | / |
| **ВМРО НП** | 00:19:44 | / | 00:00:18 | / | / | / | / | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | 03:22:53 | 03:01:02 | / | / | / | / | / | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / | 00:48:27 | / | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | 01:10:14 | / | 01:11:45 | 02:13:40 | / | 01:46:18 | / | 02:34.25 |
| **ДУИ** | / | / | / | / | 05:41:18 | / | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **18:45:10** | **10:29:08** | **16:52:14** | **14:26:43** | **05:41:18** | **05:17:35** | **05:17:46** | **07:21:52** |

**Телевизиски и радио програмски сервиси на локално ниво**
(анализиран период – за телевизија од 16.00 до 24.00 часот, за радио од 08.00 до 18.00 часот)

| Субјекти | Битола | | | Велес | | | Гевгелија | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ Тера | ТВ Орбис | ТВ Здравкин | ТВ Канал 21 | РА Голди | РА Мерак 5 | ТВ Нова | РА Тајм |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 26:35:26 | 21:44:48 | 27:24:13 | 23:45:01 | 00:54:28 | / | 27:40:42 | 00:04:26 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | 04:16:55 | / | 05:21:41 | / | 00:11:17 | 00:04:55 | 00:04:32 | / |
| **ВМРО НП** | 02:21:03 | 02:49:52 | / | 01:51:03 | / | / | 01:13:20 | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | 01:18:41 | / | / | / | 00:16:50 | / | / | 00:01:40 |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | 01:05:37 | / | / | / | / | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | / | / | 02:45:06 | 00:10:33 | 00:44:00 | / | / |
| **ДУИ** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **35:37:42** | **24:34:40** | **32:45:54** | **28:21:10** | **01:33:08** | **00:48:55** | **28:58:34** | **00:06:06** |

| Субјекти | Гостивар | | Дебар | Делчево | Кичево | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ Дуе | РА Комета | ТВ Дибра | РА Зора | ТВ Гурра | РА Акорд | РА А.Македонски |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | / | 01:02:49 | / | 00:01:12 | / | / | / |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | / | / | 00:08:54 | 00:00:30 | 00:44:50 | 02:01:10 |
| **ВМРО НП** | / | 00:26:30 | / | / | / | / | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | / | / | 00:01:36 | / | / | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | / | / | / | / | 00:10:00 | / |
| **ДУИ** | 04:54:43 | / | 01:09:34 | / | 04:23:12 | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | / | / | / |
| **НДП** | 05:24:30 | / | / | / | / | / | / |
| **ПДП** | 00:02:42 | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Вкупно:** | **10:21:55** | **01:29:19** | **01:09:34** | **00:11:42** | **04:23:42** | **00:54:50** | **02:01:10** |

| **Субјекти** | **Кочани** | | | | **Куманово** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ Кочани ЛД | ТВ Канал 8 | ТВ Далга Крт | ТВ Нова | ТВ Хана | ТВ Феста | РА Браво |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 21:44:55 | 22:53:00 | 26:03:28 | 05:25:51 | 02:33:15 | / | 00:01:20 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | 00:01:50 | / | / | 01:47:55 | / | 00:01:00 | / |
| **ВМРО НП** | 00:10:45 | 01:03:18 | / | 00:28:25 | / | / | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | 00:00:45 | / | / | 00:16:40 | / | 00:04:30 | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | 00:14:56 | / | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | 00:09:15 | / | / | 00:44:10 | / | / | / |
| **ДУИ** | / | / | / | / | 04:47:54 | 09:31:44 | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / | / | 00:38:55 | / |
| **Вкупно:** | **22:07:30** | **23:56:18** | **26:18:24** | **08:43:01** | **07:21:09** | **10:16:09** | **00:01:20** |

| Субјекти | Охрид | | | Прилеп | Пробиштип | Радовиш | Св. Николе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ М | ТВ Морис | РА Лав | РА Холидеј | ТВ Протел | ТВ Еми | ТВ Свет |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | / | 23:43:22 | / | 00:17:35 | 27:45:42 | 20:39:41 | 26:10:31 |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | / | / | 00:01:02 | 00:16:31 | / | / |
| **ВМРО НП** | 00:21:25 | 01:05:21 | 01:43:18 | / | / | / | / |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | 00:28:13 | / | / | / | / | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | 00:02:07 | 00:36:51 | / | / | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | / | / | / | 01:09:00 | / | 00:30:24 |
| **ДУИ** | / | / | / | / | / | / | / |
| **И. Халими / ДПА** | / | / | / | / | / | / | / |
| **НДП** | / | / | / | / | / | / | / |
| **ПЕИ** | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **00:23:32** | **25:53:47** | **01:43:18** | **00:18:37** | **29:11:13** | **20:39:41** | **26:40:55** |

| | Струга | | | Струмица | | Тетово | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ТВ Калтрина | ТВ Спектра | РА Рапи | ТВ Интел | РА Експрес | ТВ Арт | РА Плус Форте |
| **Ѓ. Иванов / Коал. на ВМРО-ДПМНЕ** | 01:28:35 | 11:20:30 | / | 25:29:07 | / | / | / |
| **С. Пендаровски / Коал. на СДСМ** | / | / | / | 05:43:42 | 00:19:43 | / | 00:59:24 |
| **ВМРО НП** | / | 00:59:00 | / | / | / | / | 00:09:56 |
| **Коалиц. за позитивна Македонија** | / | / | / | / | / | / | / |
| **Коалиц. Достоинство за Македонија** | / | / | / | / | / | / | / |
| **З. Поповски / Коалиција ГРОМ** | / | / | / | 00:56:45 | / | / | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДУИ** | 01:07:45 | 03:28:00 | 01:52:50 | / | / | 01:19:42 | / |
| **И. Халими / ДПА** | 00:02:30 | / | / | / | / | / | / |
| **НДП** | 00:08:00 | / | / | / | / | / | / |
| **ПЕИ** | / | 00:41:50 | / | / | / | / | / |
| **Вкупно:** | **02:46:50** | **16:29:20** | **01:52:50** | **32:09:34** | **00:19:43** | **01:19:42** | **01:09:20** |

# ПРИЛОЗИ

**Информација**
**во врска со поведени прекршочни постапки/постапки за порамнување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори во 2014 година во Република Македонија**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 76-в став 1 и 2 од Изборниот законик е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, и по утврдувањето на прекршувањето Агенцијата е должна во рок од три дена да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 178-а од Изборниот законик (Пречистен текст) (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/14), пред поднесувањето на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, обврзана е да спроведе постапка за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за Претседателските и Предвремените парламентарни избори во 2014 година во Република Македонија, поради повреда на Изборниот Законик, кон радиодифузерите поведе вкупно **34 (триесет и четири) прекршочни постапки/постапки за порамнување, (**наведени во Прилог бр.1).

**I.** За прекршување на Изборниот Законик, **од вкупно спроведените 34 (триесет и четири) постапки за порамнување**, за прекршување на Изборниот Законик:

- **пред започнување на изборна кампања,**

се спроведени 4 (четири) постапки за порамнување, против 3 (три) медиуми, и
- *Табела бр.1, составен дел на (Прилог бр.1).*

- **за време на изборна кампања - во период од 24 март до 25 април 2014 година**

се спроведени 23 (дваесет и три) постапки за порамнување, против 15 (петнаесет) медиуми
- *Табела бр.2, составен дел на (Прилог бр.1).*

- **за време на изборниот молк – 26 и 27 април 2014 година,**

се спроведени 2 (две) постапки за порамнување, против 2 (два) медиуми
- *Табела бр.3, составен дел на (Прилог бр.1).*

- **по завршување на изборна кампања, за повреда на член 75 став 1 од Изборен законик –** необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите

учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2014 година.
се спроведени 5 (пет) постапки за порамнување, против 5 (пет) медиуми

- *Табела бр.4, составен дел на (Прилог бр.1).*

**II. Од вкупно спроведените 34 (триесет и четири) постапки за порамнување**, за прекршување на Изборниот Законик, заклучно со 28.05.2014 година,

- **25 (дваесет и пет) постапки за порамнување завршија успешно,**
  (наведени во Прилог бр.2), и

- **9 (девет) постапки за порамнување завршија неуспешно, и се поведени прекршочни постапки пред надлежен суд.**
  (наведени во Прилог бр.3).

**Табела бр.1** **Прилог бр.1**

| **ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ/ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ,<br>за прекршувања на одредбите од Изборниот законик,<br><br>ПРЕД ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА,<br>за Претседателските избори во Република Македонија во 2014 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **р. бр.** | **Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис)** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршувањето** |
| **1.** | **Трговско радиодифузно друштво<br>ТВ БОЕМ ДООЕЛ Кичево** | 03-1077/1<br>од<br>24.04.2014<br>година | **член 75-д став 2 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на Република Македонија„ бр.32/14)**, а казнив по член 181 став 1 алинеја 5 и став 2 од Изборен Законик**<br><br>-емитување оглас за собирање потписи за поддршка на кандидатурата за претседател на РМ на претседателот на достоинство, генерал Стојанче Ангелов, надвор од означен рекламен блок и без да биде јасно означен нарачателот. |
| **2.** | **Трговско радиодифузно друштво<br>ТВ БОЕМ ДООЕЛ Кичево** | 03-1078/1<br>од 24.04.2014<br>година | **член 75-д став 3 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на Република Македонија„ бр.32/14)**, а казнив по член 182 став 1 алинеја 2 и став 2 од Изборен Законик**<br><br>-емитување оглас за собирање потписи за поддршка на кандидатурата за претседател на РМ на претседателот на достоинство, генерал Стојанче Ангелов, во кој освен основни податоци за кого се собираат потписи и на кои места, содржи и дополнителни податоци за кандидатот, односно негово обраќање до граѓаните на Кичево и околината. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје** | 03-1265/1 од 04.03.2014 година | **член 77 став 2** од Изборниот законик, а казнив по член 183-а став 1 алинеја 2 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-во вестите, при објавување на резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес не се наведени податоци за големината и структурата на испитаниот примерок и за периодот во кој е спроведено испитувањето |
| **4.** | **Јавно радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија“ – Втор програмски сервис** | 03-1784/1 од 25.03.2014 година | **Член 77 став 2** од Изборниот законик, а казнив по член 183-а став 1 алинеја 2 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 9-ти март, во дневникот од 18.30 часот и во дневникот од 22 часот, емитуван е прилог за резултатите од анкета поврзана со учесниците во изборниот процес, спроведена од Институтот „ИПИС„, а притоа не се наведени податоците за големината и за структурата на испитаниот примерок |

**Табела бр. 2** **Прилог бр.1**

| **ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ/ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ,**<br>**за прекршувања на одредбите од Изборниот законик,**<br><br>**за време на изборните кампањи, за Претседателските и Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2014 година,**<br>**(во период од 24 март до 25 април 2014 година)** | | | |
|---|---|---|---|
| **р. бр.** | **Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис)** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршувањето** |
| **1.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје** | 03-1905/1 од 31.03.2014 година | **Член 76 став 4 од Изборниот законик, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 29 март 2014 година, во анимираната долгометражна серија за деца „Мрзливиот град”, емитуван е спот, платено политичко рекламирање за претседателскиот кандидат Зоран Поповски |
| **2.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2448/1 од 24.04.2014 година | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 18-ти април 2014 година, во реалниот час од 21 до 22 часот, емитувано е платено политичко рекламирање за ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, и за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ 5” ДООЕЛ Скопје** | 03-2451/1 од 24.04.2014 година | **Член 76 став 4** од Изборниот законик, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 20-ти април 2014 година, континуитетот на актуелно-информативната емисија „КОД“, е прекинат со платено политичко рекламирање |
| **4.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ 5“ ДООЕЛ Скопје** | бр.03-1906/1 од 01.04.2014 година | **член 76 став 4 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 29 и на ден 31 март 2014 година, во премиерното и во репризното издание на актуелно-информативната говорна шоу програма „Миленко Неделковски Late Night Show”, емитувани се спотови, платено политичко рекламирање на учесници во изборната кампања. |
| **5.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ 5“ ДООЕЛ Скопје** | 03-2305/1 од 15.04.2014 година | **член 77 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 183-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-на ден 10-ти април 2014 година, на програмата на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во периодот од 15:18:33 до 15:22:01 часот, емитуван е прилог во вестите од 15 часот под наслов: Анкета на „Павел Шатев“: Огромна предност на ВМРО-ДПМНЕ пред СДСМ, по истекот на рокот определен во член 77 став 1 од Изборен законик (најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот круг на гласање, односно најдоцна до 7 април 2014 година). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.** | **Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ” ДООЕЛ Скопје** | 03-1902/1 од 31.03.2014 година | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 27 март 2014 година, во реалниот час од 18 до 19 часот, емитувано е повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања |
| **7.** | **Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2259/1 од 11.04.2014 година | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 7-ми април 2014 година, во периодот од 00 до 01 часот, од 06 до 07 часот и од 18 до 19 часот, емитувано е повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања |
| **8.** | **Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2258/1 од 11.04.2014 година | **Член 76 став 4** од Изборниот законик, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 5-ти и 6-ти април 2014 година, во долгометражни анимирани филмови за деца, и тоа на 5-ти април „Пердувестата змија”, и на 6-ти април „Египетскиот храм”, емитувано е платено политичко рекламирање |
| **9.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2452/1 од 24.04.2014 година | **Член 76 став 2** од Изборниот законик, а казнив по член 183 став 1 алинеја 2 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 17, 18, 19 и 20-ти април 2014 година, емитувано е платено политичко рекламирање, без јасно означен нарачател |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.** | **Трговско радиодифузно друштво „Алсат-М” ДОО Скопје** | 03-2260/1 од 11.04.2014 година | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 5-ти април од 19 до 20 и од 20 до 21 часот, 6-ти април од 19 до 20 часот, и на 7-ми април 2014 година од 18 до 19 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања |
| **11.** | **Трговско радиодифузно друштво „Алсат-М” ДОО Скопје** | 03-2456/1 од 24.04.2014 година | **Член 76 став 4** од Изборниот законик, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 21-ви април 2014 година, емитувани се два спота на платено политичко рекламирање во анимиран филм за деца „Шрек“ |
| **12.** | **Трговско друштво за радио-дифузна дејност „ТВ ШУТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје** | 03-1903/1 од 31.03.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 26 март 2014 година, во реалните часови од 20 до 21 часот, и од 22 до 23 часот емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма. |
| **13.** | **Трговско друштво за радио-дифузна дејност „ТВ ШУТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје** | 03-2454/1 од 24.04.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 17 април 2014 година, во реалните часови од 20 до 21 часот, и од 22 до 23 часот емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14.** | **Трговско друштво за радио-дифузна дејност „ТВ ШУТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје** | 03-1901/1 од 31.03.2014 година | **член 76 став 4 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 30 март 2014 година, во емисијата за деца „Покажи што знаеш” (12:42:43 - 14:06:34), се емитувани два спота платено политичко рекламирање за претседателскиот кандидат Ѓорѓе Иванов. |
| **15.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ КИСС” Злате ДООЕЛ Тетово** | бр.03-1858/1 од 31.03.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 25 март 2014 година, во реалните часови од 19 до 20 часот, и од 20 до 21 часот емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма. |
| **16.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ КИСС” Злате ДООЕЛ Тетово** | 03-1899/1 од 31.03.2014 година | **член 76 став 4 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 25 март 2014 година, во емисијата за деца „Мали сезнајковци”, се емитувани два спота платено политичко рекламирање на претседателските кандидати Ѓорѓе Иванов и Стево Пендаровски. |
| **17.** | **Трговско радиодифузно друштво „Независна ТВ” Охрид ДООЕЛ** | 03-1900/1 од 31.03.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 25 март 2014 година, во периодот од 18 до 19 часот, и на ден 27 март 2014 година во периодот од 23 до 24 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма |
| **18.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СОНЦЕ” ДООЕЛ Прилеп** | 03-2450/1 од 24.04.2014 година | **член 76 став 4 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 14 и 16-ти април 2014 година, во актуелно информативната емисија „Гласот на народот“, емитувано е платено политичко рекламирање |
| **19.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија ТИКВЕШИЈА” ДООЕЛ Кавадарци** | 03-2453/1 од 24.04.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 21-ви април 2014 година, во периодот од 16 до 17 часот, емитувано се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања |
| **20.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ ВТВ Тони” ДОО Валандово** | 03-1904/1 од 31.03.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-на ден 30-ти март 2014 година, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање |
| **21.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ ВТВ Тони” ДОО Валандово** | 03-2449/1 од 24.04.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-на ден 20-ти април 2014 година: во периодот од 20 до 21 часот емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **22.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ ТРИ“ ДООЕЛ Дебар** | 03-2447/1 од 24.04.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-на ден 16-ти април 2014 година: во периодот од 14 до 15 часот емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма |
| **23.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија КОБРА” ДОО Радовиш** | 03-2455/1 од 24.04.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br>- на ден 22 април 2014 година, во реалниот час од 09 до 10 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма |

**Табела бр. 3** **Прилог бр.1**

| **ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ/ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ,<br>за прекршувања на одредбите од Изборниот законик,<br><br>Претседателски (Втор круг) и Предвремени парламентарни избори во Република Македонија во 2014 година<br>ИЗБОРЕН МОЛК<br>(26 и 27 април 2014 година)** | | | |
|---|---|---|---|
| **р. бр.** | **Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис)** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршувањето** |
| **1.** | **Трговско радиодифузно друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип** | 03-2514/1 од 29.04.2014 година | **член 76-б став 3 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 182 став 1 алинеја 8 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>- на ден 26 и 27-ми април 2014 година, на програмата на програмата на радиодифузерот, во неколку изданија на дневно – информативните емисии, во прилог опремен со кајрон „Градоначалникот на Куманово повикан на распит“, емитувана е изјава од градоначалникот на Куманово Зоран Дамјановски, со што е прекршена одредбата од Изборниот молк, согласно која при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат изјави од носители на функции во органите на власта. |
| **2.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ ЕРА“** | 03-2515/1 од 29.04.2014 | **член 76-б став 3 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 182 став 1 алинеја 8 и став 2 од Изборниот законик** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ДОО Скопје** | година | - на ден 27-ми април 2014 година, во вонредни вести (насловени:Избори), се емитуваат прилог од гласањето на Стевче Јакимовски (Коалиција Гром) со негово директно обраќање (од 14:11:45 до 14:12:44), и прилог со аналитичарот Насер Зибери, наизменично илустриран со визуелни снимки од митинзите на ДУИ, ДПА, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и др, со што е прекршена одредбата од Изборниот молк, согласно која при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат аудио-визуелни материјали во кои учествуваат учесници во изборите, како и изјави од учесниците во изборна кампања. |

**Табела бр. 4** **Прилог бр.1**

| ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ/ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ, ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА, за прекршувања на одредбите од Изборниот законик, Претседателски и Предвремени парламентарни избори во РМ во 2014 година, ЗА НЕИЗБАЛАНСИРАНОСТ – член 75 став 1 од Изборен Законик | | | |
|---|---|---|---|
| **р. бр.** | **Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис)** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршувањето** |
| **1.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ 5“ ДООЕЛ Скопје** | 03-2698/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април година) |
| **2.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2699/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април година) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | **Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2700/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април). |
| **4.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2697/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br>**-**необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април). |

| ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ/ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА, за прекршувања на одредбите од Изборниот законик,<br><br>Предвремени парламентарни избори во РМ во 2014 година, ЗА НЕИЗБАЛАНСИРАНОСТ – член 75 став 1 од Изборен Законик | | | |
|---|---|---|---|
| **р. бр.** | **Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис)** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршувањето** |
| **1.** | **Трговско радиодифузно друштво „Алсат-М" ДОО Скопје** | 03-2696/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>**-**необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2014 година **(од 5 април до 25 април)** |

**Прилог бр.2**

| УСПЕШНО СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ/ПОКРЕНАТИ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ КОН РАДИОДИФУЗЕРИТЕ<br>ЗА ПРЕКРШУВАЊА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК<br><br>ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ НА РМ ВО 2014 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **р. бр.** | **Назив на радиодифузерот (ТРД/јавен радиодифузен сервис) кон кој е поведена постапката за порамнување** | **Архивски број на Записникот за констатиран прекршок** | **Опис на прекршување:** | **Постапка за порамнување:** |
| **1.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје** | 03-1265/1 од 04.03.2014 година | **Член 77 став 2** од Изборниот законик, а казнив по член 183-а став 1 алинеја 2 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-во вестите, при објавување резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес не се наведени податоци за големината и структурата на испитаниот примерок и за периодот во кој е спроведено испитувањето. | Подигнат е платен налог на 07.03.2014 година<br>На ден 13.03.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, со пропратен допис наш бр.03-1265/6 од 13.03.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-1265/7 од 17.03.2014 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2**. | **Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ” ДООЕЛ Скопје** | 03-1902/1 од 31.03.2014 година | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 27 март 2014 година, во реалниот час од 18 до 19 часот, емитувано е повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања. | Подигнат е платен налог на 03.04.2014 година<br>На ден 03.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-1902/5 од 03.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-1902/6 од 04.04.2014 година. |
| **3.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ КИСС” Злате ДООЕЛ Тетово** | 03-1899/1 од 31.03.2014 година | **Член 76 став 4** од Изборниот законик а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 25 март 2014 година, во емисијата за деца „Мали сезнајковци”, се емитувани два спота платено политичко рекламирање на претседателските кандидати Ѓорѓе Иванов и Стево Пендаровски. | Подигнат е платен налог на 02.04.2014 година<br>На ден 09.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-1899/5 од 09.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-1899/6 од 10.04.2014 година. |
| **4.** | **Трговско радиодифузно** | 03-1905/1 | **Член 76 став 4** од Изборниот законик, а казнив по член 183 став 1 | Подигнат е платен налог на 04.04.2014 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **друштво „Телевизија Сител” ДООЕЛ Скопје** | од 31.03.2014 година | алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 29 март 2014 година, во анимираната долгометражна серија за деца „Мрзливиот град”, емитуван е спот, платено политичко рекламирање за претседателскиот кандидат Зоран Поповски | На ден 10.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-1905/6 од 10.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-1905/7 од 11.04.2014 година. |
| **5.** | **Трговско радиодифузно друштво „Независна ТВ ” Охрид ДООЕЛ** | 03-1900/1 од 31.03.2014 година | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик,<br>а казнив по член 181-а став 1 алинеја и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 25 март 2014 година, во периодот од 18 до 19 часот, и на ден 27 март 2014 година во периодот од 23 до 24 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма | Подигнат е платен налог на 02.04.2014 година<br>На ден 14.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-1900/5 од 14.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог, ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-1900/6 од 16.04.2014 година. |
| **6.** | **Трговското радиодифузно** | 03- | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик, а казнив | Подигнат е платен налог на 03.04.2014 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **друштво „ТВ ВТВ“ Тони ДОО Валандово** | 1904/1 од 31.03.2014 година | по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 30-ти март 2014 година, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање | На ден 16.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-1900/5 од 10.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог, ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-1904/6 од 16.04.2014 година. |
| **7.** | **Јавно радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија“ – Втор програмски сервис** | 03-1784/1 од 25.03.2014 година | **Член 77 став 2** од Изборниот законик, а казнив по член 183-а став 1 алинеја 2 и став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 9-ти март, во дневникот од 18.30 часот и во дневникот од 22 часот, емитуван е прилог за резултатите од анкета поврзана со учесниците во изборниот процес, спроведена од Институтот „ИПИС„, а притоа не се наведени податоците за големината и за структурата на испитаниот примерок | Подигнат е платен налог на 01.04.2014 година<br>На ден 15.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-1784/6 од 15.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-1784/7 од 16.04.2014 година. |
| **8.** | **Трговско радиодифузно друштво** | 03-2260/1 од | **член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од | Подигнат е платен налог на 16.04.2014 година<br>На ден 23.04.2014 година, е |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **„Алсат-М” ДОО Скопје** | 11.04.2014<br><br>година | Изборниот законик<br><br>- на ден 5-ти април од 19 до 20 и од 20 до 21 часот, 6-ти април од 19 до 20 часот, и на 7-ми април 2014 година од 18 до 19 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања | доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2260/5 од 23.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2260/6 од 25.04.2014 година. |
| **9.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ 5” ДООЕЛ Скопје** | 03-2305/1 од 15.04.2014 година | **Член 77 став 1** од Изборниот законик, а казнив по член 183-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 10-ти април 2014 година, во периодот од 15:18:33 до 15:22:01 часот, емитуван е прилог во вестите с 15 часот Анкета на „Павел Шатев“: Огромна предност на ВМРО-ДПМНЕ пред СДСМ, по истекот на рокот определен во член 7 став 1 од Изборен законик (најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот круг на гласање, односно најдоцна до 7 април 2014 година) | Подигнат е платен налог на 22.04.2014 година<br>На ден 24.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, со пропратен допис наш бр.03-2305/5 од 24.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2305/6 од 25.04.2014 година. |
| | | | **член 75-ѓ став 1** од Изборниот | Подигнат е платен налог на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | **Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2259/1 од 11.04.2014 година | законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 7-ми април 2014 година, во периодот од 00 до 01 часот, од 06 до 07 часот и од 18 до 19 часот, емитувано е повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања | 16.04.2014 година<br>На ден 28.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2259/5 од 28.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2259/6 од 30.04.2014 година. |
| 11. | **Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ” ДООЕЛ Скопје** | 03-2258/1 од 11.04.2014 година | **Член 76 став 4** од Изборниот законик а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 5-ти и 6-ти април 2014 година, во долгометражни анимирани филмови за деца, и тоа на 5-ти април „Пердувестата змија”, и на 6-ти април „Египетскиот храм”, емитувано е платено политичко рекламирање | Подигнат е платен налог на 16.04.2014 година<br>На ден 28.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2258/5 од 28.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2258/6 од 30.04.2014 година. |
| 12. | **Трговско радиодифузно друштво** | 03-2451/1 од | **Член 76 став 4** од Изборниот законик а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 | Подигнат е платен налог на 29.04.2014 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **„КАНАЛ 5"**<br>**ДООЕЛ Скопје** | 24.04.2014 година | став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 20-ти април 2014 година, континуитетот на актуелно-информативната емисија „КОД", е прекинат со платено политичко рекламирање | На ден 30.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2451/5 од 30.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2451/6 од 05.05.2014 година. |
| **13.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ"**<br>**ДООЕЛ Скопје** | 03-2452/ 1 од 24.04.2014 година | **Член 76 став 2** од Изборниот законик а казнив по член 183 став 1 алинеја 2 став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 17, 18, 19 и 20-ти април 2014 година, емитувано е платено политич рекламирање, без јасно означен нарачател | Подигнат е платен налог на 29.04.2014 година<br>На ден 30.04.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2452/5 од 30.04.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2452/6 од 05.05.2014 година. |
| **14.** | **Трговско радиодифузно друштво**<br>**„Телевизија Сител"** | 03-2448/1 од 24.04.2014 | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик,<br>а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 | Подигнат е платен налог на 29.04.2014 година<br>На 05.05.2014 година и на 08.05.2014 година, се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ДООЕЛ Скопје** | година | и став 2 од Изборниот законик<br>-на ден 18-ти април 2014 година, во реалниот час од 21 до 22 часот, емитувано е платено политичко рекламирање за ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, и за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање | доставени фотокопии од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2448/5 од 05.05.2014 година, и бр. 03-2448/6 од 08.05.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2448/7 од 09.05.2014 година. |
| **15.** | **Трговско радиодифузно друштво „Алсат-М” ДОО Скопје** | 03-2456/1 од 24.04.2014 година | **Член 76 став 4** од Изборниот законик а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 став 2 од Изборниот законик<br><br>-на ден 21-ви април 2014 година, емитувани се два спота на платено политичко рекламирање во анимиран филм за деца „Шрек“. | Подигнат е платен налог на 29.04.2014 година<br>На ден 05.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2456/5 од 05.05.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2456/6 од 06.05.2014 година. |
| **16.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА” ДООЕЛ Кавадарци** | 03-2453/1 од 24.04.2014 година | **Член 75-ѓ став 1** од Изборниот законик,<br>а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 | Подигнат е платен налог на 29.04.2014 година<br>На ден 30.04.2014 година и на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и став 2 од Изборниот законик<br>-на ден 21-ви април 2014 година,<br>во периодот од 16 до 17 часот,<br>емитувани се спотови на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален ча<br>платено политичко рекламирање<br>за еден учесник во изборната кампан | 09.05.2014 година, се доставени фотокопии од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2453/5 од 30.04.2014 година, и бр. 03-2453/6 од 09.05.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2453/7 од 14.05.2014 година. |
| **17.** | **Радиодифузно трговско друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ”<br>ДООЕЛ Прилеп** | 03-2450/1<br>од<br>24.04.2014<br>година | **Член 76 став 4** од Изборниот законик а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 став 2 од Изборниот законик<br>-на ден 14-ти и 16-ти април 2014 година,<br>континуитетот на актуелно-информативната емисија „Гласот на народот“, е прекинат со платено политичко рекламирање – снимки од митинзи на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата. | Подигнат е платен налог на 30.04.2014 година<br>На ден 08.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2450/5 од 09.05.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2450/7 од 16.05.2014 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **18.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ 5“ ДООЕЛ Скопје** | 03-2698/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14), а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик -необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април година). | Подигнат е платен налог на 15.05.2014 година<br>На ден 19.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2698/5 од 19.05.2014 година.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2698/6 од 20.05.2014 година. |
| **19.** | **Трговско радиодифузно друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип** | 03-2514/1 од 29.04.2014 година | **член 76-б став 3 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14), а казнив по член 182 став 1 алинеја 8 и став 2 од Изборниот законик - на ден 26 и 27-ми април 2014 година, на програмата на радиодифузерот, во програмата на радиодифузерот, во неколку изданија на дневно – информативните емисии, во прилог опремен со кајрон „Градоначалникот на Куманово повикан на распит“, емитувана е изјава од градоначалникот на | Подигнат е платен налог на 14.05.2014 година<br><br>На ден 20.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2514/6 од 20.05.2014 година.<br><br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Куманово Зоран Дамјановски, со што е прекршена одредбата од Изборниот молк, согласно која при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат изјави од носители на функции во органите на власта. | Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2514/7 од 22.05.2014 година. |
| **20.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија КОБРА" ДОО Радовиш** | 03-2455/1 од 24.04.2014 година | **член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14), а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик<br><br>- на ден 22 април 2014 година, во реалниот час од 09 до 10 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма. | Подигнат е платен налог на 06.05.2014 година<br><br>На ден 21.05.2014 година е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата на ден 13.05.2014 година, и на ден 21.05.2014 година за правното лице, а за одговорното лице на ден 22.05.2014 година, со пропратен допис наш бр.03-2455/6 од 22.05.2014 година.<br><br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br><br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2455/7 од 23.05.2014 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **21.** | **Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ”**<br><br>**ДООЕЛ Скопје** | 03-2697/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>**-**необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април). | Подигнат е платен налог на 16.05.2014 година<br><br>На ден 22.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2697/5 од 22.05.2014 година, и примерок од полномошно, бр.03-2697/5 од 22.05.2014 година. Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br><br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2697/6 од 23.05.2014 година. |
| **22.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ”**<br>**ДООЕЛ Скопје** | 03-2699/1 од 12.05.2014 година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско | Подигнат е платен налог на 16.05.2014 година<br><br>На ден 23.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2699/7 од 23.05.2014 година. Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април година). | Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2699/8 од 26.05.2014 година. |
| **23.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ ЕРА“ ДОО Скопје** | 03-2515/1 од 29.04.2014 година | **член 76-б став 3 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 182 став 1 алинеја 8 и став 2 од Изборниот законик**<br>- на ден 27-ми април 2014 година, во вонредни вести (насловени:Избори), се емитуваат прилог од гласањето на Стевче Јакимовски (Коалиција Гром) со негово директно обраќање (од 14:11:45 до 14:12:44), и прилог со аналитичарот Насер Зибери, наизменично илустриран со визуелни снимки од митинзите на ДУИ, ДПА, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и др, со што е прекршена одредбата од Изборниот молк, согласно која при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат аудио-визуелни материјали во кои учествуваат учесници во изборите, како и изјави од учесниците во | Подигнат е платен налог на 06.05.2014 година<br><br>На ден 22.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2515/5 од 22.05.2014 година.<br><br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br><br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2515/6 од 23.05.2014 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | изборна кампања. | |
| **24.** | **Трговско радиодифузно друштво<br>„Алсат-М”<br>ДОО Скопје** | 03-2696/1<br>од<br>12.05.2014<br>година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 5 април до 25 април) | Подигнат е платен налог на 16.05.2014 година<br><br>На ден 23.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2696/5 од 23.05.2014 година, и примерок од полномошното.<br>Сторителите во рок определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br><br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2696/6 од 26.05.2014 година. |
| **25.** | **Трговско радиодифузно друштво<br>„АЛФА ТВ”<br>ДООЕЛ Скопје** | 03-2700/1<br>од<br>12.05.2014<br>година | **член 75 став 1 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на РМ„ бр.32/14)**, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, | Подигнат е платен налог на 16.05.2014 година<br><br>На ден 27.05.2014 година, е доставена фотокопија од образецот за извршената уплата, наш бр.03-2700/5 од 27.05.2014 година.<br><br>Сторителите во рок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | за сите учесници во изборниот процес во изборното медиумско претставување за време на Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 година (од 24 март до 25 април). | определен во Платниот налог (8 дена), ги платија глобите.<br><br>Записник за успешно спроведена постапка за порамнување, бр.03-2700/6 од 28.05.2014 година. |

**Прилог бр.3**

<table>
<tr><td colspan="4">ПОВЕДЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ПОРАДИ НЕУСПЕШНО СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ,<br>за прекршувања на одредбите од Изборниот законик,<br><br>за Претседателските избори и Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2014 година</td></tr>
<tr><td>р. бр.</td><td>Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис)</td><td>Архивски број на Записникот за констатиран прекршок</td><td>Опис на прекршувањето</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Трговско радиодифузно друштво „ТВ БОЕМ“ ДООЕЛ Кичево</td><td>03-1077/1 од 24.02.2014 година</td><td>Член 75-д став 2 од Изборниот законик, а <u>казнив по член 181 став 1 алинеја 5 и став 2 од Изборниот законик</u><br>-Во рамките на програмата на ден 17-ти февруари 2014 година, емитувал оглас за собирање потписи за поддршка на кандидатурата за претседател на Република Македонија на претседателот на Достоинство, генерал Стојанче Ангелов, надвор од означен рекламен блок и без да биде јасно означен нарачателот.<br><u>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-1252/1 од 04.03.2014 година, пред Основен суд Кичево - Кичево.</u><br><u>На ден 07.04.2014 година, добиено Решение од Основниот суд во Кичево, бр.03-2179/1 од 07.04.2014 година, со кое се одбива барањето за поведување на прекршочна постапка против обвинетите, бр.03-1252/1 од 04.03.2014 година, бидејќи обвинетите ја платиле глобата.</u></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Трговско радиодифузно друштво „ТВ БОЕМ“ ДООЕЛ Кичево</td><td>03-1078/1 од 24.02.2014 година</td><td>Член 75-д став 3 од Изборниот законик, а <u>казнив по член 182 став 1 алинеја 2 и став 2 од Изборниот законик</u><br>-Во рамките на програмата на ден 17-ти февруари 2014 година, емитувал оглас за собирање потписи за поддршка на кандидатурата за претседател на Република Македонија на претседателот на</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Достоинство, генерал Стојанче Ангелов, во кој освен основни податоци - за кого се собираат потписи и на кои места, содржи и дополнителни податоци за кандидатот, односно негово обраќање до граѓаните на Кичево и околината.<br><br>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-1257/1 од 04.03.2014 година, пред Основен суд Кичево - Кичево. |
| **3.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ Кисс“ Злате ДООЕЛ Тетово** | 03-1898/1 од 31.03.2014 година | **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-За претседателските избори, на 25 март 2014 година, во реалните часови од 19 до 20 часот и од 20 до 21 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма.<br>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-2304/1 од 15.04.2014 година, пред Основен суд Тетово – Тетово. |
| **4.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ 5“ ДООЕЛ Скопје** | 03-1906/1 од 31.03.2014 година | **Член 76 став 4 од Изборниот законик, а казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-За време на Претседателските избори во 2014 година, на ден 29 и 31 март 2014 година, во премиерното и во репризното издание на актуелно-информативната говорна шоу програма „Миленко Неделковски Late Night Show“, емитувани се спотови, платено политичко рекламирање на учесници во изборната кампања.<br>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-2372/1 од 17.04.2014 година, пред Основен суд Скопје 1 Скопје. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.** | **Трговско друштво за радио-дифузна дејност „ТВ ШУТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје** | 03-1901/1 од 31.03.2014 година | **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а <u>казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик</u>**<br><br>-За време на Претседателските избори во 2014 година, во рамките на програмата на обвинетото правно лице на ден 26-ти март 2014 година: во периодот од 20 до 21 часот и во периодот од 22 до 23 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма.<br><u>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-2418/1 од 25.04.2014 година, пред Основен суд Скопје 1 Скопје.</u> |
| **6.** | **Трговско друштво за радио-дифузна дејност „ТВ ШУТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје** | 03-1903/1 од 31.03.2014 година | **Член 76 став 4 од Изборниот законик, а <u>казнив по член 183 став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик</u>**<br><br>-За време на Претседателските избори во 2014 година, во рамките на програмата на обвинетото правно лице, на ден 30-ти март 2014 година, во емисијата за деца „Покажи што знаеш” во периодот од 12:42:43 до 14:06:34 часот, емитувани се два спота платено политичко рекламирање, за претседателскиот кандидат Ѓорѓе Иванов.<br><br><u>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-2482/1 од 25.04.2014 година, пред Основен суд Скопје 1 Скопје.</u> |
| **7.** | **Трговско радиодифузно друштво „КАНАЛ ТРИ“ ДООЕЛ Дебар** | 03-2447/1 од 24.04.2014 година | **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а <u>казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик</u>**<br><br>-За време на Претседателските избори и Предвремените парламентарни избори во 2014 година, во рамките на програмата на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | обвинетото правно лице на ден 16-ти април 2014 година: во периодот од 14 до 15 часот емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма.<br><br>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-2821/1 од 16.05.2014 година, пред Основен суд Дебар – Дебар. |
| **8.** | **Трговско радиодифузно друштво „ТВ ВТВ Тони“ Валандово ДООЕЛ Валандово** | 03-2449/1 од 24.04.2014 година | **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br>-За време на Претседателските избори и Предвремените парламентарни избори во 2014 година, во рамките на програмата на обвинетото правно лице на ден 20-ти април 2014 година: во периодот од 20 до 21 часот емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања.<br>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-2872/1 од 21.05.2014 година, пред Основен суд Гевгелија, судско одделение Валандово |
| **9.** | **Трговско друштво за радио-дифузна дејност „ТВ ШУТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје** | 03-2454/1 од 24.04.2014 година | **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 4 и став 2 од Изборниот законик**<br><br>-За време на Претседателските избори и Предвремените парламентарни избори во 2014 година, во рамките на програмата на обвинетото правно лице на ден 17-ти април 2014 година: во периодот од 23 до 00 часот, емитуван е спот на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, со вкупно времетраење од 11 минути и 27 секунди, што е за – 3 минути и 27 секунди повеќе од дозволениот лимит – 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања, со што емитувано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | е повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања.<br><br>Поднесено е барање за поведување прекршочна постапка, бр.03-2882/1 од 23.05.2014 година, пред Основен суд Скопје 1 Скопје. |

| ПРЕГЛЕД<br>НА ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ И БАРАЊА<br>ОД РАСПИШУВАЊЕ ДО ЗАВРШУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ<br>ВО 2014 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| **Реден број** | **Подносител на претставката/барањето** | **УПП број** |
| **18.03.2014** | | |
| 1. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-27 од 18.03.2014 година |
| **20.03.2014** | | |
| 2. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-30 од 20.03.2014 година |
| 3. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-31 од 20.03.2014 година |
| 4. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-32 од 20.03.2014 година |
| 5. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-33 од 20.03.2014 година |
| 6. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-34 од 20.03.2014 година |
| 7. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-35 од 20.03.2014 година |
| 8. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-36 од 20.03.2014 година |
| 9. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-37 од 20.03.2014 година |
| 10. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-38 од 20.03.2014 година |
| 11. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-39 од 20.03.2014 година |
| 12. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-40 од 20.03.2014 година |
| 13. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-41 од 20.03.2014 година |
| 14. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-42 од 20.03.2014 година |
| 15. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-43 од 20.03.2014 година |
| 16. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-44 од 20.03.2014 година |
| 17. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-45 од 20.03.2014 година |
| **24.03.2014 година** | | |
| 18. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-47 од 24.03.2014 година |
| 19. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-48 од 24.03.2014 година |
| 20. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-49 од 24.03.2014 година |
| 21. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-50 од 24.03.2014 година |
| 22. | Социјалдемократски сојуз на | 03-51 од 24.03.2014 година |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија (СДСМ) | |
| 23. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-52 од 24.03.2014 година |
| 24. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-53 од 24.03.2014 година |
| 25. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-54 од 24.03.2014 година |
| 26. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-55 од 24.03.2014 година |
| 27. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-56 од 24.03.2014 година |
| 28. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-57 од 24.03.2014 година |
| 29. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-58 од 24.03.2014 година |
| 30. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-59 од 24.03.2014 година |
| 31. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-60 од 24.03.2014 година |
| 32. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-61 од 24.03.2014 година |
| 33. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-62 од 24.03.2014 година |
| 34. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-63 од 24.03.2014 година |
| 35. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-64 од 24.03.2014 година |
| 36. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-65 од 24.03.2014 година |
| **26.03.2014 година** | | |
| 37. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-66 од 26.03.2014 година |
| 38. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-67 од 26.03.2014 година |
| 39. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-68 од 26.03.2014 година |
| 40. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-69 од 26.03.2014 година |
| 41. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-70 од 26.03.2014 година |
| 42. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-71 од 26.03.2014 година |
| 43. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-72 од 26.03.2014 година |
| 44. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-73 од 26.03.2014 година |
| 45. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-74 од 26.03.2014 година |
| 46. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-75 од 26.03.2014 година |
| 47. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-76 од 26.03.2014 година |
| 48. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-77 од 26.03.2014 година |

| | | |
|---|---|---|
| 49. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-78 од 26.03.2014 година |
| 50. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-79 од 26.03.2014 година |
| 51. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-80 од 26.03.2014 година |
| 52. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-81 од 26.03.2014 година |
| 53. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-82 од 26.03.2014 година |
| 54. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-83 од 26.03.2014 година |
| 55. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-84 од 26.03.2014 година |
| 56. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 03-85 од 26.03.2014 година |
| **28.03.2014** | | |
| 57. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-87 од 28.03.2014 година |
| **31.03.2014** | | |
| 58. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Борис Кондарко, Овластен претставник на подносител на листата поднесена од 38 пратеници на кандидатот Стево Пендаровски | 03-89 од 31.03.2014 година |
| 59. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, генерален секретар на СДСМ | 03-90 од 31.03.2014 година |
| **01.04.2014 година** | | |
| 60. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, генерален секретар на СДСМ | 03-92 од 01.04.2014 година |
| 61. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, генерален секретар на СДСМ | 03-93 од 01.04.2014 година |
| **02.04.2014** | | |
| 62. | Илјаз Халими, кандидат за претседател на РМ | 03-94 од 02.04.2014 година |
| **11.04.2014 година** | | |
| 63. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на | 03-99 од 11.04.2014 година |

| | | |
|---|---|---|
| | листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | |
| 64. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-100 од 11.04.2014 година |
| 65. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-101 од 11.04.2014 година |
| 66. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-102 од 11.04.2014 година |
| 67. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-103 од 11.04.2014 година |
| 68. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-104 од 11.04.2014 година |
| 69. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-105 од 11.04.2014 година |
| 70. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер | 03-106 од 11.04.2014 година |

| | | |
|---|---|---|
| | Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | |
| 71. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-107 од 11.04.2014 година |
| 72. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-108 од 11.04.2014 година |
| 73. | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Оливер Спасовски, Овластен претставник на подносител на листата на кандидатот за претседател на РМ, Стево Пендаровски, предложен од 38 пратеници | 03-109 од 11.04.2014 година |
| **25.04.2014 година** | | |
| 74. | ВМРО - Народна партија | 03-113 од 25.04.2014 година |

| **ПРЕГЛЕД НА ПРИГОВОРИ** | | |
|---|---|---|
| **Реден број** | **Подносител на приговорот** | **Архивски број** |
| 1. | Од кандидадтот за претседател на Република Македонија, за претседателските избори 2014 Ѓорѓе Иванов, преку овластениот претставник на подносителот на листата Илија Димовски | 03-2275/1 од 13.04.2014 година |
| 2. | Од кандидадтот за претседател на Република Македонија, за претседателските избори 2014 Ѓорѓе Иванов, преку овластениот претставник на подносителот на листата Илија Димовски | 03-2276/1 од 13.04.2014 година |

# ИЗВАДОК ОД
# ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК[52]

(„Службен весник на Република Македонија” бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 63/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14)

**НЕОФИЦИЈАЛНА ВЕРЗИЈА**
**НА ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ СО ВГРАДЕНИ ИЗМЕНИ ОД 2014 СО ЧЛЕНОВИТЕ (директно или индиректно) ВАЖНИ ЗА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој законик се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Македонија (во натамошниот текст: претседател на Републиката), за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: пратеници), за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје (во натамошниот текст: членови на советите), за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје (во натамошниот текст: градоначалник), начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

### 1. Поимник

Член 2

Определени поими во овој законик го имаат следново значење:

1. “Избирачко право“ има секој државјанин на Република Македонија со наполнети 18 години живот и е деловно способен;
2. ”Избирачкиот список” е јавна исправа во која се запишани граѓаните со
избирачко право;
3. “Изборни органи“ се органите надлежни за спроведување на изборите утврдени со овој законик;
4. ”Член на изборен орган “ се претседателот, членовите и нивните заменици кои ги сочинуваат изборните органи и ги спроведуваат изборните дејствија;
5. “Подносител на листа “ се регистрираните политички партии или нивни коалиции регистрирани во Државната изборна комисија, група избирачи и пратеници;
6. “Кандидат“ е државјанин на Република Македонија утврден од надлежната изборна комисија во согласност со овој законик, за кој ќе се гласа на избори;
7. “Независен кандидат“ е кандидат за избор на претседател на Републиката, пратеник, градоначалник или член на совет кој е поддржан од “група избирачи“;
8. “Политичка партија“ е регистрирана политичка партија во согласност со закон;

---

[52] **ИЗВАДОКОТ Е ПОДГОТВЕН ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ И Е ВЕРЗИЈА НА ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА ЗАКОНИКОТ СО ВГРАДЕНИ ИЗМЕНИ НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД 2014 (директно или индиректно) ВАЖНИ ЗА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ.**

9. "Позицијата" ја сочинуваат политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

10. "Опозицијата" ја сочинуваат политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

11. "Овластен претставник" е лице ополномоштено од еден регистриран кандидат, политичка партија или коалиција за застапување на нивните интереси пред изборните органи;

12. "Коалиција" е здружување врз основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори;

13. "Изборна кампања" е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори;

14. "Учесник во изборна кампања" е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања;

15. "Набљудувачи" се претставници на домашни и странски регистрирани здруженија на граѓани кои имаат овластување од Државната изборна комисија за набљудување на изборите;

16. „Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија" се претставништва на Република Македонија во други држави и во меѓународни организации кои вршат работи утврдени со закон;

17. „Државјани на Република Македонија на привремена работа или престој во странство", во смисла на овој закон, се државјани на Република Македонија кои имаат пријавено последно живеалиште во Република Македонија, а на денот на изборите привремено престојуваат во странство повеќе од три месеци или се на привремена работа или престој во странство повеќе од една година согласно со евиденцијата од надлежен орган;

18. "Вработените во јавната администрација" ја сочинуваат категоријата на лица вработени во дејностите образование, здравство, култура, наука и социјална заштита, а кои според закон вршат задачи од јавен интерес;

19. "Вработените во државната, општинската администрација и администрацијата на градот Скопје" ја сочинуваат категоријата на лица со статус на државен службеник во согласност со закон и

20. "Изборна администрација" ја сочинуваат вработените во стручната служба на Државната изборна комисија, членовите на изборните органи, секретарите на општинските изборни комисии, нивните заменици и други лица времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на Државната изборна комисија.

21. „Изборен процес" е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот.

22. "Облици на изборно медиумско претставување" се: дневно-информативните емисии, програмите што им овозможуваат директен пристап на учесниците во изборната кампања до /избирачите, и посебните информативни емисии;

23. "Дневно-информативни емисии" се сите изданија на радио и на телевизиските вести и дневници;

24."Директен пристап до избирачите" се облиците на бесплатно политичко претставување и на платено политичко рекламирање, преку кои учесниците во изборната кампања слободно ги промовираат своите програми, ставови и кандидати;

25.“Бесплатно политичко претставување“ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој слободно и без паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставовите и кандидатите;

26.„Платено политичко рекламирање“ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој за паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставовите и кандидатите. Видови платено политичко рекламирање се: огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на учесниците во изборната кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на учесниците во изборната кампања;

27.“Посебни информативни програми“ се:програми наменети за информирање на граѓаните за начинот и за техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и информативно-политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или тв/радио соочувања: актуелно-информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап,и тематски специјализирани информативни програми.

28. “Изборно медиумско претставување“ е промовирање (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и др. на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници.

Член 8-А

(1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се располага со буџетски средства на Република Македонија, средства на буџетите на општините и градот Скопје, од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал;

- да се започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година и

- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори.

(2) Во периодот од 20 дена пред отпочнување на изборна кампања па до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите и до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се исплаќаат субвенции кои не се редовни месечни исплати;

- да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира, особено: давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.

(3) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати, освен редовни плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет страна во посебна база за буџетски трошоци во изборен период.

(4) Министерството за финансии две недели по распишување на изборите поднесува предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот кој се објавува на веб страната на Министерството за финансии.

### 6. Објавување на утврдените листи

#### Член 69

(1) Државната изборна комисија утврдената единствена листа на кандидат за избор на претседател на Републиката ќе ја објави најдоцна 25 дена пред денот на одржувањето на изборите во “Службен весник на Република Македонија”.

(2) Државната изборна комисија утврдените единствени листи на кандидати за пратеници во изборните единици ќе ги објави во дневниот печат од кој еден е на јазикот на заедницата што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, најдоцна **23** дена пред денот определен за одржување на изборите.

(3) Државната изборна комисија преку Министерството за надворешни работи во рок од 48 часа ќе ги достави до ДКП, односно конзуларните канцеларии утврдените единствени листи заради јавно објавување.

(4) Општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје утврдените единствени листи на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник ќе ги огласи најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите во сите населени места и на избирачките места во општината.

(5) Општинските изборни комисии односно Изборната комисија на градот Скопје утврдените единствени листи на кандидати за пратеници ќе ги објават во избирачките места во општините за кои се надлежни.

(6) Утврдените листи на кандидати во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се објавуваат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина.

## VI. ИЗБОРНА КАМПАЊА

1. Учесник во изборната кампања

Член 69-а

(1) За изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

(2) Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.

(3) Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, Државната изборна комисија е должна да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од 7 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Член 70

(1) Подносителот на листа на кандидати чии листи на кандидати за избор на претседател на Републиката, пратеници, членови на совет, односно листа на кандидати за градоначалник се потврдени од надлежната изборна комисија, имаат право да организираат изборна кампања (во натамошниот текст: организатори на изборната кампања).

(2) Учесниците во изборната кампања имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето.

(3) Странски правни и физички лица не можат да организираат изборна кампања.

Член 72

(1) За законитоста на спроведувањето на изборната кампања е одговорен учесникот во изборната кампања.

(2) Учесникот во изборната кампања е одговорен и за оние дејствија на изборната кампања за кои ќе овласти други лица.

Член 74

Од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на Советот на општините и Градот Скопје не може да се врши никаква вонредна исплата на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства или средства од јавни фондови.

(2) Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбата од ставот (1) на овој член, Државната комисија за спречување на корупција е должна да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од седум дена од денот на поднесувањето на приговорот.

2. Медиумско претставување

Член 75

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.

(3) Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување.

Член 75-а

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

а) за избор на претседател на Републиката, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за претседател и во првиот и во вториот круг од изборите;

б) За избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници; и

в) За локалните избори:

- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;

- за избор на членови на советите на општините, односночленови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

(3) Од принципот на пропорционалност, односно еднаквост, се иззема платеното политичко рекламирање.

Член 75-б

Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.

Член 75-в

(1) Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не смеат да

учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања.

(2) Доколку се определат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

Член 75-г

(1) Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишување на изборите до нивното завршување, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по завршување на изборите.

(2) На барање од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерите се должни најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето, на Агенцијата да му достават снимки од бараната емитувана програма, како и други податоци поврзани со медиумското покривање на изборите.

Член 75-д

(1) Од денот на распишување на изборите па се до почеток на изборна кампања, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи.

(2) Огласите и соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи, трговските радиодифузни друштва треба да ги емитуваат само во означени рекламни блокови во рамките на дозволеното време за рекламирање на еден реален час емитувана програма во времетраење од вкупно 12 минути, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути, при што нарачателот треба да биде јасно означен.

(3) Огласите и соопштенијата од ставот (2) од овој член треба да содржат само основни податоци - за кого се собираат потписи, на кои места граѓаните можат да го дадат својот потпис и во кој временски период од денот. Тие не смеат да содржат дополнителни податоци за кандидатите.

(4) Од денот на распишување на изборите се до нивното завршување, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

Член 75-ѓ

(1) За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути.

(2) Радиодифузерите и печатените медиуми се должни во рок од пет дена од денот на распишување на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

(3) Во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања, радиодифузерите и печатените медиуми се должни најмалку двапати, јавно да ги објават ценовниците од ставот (2) на овој член на своите програми, односно во своите печатени изданија.

(4) Печатените медиуми се должни ценовниците од ставот (2) на овој член да ги достават до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет дена од денот на распишување на изборите, а радиодифузерите да ги достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 дена од денот на распишување на изборите.

(5) Ценовниците не смеат да се менуваат во текот на изборната кампања.

(6) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни на сите учесници на изборниот прецес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање.

Член 76

(1) Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање“ и јасно одвоено од другите содржини на медиумите.

(2) Во сите облици на платеното политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен.

(3) Не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање.

(4) Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани.

(5) Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање.

(6) Со цел гласачите објективно да се информираат за текот на изборната кампања, и заради заштита на новинарската професија од какво било политичко влијание за време на изборното медиумско претставување, посебните информативни програми не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање.

(7) Кампањите на Државната изборна комисија за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори не се сметаат за платено политичко рекламирање. Тие треба да бидат издвоени од другиот дел од програмата и нивниот нарачател да биде јасно означен.

Член 76-а

(1) Јавниот радиодифузен сервис е должен, без надоместок, во соработка со Државната изборна комисија да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и да емитува други информации поврзани со изборниот процес.

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што: една третина од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, една третина од времето за активностите од кампањата на политичките партии на власт и една третина од времети за активностите на политичките партиите во опозиција

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии од власта и од опозицијата ке биде распределено согласно на резултатите од последните парламентарни избори.

(4) Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух.

(5) За време на изборната кампања, и во првиот и во вториот круг на гласање, Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува бесплатно

политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со принципите за избалансирано покривање на изборите утврдени во членот 75-а на овој закон.

(6) Датумот и редоследот за емитување бесплатно политичко претставување на учесниците во изборната кампања се утврдува со ждрепка.

(7) Бесплатното политичко претставување на телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис треба да се емитува во периодот од 16:00 до 23:00 часот.

(8) Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија во времетраење од по три часа ќе обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии на власт и на политичките партии во опозиција согласно на резултатите од последните парламентарни избори.

(9) Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување" во текот на целото времетраење на емитувањето.

Член 76-б

(1) За време на изборниот молк, престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на учесниците во изборна кампања.

(2) Радиодифузерите и за време на изборниот молк продолжуваат да известуваат за изборниот процес на денот на гласањето.

(3) При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта.

Член 76-в

(1) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите

(2) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од три дена по утврдување на прекршувања на одредбите од Изборниот законик, против радиодифузерот што ги повредил одредбите, да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.

(3) Надлежниот суд е должен по барање за прекршочна постапка од ставот (2) на овој член да одлучи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Против одлуката на надлежниот суд може да се изјави жалба во рок од 48 часа од приемот на одлуката.

(5)Второстепениот суд е должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата.

(6) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку утврди прекршување на одредбите за избалансирано покривање на изборите од страна на Јавниот радиодифузен сервис, ќе поднесе предлог за покренување на постапка за разрешување на директорот на Јавниот радиодифузен сервис .

Член 76-г

(1) За исполнување на законските обврски на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Македонија, кои се исплаќаат на посебна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(2) Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборниот процес.

(3) Ако одобрените средства се поголеми од реалните трошоци направени за активностите на Агенцијата во врска со изборниот процес, остатокот од средствата Агенцијата е должна да го врати на сметката на Буџетот на Република Македонија.“

4. Испитување на јавното мислење

Член 77

(1) Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот и вториот круг на гласање.

(2) При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето.

(3) Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред 19:00 часот, односно пред затворањето на избирачките места.

7. Финансирање на изборите

Член 83

(1) Изборната кампања не смее да се финансира од:

- средства од Буџетот на Република Македонија, освен средствата определени во членот 86 став (2) на овој законик,
- средства од буџетите на општините и градот Скопје, освен средствата определени во членот 86 став (2) на овој законик,
- средства од јавни претпријатија и јавни установи,
- средства од здружение на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации,
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица,
- средства од претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странскиот капитал и
- средства од неидентификувани извори.

(2) Изборната кампања може да се финансира од:

- членарината на политичката партија,
- физички лица во висина од 5.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 50.000 евра во денарска противвредност.

(3) Изборната кампања може да се финансира од донации од физички и правни лица во вид на пари, ствари и услуги чија вредност не смее да го надмине износот утврден со ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член.

(4) Ако висината на донацијата е поголема од износот утврден во ставот (2) алинеи 2 и 3 од овој член учесникот во изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата

меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.

(5) Ако не може да се утврди потеклото на донацијата, организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.

Член 83–а

(1) Како донација од членот 83 на овој закон се смета и:

- давањето бесплатни услуги на учесникот во изборната кампања,
- давањето услуги на учесникот во изборната кампања за кои плаќа трето лице и
- продажба на стоки или давање на услуги на организаторот на изборната кампања по цени пониски од пазарните.

(2) Продавачот на стоката, односно давателот на услугата е должен да го извести - учесникот во изборната кампања за пазарната цена на продадената стока, односно извршената услуга и за тоа му доставува фактура.

(3) Разликата меѓу пазарната вредност и платената вредност се смета за донација.

(4) Јавните претпријатија се должни да понудат еднакви цени за своите услуги кон сите учесници на кампањата преку официјални ценовници

(5) Радиодифузерите и печатените медиуми попустите во цените кои ги даваат за политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања се сметаат за донација изразена во парична вредност, но не повисока од 50.000 евра во денарска противвредност.

Член 84-а

Од денот на донесувањето на одлука за распишување на изборите се до денот на завршувањето на изборите, државните органи и органите на општините и на градот Скопје не смеат да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на општините и на градот Скопје.

Член 85-а

(1) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

6. Времетраење на гласањето

Член 101

(1) Гласањето започнува во 7,00 часот и трае непрекинато до 19:00 часот, а во ДКП се почитува временската разлика во земјата, односно од 7,00 до 19,00 часот согласно со сметањето на времето во соодветната земја .

(2) Во 19,00 часот гласачкото место се затвора, а на избирачите кои се затекнале во објектот каде што се гласа им се овозможува да гласаат.

(3) Избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место и пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член, по претходна согласност од надлежната општинска изборна комисија, ако гласале сите избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список но не започнува со броење на гласовите пред 19,00 часот.

Изборна кампања

Член 143

Изборната кампања започнува дваесет и вториот ден од денот на распишувањето на изборите и завршува 24 часа пред денот на одржувањето на изборите.

## XIV. КАЗНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 178

(1) За спречување на изборите и гласањето; за повреда и злоупотреба на избирачкото право; за повреда на слободата на определувањето на избирачите;
за поткуп при изборите и гласањето; за уништување на изборните исправи, за постапување спротивно на членот 8-а од овој закон и за извршена изборна измама, сторителот ќе се казни според одредбите на Кривичниот законик.

(2) За кривичните дела од ставот (1) на овој член постапката е итна.

Член 178-а

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд се спроведува постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците.

Член 179-б

(1) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако не го почитува рокот за започнување и завршување на изборната кампања (член 69-а став (2)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на претседателот и членовите на Државната изборна комисија за непостапување во рокот од член 69-а став (3) на овој законик.

(3) Глоба во износ од 300 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое ја попречува и оневозможува изборната кампања ( член 73).

(4) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече претеседателот и членовите на Државната комисија за спречување на корупција за непостапување во рокот од член 74 став (2) на овој законик

Член 180

(1) Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на учесникот во изборната кампања кој не се придржува до членот 72 на овој законик.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се изрече и на кандидат или друго физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 181

(1) Глоба во износ од 1500 до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече
за прекршок на радиодифузерот, ако:

- известува за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, и на правните лица на кои им е доверено вршење на јавни овластувања, спротивно на членот 75-б на овој закон;
- уредници, новинари, водители на програма и презентери ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, учествуваат во предизборни активности на учесници во изборна кампања спротивно на членот 75-в на овој законик;
- не го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишување на изборите до нивното завршување и не ги чуваат снимките од нивната програма (член 75- г став (1));
- не достават снимки и други податоци поврзани со медиумското покривање на изборите спротивно на членот 75-г став (2);
- огласите и соопштенијата за независните кандидати се емитуваат спротивно на членот 75-д став (2);
- не обезбеди рамноправен пристап во информативната програма согласно на членот 76-а ставовите (2) и (3) на овој законик,
- јавниот радиодифузен сервис не ги информира граѓаните или лицата со оштетен слух за изборниот процес (член 76-а ставовите (1) и (4)); и
- јавниот радиодифузен сервис емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес спротивно на членот 76-а ставови (5), (6),(7),(8) и (9)на овој законик.

(2) Глоба во износ од 300 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице на радиодифузерот за дејствијата од ставот (1) на овој член.

“Член 181-а

(1) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот ако:

- не обезбеди покривање на изборите на правичен, избалансиран и на непристрасен начин (член 75 став (1));
- не овозможи подеднакви услови за пристап до програмите на сите учесници во изборна кампања (член 75 ставови (2) и (3));
- програмите наменети за малолетната публика се користат за изборно медиумско претставување (член 75 став (4));
- емитува дополнително време за платено политичко рекламирање на реален час спротивно на членот 75-ѓ став (1) на овој законик.

(2) Глоба во износ од 500 до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице на радиодифузерот , за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 182

(1) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на радиодифузерот и печатениот медиум ако:

- емитуваат, односно објавуваат платено политичко рекламирање спротивно на членот 75- д став (1) на овој законик;
- огласите и соопштенијата за независните кандидати содржат податоци спротивно на членот 75-д став (3) на овој законик;
- емитуваат, односно објавуваат огласи и реклами спротивно на членот 75-д став (6) на овој законик;
- не утврди ценовник за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес (член 75-ѓ став (2));

- не го објави и/или не го достави ценовникот (член 75-ѓ став (3) и (4) );

- го измени ценовникот во текот на изборната кампања (член 75-ѓ став (5));

- не обезбеди рамноправен пристап согласно на членот 75-ѓ став (6) на овој законик; и

- го прекршат изборниот молк (член 76-б).

(2) Глоба во износ од 500 до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице на радиодифузерот и печатениот медиум за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 183

(1) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот, ако:

- го објави изборното пропагандно известување без наведување дека се работи за платено политичко рекламирање и ако не го одвои од другите содржини на медиумите (член 76 став (1));

- јасно не го означи нарачателот на платеното политичко рекламирање ( член 76 став (2));

- го објави изборното пропагандно известување со учество на малолетници во платено политичко рекламирање (член 76 став (3)) и

- емитува платено политичко рекламирање во вести, информативни, образовни и програми за деца, во преноси од верски, спортски, културни и други настани (член 76 став (4)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на радиодифузерот и печатениот медиум за дејствијата од став (1) на овој член.

Член 183-а

(1) Глоба во износ од 1500 до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот и печатениот медиум ако:

- ги објави резултатите од испитувањето на јавното мислење спротивно на членот 77 став (1) на овој законик;

- ги објави резултатите од испитувањето на јавното мислење, а не ги наведе податоците утврдени во членот 77 став (2) на овој законик;

- објави резултатите од испитувањето на јавното мислење спроведено на денот на изборите спротивно на членот 77 став (3) на овој законик.

(2) Глоба во износ од 300 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице на радиодифузерот и печатениот медиум за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 189-а

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот или печатениот медиум кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања (член 85-а).

(2) Глоба во износ од 500 до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорниот уредник за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 190

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност

ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице доколку постапи спротивно на одредбите на членот 74 од овој законик.

(2) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое при гласањето користи мобилен телефон или апарат за сликање на гласачкото ливче.

(3)Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето од членот 106 на овој законик, ако во времето и местото на гласањето носи ознака или симбол на политичка партија или кандидат и ако за време на гласањето не носи беџ.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-812/2 од 07.02.2014 година, на 07-та седница одржана на 07.02.2014 година, изготви Пречистен текст на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси.

Пречистениот текст на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, ги опфака: Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси бр.01-564/1 од 28.01.2014 година и Методологијата бр. 01-564/2 од 07.02.2014 година, за изменување и дополнување на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси.

# МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА МОНИТОРИНГ НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ПРЕКУ РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## ПРАВНА РАМКА

Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр: 40/06, 63/08, 136/08, 148/08, 155/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/14) со последните измени од 2014 година, во себе ги инкорпорира правилата за известувањето на медиумите во периодот од распишувањето на изборите, па до нивното завршување и одредбите кои се однесуваат на мониторингот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што престана важноста на Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и на Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања.

Дефинициите за изборно медиумско претставување и за облиците на изборно медиумско претставување се вклучени во член 2 точки од 22 до 27. Значењата и опфатите на овие поими се исти како оние што досега беа дадени во правилниците. Покрај ова, во точка 21 се определува времетраењето на изборниот процес, а во точка 28 се дефинира поимот „изборно медиумско претставување" како „промовирање (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и др. на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници". Со ова, поимот кој веќе постоеше во членот 69-а од Законикот, го добива своето неопходно појаснување, кое досега се наоѓаше во подзаконската регулатива.

Една од измените значајни за методологијата за мониторинг на Агенцијата се наоѓа во новиот член 8-а став 2 алинеја 2. Со неа, во периодот од 20 дена пред почетокот на изборната кампања па сè до крајот на изборите, се забранува да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба објекти финансирани со средства од Буџетот, од јавни фондови, од јавни претпријатија или од други правни лица кои располагаат со државен капитал, во инфраструктура (патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и слично) или објекти за општествени дејности (училишта, градинки и др.). Притоа се прецизира дека

забраната за одржување јавни настани не се однесува на давањето „јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.“

Членот 69-а ги дефинира поимот (став 1) и времетраењето (став 2) на изборната кампања.

Членот 75 е целосно сменет и во него се пропишуваат обврските за сите радиодифузери што ќе ги покриваат изборите тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин (став 1), на сите учесници во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување (став 2) и да не ги користат програмите наменети за малолетна публика за изборно медиумско претставување (став 3).

Членот 75-а е сменет и во него се поставуваат принципите за тоа како – при различни изборни процеси (претседателски, парламентарни, локални) - се обезбедува баланс во покривањето на кампањата во сите облици на изборно медиумско претставување, односно се прецизира кога се применува принципот на еднаквост, а кога на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати (став 1). Исто така се определува дека при извлекувањето оценка за избалансираноста се зема предвид интензитетот на кампањата (став 2), како и дека за платеното политичко рекламирање не важат принципите на пропорционалност, односно еднаквост преку кои се остварува балансот.

Новиот член 75-б пропишува дека од денот на распишување на изборите па сè до нивното завршување, известувањето за редовните активности на власта како и на сите субјекти на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања во програмите на радиодифузерите не смее да биде во функција на чија било кампања.

Забраната за уредници, новинари, водители на програма и презентери истовремено да бидат ангажирани и во подготвувањето на програмите на радиодифузерите и во предизборни активности на учесници во кампања е содржана во новиот член 75-в.

Обврската за радиодифузерите да го снимаат излезниот сигнал од својата програма, да го чуваат 30 дена по крајот на изборите и на барање на Агенцијата да и достават снимка во рок од 48 часа по приемот на барањето, се наоѓа во членот 75-г.

Со членот 75-д се забранува емитувањето платено политичко рекламирање во времето од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања (став 1). Исклучок се огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи кои можат да се емитуваат во рамките на лимитот за комерцијално рекламирање од 12 минути на реален час. Може да содржат само основни податоци за собирањето потписи (но не и за кандидатот/ите), да имаат јасно означен нарачател и да не траат подолго од 8 минути (ставови 2 и 3). Ставот 4 ја содржи забраната за емитување реклами финансирани од буџетите на: државата, општините, градот Скопје и на сите субјекти на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во периодот од распишувањето на изборите до нивното завршување.

Членот 75-ѓ се однесува на дел од правилата за платено политичко рекламирање што важат за време на изборна кампања. На радиодифузерите, во ставот 1 им се дозволуваат дополнителни 12 минути на реален час, исклучиво наменети за емитување платено политичко рекламирање, со ограничување на времето за еден учесник во кампањата на 8 минути. Тие треба ценовниците да ги утврдат пет дена од распишувањето на изборите (став 2) и во истиот рок да ги достават до Агенцијата, Државната изборна комисија (ДИК), Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата (став 4); до почетокот на кампањата да ги објават најмалку двапати на својата програма (став 3); во текот на кампањата не смеат да ги менуваат

(став 5), а на сите учесници во изборниот процес се должни да им обезбедат рамномерен пристап до платеното политичко рекламирање (став 6).

Во членот 76, на веќе постоечките пет става им се додаваат два нови става. Во првите пет става се пропишани обврски: платеното политичко рекламирање да биде издвоено, јасно означено и со јасно означен нарачател (ставови 1 и 2); и забрани: во него да не учествуваат малолетници, тоа де не се емитува во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и да не се емитува на Јавниот радиодифузен сервис (ставови 3, 4 и 5). Ставот 6 е забрана посебните информативни емисии (информативно - политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми) да се користат како платено политичко рекламирање. Ставот 7 посочува дека кампањите на ДИК за едукација на гласачите и за фер и демократски избори не се платено политичко рекламирање, а треба да бидат издвоени од другата програма со јасно означен нарачател.

Членот 76-а е сменет. Во него се определува дека Јавниот радиодифузен сервис во соработка со ДИК ги информира гласачите за начинот и техниката на гласање (став1). Ставовите 2 и 3 поставуваат правила за информативната програма со кои дневно – информативните емисии на МРТ стануваат исклучок од принципите за постигнување баланс од член 75-а. Имено, се воведува принцип на распределување на времето во вестите на МРТ на третини: една третина за дневни настани од земјата и светот, една третина за активностите во кампањата на партиите од власта и една третина за активностите на политичките партии од опозицијата (став 2) и притоа се определува, во третините наменети за кампањите на партиите од власта и опозицијата, времето да биде распоредено според резултатите од последните парламентарни избори (став 3). Ставот 4 ја потврдува обврската на Јавниот радиодифузен сервис редовно да ги информира за изборите граѓаните со оштетен слух. Времето за бесплатно политичко претставување, кое е обврска за Јавниот сервис, треба да се распореди согласно принципите за баланс од член 75-а (став 5); на телевизиските сервиси да се емитува во периодот од 16:00 до 23:00 часот (став 7) на датум и по редоследот определен со ждрепка (став 6). Ставот 8 воведува уште еден случај кога јавниот сервис е исклучок од принципите за баланс од член 75-а, бидејќи определува оти на Собраниският канал ќе се емитуваат по 3 часа бесплатно политичко претставување за партиите од власта и од опозицијата согласно резултатите од последните парламентарни избори. Бесплатното политичко претставување треба да биде јасно означено во текот на целото емитување (став 9).

Изменетиот член 76-б се однесува на правилата за изборниот молк, односно на тоа дека изборното медиумско претставување престанува во деновите на молк (став 1), радиодифузерите известуваат за изборниот процес (став 2), но за да не го прекршат молкот не смеат да емитуваат „какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта" (став 3).

Новиот член 76-в ги определува обврските на Агенцијата: да го следи известувањето на радиодифузерите од денот на распишувањето на изборите

до завршувањето на гласањето (став 1); во рок од 3 дена откако ќе утврди прекршување на Изборниот законик да покрене прекршочна постапка против радиодифузерот (став 2), а доколку утврди прекршување на одредбите за балансот од страна на Јавниот радиодифузен сервис да поднесе предлог за покренување постапка за разрешување на директорот на МРТ (став 6). Во ставовите 3, 4 и 5 се пропишуваат роковите за постапување на судовите во прва и втора инстанца и рокот за жалба.

Членот 75-г се однесува на прашањето на финансирање на законските обврските на Агенцијата - средствата, на посебна сметка, се обезбедуваат од Буџетот на Републиката (став 1), тие служат само за активностите за време на изборниот процес (став 2), а оние средства што нема да се искористат се враќаат во Буџетот (став 3).

Правилата за објавување резултати од истражувањата на јавното мислење се определени во член 77 кој со измените има дополнителен, трет, став. Резултатите се објавуваат најдоцна пет дена пред гласањето во обата круга (став 1), на денот на гласањето само по 19:00 часот (став 3), а прилозите мора да содржат податоци кои ќе сведочат за научноста и релевантноста на истражувањето, односно: името на нарачателот кој го побарал и платил истражувањето, истражувачката институција, методологијата, периодот и големината и структурата на примерокот (став 2).

## ПЕРИОДИ, ОПФАТ И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МОНИТОРИНГОТ

Прецизирањето на периодите на мониторинг, опфатот на медиуми, примерокот од нивната програма што ќе биде предмет на анализа и начинот на негова реализација се утврдуваат во концептот за мониторинг на медиумското претставување кој се носи посебно за секој конкретен изборен процес.

Датумите за секој од периодите на мониторинг во изборниот процес (од распишување на избори до кампања, прв и втор круг изборна кампања и изборен молк) зависат од донесувањето на одлуката за распишување на сите избори посебно.

Опфатениот број медиуми и примерокот од нивната програма што се анализира, како и бројот ангажирани надворешни соработници зависат од видот на изборите (претседателски, парламентарни или локални) и од периодот на мониторингот (пред кампања, во првиот круг или во вториот круг).

Начинот на реализација се однесува на техничкиот аспект на мониторингот – прием на сигналот на програмските сервиси, снимање, користење софтвер за внос и обработка на податоците и сл., односно станува збор за прашања подложни на континуирано подобрување и осовременување.

## ЦЕЛИ НА МОНИТОРИНГОТ

Имајќи предвид дека Изборниот законик ги утврдува правилата по кои треба да работат радиодифузерите од денот на распишување на изборите, за време на изборната кампања и во време на изборниот молк, генералните цели на мониторингот се да се следи дали и колку радиодифузерите:

- Ќе обезбедат правично, избалансирано и непристрасно медиумско претставување;
- Ќе им овозможат на учесниците во изборната кампања подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување: вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани

информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.

За мониторингот да ги исполни своите цели, резултатите што ќе се добијат треба да дадат одговори на следниве прашања:

- Дали во вестите се почитуваат квантитативните и квалитативните принципи за постигнување баланс во известувањето за кампањите на учесниците во изборниот процес?
- Дали се почитува забраната дека известувањето за активностите на органите на власта не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект во текот на целиот период од распишувањето на изборите, па до нивното завршување?
- Дали во посебните информативни емисии за изборите се почитува правилото да се обезбеди баланс, правичен и непристрасен третман?
- Дали се почитува правилото дека уредници, новинари водители на програма и презентери ангажирани во подготвување на програмите не смеат истовремено да учествуваат во предизборните активности на учесниците на изборна кампања?
- Дали се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувањата на јавното мислење?
- Дали се почитуваат правилата за емитување платено политичко рекламирање?
- Доколку се емитува бесплатно политичко претставување, дали притоа се почитуваат правилата?
- Дали има прекршувања на изборниот молк?
- Дали радиодифузерите се придржуваат кон другите правила за нивните програми утврдени со Изборниот законик?

## Предмет

### *А. Пред започнувањето на изборната кампања*

Од денот по распишувањето на изборите, до почетокот на кампањата се набљудува 24-часовната програма на телевизиите и радијата, а анализа на емисија или прилог се врши доколку се забележи евентуален прекршок.

- Во целиот период се набљудува дали има:

- Изборно медиумско претставување,
- Известување за активностите на носителите на власт во функција на нечие изборно медиумско претставување,
- Платено политичко рекламирање,
- Реклами финансирани од буџетски средства,
- Истовремено учество на уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми и во предизборни активности на учесниците во кампањите,
- Огласи за собирање потписи за поддршка на кандидатури на независни кандидати,емитувани спротивно на утврдените правила,
- Прилози за резултати од истражувања на јавното мислење во врска со изборниот процес и дали ги содржат сите неопходни елементи.

- Во периодот од 20 дена пред почетокот на кампањата се следи дали се известува за јавни настани забранети согласно член 8-а став 2 алинеја 2 (почеток на градба или пуштање во употреба објекти изградени со

буџетски/јавни средства). Доколку ги има, како се кодираат и како се постапува зависи од тоа дали тие се критика на ваква незаконска активност или афирмација. За оние настапи кои се дозволени – интервју, дебата и одговор на новинарско прашање – се следи дали се во функција на нечие изборно медиумско претставување.

✐ Од <u>моментот на потврдувањето на листите со кандидати на изборите од страна на надлежните органи</u>, се следи дали се почитува забраната за појавување на потврдените кандидати во програмите имајќи предвид дека јавното претставување на потврдените кандидати во предизборниот период е изборна кампања, а кампањата почнува 20 дена пред денот на изборите (член 69-а).

***<u>Б. и В. Прв и втор круг од изборната кампања</u>***

Во периодот на изборната кампања за обата изборни круга се следи програмата што ја емитуваат радиодифузерите од почетокот на кампањата до завршувањето на гласањето со цел да се утврди дали и како/колку тие се придржуваат до законските обврски.

Во <u>периодот на изборната кампања</u> се анализираат сите облици на изборно медиумско претставување: дневно – информативните емисии, посебните информативни емисии какви што се програмите за информирање на граѓаните за начинот и техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и информативно-политичките програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања, актуелно-информативните програми, актуелно-информативните програми со документаристички пристап и тематските специјализирани информативни програми, како и облиците на директен пристап до избирачите какви што се бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање. Исто така, се анализира содржината и на емисиите што не се поврзани со изборите доколку во нив учествуваат или се појават учесници во изборна кампања и/или претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

✐ Во <u>периодот на изборниот молк</u> се набљудува целата програма за да се утврди дали има содржини со кои тој се нарушува.

**Метод**

Се користи техниката анализа на содржина, која дава и квантитативни и квалитативни показатели за медиумското покривање на кампањата за изборите. Освен ова, во случаи кога е потребно да се изврши подетална квалитативна анализа (на пример за тонот и врамувањето на прилогот) се користи и дискурзивна анализа.

Мониторингот на известувањето за изборната кампања во дневно-информативните емисии е сосредоточен на неколку прашања кои се регулирани со изборната регулатива.

Првото прашање е избалансираноста во известувањето која има квантитативен и квалитативен аспект. Квантитативниот аспект се однесува на обемот или *времето* што радиодифузерот го одвојува во вестите за активностите на некој кандидат или учесник во изборна кампања, а квалитативниот на приодот односно *тонот на известувањето* и *врамувањето*.

Другите прашања се однесуваат на: начинот на известување за редовните активности на органите на власта, објавувањето резултати од испитувања на јавното мислење, и почитувањето на генералните професионални правила, на пример за означувањето на авторите на прилозите (член 14, Закон за медиуми „Службен весник на РМ“ 184/2013) или забраната за емитување содржини со кои се загрозува националната безбедност, уставното уредување, со кои се повикува на агресија и конфликт или се дискриминира (член 48, Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „Службен весник на РМ“ 184/2013) итн.

**Квантитативен аспект на избалансираното известување**

Квантитативната анализа на избалансираноста во известувањето подразбира мерење и категоризирање (кодирање) на прилозите поврзани со активностите на учесниците во изборната кампања, прилозите за активностите на органите на власта во периодот на изборната кампања, редакциските осврти на изборната кампања, редакциските прилози и кусите коментари за кандидатите, политичките партии или претставниците на власта, прилозите со анкети од испитување на јавно мислење итн. и нивно внесување во посебен софтвер за обработка на податоците.

Исклучок се вестите на Јавниот радиодифузен сервис каде се мерат и се кодираат во софтвер сите прилози за да се утврди почитување на правилото за поделба на времето на третини.

По спроведената контрола на внесените податоци, се применуваат постапки на статистичка анализа со цел да се добијат вкрстени податоци за времето што радиодифузерите го одвоиле за различните кандидати, односно учесници во изборна кампања.

***Принципите за баланс: пропорционалност и еднаквост***

Постојат два принципи согласно кои, во различни изборни процеси, радиодифузерите обезбедуваат баланс во известувањето: пропорционалност и еднаквост (член 75-а од Изборниот законик). Важно е да се нагласи дека од радиодифузерите не се очекува да обезбедат избалансираност во известувањето за различните политички субјекти во секоја одделна дневно-информативна емисија, туку во текот на целата изборна кампања. Во Објаснувачкиот меморандум на Препораката Р (2007) 15 на Советот на Европа, за мерките поврзани со медиумското покривање на изборните кампањи се утврдува дека „...овој принцип треба да се мери во однос на целиот програмски сервис на радиодифузерот, во текот на определен временски период, а не во секоја одделна емисија. Радиодифузерите треба да обезбедат избалансираност и да ги претставуваат различните политички гледишта во текот на целиот период на кампањата.“

Кој од двата принципа се применува зависи од видот избори и од тоа дали станува збор за национални, регионални или локални радиодифузери, дали се од комерцијалниот или од јавниот сектор:

1. За претседателски избори се следи принципот на еднаквост, односно, сите радиодифузери кои одлучиле да известуваат за изборите, треба на сите претседателски кандидати во првиот и во вториот круг да им овозможат приближно исто време во вестите, нормално имајќи го предвид интензитетот на нивната кампања.

2. За парламентарни избори радиодифузерите го следат принципот на пропорционалност според бројот на потврдени кандидатски листи. Практично тоа значи дека сите радиодифузери (национални, регионални и локални) што ја следат кампањата треба да издвојат приближно исто време во вестите за учесниците во изборната кампања со ист број потврдени листи на кандидати за пратеници и со сличен интензитет на кампања.

3. Избалансираност за локални избори се обезбедува преку комбинација од двата принципи – еднаквост и пропорционалност и тоа:

- за избор на градоначалник, сите радиодифузери што ги следат изборите обезбедуваат избалансираност во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините и на градот Скопје, радиодифузерите на државно и на регионално ниво треба да обезбедат избалансираност во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините и на градот Скопје, а радиодифузерите на локално ниво - во согласност со принципот на еднаквост. Притоа, се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите.

Операционализирано на ниво на радиодифузери со различен опфат, ваквата дефиниција на избалансираноста подразбира дека:

а. Радиодифузерите на национално ниво кои ја покриваат изборната кампања во дневно-информативните емисии, треба да известуваат за активностите на сите учесници во изборна кампања во сите изборни единици. Притоа, на изборите за градоначалници треба на кандидатите чии кампањи имаат приближно ист интензитет да им обезбедат приближно еднаква временска застапеност, а на изборите за советници треба да обезбедат приближно иста застапеност за оние кои имаат ист број потврдени листи со кандидати и водат кампања со приближно ист интензитет.

б. Радиодифузерите на регионално ниво кои ја покриваат изборната кампања во дневно-информативните емисии, треба да известуваат за активностите на сите учесници во кампања кои имаат поднесено листи во општините во нивниот регион. Притоа, на сите кандидати за градоначалници чии кампањи имаат приближно ист интензитет треба да им обезбедат приближно еднакво време, а приближно иста застапеност треба да им обезбедат и на учесниците во кампања кои имаат ист број потврдени листи со кандидати за членови на советите, а чии кампањи имаат приближно ист интензитет.

в. Радиодифузерите на локално ниво кои ја покриваат изборната кампања во дневно-информативните емисии, треба да известуваат за активностите на сите учесници во изборна кампања кои имаат поднесено листи во изборната единица што ја покрива конкретниот радиодифузер. На сите градоначалнички кандидати и на учесниците во кампања чии кампањи имаат приближно ист интензитет, треба да им обезбедат приближно еднакво време.

4. По исклучокот од член 76-а ставови 2 и 3, Јавниот радиодифузен сервис треба да обезбеди рамноправен пристап, а со тоа и избалансирана поделба на времето, така што една третина од вестите треба да издвои за дневните настани од земјата и светот, една третина за кампањите на партиите на власта и една третина за кампањите на партиите од опозицијата при што внатре во третините, времето го распоредува согласно бројот на пратенички места што го има освоено секоја од партиите на претходните парламентарни избори[53].

Ова, операционализирано за програмските сервиси МРТ1, МРТ2, Прва програма на Македонското радио – Радио Скопје и Програмата на јазиците на етничките заедници на Македонското радио значи дека:

а. Во третината од вестите која е наменета за известување за дневните настани од земјата и светот се вбројува времето посветено на прилозите за дневно–политичките настани, социјалните теми, граѓанскиот сектор, економијата итн., со исклучок на спортот (дури и ако е составен дел од интегралната целина на вестите, а не издвоен).

б. Во третината за активностите од кампањата на партиите од власта времето за прилозите поединечно за секоја од партиите кои ја сочинуваат владејачката коалиција се распределува правопропорционално со бројот пратенички места во составот на Собранието во моментот кога е донесена одлуката за распишување на изборите.

в. Во третината за активностите од кампањата на опозицијата времето се дели правопропорционално со бројот на пратенички места што секоја од опозициските партии поединечно го има во составот на Собранието во моментот кога е донесена одлуката за распишување на изборите.

Имајќи предвид дека:

- Член 76-а ставови 2 и 3 од Изборниот законик не предвидува време во дневно-информативните емисии на Јавниот радиодифузен сервис за покривање на изборните активности на кандидатите на група избирачи и кандидатите на партиите кои не учествувале на последните парламентарни избори;

- Одредбата не прави разлика меѓу функциите и спецификите на програмските сервиси на МРТ, односно пропишува МРТ на сите сервиси да обезбеди избалансирана поделба на времето, така што една третина од вестите ќе издвои за дневните настани од земјата и светот, една третина за кампањите на партиите на власта и една третина за кампањите на партиите од опозицијата, при што внатре во третините, времето ќе го распореди според бројот на пратенички места што го има освоено секоја од партиите на претходните парламентарни избори;

- Позицијата и обврските на Јавниот радиодифузен сервис во општеството, кои се јасно утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а произлегуваат и од Изборниот законик, претпоставуваат тој да се придржува до начелото за политичка избалансираност и плурализам на гледишта, односно да обезбеди информации за целината на изборниот процес и за сите учесници во изборната кампања;

[53] Се однесува на: МРТ 1 (Дневник во 10 часот, Дневник 1 во 17 часот, Дневник 2 во 19:30 часот и Дневник 3 во 23 часот); МРТ2 (Вести во 12 часот, Дневник 1 во 18:30 часот и Дневник 2 во 22 часот); Македонско радио – прв програмски сервис (Утрински весник во 7 часот, Пладневен радио весник во 15:30 часот и Радио 22 во 22 часот); Македонско радио – трет програмски сервис (Радио дневник во 16 часот, Радио дневник во 21 часот).

По консултации со заинтересираните субјекти на Јавниот радиодифузен сервис му се препорачува:

1. Во секое издание на вестите на Јавниот радиодифузен сервис, да обезбеди дополнителни 5 минути за покривање на изборните активности на кандидатите што не ги опфаќа член 76-а ставови 2 и 3 од Изборниот законик, односно кандидатите на група избирачи и кандидатите на партиите кои не учествувале на последните парламентарни избори;

2. Да обезбеди рамномерна поделба на времето меѓу кандидатите, а доколку има само еден кандидат, за него да одвои не повеќе од една третина од овие 5 минути, односно 1 минута и 40 секунди; и

3. Во вестите на радио и телевизиските програмски сервиси наменети за негување на културниот идентитет на немнозинските заедници што живеат во Република Македонија, времето во третините наменето за кампањите на партиите на власта и на партиите од опозицијата да го распредели инверзно во однос на распределбата на времето во вестите на првиот телевизиски програмски сервис на МРТ и на Првиот програмски сервис на Македонското радио.

Во вкупното време за вестите нема да се мери времето за генералната најава и за шпиците.

***Известување за активностите на претставниците на власта***

Со мониторингот се анализира медиумското покривање на активностите на органите на власта (Претседателот на РМ, Собранието, Владата и локалната власт). Прилозите во кои се појавуваат претставниците на власта се поделени во две категории: редовни активности на органите на власт и активности на органите на власт кои се во функција на изборната кампања.

Времето што радиодифузерите го издвојуваат за редовните активности на претставниците на власта во периодот на изборната кампања е мошне важен аспект во мерењето на избалансираноста. Во Препораката Р (2007) 15 на Советот на Европа, за мерките поврзани со медиумското покривање на изборните кампањи се утврдува дека „радиодифузерите не смеат да им даваат привилегиран третман на претставниците на власта во текот на дневно-информативните емисии.“

Претставниците на власта се истовремено и претставници на политичките партии. Ова двојство на политичкиот идентитет особено доаѓа до израз за време на изборните кампањи, поради два значајни аспекти: (1) како да се обезбеди баланс меѓу остварувањето на правото на кандидатите и учесниците во изборна кампања на еднакви можности за пристап до медиумското претставување и правото и обврската на медиумите да известуваат за активностите на власта; и (2) како да се обезбеди еднаков медиумски третман на кандидатите и учесниците во кампањата, ако се знае дека контекстот на известувањето за активностите на власта најчесто е позитивен поради самиот карактер на настаните за кои се известува (на пример, значаен меѓународен настан, официјални средби, седници и сл.).

За да се ефектуираат насоките дадени во европските документи, според кои во изборната регулатива треба да се внесат одредби со кои на претставниците на власта нема да им се дава привилегиран третман во медиумското известување, направена е измената на Изборниот законик во член 8-а став 2 алинеја 2. Имено, 20 дена пред почетокот на изборната кампања се

воведува забрана за јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба објекти финансирани со средства од Буџетот, од јавни фондови, од јавни претпријатија или од други правни лица кои располагаат со државен капитал, во инфраструктура (патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и слично) или објекти за општествени дејности (училишта, градинки и др.). Забраната трае до крајот на изборите.

Од медиумите се очекува да бидат упорни и конзистентни во обидот и пред влегувањето на забраната во сила да ги разликуваат редовните активности на претставниците на власта од активностите што тие ги водат како претставници на политичките партии во функција на изборно медиумско претставување, без оглед дали тие се однесуваат на инфраструктурни и објекти од општествените дејности или се друг тип промотивни настапи. Затоа во член 75-б, Изборниот законик пропишува дека во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување, известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.

Тргнувајќи од наведените европски насоки, при мониторингот на дневно-информативните емисии се мери вкупното време што медиумите го издвојуваат за сите активности на власта, со цел да се добие целосна слика за тоа во кој обем е власта присутна во дневно-информативните емисии. Медиумите за време на изборната кампања можат да известуваат за редовните активности на органите на власта, но притоа да внимаваат начинот на известување да не биде во функција на изборната кампања на партиите во власта. Дали некој прилог е во функција на кампањата јасно се забележува по 'фаворизирачкиот' или 'позитивен' тон на медиумот. Доколку се појават прилози искористени во функција на изборната кампања на партиите во власт тоа, недвојбено` е прекршок на Изборниот законик.

Кај Јавниот сервис, прилозите со кои се информира за редовното вршење на функцијата на носителите на власта влегуваат во третината од времето резервирана за дневни новости.

- **Квалитативни аспекти на избалансираноста**

Собирањето податоци за квантитетот на известувањето посветено на различни политички субјекти не дава целосна слика за плурализмот што го претставуваат медиумите. Јавната претстава за политичките партии, кандидати или лидери не се обликува само преку обемот на времето што им се доделува, туку и преку начинот на кој тие се претставени. Тргнувајќи од ова, во мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии ќе бидат анализирани и одделни квалитативни аспекти на избалансираноста. Елементите врз основа на кои ќе се извлекува оценка за квалитетот на известувањето се потпираат врз *Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите* изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија, како и врз *Насоките за покривање на изборите од страна на радиодифузните медиуми во транзиционите демократии* на „Артикл 19".

Овие елементи во мониторингот ќе бидат операционализирани на следниов начин:

- Експлицитна оценка на новинарот/редакцијата за релевантниот субјект;
- Тонот на известувањето кој се мери на скала од три вредности (позитивен, неутрален, негативен). Оваа оценка се употребува во

случаите кога новинарот или уредникот користи експлицитни зборови или реченици за да изрази очигледен позитивен или негативен став кон конкретен политички субјект.

- Рамката во која се информира за релевантниот субјект. Рамката ја претставува вредноста на новинарскиот прилог во кој се известува за субјектот, односно контекстот на известувањето. Поимот за ’врамувањето’ не е поврзан со вистинитоста или невистинитоста на контекстот, туку со светлината што тој контекст ја фрла врз субјектот. Постојаното известување за еден политички субјект во проблематичен контекст (на пример, настани со насилство, покренати постапки за утврдување корупција итн.) во текот на изборната кампања може да укажува на намера субјектот да и се претстави на јавноста во негативен контекст;
- Манипулативната употреба на филмови, слики и звуци: Се однесува на конзистентно користење на агол на снимање со кој толпата луѓе присутни на собирите на одделни партии или кандидати се прикажува да изгледа поголема отколку што реално е, додека пак со аголот на снимање на собирите на други учесници во кампања се прикажува да изгледа дека се присутни помалку луѓе. Други слични примери се: емитување филмски снимки што не кореспондираат со настанот за кој се известува, со цел да се фаворизираат одделни партии или кандидати; користење придружни музички или визуелни ефекти кои му даваат предупредувачки, сатиричен, патриотски или оптимистички тон на прилогот; и употреба на манипулативни тонови на гласот или сарказам од страна на новинарите и презентерите;
- Изборот на зборови (или реченици) кога се известува за политичките субјекти или кога се презентираат информациите;
- Како квалитативен аспект на избалансираноста, се мерат и бројот и вкупното времетраење на директните обраќања што радиодифузерот им ги овозможува на учесниците во кампања, на кандидатите или на претставниците на власта. На пример, медиум може во прилогот да го пушти премиерот со директна изјава за нешто, додека претставникот на опозицијата само да го цитира;
- Почитувањето на основните професионални новинарски стандарди при известувањето.

Се следат и други квалитативни аспекти на известувањето (употребата на коментари во вестите, начинот на известување за резултатите од анкети на јавното мислење, употребата на ’говор на омраза’ и др.), кои се оценуваат со помош на постапки на квалитативна анализа на содржина или со дискурзивна анализа.

### ***Други квалитативни аспекти на известувањето***

*Објективно и точно известување*

Оценката на ’тонот’ на известувањето покажува дали ставот на медиумот кон конкретниот политички субјект е позитивен, негативен или неутрален. Меѓутоа, ова не е доволно за да се оцени дали медиумот известува објективно и точно. Континуираното неточно известување е еден од најсериозните недостатоци во медиумското покривање на кампањата што може да се утврди само со помош на сеопфатна квалитативна анализа, која подразбира пословени методолошки постапки (на пример, споредба на известувањето со реалните настани или следење на известувањето на еден ист настан на повеќе медиуми).

Објективното известување спаѓа во темелните принципи на професионалното новинарско известување и, како такво, не е предмет на законската регулатива за покривање на изборите. Овие аспекти навлегуваат во етичките и професионалните стандарди и затоа се регулираат со новинарските кодекси, односно со саморегулативата. Оттаму, иако со мониторингот на Агенцијата можат да се добијат извесни квалитативни сознанија за објективноста во известувањето, тие не можат да се користат како основа за постапување, туку само како дополнителна индикација при градењето на оценките за квалитативниот аспект на избалансираноста во известувањето.

*Коментари во дневно-информативните емисии*

Една новинарска вест или извештај треба да се состои од факти и податоци, додека редакцискиот коментар подразбира изнесување на мислењето, идеите и ставовите на редакцијата, уредникот или новинарот. Оваа дистинкција е особено важна во известувањето за изборната кампања за да може публиката јасно да разликува што е информација, а што коментар. Исто така, согласно член 14 став 4 алинеја 1 од Законот за медиуми, радиодифузерот е должен да го идентификува авторот на секој објавен прилог, што е особено важно за коментарите.

*Известување за анкетите на јавното мислење*

Известувањето за анкетите на јавното мислење поврзани со рејтингот на партиите и кандидатите и можноста за победа на претстојните избори е прашање од посебно значење во периодот на изборната кампања. Емитувањето на прилозите во кои се објаснуваат резултати од анкетите може некогаш да има за цел манипулирање со мислењето на гласачите, особено кога анкетите се нерепрезентативни (спроведени на Интернет или преку телевоутинг) или кога се нарачани или спроведени од организации кои се пристрасни. Поради тоа, анкетите на јавното мислење врз основа на кои се утврдуваат рејтинзи и се прават проекции за исходот од изборите треба да се спроведени на научна основа, врз репрезентативен примерок од испитаници, од страна на независни истражувачки организации или институти. Известувањето за резултатите од анкетите мора да биде објективно и непристрасно и да ги содржи сите неопходни елементи за да може публиката да ја процени нивната веродостојност.

*Говор на омраза*

Во текот на мониторингот предмет на набљудување ќе биде и појавата на евентуален ’говор на омраза’ во известувањето за изборната кампања. Воздржувањето од употребата каков било говор на омраза спаѓа во основните новинарски стандарди, но исто така, е регулирано и со меѓународните стандарди и делумно, со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Општите принципи со кои се дефинира говорот на омраза се јасно утврдени во меѓународните конвенции и повелби. Во Препораката Р(97) 20 на Советот на Европа, со терминот ’говор на омраза’ се опфатени „...сите форми на изразување, што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза, засновани врз нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло.“ Оттаму, директните повикувања на насилни дејствија треба експлицитно да се забранат во законската регулатива на секоја земја. Иако одговорноста за ваквите изјави во крајна линија е на поединецот или политичкиот субјект кој ја дава изјавата, сепак медиумот треба да известува професионално, односно да ја смести

изјавата во соодветен контекст и јасно да покаже дека не ја поддржува. Ова значи дека медиумите треба да се сметаат за одговорни тогаш кога самите се извор на говор на омраза или кога ги емитуваат ваквите изјави без да ги врамнотежат така што ќе обезбедат и спротивставено гледиште, ќе се оградат или ќе дадат соодветно контекстуално објаснување кое ќе го намали нивниот ефект. Имајќи го предвид ова, „медиумите би требало да ја одбијат секоја отворена или прикриена изјава на нетолеранција и внимателно да размислат дали објавувањето на таа изјава може да води кон навреда и потсмев засновани врз полова, расна, јазична, верска, национална, етничка, социјална или друга припадност.“[54]

Законските одредби за говорот на омразата треба да се утврдени имајќи ја предвид специфичната ситуација на секоја земја: на пример, во пост-конфликтните подрачја можат да се наложат построги ограничувања со цел да се избегнат нови тензии меѓу заедниците. Според тоа, при дефинирањето на говорот на омразата треба да се има предвид конкретниот општествен контекст и потенцијалното влијание на пораката врз публиката.

Одредби со кои се забранува ’говорот на омразата’ се вградени и во член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според кој: „Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.“

Еден од најголемите проблеми во текот на изборните кампањи е мерата во која треба да се забрани говорот на омразата. Се препорачува да се поставаат минимални граници за индивидуалната слобода на изразување, бидејќи изборната кампања е момент кога е неопходно да се чујат најразлични мислења и гледишта, па дури и кога се изразени на поагресивен начин. Ова отстапување од редовните правила во поглед на ’говорот на омразата’ се оправдува со кусото траење на изборната кампања и фундаменталното значење на слободата на политичката дебата како услов за слободни и фер избори. Оттаму, се препорачува медиумите да бидат ослободени од одговорност за оној ’говор на омраза’ кој е составен дел на кампањата што ја водат политичките субјекти, но кој не претставува директно повикување на насилство или на рушење на уставниот поредок, или поттикнување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост. Препораката медиумите да бидат ослободени од одговорноста за емитувањето различни видови меѓусебни обвинувачки пораки на политичките субјекти (навреда, клевета и сл.) се засновува врз досегашното искуство и судската пракса според кои употребата на вакви изјави се смета за адекватна во политичкиот контекст, а особено поради постоењето на можноста да се оствари правото на одговор или исправка на ваквите изјави.

Оценката на овој квалитативен аспект на известувањето ќе се гради врз основа на квалитативна дискурзивна анализа на конкретната содржина (изјава, порака или сл.), при што ќе се имаат предвид контекстот во кој е искажана, меѓународните стандарди и одредбите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

[54] *Насоки за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите* изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија, достапно на http://www.venice.coe.int/docs/2005/CDL-EL(2005)043-e.asp

## ПОСЕБНИ ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

Во Изборниот законик (член 2 точка 27), како посебни информативни програми се дефинирани:

- Програмите наменети за информирање на граѓаните за начинот и за техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право, и
- Информативно-политичките програми: интервјуа, дебати и ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми.

Првата категорија информативни програми е посебна обврска на Јавниот радиодифузен сервис според член 76-а став 1 од Изборниот законик.

За интервјуата, дебатите и соочувањата важи обврската за обезбедување еднакви услови за пристап, избалансираност, правичност и непристрасност од членовите 75 и 75-а од Законикот. Притоа, обврската за еднаков пристап и за избалансираност не се однесуваат на секоја поединечна емисија, туку на серијата интервјуа, дебатни емисии или соочувања што радиодифузерот ќе ги организира во текот на изборната кампања.

Балансот во овие емисии се постигнува со почитување на принципите од член 75-а, на начин како што е тоа веќе погоре опишано за дневно - информативните емисии. За претседателски избори се применува принципот на еднаквост, за парламентарни избори принципот на пропорционалност според бројот на потврдени кандидатски листи, а за локални избори принципите за еднаквост за градоначалничките кандидати во сите општини и советите на локално ниво, односно според принципот на пропорционалност согласно бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините и на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво. Доколку радиодифузерот уредно ги поканил кандидатите односно претставниците на учесниците во кампања да учествуваат во програмата, а тие самите не го искористиле правото на пристап, медиумот треба тоа јасно да го нагласи во текот на емитувањето на ваквите информативни програми. Во овие случаи се очекува извесен дисбаланс за кој радиодифузерот не се смета за одговорен. Исклучок се случаите кога ваквата ситуација се користи за да се реализираат и репризираат многубројни посебни информативни емисии само со претставници на една опција на изборите со што самите медиуми креираат дисбаланс.

Согласно член 76 став 6 од Законикот, посебните информативни програми, односно интервјуата, дебатите и соочувањата не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање. Посебните информативни програми се облици на медиумско претставување кои се под уредувачка контрола на радиодифузерот, нивната цел е објективно и што посеопфатно да ја информираат публиката за кандидатите и изборната кампања и оттаму не смеат да се користат во форма на платено политичко рекламирање првенствено поради професионалните и етичките аспекти на новинарството. Во новинарските форми на покривање на кампањата улогата на новинарот не може да се сведе на формална улога на 'презентер' или 'модератор' во интерес на одреден политички субјект, а особено ако тие форми се платени. Напротив, улогата на новинарот е, имајќи ги предвид интересите на граѓаните, ставовите на политичките субјекти да ги разоткрива и да ги изложува на критичкото око на јавноста.

За облиците на директен пристап до гласачите (бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање) е карактеристично тоа што кандидатите или учесниците во изборната кампања директно ги соопштуваат своите политички пораки до гласачите без уредувачка интервенција на новинарите или радиодифузерот.

Правилата за платеното политичко рекламирање (ППР) се утврдени во Изборниот законик:

- Во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата, како и во периодите на изборниот молк во првиот и вториот круг не смее да се емитува ППР, со исклучок на соопштенија/огласи за собирање потписи за независни кандидати во периодот до нивното потврдување од страна на надлежните органи;
- Соопштенијата/огласите за собирање потписи за независни кандидати се емитуваат во рамките на времето за економски маркетинг, за еден независен кандидат не смее да им се издвои повеќе од 8 минути на реален час, содржат основни информации за тоа за кого и каде се собираат потписи, но не и дополнителни податоци за кандидатот;
- Трговските радиодифузни друштва што ги покриваат изборите, во текот на кампањата можат да емитуваат најмногу 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час, при што на еден учесник во изборната кампања смеат да му доделат најмногу 8 минути;
- Програмите за малолетници не смеат да се користат за платено политичко рекламирање;
- Не е дозволено учество на малолетници во ППР;
- Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање;
- ППР не смее да се емитува во дневно-информативни емисии, детски и образовни програми, преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и во посебни информативни програми;
- ППР мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање“ и јасно одвоено;
- Во рамките на сите облици на ППР мора јасно да биде означен нарачателот;
- За сите учесници во кампањата мора да има рамномерен пристап до времето за ППР на радиодифузерите, пет дена по распишувањето на изборите мора да се утврдат ценовниците и да се доставаат до надлежните органи, да се објават на сопствената програма (најмалку двапати пред кампањата) и не смеат да се менуваат во текот на кампањата;
- За ППР не се сметаат кампањите на Државната изборна комисија за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори;

Кај бесплатното политичко претставување се мониторира следново:

- Трговските радиодифузни друштва, доколку се определат да емитуваат бесплатно политичко претставување, се должни да ги почитуваат принципите на пропорционалност, односно еднаквост;
- Јавниот сервис е должен да обезбеди бесплатно претставување во двата изборни круга согласно принципот на еднаквост за претседателски кандидати; принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи за парламентарни избори, односно комбинацијата од принципите на еднаквост и на пропорционалност за локалните избори;

- Исклучок е Собранискиот канал каде треба да се емитуваат по 3 часа бесплатно политичко претставување за политичките партии од власта и од опозицијата со внатрешна поделба на времето во согласност со резултатите од последните парламентарни избори;
- Датумот и редоследот на емитувањето радиодифузерите треба да го утврдат со ждрепка;
- На телевизиските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис, бесплатното претставување се емитува во периодот од 16:00 до 23:00 часот;
- Бесплатното претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување" во текот на емитувањето.

### Изборен молк

За време на изборниот молк се снимаат и набљудуваат програмите на сите анализирани медиуми. За да не го прекршат изборниот молк, радиодифузерите при известувањето за изборниот процес не треба да емитуваат:

- Какви било информации, фотографии и аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите;
- Какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите;
- Податоци со кои се откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето
- Изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.

**Бр.01-895/1**
**07.02. 2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

# - ИЗБОРИ 2014 -

## КОНЦЕПТ ЗА МОНИТОРИНГ
## НА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ

### ПЕРИОД

***А. Пред започнувањето на изборната кампања***

- Мониторингот започнува наредниот ден по распишувањето на изборите и завршува во 24:00 часот на денот пред почетокот на изборната кампања.

***Б. Прв круг од изборната кампања***

- Мониторингот на медиумското покривање на изборната кампања започнува во 00:00 часот на првиот ден од кампањата во првиот круг и завршува 24 часа пред денот на гласањето.
- Мониторингот на изборниот молк почнува во 00:00 часот на денот пред гласањето, а завршува во 19:00 часот на денот на гласањето.
- Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес не смеат да се објавуваат во периодот од пет дена пред денот на гласањето во првиот круг.

***В. Втор круг од изборната кампања***

- Мониторингот на медиумското известување започнува во 00:00 часот на првиот ден од кампањата во вториот круг и завршува на 24 часа пред денот на гласањето.
- Изборниот молк се мониторира од 00:00 часот на денот пред гласањето во вториот круг до 19:00 часот на денот на гласањето.
- Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес не смеат да се објавуваат во периодот од пет дена пред денот на гласањето во вториот круг.

### НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Радио и телевизиските сервиси на државно и на регионално ниво ќе се снимаат и анализираат во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Локалните радија и телевизии ќе ги анализираат надворешни соработници од своите домови.

Податоците за сите медиуми ќе бидат внесувани директно во софтверот на Агенцијата за анализа на радио и ТВ програма, без оглед од каде се реализира анализата. Внесените податоци ќе се проверуваат, по што од резултатите ќе се извлекуваат заклучоци што ќе се објавуваат во извештаи. Ќе се објавуваат и регистрираните прекршувања, изречените мерки и образложенијата за нив.

**СОРАБОТНИЦИ**

Мониторингот на медиумското известување за изборите во 2014 година, ќе го реализираат вработените во Секторот за програмски работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, осуммина соработници од другите сектори во Стручната служба на Агенцијата и надворешни соработници чиј број ќе биде различен во различните периоди на мониторинг, поради разликата во бројот на опфатени медиуми. Основни услови за избор на соработниците се: да имаат завршено најмалку средно образование, да не се членови на политичка партија и да не се вработени во радио или во телевизија (што треба да го потврдат со изјава), да се оспособени за работа на компјутер и да поседуваат компјутер и пристап до Интернет, РА и ТВ апарат, како и да имаат квалитетен технички прием на РА и на ТВ станиците што ќе ги анализираат.

- ***Во периодот пред започнувањето на изборната кампања*** ќе бидат ангажирани двајца надворешни соработници - еден за медиуми на македонски јазик и еден за медиуми на ромски јазик.

- ***За првиот круг од изборите*** потребни се 48 надворешни соработници (12 од Скопје и 36 од други подрачја во Македонија) – 38 за медиуми на македонски јазик, 9 за медиуми на албански јазик и еден за медиуми на ромски јазик.

- ***За вториот круг од изборите*** бројот на надворешни соработници ќе се определи дополнително во зависност од резултатите во првиот изборен круг.

**ПРИМЕРОК И ОПФАТ**

***А. Пред започнувањето на изборната кампања***

Мониторингот на Агенцијата, во периодот од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања, ќе ги опфати терестријалните и сателитските телевизиски програмски сервиси на државно ниво (јавни и комерцијални), јавните и комерцијалните радија на државно ниво, и регионалните ТВ станици, односно вкупно 45 програмски сервиси. Сите останати радио и телевизиски програмски сервиси ќе бидат анализирани врз основа на претставки и поплаки.

Примерокот за набљудување ќе се состои од 24-часовната програма (со акцент на едно издание на дневно – информативните емисии од ударното време) на следниве телевизиски и радио сервиси:

**1. ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС – МРТ**

Четири сервиси - два телевизиски и два радио:

- МРТ1,
- МРТ2,
- Прва програма на Македонското Радио – Радио Скопје,
- Програма на јазиците на етничките заедници на Македонското радио;

## 2. ТРД ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА ДРЖАВНО НИВО

Пет ТВ емитувани преку дигитален терестријален мултиплекс:

- ТВ Алсат – М
- ТВ Алфа
- ТВ Канал 5
- ТВ Сител
- ТВ Телма

Четири радио терестријални сервиси:

- Радио Антена 5
- Радио Канал 77
- Радио Метрополис
- Радио Слободна Македонија

## 3. ТРД САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА ДРЖАВНО НИВО

Пет сателитски ТВ сервиси на државно ниво:

- ТВ Канал 5 плус
- ТВ Наша
- ТВ Сител 3
- ТВ Сонце
- ТВ 24 Вести

## 4. ТРД ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО – вкупно 27 сервиси

Осум ТВ сервиси од регионот Д1 Црн Врв – Скопје (шест преку дигитален терестријален мултиплекс и два преку кабелски оператор):

- ТВ Скопје (Алфа)
- ТВ Амазон
- ТВ БТР
- ТВ Едо,
- ТВ Ера
- ТВ МТМ,
- ТВ Скајнет
- ТВ Шутел

Два ТВ сервиси од регионот Д1 (Црн Врв – Велес):

- КТВ, Кавадарци
- ТВ Тиквешија, Кавадарци

Два ТВ сервиси од регионот Д2 Страцин:

- ТВ Златен Канал, Крива Паланка,
- ТВ Сител 2, Кратово,

Три ТВ сервиси од регионот Д3 Туртел:

- ТВ Д1, Делчево,
- ТВ Ирис, Штип,
- ТВ Стар, Штип,

Три ТВ сервиси од регионот Д4 Боскија:

- ВТВ, Валандово
- ТВ Кобра, Радовиш,
- ТВ Канал Вис, Струмица,

Три ТВ сервиси од регионот Д5 Пелистер:

- ТВ Боем, Кичево,
- ТВ Ускана, Кичево,
- ТВ Вижн – БМ, Прилеп,

Еден ТВ сервис од регионот Д6 Мали Влај:

- НТВ, Охрид,

Еден ТВ сервис од регионот Д7 Стогово:

- ТВ Канал три, Дебар,

Четири ТВ сервиси од регионот Д8 Попова Шапка:

- ТВ Кисс, Тетово,
- ТВ Коха, Тетово,
- ТВ Менада, Тетово,
- ТВ Чеграни Медиа, с. Чегране, Гостивар.

***<u>Б. Прв круг од изборната кампања</u>***

Мониторингот во првиот круг од изборната кампања, ќе биде најобемен по опфат. Во досегашните изборни процеси, се покажува дека обемот информации за изборната кампања е поголем во првиот отколку во вториот круг.

Анализата на терестријалните и на сателитските телевизии на државно ниво ќе се спроведе врз вкупната 24 часовна програма. Ќе се анализира по едно издание на дневно-информативните емисии емитувано меѓу 16:00 и 24:00 часот, во кое се очекува да бидат концентрирани најмногу информации за изборната кампања.

Кај радио програмските сервиси на државно ниво ќе се анализира периодот од 06:00 до 20:00 часот, а исклучок е Првиот сервис на Македонското радио, каде примерокот ќе биде четири часа подолг, односно ќе завршува со 24:00 часот. Ќе се анализира по едно издание од дневно-информативните програми.

Регионалните телевизиски сервиси ќе се анализираат од 06:00 до 24:00 часот, а локалните телевизиски сервиси од 16:00 до 24:00 часот.

Регионалните радио станици ќе се анализираат во периодот од 06:00 до 20:00 часот, а локалните радио станици во периодот од 08:00 до 18:00 часот. Ќе се следи централното издание на дневно-информативните емисии – доколку има.

Од примерокот се исклучени Втората програма на Македонското радио – Радио два, програмите на Јавниот сервис на бошњачки, влашки, ромски и српски јазик на радиото и на телевизијата, непрофитните универзитетски радија: Студент ФМ 92,9 од Скопје, УКЛО ФМ од Битола и УГД ФМ од Штип и локалните телевизии ТВ Аниса од Пласница и ТВ Лажани од Долнени, бидејќи досега не се вклучувале во покривањето на изборните кампањи или информирале во многу мал обем.

Исто така, исклучени се и радијата на регионално и локално ниво кои, според податоците од истражувачката агенција „Друштво за маркетиншко истражување ИПСОС СТРАТЕЏИК ПУЛС ДООЕЛ, Скопје“ за 2013 година, имаат неделен досег помал од еден процент[55]. Меѓу овие сервиси се наоѓаат: скопските регионални радија – Хоме радио, Класик, Џез ФМ и РФМ; потоа Радио Б-97 и Радио Актуел од Битола, Скај Радио од Берово; Радио Валандово, Радио Це-Де од Велес, Радио Про ФМ од Гостивар, Радио Мерлин од Дебар, Радио Кавадарци и Радио Галакси 2002 од Кавадарци, Радио Медисон од Кичево, Радио Кочани ФМ од Кочани, Радио Албана од Куманово, Радио Морис Плус од Македонски Брод, Радио Продукција ЛГН од Неготино и Радио Пулс од Неготино, Радио Охрид, Радио 5 Чоки од Прилеп, Радио Пехчево, Радио Еко од Пробиштип, Радио Свети Николе и Радио Модеа од Свети Николе, РТВ Дрини – Радио Бипи, Радио Ди Џеј, Радио Енерџи и Радио

[55] Податоците за просечниот седмичен досег се добиваат врз основа на податокот за тоа кои радио станици ги слушал испитаникот барем пет минути во изминатата недела.

Ми-ни од Струга, Радио Фокус од Тетово, Радио Беса од Долнени и Радио Еми од Ростуше.

За овие програмски сервиси ќе се постапува врз основа на претставки поради што тие ќе имаат обврска во текот на кампањата, секој понеделник до Агенцијата да доставуваат снимки од целокупната програма емитувана во претходната седмица.

Примерокот за анализа ќе произлезе од вкупно 109 радио и телевизиски програмски сервиси во државата:

**1. ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС – МРТ**

Пет сервиси - три телевизиски и два радио:

- МРТ1,
- МРТ2 (Програмите на албански јазик и на турски јазик),
- Собраниски канал/МРТ
- Прва програма на Македонското Радио – Радио Скопје,
- Програма на јазиците на етничките заедници на Македонското радио (на албански јазик и на турски јазик);

**2. ТРД ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА ДРЖАВНО НИВО**

Пет ТВ емитувани преку дигитален терестријален мултиплекс:

- ТВ Алсат – М
- ТВ Алфа
- ТВ Канал 5
- ТВ Сител
- ТВ Телма

Четири радио терестријални сервиси:

- Радио Антена 5
- Радио Канал 77
- Радио Метрополис
- Радио Слободна Македонија.

**3. ТРД САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА ДРЖАВНО НИВО**

Пет сателитски ТВ сервиси на државно ниво:

- ТВ Канал 5 плус,
- ТВ Наша,
- ТВ Сител 3,
- ТВ Сонце,
- ТВ 24 Вести.

**4. ТРД ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО – вкупно 27 ТВ сервиси**

Осум ТВ сервиси од регионот Д1 Црн Врв – Скопје (шест преку дигитален терестријален мултиплекс и два преку кабелски оператор):

- ТВ Скопје (Алфа)
- ТВ Амазон
- ТВ БТР
- ТВ Едо
- ТВ Ера
- ТВ МТМ
- ТВ Скајнет
- ТВ Шутел

Два ТВ сервиси од регионот Д1 (Црн Врв – Велес):
- КТВ, Кавадарци
- ТВ Тиквешија, Кавадарци

Два ТВ сервиси од регионот Д2 Страцин:
- ТВ Златен Канал, Крива Паланка
- ТВ Ситeл 2, Кратово

Три ТВ сервиси од регионот Д3 Туртел:
- ТВ Д1, Делчево
- ТВ Ирис, Штип
- ТВ Стар, Штип

Три ТВ сервиси од регионот Д4 Боскија:
- ВТВ, Валандово
- ТВ Кобра, Радовиш
- ТВ Канал Вис, Струмица

Три ТВ сервиси од регионот Д5 Пелистер:
- ТВ Боем, Кичево
- ТВ Ускана, Кичево
- ТВ Вижн – БМ, Прилеп

Еден ТВ сервис од регионот Д6 Мали Влај:
- НТВ, Охрид

Еден ТВ сервис од регионот Д7 Стогово:
- ТВ Канал три, Дебар

Четири ТВ сервиси од регионот Д8 Попова Шапка:
- ТВ Кисс, Тетово
- ТВ Коха, Тетово
- ТВ Менада, Тетово
- ТВ Чеграни Медиа, с. Чегране, Гостивар.

## 5. ТРД ТЕРЕСТРИЈАЛНИ РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО – вкупно 12 радио сервиси

Дванаесет радио сервиси од регионот на Скопје:
- РА 90.3 ФМ Спортско радио
- РА Арачина
- РА Буба Мара
- РА Ват
- РА Зона М-1
- РА Клуб ФМ
- РА Лајф ФМ
- РА Роса АБ
- РА Скај
- РА Сити
- РА Фолк
- РА Фортуна

## 6. ТРД ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА ЛОКАЛНО НИВО – вкупно 24 ТВ сервиси

Два локални ТВ сервиси од Битола:
- ТВ Орбис
- ТВ Тера

Два локални ТВ сервиси од Велес:
- ТВ Здравкин
- ТВ Канал 21

Еден локален ТВ сервис од Гевгелија:

- ТВ Нова

Еден локален ТВ сервис од Гостивар:
- ТВ Дуе

Еден локален ТВ сервис од Дебар:
- ТВ Дибра

Еден локален ТВ сервис од Кичево:
- ТВ Гурра

Два локални ТВ сервиси од Кочани:
- ТВ Канал 8
- ТВ Кочани ЛД

Четири локални ТВ сервиси од Куманово:
- ТВ Далга – Крт
- ТВ Нова
- ТВ Феста
- ТВ Хана

Два локални ТВ сервиси од Охрид:
- ТВМ
- ТВ Морис

Еден локален ТВ сервис од Пробиштип:
- ТВ Протел

Еден локален ТВ сервис од Радовиш:
- ТВ Еми

Еден локален ТВ сервис од Свети Николе:
- ТВ Свет

Два локални ТВ сервиси од Струга:
- ТВ Спектра – с. Лабуниште
- ТВ Калтрина

Еден локален ТВ сервис од Струмица:
- ТВ Интел

Два локални ТВ сервиси од Тетово:
- ТВ Арт
- ТВ Супер Скај

## 7. ТРД ТЕРЕСТРИЈАЛНИ РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА ЛОКАЛНО НИВО – вкупно 27 радио сервиси

Два локални радио сервиси од Битола:
- РА 106
- РА Делфин

Два локални радио сервиси од Велес:
- РА Голди
- РА Мерак 5 ФМ

Еден локален радио сервис од Гевгелија:
- РА Тајм

Еден локален радио сервис од Гостивар:
- РА Комета

Еден локален радио сервис од Делчево:
- РА Зора

Три локални радио сервиси од Кичево:
- РА Акорд
- РА Александар Македонски,
- РА Ускана – Плус

Еден локален радио сервис од Виница:
- РА Ла Коста

Три локални радио сервиси од Куманово:

- РА Браво
- РА Јехона
- РА КМР

Три локални радио сервиси од Охрид:

- РА Лав
- МХ Радио
- Супер Радио

Два локални радио сервиси од Прилеп:

- РА Мефф
- РА Холидеј

Еден локален радио сервис од Велешта:

- РА Рапи

Два локални радио сервиси од Струмица:

- Радио Експрес
- РА Хит

Четири локални радио сервиси од Тетово:

- РА Блета
- РА Кисс
- РА Плус Форте
- РА Фама

Еден локален радио сервис од Штип:

- РА Енџелс ФМ

***В. Втор круг од изборната кампања***

Опфатот на мониторингот во вториот круг ќе биде дополнително утврден во зависност од резултатите во првиот круг.

**Бр. 01-563/1**
**28.01.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА**
**ЗА МОНИТОРИНГОТ НА ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО 2014 ГОДИНА**

Распишувањето на Предвремените парламентарни избори 2014, во време кога веќе тече изборниот процес за Претседателските избори 2014, ќе резултира со делумно преклопување на две изборни кампањи: почнувајќи од 24 март заклучно со 4 април ќе се води кампања за Претседателските избори, потоа од 5 до 11 април паралелно ќе се водат кампањите и за Претседателските и за Парламентарните избори, а во зависност од резултатите од првиот круг на гласање на Изборите за претседател, во периодот од 14 до 25 април или ќе се води кампања само за Парламентарни избори (доколку се избере претседател во првиот круг) или ќе се водат две паралелни кампањи.

Тргнувајќи од искуствата во претходните изборни процеси, кампањите за парламентарните избори секогаш имале поголем интензитет отколку кампањите за претседателски избори. Оттаму постои можност, преклопувањето на кампањите да резултира со поклопување на изборната кампања за Претседателските избори. Ова ќе го отежни мониторингот на изборното медиумско претставување во вестите, затоа што ќе биде тешко да се одвои времето посветено на покривањето на активностите од кампањата за Претседателските избори од времето одвоено за Парламентарните избори и притоа да се извлечат оценки за медиумското покривање на двата изборни процеси. Од друга страна пак, обврската на Јавниот радиодифузен сервис од член 76- а, да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма така што ќе ја подели на три третини, а времето во третините за власта и опозицијата да го распредели според резултатите од последните парламентарни избори, наметнува потреба мониторингот на изборното медиумско претставување на вестите на програмските сервиси на МРТ да се разликува од мониторингот на вестите кај комерцијалните радиодифузери.

**Баланс во вестите кај комерцијалните радиодифузери**

Имајќи ги предвид обврските на радиодифузерите од член 75-а балансот во сите облици на изборно медиумско претставување за претседателски избори да го обезбедат според принципот на еднаквост (еднакво време за сите претседателски кандидати – во зависност од интензитетот на кампањата) и во првиот и во вториот круг од изборите, а за парламентарни избори во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници (приближно исто време за учесниците во изборна кампања со ист број листи со кандидати - во зависност од интензитетот на кампањата), оценките за обезбедувањето баланс во вестите кај комерцијалните радиодифузери ќе се извлечат на следниов начин: за претседателските избори врз основа на два извештаи (за првиот и за вториот круг од изборите); за парламентарните избори врз основа на еден извештај за целиот период на изборна кампања од 5 до 25 април 2014 година.

**Рамноправен пристап во вестите на Јавниот сервис**

Поаѓајќи од законската обврска на Јавниот радиодифузен сервис времето во вестите да го подели на три третини: една за дневни настани од земјата и светот, една за кампањата на партиите на власт и една за партиите во опозиција, и времето во третините за власта и опозицијата да го распредели според резултатите од Парламентарните избори во 2011 година, мониторингот на изборното медиумско претставување во вестите на МРТ ќе се фокусира на почитувањето на овие обврски.

Со почетокот на изборната кампања за Претседателските избори од 24 март и заклучно со 4 април 2014 година, времето во третините за власта и опозицијата ќе биде посветено на активностите на три претседателски кандидати. Од 5 април, со почетокот на кампањата за Парламентарните избори, право на време во третините, покрај претседателските кандидати, имаат уште неколку политички субјекти од власта и од опозицијата што ќе учествуваат на овие избори. Дополнително, според препораката од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се очекува МРТ, надвор од третините, да обезбеди време и за активностите на четвртиот претседателски кандидат, односно на кандидатите за пратеници од група избирачи и кандидатите на партиите кои не учествувале на последните парламентарни избори. Затоа мониторингот на Јавниот радиодифузен сервис за изборните процеси во 2014 година ќе биде поделен на три периоди: од 24 март до 4 април; од 5 до 11 април; и од 14 до 25 април.

*Период од 24 март до 4 април*

Во периодот од 24 март заклучно со 4 април, се води кампања за четворица кандидати. Притоа, само една од партиите на власт има кандидат и за активностите од неговата кампања би требало да се известува во третината од вестите наменета за кампањата на кандидатите од власта. Две партии од опозицијата имаат кандидати и за активностите од нивните кампањи би требало да се известува во третината од вестите наменета за кампањите на опозициските кандидати. Има еден независен кандидат за кого би требало да се известува во дополнителна 1 минута и 40 секунди, согласно препораката на Агенцијата во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси - Пречистен текст. Согласно истиот документ, времето меѓу субјектите во вестите на јазиците на етничките заедници треба да биде распределено инверзно од вестите на македонски јазик.

Оттаму предмет на мониторинг во вестите на МРТ ќе бидат сите прилози во рамките на трите третини, вклучувајќи ги и прилозите од дополнителното време. Кодирањето на прилозите во вестите што не се активности од кампањите на претседателските кандидати, во овој период од мониторингот ќе се врши на следниов начин:

- Активностите на политичките субјекти кои не учествуваат на претседателските избори (прес-конференции, изјави, соопштенија, настани и сл.) влегуваат во третината од вестите наменета за дневни настани од земјата и светот;
- Активностите на политичките субјекти што се во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ, кои се во функција на кампањата на нивните претседателски кандидати, влегуваат во третината од вестите одвоена за кандидатот што го поддржуваат;
- Ако кој било политички субјект што не е во коалиција со ВМРО-

ДПМНЕ или СДСМ или друг субјект (здруженија, невладини организации и сл.) има настани за да поддржи некој од претседателските кандидати или пак, има настани со кои што повикува да не се гласа или да се гласа против некој од претседателските кандидати, ова време влегува во третината од вестите одвоена за дневни настани од земјата и светот;
- Времето одвоено за редовните активности на органите на власта влегува во третината за дневни настани од земјата и светот.

*Периоди од 5 до 11 април и од 14 до 25 април*

Во периодот кога ќе се водат паралелно изборните кампањи за двата изборни процеси, покрај времето за претседателските кандидати, активностите на сите парламентарни партии од власта кои ќе имаат свои потврдени листи со кандидати за пратеници, треба да бидат дел од третината од вестите наменета за кампањата на кандидатите од власта. Активностите на сите парламентарни партии од опозицијата треба да бидат дел од третината од вестите наменета за кампањите на опозициските кандидати. Активностите од кампањите на сите вонпарламентарни партии (кои на претходните парламентарни избори не освоиле пратеничко место или не учествувале или се новосоздадени) и на независните кандидати (групи избирачи) треба да бидат дел од дополнителните 5 минути, согласно Пречистениот текст на методологијата за мониторинг. И во овој случај, распределбата на времето во вестите на јазиците на етничките заедници треба да биде инверзна во однос на вестите на македонски јазик. Кодирањето на прилозите што не се поврзани со претседателските избори или со кампањите на субјектите опфатени во третините на власта и опозицијата и дополнителното време, ќе се врши на следниов начин:

- Активностите на политичките субјекти кои не учествуваат на изборите за пратеници (прес-конференции, изјави, соопштенија, настани и сл.)
  влегуваат во третината од вестите наменета за дневни настани од земјата и светот;
- Ако кој било политички субјект што не е во коалиција со парламентарните коалиции/партии или друг субјект (здруженија, невладини организации и сл.) има настани за да ја поддржи кампањата за парламентарните избори на некој од овие субјекти, или пак, има настани со кои што повикува да не се гласа или да се гласа против некој од учесниците во изборната кампања за парламентарните избори, времето влегува во третината од вестите одвоена за дневни настани од земјата и светот;
- Времето одвоено за редовните активности на органите на власта влегува во третината за дневни настани од земјата и светот.

***

Законската обврска за три третини и препораката за дополнително време во вестите за субјектите што не се опфатени во третините за власта и опозицијата, не подразбираат дека Јавниот сервис треба механички да ги подели вестите на неколку целини. Обврската на МРТ е низ сите прилози во вестите, без оглед по кој редослед се емитуваат да обезбеди структура на три третини и дополнително време за субјектите што не се опфатени во третините и притоа да води сметка за соодветна временска застапеност на

субјектите во согласност со резултатите од претходните парламентарни избори и препораката на Агенцијата во однос на распределбата на дополнителното време.

**Посебни информативни програми**

И кај Јавниот сервис и кај комерцијалните радија и телевизии во посебните информативни емисии (интервјуа, дебати, тв/радио соочувања, актуелно- информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми) балансот ќе се обезбедува според принципите пропишани во член 75-а.

**Специфичности во поглед на емитувањето платено политичко рекламирање**

Преклопувањето на изборните процеси носи специфичности и во однос на емитувањето платено политичко рекламирање. Имено, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 96) упатува дека во време на изборна кампања и радиодифузерите и Агенцијата постапуваат во согласност со прописите што ги регулираат изборите. Изборниот законик забранува да се емитува платено политичко рекламирање во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата (член 75-д став 1), а во текот на изборната кампања дозволува дополнителни 12 минути на реален час за платено политичко рекламирање (член 75-ѓ став 1), но за „учесниците во изборната кампања“ (член 2 став 1 точка 26). Од ова произлегува дека во периодот од 24 март заклучно со 4 април, медиумите нема да можат да емитуваат платено политичко рекламирање од оние политички партии кои немаат свои кандидати за претседател. Доколку тие политички партии станат учесници во изборната кампања за Парламентарните избори (односно имаат свои потврдени листи со кандидати), од 5 април нивното платено политичко рекламирање ќе се емитува во лимитот за платено политичко рекламирање согласно правилата од членовите 75-ѓ и 76 од Изборниот законик.